# МАКЕДОНСКИ НАРОДНИ ПРЕДАНИЈА

ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР
„МАРКО ЦЕПЕНКОВ" – СКОПЈЕ
МАКЕДОНСКО НАРОДНО ТВОРЕШТВО
НАРОДНИ ПРЕДАНИЈА КНИГА I

INSTITUT DE FOLKLORE „MARKO CEPENKOV" – SKOPJE

LE FOLKLORE MACEDONIEN
LEGENDES POPULAIRES
LIVRE 1

# LES LEGENDES POPULAIRES MACEDONIENNES

Preparation par
TANAS VRAŽINOVSKI

SKOPJE 1986

ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ" – СКОПЈЕ

МАКЕДОНСКО НАРОДНО ТВОРЕШТВО
НАРОДНИ ПРЕДАНИЈА
КНИГА 1

# МАКЕДОНСКИ НАРОДНИ ПРЕДАНИЈА

Подготвил
ТАНАС ВРАЖИНОВСКИ

СКОПЈЕ – 1986

Ракописот е примен за печатење од Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје на седницата од 7.XI 1983 год. врз основа на рецензиите на д-р Томе Саздов, редовен професор на Филолошкиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје и д-р Вера Весковиќ-Вангели виш научен соработник во Институтот за национална историја во Скопје и по препорака од Научниот совет на Институтот за фолклор од 3.III 1983 год.

# КОН ПРОУЧУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИТЕ НАРОДНИ ПРЕДАНИЈА

Македонските народни преданија заземаат важно место во целокупниот фонд на нашето усно творештво. Нивното собирање, всушност, почна истовремено кога и собирањето на другите жанрови на македонскиот фолклор. Тоа е времето од средината на XIX век, кога по објавувањето на Зборникот на браќата Миладиновци се појавиле други собирачи и издавачи, кои соодветно внимание им посветиле и на преданијата. Во Зборникот на браќата Миладиновци се објавени првите македонски преданија[1]. Сепак, основниот фонд на собрани и објавени преданија му припаѓа на Кузман Шапкарев,[2] а посебно на Марко Цепенков.[3]

Во периодот меѓу двете светски војни некои преданија се печатени во разни монографии посветени на соодветни региони на Македонија[4] и во некои периодични изданија или зборници. По ослободувањето, до неодамна, на преданијата не им било посветено скоро никакво внимание. Таквата положба траела се до шеесетите години кога почнало нивното објавување во поголеми размери.

За популаризација на овој жанр од нашето усно творештво придонесе познатото антологиско издание на Кирил Пенушлиски „Македонско народно творештво" во десет книги[5]. Во ова издание, седмата книга им е посветена на преданијата. Тука, главно, се поместени преданијата од споменатите изданија и од некои други периодични публикации издавани, пред сѐ, во Бугарија. Кон средината на седумдесетите години се појави поголем интерес за објавување на оние македонски преданија кои не биле дотогаш објавени, значи се работи за архивски материјали, секако непознати за

[1] Български народни песни. Собрани от Браќа Миладиновци, Димитрия и Константина, в Загреб, 1861; Миладиновци, Зборник 1861-1961, Скопје, 1962.

[2] Кузман Шапкарев, Сборник от български народни умотворения, I-IX, София, 1891-1894.

[3] Марко К. Цепенков, Македонски народни умотворби, Преданија, VII, Скопје, 1973.

[4] На пример: Војислав Радовановиќ, Мариjовци у песми, причи и писм. Скопље, 1932.

[5] Македонско народно творештво, Избор и редакција К. Пенушлиски, Скопје, 1968-1973.

нашата научна и пошироката читачка публика. Се издадени неколку изданија од преданијата со историска тематика, сврзани со разни периоди и настани од нашата историја, пред сè, од борбата на македонскиот народ против странскиот завојувач. Така, се објавени преданијата за Гоце Делчев[6], потоа преданијата за Разловечкото востание.[7] Во последно време се отпечатени и голем број преданија и народни кажувања посветени на Илинденското востание.[8] Тука е објавена и опширна студија за преданијата со илинденска тематика.

Треба да се нагласи дека се објавени и поголем број преданија за места.[9]

Значајна компонента на овие публикации е стремежот и настојувањето на авторите да се опфатат македонските преданија од целата етничка територија на Македонија.

Извесен број македонски преданија по војната продолжуваат да се објавуваат и во разни бугарски изданија. Главно, тоа се преданија за места, па и за некои личности од нашето историско минато и, се разбира, тие се тука претставени како бугарски. Да спомeнеме само две такви публикации: Единаесетиот том од едицијата „Българско народно творчество"[10], каде што се објавени поголем број македонски преданија, пред сè, за места, од сите делови на Македонија. Во изданието „Сборник за народни умотворения и народопис", книга LII, се објавени неколку преданија за места од Пиринскиот дел на Македонија, забележани во поново време. Овие преданија му се посветени на Марко Крале.[11]

Слична е ситуацијата и со проучувањето на македонските преданија. Од тоа што ни е познато, веројатно првиот научен труд, посветен на овие усни творби, е објавен од Кирил Пенушлиски, а се однесува на преданијата за места сврзани со името на Марко Крале.[12]

Кирил Пенушлиски е ѝ автор на предговорот кон седмата книга „Преданија и легенди"[13] од споменатото антологиско издание. Тој тука дава една општа карактеристика на преданијата и пра

---

[6] Танас Вражиновски, Гоце Делчев во спомено̄т на народот, Библиотека на списанието „Македонски фолклор", 2, Скопје, 1976, 5-57.

[7] Танас Вражиновски и Воислав Јакоски, Разловечкото востание во усната прозна традиција, Библиотека на списанието „Македонски фолклор", 6, Скопје, 1976, 5-75.

[8] Танас Вражиновски, Илинденскиот прозен револуционерен фолклор, Скопје, 1981, 145-296.

[9] Танас Вражиновски, Македонски преданија за места, Библиотека на списанието „Македонски фолклор", 8, Скопје, 1979, 7-66.

[10] Българско нардно творчество, XI, София, 1963. На пример преданијата под бројките: 82, 196, 207, 221 и др. (Понатаму БНТ).

[11] Сборник за народни умотворения, LIII, София, 1971. На пример преданијата под број: 739, 793, 784, 788, 803, 804, 805, 806, 807, 811 и др. (Понатаму СбНУ)

[12] Kiril Penušliski, Macedonian Local Tradicions of Prince Marko, Journal of the Folklore Institute, III, 3, Bloomington, Indiana, USA.

[13] Македонско народно творештво, Преданија и легенди, Избор и редакција Кирил Пенушлиски, Скопје, 1969, 5-13.

обид за нивна класификација, која се потпира врз меѓународната класификација на преданијата.

Томе Саздов во својата книга „Преглед на македонската народна проза" една од главите им ја посветил на преданијата.[14]

Сепак, од познати причини, најголемо внимание му е посветено на проучувањето на историските македонски преданија и тоа на оние, кои тематски се поврзани со вооружените востанија на нашиот народ против османлиското владеење. Ваквата тенденција во проучувањето на историските преданија продолжува и денеска. Не се изоставени ни преданијата за места, кои ги објаснуваат потеклото и настанувањето на населени места и други локалитети,[15] или пак преданијата за некои натприродни суштества, како што е, на пример, змевот.[16]

Истражувањето на преданијата, иако во последно време бележи подем, бара посистематски зафати. Тоа се однесува на сите фази од истражувачкиот процес: собирањето, публикувањето и проучувањето.

Мораме да нагласиме дека во споредба со собирањето на песните и приказните, собирањето на преданијата посебно е отежнато. На теренот сè помалку се наоѓаат раскажувачи на преданија во вистинската смисла на зборот. Ретки се оние раскажувачи кои умеат да развиваат вистинска раскажувачка фабула. Повеќемина се задоволуваат само со тоа што ќе дадат извесна информација, да речеме, за потеклото на името на некое населено место и сл. Затоа се налага потреба од посистематско собирање на преданијата – инаку и она што уште постои на теренот, под дејството на времето постепено ќе исчезнува, а тоа што ќе остане содржински ќе претставува само сува информација.

Интересот за посистематско собирање на преданијата и нивното проучување доаѓа од неколку аспекти: прво, преданијата го изразуваат народниот светоглед и односот на народот кон историските настани што се случувале на тлото на нашата татковина и кон личностите кои учествувале во тие настани; второ, преданијата во нашите македонски услови на национално постоење во немање на пишана историја, во народот биле единствена и основна лектира, се разбира, одразена во светлината на народното гледање на историските збиднувања во Македонија од најстаро време.

x

Преданијата што се предлагаат во овој Зборник се собрани во последниве десетина години и се наоѓаат во Ахривот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје. На таков начин овие

---

[14] Томе Саздов, Преглед на македонската народна проза, Скопје, 1970

[15] Танас Вражиновски, Македонските преданија за места... 7-33.

[16] Танас Вражиновски, Ликот на змевот во македонските преданија, „Македонски фолклор", 11, VI, Скопје, 1973, 53-63.

преданија за прв пат й се презентираат на нашата научна и пошироката читачка јавност.

За подобра прегледност преданијата застапени во зборников ги групираме во неколку тематски групи:

1. Преданија за историски личности и настани;

2. Преданија за места, и

3. Преданија за натприродни суштества.

I. Преданијата за историски личности и историски настани ги опфаќаат преданијата за Александар Македонски, за Марко Крале и за други лица, на пример: паши, ајдути, арамии и сл. И посебно за вооружените востанија на македонскиот народ.

01. Преданијата за Александар Македонски, иако по број се многу малку, претставуваат посебен интерес во нашето истражување. Покрај преданијата кои прв пат ги објавуваме има и неколку преданија за Александар Македонски кои се објавени од првите собирачи на македонското усно творештво. Во Зборникот на браќата Миладиновци[17] и кај К. Шапкарев[18] се отпечатени по едно предание. Предложениве преданија во зборников се единствените барем засега собрани на наш терен по ослободувањето.

Важно прашање при проучувањето на преданијата за Александар Македонски е прашањето на времето на неговото живеење и дејствување, кое не е во согласност со историското време во кое тој живеел. Според неколку преданија, тој живеел во еден преломен период од нашата историја – тоа е времето на борбите и отпорот на нашиот народ против османлиското навлегување во Македонија. Александар Македонски е претставен како војсководач кој се борел против Турците и, според едно од преданијата[19], бил победен од султанот Мурат. Султанот успеал во тоа благодарение на златниот крст и златната сабја што ги добил од ангел, кој претходно му ги понудил на Александар, а тој одбил да ги прими.

Во ова предание интересно е изложено држењето на сопругата на Александар Македонски, откако таа паднала во рацете на султанот Мурат. Тој нејзе и поставил едно барање: да се потурчи и да се омажи за него, а во спротивност таа ќе загине. Султана, така се викала жената на Александар, поаѓајќи од патриотски побуди се согласила да се потурчи и да стане жена на Мурат, но притоа таа му поставила еден услов: „Јас ќе се предадам, ала воа македонскио народ шо је, немаш да го зеваш војска, оти се вија сираци, без татко. Татко му загина. Татко му загина и ако ми потписаш на парата да биде писан султан Мурат."[20]

Мотивот за поставување услови при прифаќањето на муслиманската вера е честа појава во македонските преданија. На при-

---

[17] Миладиновци, цит. дело, 480.

[18] Кузман А. Шапкарев, цит. дело, IV, 372.

[19] Раскажал Никола Корганов, роден во 1885 год., во с. Мисимер, Воденско. Снимил Станимир Вишински, во 1971 год. во Скопје. Архив на Институтот за фолклор (понатаму АИФ), м.л 1755.

[20] Истиот раскажувач.

мер, во преданието „Мариново"[21] девојката што сакал пашата да ја земе за жена, му поставила услов во Мариново да не се населуваат Турци.

Исто така и во преданието „Александар Македонски и сестра му Ангелина"[22] дејството се случува пред паѓањето на Македонија под османлиското ропство и одбраната на Македонија од турските напади. Преданиево се состои од два дела. Првиот дел е сврзан со борбите на Александар Македонски за освојување на нови територии и неговата смрт, чиј извршител е сестра му. Вториот дел пак се однесува на борбите на Ангелина против османлиските владетели.

Во ова предание присутен е мотивот издајство на тајната на непријателот – на кој начин да влезе во калето каде што се наоѓаат неговите бранители. Обично овој мотив е поврзан со некоја баба – како издајник на тајната.

Како што веќе истакнавме, при проучувањето на преданијата за Александар Македонски (и не само за него) важно е времето на нивното настанување. Иако преданијата се создавани врз основа на историска стварност, сепак, и критериумот „историчност" и самото човечко сознание се јавуваат како историски категории. На секој степен од развојот на сознанието му одговара свој начин на уметничкото и рационалистичкото освојување на светот, свој критериум за измисленото и створеното, фантастичното и историското. При одразот на фактите во преданијата потполно се „прекршуваат" претставите на луѓето на соодветната епоха, или пак што почесто се јавува во неколку епохи. „Степенот на прекршувањето" на изборот на објектите за уметничко одразување на стварноста во усната историска проза соодветно се издеференцирани во етнокултурни стадиуми и социјални процеси во историјата на општеството. Разгледувањето на овие мотиви по историски слоеви во процесот на истражувањето е потполно закономерно, но тоа не го симнува прашањето на нивното временско дејствување и заемно влијание.[23]

Поаѓајќи од фактот дека во македонските преданија ликот на Александар Македонски е оттргнат од своето време на живеење и од историската ситуација, потполно разбирлива и закономерна е неговата појава во нашите историски преданија и пренесувањето на неговиот живот и дејствување во едно друго историско време, кога се водеше борба за судбината на нашата татковина пред паѓањето под туѓо ропство. И не случајно тој се јавува како бранител на Македонија од османлиските напади.

Исто така е разбирлив и фактот дека во некои наши преданија тој е претставен како Македонец, а Македонците како негови потомци, што противречи на историската вистина. Веројатно так-

---

[21] Раскажал Трајко Нелев Јанкоски, роден во 1880 год., во с. Нежилово. Снимил Апте Кулафкоски, во 1972 год., во с. Нежилово. АИФ, м.л. 1984.

[22] Види фуснота бр. 21.

[23] Северние предания Беломорско-обонежский регион. Издание подготовила Н. А. Криничная, Ленинград, 1978, 13.

вите преданија се појавиле кај нас во периодот на македонската преродба и во почетокот на XX век, кога ред македонски културни дејци него го претставувале како Македонец и барале непосредна врска меѓу старите Македони и современите Македонци Словени. И не случајно македонското знаме на Македонската колонија во Петроград, во неговиот лев горен агол врз бело поле со црвено е насликан во скок разјарениот коњ на Александар Македонски-Буќефал.[24] А ете како во едно од споменатите преданија раскажувачот ќе каже во врска со тоа: „Александар Македонски, Македонец беше и жената Македонка, Султана ја викаја“[25] Во други преданија тоа е изложено со посредство на некои македонски особености од нашиот народен бит, од нашата културна традиција или пак земјоделска. На пример: „Ајде, деца, вика, удрејте ја македонската гајда, едно оро ќе напрајме да пулат пратениците!“ Или: „И удрија Македонците една гајда. Фатија едно оро ситно и ги сокршија сендуците со нозете“. Или: „Ајде, да пратам ја нешто од Македонија! Зева од вие чушките ситни едно кило, му вика: „На ки му дајте на царот ваш, ако може да ги изеде вие чушките, тогин може Македонија да ја повлада.“[26]

За таквото прифаќање на Александар Македонски не само во нашите историски преданија, туку и во свеста на македонскиот човек кон крајот на XIX век сведочат зборовите на некој си Г.К. во Шаховата „Македонија“ во 1880 година:

„(...) Тоа несомнено е нашата татковина – Македонија си има историја за своето минато, каде што е видно нејзината моќ, величина, како и нејзиното политичко потчинување под власта на тогаш моќната Турска Империја (...). Благодарение на природниот закон сè на земјава е подложено на изменување и судбината на народот е слична на судбината на одделни личности, поради што ја гледаме денеска нашата татковина, некогашна бјустелница на цивилизацијата, велика држава – во таква ропска политичка положба каде што секакви човечки права отсуствуваат. Во традициите на секоја националност обично ги гледаме длабоко запечатени повеќето од оние историски фактори што го претставуваат нејзиното величие и нејзиното опаѓање. Денеска на пр. секој Македонец, кога го споменува Александар Македонски вели: „ние сме го имале цар Александар Велики!“ Со тие зборови тој си наумува за блескавиот период и величието на Македонската Држава. Александар Македонски стои пред лицето на Македонецот како национална гордост. Таа национална гордост има за него интелектуално значење, при односот за постигнување на идејата за самостојност (...)[27]

---

[24] Блаже Ристовски, Димитрија Чуповски (1878-1940), II, Скопје, 1978, 289.

[25] Види фуснота бр. 21.

[26] Раскажал Ристо Крстов, роден во 1895 год., во с. Пожарско, Воденско. Снимил Мите Пантевски, во 1969 год., во Демир Капија. АИФ, м.л. 977.

[27] „Македония“, I, 4, Русе, 11. XI. 1888, 13-14. Види: Блаже Ристовски, Ѓорѓија М. Пулевски и неговите книшки „Самовила Македонска“ и „Македонска песнарка“. Библиотека на списанието „Македонски фолклор“, 1, Скопје, 1973, 32.

Преданијата за Александар Македонски кај нас воопшто не се проучени, а ниту собрани. Од првите објавени преданија од браќата Миладиновци и Кузман Шапкарев одтогаш немаме ниту едно друго предание објавено. Таквата состојба не е карактристична само за нашиот фолклор, туку воопшто и таму кај што се јавуваат такви творби. Познато е дека најмногу нив ги има во источните земји, по кои тој победоносно поминал. На западноевропскиот фолклор Александар Македонски му останал непознат. Неговата фолклорна татковина се смета Исток, каде што за него се раскажуваат многубројни преданија.[28]

02. Најмногубројни преданија од целокупниот фонд на македонски преданија наоѓаме за Марко Крале. Проучувајќи ги преданијата за него дојдовме до два заклучоци: прво, ликот на Марко Крале е најпопуларниот лик во нашите преданија, второ, тој многу малку е проучен, иако за него има доволно број преданија објавени по разни изданија.

Во последниве десетина години се појавија две неголеми статии за него, а во последно време излезе и книгата на Коле Симитчиев „Марко Крале во македонската народна епика (во споредба со српски и бугарски мотиви)"[29], во која што авторот една глава му посвети на преданијата за Марко Крале.[30]

Во преданијата за Марко Крале во целина се опфатени следниве елементи од неговиот живот и дејствување:

1. Детството на Марко Крале и добивање на натприродна сила,

2. Борбите на Марко Крале со разни други јунаци,

3. Марко Кралеви траги,

4. Повлекувањето на Марко Крале од земскиот живот.

1а. Во преданијата за детството на Марко Крале и на кој начин тој добил натприродна сила, обично се зборува за односите помеѓу него и родителите, кои не биле баш најдобри. Слични биле и неговите односи со сестрите му. Тука е познатото предание, кое веќе се раскажува како приказна за трите наречници, кои на третата вечер изрекле дека кога ќе порасне ќе му ги искрши ребрата на таткаси. Се разбира, реченото од наречниците ќе се исполни.[31] Пример за лошите односи на Марко со сестрите му е преданието „Марковото кале на Исарот во Штип."[32]

1б. Својата натчовечка сила Марко Крале ја добил од самовилата која го надоила со самовилско млеко. Во некои преданија таа

[28] Е. А. Костюхин, Фольклорная традиция об Александре Македонском, „Александр Македонский в литературной и фольклорной традиции", Москва, 1972, 103.

[29] Коле Симитчиев, Марко Крале во македонската народна епика (во споредба со српски и бугарски мотиви), Скопје, 1981, 5-90.

[30] На истото место, 9-33.

[31] Раскажал Јован Ристовски, на 45 години, роден во с. [illegible]. Снимил Живко Алексовски, во 1969 год., во Кичево. АИФ, м.л. 849.

[32] Раскажал Никола Јакимов Крстев, роден во 1914 год., во с. Псача. Снимил Танас Вражиновски, во 1978 год., во с. [illegible].

се вика Јана. Постапката на самовилата е израз на следново: а) Марко на самовилата и ги спасил децата од змија;[33] б) Марко ги напоил жедните деца на самовилата;[34] в) Марко им држел сенка на децата на самовилата;[35] г) самовилата се сожалила поради тоа што другарите на Марко многу го тепале.[36]

Општ елемент на овие преданија е тешкиот живот на детето Марко Крале кој бил главен како овчар и односот на неговите врсници спрема него.

Со добивањето на сила, Марко Крале го добил и својот коњ Шарколија, кој верно му служел во сите негови борби со непријателот и на крајот заедно со својот стопан се повлекол во пештера или на друго место каде продолжува да живее.[37]

Мотивот за добивање на натчовечка сила истовремено е поврзан и со мотивот за загубата на половината од силата на Марко Крале. Тоа го сторил господ, кој обично како и во приказните е претставен како сиромашен старец кој му предложил да поткрене торба полна со земја. Фалбата на Марко не се исплатила, господ му ја одзел половината од неговата сила.[38]

2а. Борбите на Марко Крале со други познати јунаци го одразуваат неговото јунаштво. Но тука се наоѓаат и такви преданија кога тој со јунаштво не можел да ги победи своите противници, па се користел со итрина и лукавство. Такви се преданијата за неговите борби со Муса Кесеџија[39], со Филип Маџарина,[40] со Црна Арапина[41], со Веле Проматарче[42] и др.

3а. Сепак, најмногубројни и најпопуларни се преданијата за Марко Крале од групата „Маркокралеви траги". Тоа главно се преданија за: а) Градење на разни калиња, кули и сл., како и остатоци од овие градби, кои го носат неговото име, б) камења сврзани со името на Марко Крале, в) Маркокралеви цркви и манастири.

Оа. Преданијата за градење на кули и калиња од Марко Крале се честа појава во Македонија. Меѓу поинтересните се следниве: „Маркови кули и кукул"[43], „Марковото кале на Исарот во Штип"[44]

---

[33] Раскажал Божин Атанасов, роден во 1906 год., во Кратово. Снимил Кирило Костов, во 1974 год., во Титов Велес. АИФ, м.л. 2168.

[34] Коле Симиџиев, цит. дело, 20.

[35] Раскажал Милан Костоски, на 78 години, роден во с. Присад. Снимил Иван Боцески, во 1969 год., во с. Горно Село. АИФ, м.л. 990.

[36] Раскажал Васил Јонев Танев, роден во 1881 год., во с. Горно Балдовци. Снимил Дане Чапарев, во 1969 год., во с. Горно Балдовци. АИФ, м.л. 1739.

[37] Коле Симиџиев, цит. дело, 20.

[38] Миладиновци, 482.

[39] Коле Симиџиев, цит. дело, 21.

[40] Раскажал Иван Ѓауров, на 67 години, роден во с. Секавица. Снимила Фани Буцкова, во 1972 год., во Скопје. АИФ, м.л. 2054.

[41] Раскажал Цветан Стојаноски, роден во с. Попалија. Снимил Иван Боцески, во 1970 год., во Прилеп. АИФ, м.л. 1361.

[42] Раскажал Борис Јоноски, на 66 години, роден во с. Орово, Леринско. Снимил Милан Ристески, во 1973 год., во Скопје. АИФ, м.л. 2101.

[43] Марко К. Цепенков, цит. дело, 136-138.

[44] На истото место, 138-140.

„Предание за калето Исар над Тетово"[45] и др.

Еден од основните елементи сврзани со градењето на калиња и кули од Марко Крале е поврзан со тешките услови на работа и живеење на градителите. Особено тоа доаѓа до израз во преданието „Маркови кули и кукул", забележано од Марко Цепенков. Марко го собрал населението од Прилепско, па не ги оставил ни мајките со своите доенчиња. За нивното надгледување тој ставил една баба. Бабата, не можејќи да поднесе како се мачи народот, се проколнала себеси и заедно со децата се скаменила[46]. Мотивот на скаменување е мошне проширен во македонските преданија.

Многу интересно по својата содржина и единствено со таква тематика досега забележано кај нас е преданието за калето на Исар над Тетово.[47] Во него се раскажува за обидот за преземање на калето од страна на османлиските завојувачи. Всушност, тие никогаш не успеале да го заземаат калето. Кога по тешки борби се доближиле до калето тоа пропаднало во земјата „со сите убавиње што имало внатре во калето, со сето безбројно азно што имало тогај". Пропаѓањето на калето се објаснува со следново: прво, да не падне во рацете на завојувачот и, второ, затоа што во борбите за одбрана на градот Тетово, паднале многу јунаци тетовчани.

Во преданиево интересна е и појавата на еден тетовчанец во пијана состојба, кој преку некоја дупка влегол внатре во калето и се вчудовидел од богатството што го видел таму. Кога слегол во азното со намера да ги наполни пазувите со алтани и други скапоцености, забележал смок со големи размери. Смокот се јавува како чувар на азното, кое во соодветно време ќе му служи на народот.[48]

Об. Бројот на преданијата за камења што го носат името на Марко Крале е мошне обемен. Ретко може во Македонија да се најде населено место каде што да не постои камен кој потсетува на јунаштвото на овој омилен лик во нашиот фолклор. Овие преданија можеме да ги групираме во три основни групи: а) камења што Марко Крале ги исекол со својата сабја, б) камења што тој ги фрлал, и в) камења на коишто тој оставил отисоци од своето тело, значи, на кои седел или лежел, оставајќи врз нив извесни вдлабнатини, потоа отисоци од неговите раце и стапала на нозете, или стапала од копитата на неговиот коњ.

Оба. Преданијата за камења исечени од Марко Крале со сабјата се прилично малку по број и обично во нив се констатира дека Марко ги исекол во разни околности, а пред сè, за време на некои натпреварувања. Со такви примери се среќаваме во преданијата „Марков Камен во с. Љуботин"[49], „Марковото кале на Исарот во

[45] На истото место, 133-135.
[46] На истото место, 137.
[47] На истото место, 133-135.
[48] На истото место, 135.
[49] На истото место, 111-112.

Штип"[50], „Градот и портата"[51].

Обб. Во преданијата за камења, што тој ги фрлал нашол израз мотивот фрлање големи камења и карпи, што се јавува како „скитнички" мотив во преданијата за великаните. Ваквите преданија се познати и во фолклорот на други народи, но тие што се среќаваат кај нас претставуваат наши македонски варијанти. Со овој меѓународен мотив се објаснува постоењето на големи камења и карпи, што стојат осамени на разни места: полиња, планини, на бреговите на реките и други места.[52]

Камењата за кои се раскажува во преданијата Марко Крале ги фрлал од најразлични причини, и така: за да си ја покаже својата сила и јунаштво и тоа во разни натпреварувања со некои јунаци и со својот коњ, за лично задоволство, за да се прикажува за неговото јунаштво и од лутина.

Обв. Преданијата сврзани со разни отисоци на телото на Марко Крале врз камења, обично се однесуваат на неговите прсти, или целата дланка, или пак на отисоци од неговата стапалка. Овој мотив како и споменатиот погоре претставува македонска верзија на меѓународниот мотив за траги од човечко тело врз камења или карпи. Исто така тука е и мотивот за траги од копитата на коњот на Марко Крале. Мотивот за траги врз камења сврзан со некои митски суштества, или лица од христијанската или друга религија, се надоврзува и со познати историски личности. Овој мотив во македонскиот фолклор кој, пред сè, се однесува на Марко Крале, го среќаваме и во преданијата за Климент Охридски.

Во овие преданија се среќаваат и ред примери на преплетување на разни историски настани од времето на турското навлегување во Балканот. Во преданието „Марков камен во с. Љуботин"[53] се зборува за собирот на кралеви и банови во с. Љуботин за да размислат и да се слогодат како да им се спротивставаат на Турците на Косово, за да го скршат нивното понатамошно завладување на нови земји. На овој собир присуствувал и Марко Крале. Како доказ на тоа, народниот раскажувач го поврзува со натпреварот на присутните великодостојници во фрлање камења. Марко Крале исто така фрлил камен и тој паднал во близината на с. Љуботин.

На камењата што личеле на човечки фигури, народот им препишувал лекувачка моќ. Во преданието „Крали Марко и неговата сестра"[54] се раскажува дека од каменот што го фрлил Марко Крале, месното население крши малки парчиња камења и ги става во храната на болните луѓе и болните животни, со цел да им го вратат загубеното здравје.

---

[50] На истото место, 138-140.

[51] Раскажал Никола Андонов, роден во 1883 год., во с. Коночиште. Снимил Киро Андонов, во 1970 год., во Неготино. АИФ, м.л. 1502.

[52] Танас Вражиновски, Македонските преданија за места,..., 22.

[53] Марко К. Цепенков, цит. дело, 111-112.

[54] Раскажал Герасим Узунски, роден во 1916 год. во с. Трабатиниште. Снимил Димитар Узунски, во 1970 год., во с. Работиниште. АИФ, м.л. 1378.

Според верувањата на народот, ваква лекувачка моќ поседуваат и разните траги од стапалата на Марко Крале. Во селото Мисимер, Воденско, се наоѓа трага на Марко Крале. Тука секоја сабота се собирале луѓето и турале вода во трагата и потоа се миеле со неа: „... болен ако оде, здрав ќе си оде"[55] – велат жителите на ова село. Во селото Галичник се наоѓа „Марково стопало"[56]. Кога паѓа дожд стапалото се наполнува со дождовна вода, а народот верува дека таа е лековита за очите. Тука, главно ги носат децата коишто страдаат од очни болести и им ги мијат очите со вода од стапалото.

Исто така има преданија за Марко Кралеви камења пред кои народот се собира и извршува разни религиозни обреди. Најпознат е обредот што има за цел да предизвика дожд за време на големите суши. Тогаш, целото село, начело со попот се собира пред каменот и „праве водокрс и кат праве водокрс, после од туј гледамо дали заврне. Ама мисли од туј заврне".[57]

Ов. Преданија за цркви и манастири што го носат името на Марко Крале ги има по број помалку во споредба со другите преданија сврзани со неговото име. Во преданието „Маркова Црква"[58] станува збор за месност каде што претходно се наоѓала Марковата црква во селото Црквино. Според преданието, црквата ја подигнал Марко Крале пред доаѓањето на Турците во Македонија, веројатно врз темели на постара црква од времето на богомилското движење. Црквата била една од нивните центри од кај што тие ги проповедале своите идеи.

Турците, сакајќи да го задушат православието, ја урнале црквата. Понатаму се раскажува дека некој Турчин сакал да земе од урнатата црква една греда. Ја товарил гредата на колата, си тргнал за дома, но „на едно сто-двесте метра и одма се скамениле и колата и воловите, а и Турчинот умрел".[59]

Скаменувањето во ова предание доаѓа како резултат на извршениот престап на Турците кои ја урнале црквата. Не случајно во преданието народниот раскажувач го скаменил Турчинот. Сепак, уште можеме да претпоставиме дека скаменувањето било извршено и како резултат на клетвата фрлена врз Турците од месното население за урнувањето на нивниот храм, или пак дури и на самиот Марко Крале, или на некоја друга христијанска сила, во одмазда на стореното зло.

4а. Мошне интересни се преданијата за смртта на Марко Крале, односно неговото времено повлекување од земскиот живот. Овој мотив во фолклористиката е познат како „јунакот е жив", а во

[55] Види фуснота бр. 21, АИФ, м.л. 1754.

[56] С р . Ј . С т о ј к о в и ћ , Краљевић Марко, Нови Сад, 1922, 170.

[57] Раскажал Пено Јовчнов, роден во 1916 год., во с. Филиповци. Снимил Илија Кизановски, во 1969 год., во с. Филиповци. АИФ, м.л. 1491.

[58] Раскажал Ангел Орданов Пановски, на 53 години, роден во с. Црквино. Снимил Ангел Кулафковски, во 1969 год., во с. Црквино. АИФ, м.л. 851.

[59] Истиот раскажувач.

нашиов случај „Марко е жив". Според овој мотив, јунакот се повлекува од животот на земјата и продолжува некаде да живее, обично во некоја пештера. Тој таму чека погоден момент кога повторно ќе се врати на земјата. Мотив мошне широко познат и во фолклорот на многу други народи.

Има повеќе причини што укажуваат зошто Марко Крале се повлекол од животот на земјата: 1. Потурчување на сестра му, 2. Пронаоѓање на огненото оружје; 3. Од нормална смрт; 4. Господова волја.

1а. Според едно предание кое за прв пат го забележавме во Штипско, Марко Крале се повлекол бидејќи сестра му се потурчила и се омажила за Турчин. Кога Марко разбрал за овој случај, толку се налутил, што од Исарот во Штип фрлил по неа огромен камен за да ја убие. Уште и ден денеска каменот се наоѓа на местото Рибник. Марко колел и тепал и на крајот ѝ се обратил на својата мајка: „Мајко – рекол – јас можам и коњо може и сабјата ми сече, таа кучка од коа се потурчи, нашто царство ќе загине, мојто царство!"[60] Од големиот гнев и срам Марко побегнал во Демир Капија и се скрил во некоја пештера.

2а. Суштинската причина за повлекувањето на Марко Крале одразена во преданијата е сврзана со пронаоѓањето на огненото оружје. Прво такво предание среќаваме кај браќата Миладиновци[61] во кое се раскажува дека против оружјето Марко бил бесилен: „... штом еден овчар на еден ваков јунак му ја пробил раката со куршум". Ќе коментира еден од нашите раскажувачи. Тогаш според преданието од Штипско, тој се скрил во Исарот во Штип и сè уште се слуша како го чеша коњот со чешалото и го чека времето кога ќе биде уништено оружјето. Дури тогаш Марко повторно ќе се појави меѓу луѓето.[62]

3а. Според едно друго предание, забележано од Михаил Арнаудов, кога Марко Крале остарел, неговиот коњ престанал да оди и му се обратил: „Ти си веќе мртов". „Како ќе можам да си го видам лицето? – прашал Марко. Коњот му одговорил дека во шумата, меѓу две ели има бунар. Нека погледне во него и тогаш ќе се убеди. Кога Марко видел дека навистина е умрен, го прашал коњот дали сака да го остави на Турците за да им биде слуга, или пак сака да го земе со себе. Коњот изразил желба да оди со Марко и затоа прилепскиот владетел го отепал и го закопал. Потоа напишал писмо во кое ја изразува желбата да го погребе оној што ќе го види прв. Оттаму поминал еден калуѓер и едно дете. Кога го виделе Марко, калуѓерот се уплашил да не го отепа, и му предложил на детето да бегаат. Тогаш детето забележало дека на елата има писмо. Штом го

---

[60] Раскажал Папо Данилов Тодоров, роден во 1880 год., во с. Лесковица. Спимил Танас Вражиновски, во 1978 год., во с. Лесковица.

[61] Миладиновци, 482.

[62] Раскажал Глигор Арсов, роден 1913 год., во с. Марчино. Снимил Танас Вражиновски, во 1978 год., во с. Каралорман.

прочитале, го закопале Марка, а двајцата зеле по едно ќесе пари.[63]

4а. Марко Крале учествувал во некоја тешка борба, каде што била пролеана многу крв, така што луѓето и коњите пливале во неа. Тогаш на Марко му се сожалило и ги кренал рацете високо кон небото и викнал: „Господи што да правам?" На господ му паднало жал и го пренесол Марка во некоја пештера, каде што и досега спие. Сабјата му била скриена под некој голем камен и само малку можела да се види. Коњот си стои пред својот стопан и си зобе по малку зоб од еден мал зобник. Штом ќе излезе целата сабја од под каменот и кога коњот ќе ја изобе целата пченица, тогаш ќе се разбуди Марко и ако повторно ќе биде потребно ќе го брани својот народ од странскиот завојувач.[64]

Повторното враќање на Марко Крале во живот има посебно значење во македонските преданија. Може да се претпостави дека таквите преданија се создадени во времето кога нашиот народ на својот грб го носел тешкото бреме на долговековното турско ропство, кога немал никакви изгледи да ја добие својата слобода. Со мислата дека Марко е жив, народот како да верувал дека не е прекината Марковата власт во земјата, дека има кој да го заштитува.[65] Таквата верба во својот јунак, секако, народот го окуражувал во издржувањето и во најтешките времиња кога бил подложен на социјална експлоатација и денационализација.

Таквиот лик на Марко Крале уште долго ќе живее меѓу нашиот народ. Најубаво оваа мисла ја искажа еден од нашите раскажувачи од селото Караорман. Во преданието што тој ни го раскажа, меѓудругото, се зборува како тој е повикан на Косово за да каже кој е вистинскиот цар. Откако ќе го стори тоа, цар Урош му се обратил со следниве зборови: „Е, куме, Марко – рече – златна ти уста, додека је сл'нце и месец – рече – твое име нема да загине". Народниот раскажувач аналогно на овие зборови од цар Урош, ќе го заврши преданиево со следниве зборови: „Уште живее. Он живее меѓу нас и ќе живее додека је сл'нце и месец, неговото име нема да загине".[66]

III. Кога зборуваме за преданијата за вооружените востанија на македонскиот народ против османлиското ропство, пред сѐ, во нашиот конкретен случај, мислиме на преданијата за Разловечкото и Илинденското востание. За жал, за некои други македонски востанија, како што е на пр. Карпошевото востание, не располагаме со таков материјал, иако сме свесни дека на теренот може да се најде, но досега никој не пројавил интерес за оваа проблематика. Според тоа, Карпошевото востание во нашата фолклористика засега си останува неиследувано поле на кое во идните истражувања треба да му се посвети поголемо внимание.

---

[63] Михаил Арнаудов, Към легендите за Крали Марко, „Македонски преглед", I, 1, София, 1924, 45. Види: Коле Симитчиев, цит. дело, 29.

[64] Коле Симитчиев, цит. дело, 30.

[65] На истото место.

[66] Види фуснота 62.

Во нашиов Зборник не ги земаме предвид преданијата за Разловечкото востание[67] и за Илинденското востание[68], бидејќи тие беа предмет на посебни истражувања, кои неодамна се објавени и ѝ се познати на нашата научна и поширока јавност.

Преданијата што ја обработуваат тематиката на борбата на македонскиот народ против турскиот поробувач ги групираме во две групи:

1. Преданија за вооружениот отпор, и
2. Преданија за невооружениот отпор.

1а. Преданијата за вооружениот отпор ја одразуваат борбата на нашиот народ во текот на целото траење на ропството. Тука се преданијата сврзани со борбите на заземање на македонските градови или тврдини, од каде на завојувачите им се давал жесток вооружен отпор. По појавата на ајдутското движење во Македонија се создаваат и преданија за разни ајдути – народни одмаздници, за тешките маки кои ги поднесувал нашиот народ.

Долготраен бил вооружениот отпор на жителите на градовите Бартала[69], Битола[70], Прилеп[71], Серез[72] и други. Таквите преданија имаат неколку општи елементи, како што се: а) вооружениот отпор на населението, б) недостиг на храна или други основни продукти за живеење, в) издавање на тајната на кој начин непријателот може да го освои даденото упориште, и г) заземањето на градовите од страна на туѓата завојувачка војска.

Бранителите обично го бранат градот, или отпор им пружат од тврдините. Во преданието „Александар Македонски и сестра му Ангелина"[73], станува збор и за отпорот што им го давала на Турците Ангелина, која со 800 гвардејци од армијата на Александар Македонски се засолнила во калето Градиште до с. Согле. Овој момент од преданието ни асоцира на некои укажувања на Ѓорѓија М. Пулевски во врска со местата каде се населени Мијаци. Според него, две села во Велешко, Папрадишта и Ореше се населени со Мијаци кои биле гвардејци на Александар Македонски[74]. Во „Радословието на Чупарови" од Никола Д. Чупаров авторот вели за жителите на Бабунијата: „Тие се наречуваат Брсјаци (Брзаци). Според книгата на покојниот Георги Пулевски од селото Галичник, „велат дека Брзаците биле брзата армија на Александар Македонски". Овој херојски народ, во времето на турското навлегување се држел околу 70 години и се борел со турските полчишта и по долгата борба и откако се потурчиле велешките чорбаџии, се

---

[67] Танас Вражиновски, Воислав Јакоски, цит. дело, 5-75.

[68] Танас Вражиновски, Илинденски прозен револуционерен фолклор, Скопје, 1981, 5-296.

[69] Раскажал Милисав Димитрија Станојков, роден во 1907 год., во с. Кретов Дол. Снимил Танас Вражиновски, во 1978 год., во с. Аргулица.

[70] Марко К. Цепенков, цит. дело, 119-121.

[71] На истото место, 122-127 и 218-223.

[72] На истото место, 216-218.

[73] Види фуснота бр. 23.

[74] Блаже Ристовски, Димитрија Чуповски..., 54.

обрнале во турски аги и бегови, тогаш бабунските брзаци херојски паднале и скапо им платиле на своите потисници за милата татковина"[75].

Очигледни се аналогиите кои се јавуваат во нашето предание и цитираните погоре зборови. Во преданието Турците успеале да го заземаат калето благодарение на една баба, која што тие ја фатиле. Бабата им ја открила тајната на кој начин можат да влезат во добробранетата тврдина.

Исто така и во преданието „Нежанка", јунак и бранител на калето во Согле е жена Нежанка. Таа триесет години храбро се борела против Турците, недозволувајќи да ја покорат. Единствено, како и погоре, со издавање на тајната тие успеале да го заземаат калето[76].

Марко Крале се јавува како бранител на калето во Прилеп. Тој калето го напуштил дури откако го проба оружјето и се повлече во пештерата во Демир Капија. Но, калето Турците не го презеле веднаш, бидејќи кога Марко го напуштил калето ставил тапани кои биеле на ветар. Војската мислела дека Марко уште се наоѓа во калето. И тука се среќаваме со мотивот издавање на тајната од страна на стара баба.[77]

Во преданиево забележано од браќата Миладиновци не се зборува за Марко Крале како бранител на Прилепското кале, туку него го бранат самите жители на градот Прилеп. Откако бранителите немале што да јадат го напуштиле калето, оставајќи тапан кој сам биел на ветер. И тука баба им ја открила тајната на непријателите и тие по три дена влегле во празното кале.[78]

Тежок отпор на Турците им давале и жителите на градот Серес, засолнати во тамошната тврдина. Бранителите добро биле снабдени со храна. Единствен проблем имале со дрва. Затоа ноќно време пуштале еден дрвар да бери дрва. Но, еднаш Турците го фатиле дрварот и тие го принудиле да ги пушти во калето. И така непријателот успеал да ги покори жителите на Серес.[79]

Бранителите на градот Воден биле победени откако Турците по трагите на козите го откриле тајниот влез во калето.

16. Проблемот на одразот на ајдутското движење во нашите преданија е доста комплициран. Прво, ајдутството во македонските преданија воопшто не е проучено и материјалот што е собран на теренот е мошне сиромашен. Второ, не постои никаква диференцијација кај раскажувачите помеѓу ајдутството и разбојништвото. Овие два поими кај раскажувачите по своето значење се истоветуваат. Но, сепак, проучувајќи ги овие преданија и врз основа на некои историски податоци можеме да направиме извесно разграничување

[75] На истото место, 57.

[76] Раскажал Панче Трајков Мирчевски, роден во 1910 год., во с. Нежилово. Снимил Ангел Кукуфковски, во 1969 год., во с. Нежилово, АИФ, мл. 821.

[77] Марко К. Цепенков, цит. дело, 125.

[78] Миладиновци, 481.

[79] Марко К. Цепенков, цит. дело, 217.

на преданијата кои се однесуваат на ајдути и оние сврзани со разбојници, односно арамии.

Бројот на објавените преданија за ајдути е мошне скромен. Од расположливиот материјал најдовме само две објавени преданија. Првото предание е објавено во „Македонски преглед" и се однесува на борбите на војводата Чавдар и Лалуш против Турците.[80] Настаните што се предмет на ова предание се однесуваат на втората половина од XIX век. Второто предание е објавено во СбНУ и е сврзано со дејноста на војводите Спиро Црне и Ѓорѓија Лажот.[81] За војводата Спиро Црне имаме снимено во последно време поголем број преданија. Некои од нив за прв пат ги објавуваме во овој Зборник.

Преданијата за војводата Спиро Црне и Ѓорѓија Лажот го откриваат тешкиот живот и маките на нашиот народ за време на самоволното турско владеење, за теророт и нечовечноста на некои Турци како што е во конкретниот случај Чучук Сулејман или Суљо, убиен од војводата Спиро Црне и Ѓорѓија Лажот.[82]

Исто така во Зборников за прв пат објавуваме и предание за Кузман Капидан[83], како и за жени ајдути – војводи. На пример, преданието „Капидан девојка"[84]. Во него не го дознаваме името на жената капидан.

1в. Постојат и повеќе преданија за некои арамии, разбојници, обично турски одметници, кои го пљачкаат и убиваат сиромашното македонско население. Такви се преданијата за арамијата Дели Насуф[85], Кајо[86], Каљош[87] и др., кои сепак, на крајот морале своите злодела да ги платат со своите животи.

2а. Невооружениот отпор на нашиот народ против турскиот поробувач е мошне честа појава во македонските преданија. Особено тоа доаѓа до израз во оние преданија во кои се зборува за асимилацијата, пред сè, на младата македонска девојка. Отпорот на жената Македонка се состоел во доброволното и свесното одземање на својот млад живот, скокајќи од разни камења, калиња и сл., или пак самоубивајќи се со нож со единствена цел да не ја прифати верата на поробувачот и да го краси неговиот харем.

Првиот забележан случај на ваквиот отпор што завршил со погубување на девојката која не сакала да ја прифати верата на непријателот, била девојката Злата Мегленска.[88]

---

[80] „Македонски преглед", III, 3, София, 47.

[81] СбНУ, XII, София, 81.

[82] Раскажал Стојан Ѓурчинов Силјаноски, роден во 1918 год. во с. Долно Крушје. Снимил Стојан Силјаноски, во Скопје. АИФ, м.л. 1888.

[83] Раскажал Ташко Вретоски, роден во с. Врбјани. Снимил Марко Китевски, во 1971 год., во с. Врбјани. АИФ, м.л. 1805.

[84] Раскажал Ставре Думов, на 52 години, роден во с. Тодорче, Воденско. Снимил Милан Ристески, во 1972 год., во Скопје. АИФ, м.л. 1923.

[85] Види фуснота бр. 23.

[86] Раскажал Бојче Андонов, роден во 1919 год., во с. Горица, НСР Албанија. Снимил Пане Ели[illegible]ов, во 1975 год., во с. Пепелиште. АИФ, м.л. 1375.

[87] Види фуснота бр. 51. АИФ, м.л. 1375.

[88] Историја на македонскиот народ, I, Скопје, 1969, 267.

Едно од првите објавени преданија со таква тематика е преданието „Калето Маргарит"[39]. Ова кале се наоѓа во близината на селото Почеп (Воденско). Турците откако го презеле калето ги убиле неговите бранители заедно со нивниот цар. Жива останала само царската ќерка Маргарита. Таа опколена од Турците, не сакајќи да падне во нивни раце, се фрлила од калето и загинала.

Овој мотив кај нас и кај другите словенски и балкански народи се развива, главно, во времето на турското ропство. Инаку тој е познат под името „момин скок"[40]. Неколку преданија со таква тематика имаме објавено, а и во Зборников се вклучени неколку кои досега не беа познати за нашата јавност.

III. Преданијата за места заземаат основно место во целокупниот фонд на македонските преданија. Според содржинската суштина на топонимските преданија и врз основа на објектот што послужил за создавање на преданија, нив можеме да ги групираме во неколку групи: 1. Преданија за населени места (градови, села и др.); 2. Преданија за тврдини, кули; 3. Преданија за цркви, манастири, џамии, теќиња; 4. Преданија за мостови; 5. Преданија за водни површини (езера, реки, извори); 6. Преданија за планини; 7. Преданија за камења; 8. Преданија за гробишта; 9. Преданија за кладенци и чешми; 10. Преданија за други места.

Како што наведовме во почетокот, на преданијата за места им е посветен посебен труд, така што тука ќе се задржиме само на некои основни карактеристични елементи.

01. Нашиот народ имињата на населените места, како и на другите места, ги барал надвор од митолошките претстави и легендарните јунаци, настојувајќи нив да ги именува со имињата на најобичните луѓе, кои наваков или онаков начин извршиле некои јуначки чин, или кои први ги населиле местата. Се разбира, дека тука има и исклучоци, но тие се толку редки, што не влијаат врз нашата основна констатација.

02. Во преданијата за места наоѓаме интересни податоци за местоположбата на некои населени места, објаснети на карактеристичен начин за народното мислење и сфаќање на работите. На пример, во преданието за селото Раштани, народниот раскажувач, сакајќи да го лоцира местото на селото, ќе каже: „паѓа од кај што огрева сонцето во Битола, далеку околу дваесет дексики."[41]

03. Народот верувал дека населените места, па и други места, на пример, езера имаат свое животно – стопан. И така, селото Раштани имал стопан – смок,[42] селото Роман – змии[43], Поповото Езеро на Прин Планина – овен[44] и сл.

---

[39] СбНУ, VI, София, 1891, 138.

[40] Танас Вражиновски, „Момин скок" во македонските преданија, „Македонски фолклор", II, VI, Скопје, 1973, 85-92.

[41] Марко К. Цепенков, цит. дело, 140.

[42] На истото место, 140-141.

[43] На истото место, 145.

[44] БНТ, 221.

04. Мошне често во македонските преданија го среќаваме мотивот на скаменувањето. Особено скаменувањето е очигледно во преданијата за змевови. Тоа доаѓа како израз на извршениот престап на некое лице, кое, според народот, морало да биде строго накажно, а исто така и на некоја клетва или зарекување, на пример, како што се гледа во преданието за Марко Крале кога го градел прилепското кале.[95]

05. Верување во слободната иднина и дека богатството му припаѓа на народот е карактеристично за мотивот „пропаднати градби". Пропаднатите градби: калиња, цркви, манастири криjат големи богатства, кои никој не е во состојба да ги изнесе од таму сè додека не се исполнат некои услови. Тогаш тие ќе им служат на целиот народ. Како еден од основните услови е отфрлањето на туѓото ропство. Во овие преданија се крие длабок оптимизам на нашиот народ во слободен живот, во отфрлање на ропството, дека тој е стопан на својата татковина и самиот треба да располага со своите блага.

06. Во некои преданија е одразена опасноста од поплава на градовите и полињата, на пример, постои опасност од излевање на Пелистерското Езеро[96]. Со овој мотив поврзан е и мотивот затнување на разни извори од кои може да протече голема вода. На пример, Марко ја затнал стерната и го спасил Прилеп и Прилепско Поле.[97]

07. Постојат и преданија во кои е регистрирана економската и националната положба на народот: прогонувањата и убиствата од страна на турскиот поробувач. Народот бегал од своите села, барајќи побезбедни места за живеење, далеку од патиштата, високо во планините, далеку од турското око. Во нив ја откриваме историјата на месности, начините и причините за иселувањата од своите родни огништа, особеностите на битот и занимањата на месното население.

IV. Во Зборников вклучивме и неколку преданија за натприродни суштества. Тоа се главно преданијата за змевови. На ликот на змевот во нашите преданија му е посветена посебна статија, така што тука само ќе нагласиме дека змевот е мошне популарен лик во македонските преданија. Содржински преданијата за него се развиваат на следниов начин: а) Змевот грабнува девојка и тоа обично се случува на Велигден; б) ја носи во своето живеалиште, тоа е пештера и му станува негова жена; в) со неа тој има дете, секогаш машко; г) овчари ја откриваат жената и ја известуваат мајка ѝ за местото каде живее со змевот; д) мајка и ја посетува и ја наговара да дознае како може да се погуби змевот; е) змевот ѝ ја открива тајната на својата смрт и потоа со помошта на мајка си таа го погубува; ј) проколнување на змевот и скаменување на жена му, детето и мајката на жена му. Се разбира, и змевот се скаменува.

---

[95] Марко К. Цепенков, цит. дело, 137.

[96] На истото место, 116-117.

[97] На истото место.

Змевот поседува својства на метаморфоза, создаден е да дејствува во корист на луѓето, значи, да го чува нивниот имот од природни непогоди преку регулирање на некои атмосферски појави. Во преданијата човекот му дал нему човечки црти, како што е способноста да зборува, да размислува и да работи. Влегува тој во брак со жена, создава со неа семејство, и притоа е добар сопруг. Се разликува од човекот со некои зооморфни и чудни надворешни облици, како што се златните крилја под мишките, опашката и неговата огромна сила. Овие особености на змевот одразени во преданијата се спротивни на оние што се јавуваат во приказните, каде што змевот му е спротивставен на човекот и тие меѓу себе водат тешки борби, значи, е претставник на светот непријателски одреден спрема човекот, таинствен и опасен.[98]

Легендарни елементи има и во преданијата што се однесуваат на градењето на некои цркви или манастири. На пример такви се преданијата за градењето на манастирите во Св. Гора,[99] потоа за настанувањето на манастирот Свети Јоаким Осоговски[100] и др.

X

Фондот на преданијата знатно го збогатува целокупното македонско усно творештво. Тие се сврзани главно со историски настани што се случувале на тлото на нашата татковина, соодветно осмислувани и презентирани во согласност со народното гледање и сфаќање на работите. Колку тие на прв поглед да изгледаат наивни во објаснувањето на некои моменти или цели настани што станале предмет за создавање на предание, сепак, овие творби го одразуваат народниот мироглед од едно далечно време, оставајќи на таков начин еден спомен за многу подоцнежни поколенија, кои по нешто внесувале, изменувале или прилагодувале кон новата ситуација, кон новото време кое носело нови разбирања, нови сфаќања на поколенијата што доаѓале – сведоци на нови историски настани и историски личности кои оставиле траги во македонското усно творештво, а во конкретниот случај во македонските преданија.

Објаснувајќи ги преку преданијата разните природни појави, што го свртувале вниманието на народот со некои свои карактеристични особини и разни градби, дело на човечките раце, јасно се гледа дека народниот творец во својот живот низ векови се стремел да најде одговор на сите појави, што се однесуваат на неговата околина и да ги поврзе со разни историски личности или настани од општонароден или од локален карактер, или пак случки од секојдневниот народен живот.

---

[98] Танас Вражиновски, Ликот на змевот во македонските преданија, „Македонски фолклор", II, VI, Скопје, 1973, 53-63.

[99] Раскажал Ташко Попиров, роден во 1912 год., во с. Нисија, Воденско. Снимил Станимир Вишински, во 1971 год., во Скопје, АИФ, м.л. 1891.

[100]. Раскажал Петар Поп Стојчев, роден во 1900 год., во Крива Паланка. Снимил Милутин Граматиков, во 1969 год., во Крива Паланка. АИФ, м.л. 980.

Според тоа, собирањето и проучувањето на македонските преданија и нивното објавување претставуваат важна задача на нашата фолклористика. Во овој период во кој се врши интензивно собирање на целокупното македонско усно творештво, посебен интерес претставува собирањето на македонските преданија од Егејскиот дел на Македонија, особено преданијата за места, каде што во процесот на насилна асимилација на Македонците, токму на прв удар се најдоа македонските словенски топоними, кои што беа заменети со грчки. Преданијата од овој дел на нашата татковина ќе останат како доказ за македонско-словенскиот карактер на народот кој со векови живеел и живее и создавал на таа територија своја историја, своја култура, свој бит, кои влегуваат во ризницата на целокупната, неразделна македонска национална култура. Истото се однесува и на преданијата од другите делови на Македонија: Пиринска Македонија и оној дел што се наоѓа во Албанија.

1

## ИСТОРИЈАТА НА МАКЕДОНИЈА

Си бил некој Новко од Дебар. Новко бил животописец, цртал светци на црквите. Новко еден ден тргнал од Дебар да ја бара историјата на Македонија. Тој дошол во еден манастир. Во манастирот имало владици, попој и калугери. Тој им рекол:

– Слушајте вие владици и попој, ќе ми кажете кај се најдува историјата на Македонија?

Во манастирот имало некој стар поп. Попот му рекол:

– Добро, ќе ти кажиме. На филан место се најдува историјата на Македонија. На филан ден се отвара и се чита историјата. Три пати годишно се чита историјата.

Дошло време Новко да замини на пат во филан манастир. Новко патувал долго време. Стасал до филан манастир.

– Добар ден браќа непознати. Али се најдува во ова место историјата на Македонија?

– Чичко, прочитај на ова табла.

Новко читал на таблата. Е видел македонската историја заведена под еди кој си број. Еден од луѓето шо е пазел македонската историја го прашал Новка:

– Чичко, али најде македонската историја?

– Е најдов, внучко!

– Ела во визба!

Новко слегол во визбата. На Новка му рекле:

– Чичко, еве ја историјата на Македонија. Таа е пишана на заечка кожа со орлово перо. Ако сакаш да читаш имаш право да читаш само три дена и три ноќи.

Новко купил три кила свеќи. Седнал во една собичка, запалил една свеќа, една запали, па друга, едноподруго за да не угасни пламенот. Новко три дена и три ноќи само читал. Не можел да се начита. Ко се вратил на луѓето му раскажувал:

– А бре, браќа, дниве е читав историјата на Македонија. Сум читал и сум плачел за Македонија. Син татко ќе отепа, татко син ќе отепа. Така пишува во историјата. Кола ќе оди без волој и без коњи, оган во небој луѓето ќе носат. Нашата историја е далековидна. Едно старо царство ќе е гази земјата, ќе се меша времево. Само четири сили ќе знат що ќе стани!

2

## ЦАР АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ

Едно време Цар Александар беше дете. Он имаше татко. Татко му беше стар, а цар Александар беше дете малечко. Дојде време персијскиот цар донесе којн у Македонија, сакаше да го продаде на цар Александар. Ко го донесе и му го занесе на татко му на цар Александар за да го купе. Ка му го занесе којнот, којнот бил многу плашлив. Никој не можел да го вјаа. Дојде време цар Александар као 12 годишно дете се качува на којнот и летнува. Сонцето иде за да зајде, а он оде сproти сонцето. Мајка му и татко му кога тргна тој, кога вјака којнот си рекоа дека детто загина. По време на вечерта детто си дојде со којнот и му вика на татко му:

– Татко – рече – фаќај којнот дека овој ќе биде мој.

Татко му го послуша. Персијскиот цар му го остави којнот и си отиде. Тогин Александар како дете немаше презето цар, татко му одговараше. Секоја вечер тој ќи легне да спие, се моле да умре татко му, за да презеде тој. И у кратко време татко му умире. Ка умре он беше дете 15-16 годишно. Ка умре презе он да располага со војската. Персијскиот цар му прати на цар Александар, му вика: „Царје, ти честитам сега на теб, оти ти си цар на местото на татко ти и ти располагаш со твојот народ и затоа да станиш да дојдиш да те учам као да станиш цар".

Цар Александар као дете му вика на персијскиот цар: „Ти не си вреден мен да ме учиш. Многу си далеку".

Шо прави персијскиот цар? Му праќа тиниќиња од конзерви, клопотарки и му вика: „Со овие можиш да си играш по улицта".

Цар Александар се замисли: „Ајде, ајде – вика – ќе дојде време јас да ти расправам". Каде дојде у годините му праќа назад. Му вика: „Царе, ти шо ми праќше кутијте и клопотарките за да се занимавам по улицте со децта, јас ќи дојдам со се војска да те видам теб, а не идам ти да ме учиш, не си поспособен да ме учиш!" И царот си вика: „Да станам у годиниl" Персијскиот цар се насмеја: „Ех, то детто, тоа мисле да ме бие мен. Добро!"

Ко цар Александар дојде на 20 години фаќа му вика: „Ајде да се спремаш за војна!" Цар Александар му вика. Персијскиот цар: „Ех, ех – се насмеја – цар Александар ќи дојде мен да ме бие!" Фаќа товара 3, 4 – 5 камили просо, му ги праќа во столицта на цар Александар. Со пратеници (тогајн немаше телифон) со којнте, со камилите му испраќа и му вика: „Еве ти царе Александре вие камилите просо, ако можиш да го изброиш во просто, тогин можиш ти Персија да ја победиш!"

Цар Александар му веле на војската:

– Ајде, деца – вика – удрејти ги чизмите – вика – удрејте ја македонската гајда, едно оро ќи напрајме да пулат пратениците. Едно дробно ситно оро ќе напрајме, ќи сокршме сендуцте и ќи го согазме просото и така – вика – персијскиот цар ќи го согазме!

И удрија Македонците една гајда. Фатија едно оро ситно и ги сокршија сендуците со нозите. Ги изгазаја просто и му велат на пратениците:

– Еве – вика – го видовте просто како го согазивме, не го бројаме, и така Персија ќи ја согазме! – Цар Александар уште вика – Ајде, да ти пратам јас нешто од Македонија. Зева од вие чушките ситните едно кило, му вика. – На, ќи му ги дајте на царот ваш, ако може да ги изеде вие чушките, тогин може Македонија да ја повладе.

Фатије пратениците ги зеја чушките и ги занесоја во Персија. Ка му ги занесоја на персијскиот цар, му викат:

– Велики царе – вика – Македонецот направија едно оро, една гајда свиреја, го согазија просто и викат дека така ќи не согазат. Туку ни дадоа – веле – вие чушките и ми велат: „Ако можиш да ги изејш, тогајн цар Александар ќи падне!"

Зеве персијскиот цар, каснува една. Не бре, брате, не се јаде никак, не се клава во устата. Се чуде, се уме да зеве друга, ама ништо, така го залути, не се јаде:

– А, не бива ва работа!

Цар Александар му јавува:

– Ајде – рече – војна!

И почна војната. Оде, оде, оде до река Илини. Дојде на река Илини. Оде сја, ќи влезе во персијскиот цар. Ко дојде на река Илини, не можат да минат Македонците. Се чудат, се умат. Цар Александар као Македонец му вика на војската:

– Е, деца – рече – вие тука ќи окрепте. Јас ќи одам – вика – при царот да го вилам шо му е планот, како работе и шо има. Да му го видам домаќинството.

Му викат нејиите, официрте, командири што му беја:

– Как – рече – велики царе, ти ќи одиш тамака. Ки те фате персијскиот цар, ние шо ќи прајме?

И вој му веле:

– Не бојте се вие, јас ќи одам и ќи си дојдам!

И така прегазе преку ректа, преку река Илини и отиде. Отиде во персијскиот цар. Отиде во персијскиот цар, по патот си направи книга као од цар Александар иде, а он истиот. Ка отиде тамака:

– Добро вечер!

– Добро вечер!

– Велики царе, цар Александар ме прати менека ва писмото да ти го дам – вика – и да ми одговориш. Туку едно ќи ти кажам. Устај го!

И персијскиот цар рипнува:

– Как – рече – да гу уставам. Толку илјади војска ми истепа, толку жени има сираци, море ќи го терам сега, туку на река Илини да минам!

А он цар Александар си слуша, зева мерки. Еден беше од Солун, со цар Александар биле заедно во едно кафене. Му веле:

– Ех, абре, ти како те умее да си цар Александар?

И вој му веле:

– Да, истиот сум – веле – така приличам и за тоа мен цар Александар ме праќа на најтешките работи. И во војската коа врвам, сета војска ми стое, веле: „Цар Александар иде!"

И персијскиот цар се замисли. Му вика на вој од Солун:

– Слуши ваки, добро е ако е он. Ќе те кладам на десната страна, ами ако не е он, ако не е цар Александар, шо прајме?

Зеле да се чудат:

– Абре, он е, заедно ние, го знам – вика – он е!

– Иди – рече – питај го пак.

Оде там. Му вика тој:

– Абре, истиот сум – веле – ти кажувам оти истиот сум, на него прилегам. Ви велам затоа цар Александар ме праќа мен.

Ајде вие пак застанаа. Дојде да вичерат:

– Ајде, – веле – сум изморен, да вичераме!

– Как ќи речиш!

Дојде да вичерат. Му давале златни чеши. Вој цар Александар си ја испи чешта, си ја кладе во ѓебот. Му вели другарот:

– Е, еј – вика – шо правиш? Колку чеши ќе пиеш, толку златни чеши ако земиш, шо прајш?

– А, аа – веле – как ќи ме знае цар Александар оти колку чеши пи вино. Ќе му речам: „Ја, колку богат бил царот, колку чеши ми даде вино и чеште ми ги остави у џебот да ги земам!"

И царот се усрами, му даде уште една чаша. Тури, цар Александар си ги кладе у другте чеши. Персијскиот цар зе да се чуде. Не може ништо – дојден е. Вика:

– Мислејте, слагајте – му вика цар Александар – јазика да одам да приспијам тро и да ни правиш книга как да му одговорам на цар Александар.

– А, ќи му одговорам сега јас. Ќи ја соберам целата војска и ќи те терам тебе!

– Добро!

Отидоа, му направија тамака еден кревет. Си легна да спие. Ка легна да спие, шо праве? Клаве едно дрвце на креветот, клал една перничка и оде. На првиот стражар му вика:

– На ова чеша од царот, за как се врнам да си ја земам!

Оде на другата стража:

– На, на теб ваа чеша, ќе се врнам, ќи си ја земам!

Оде на третата стража и нему му ја даве и таа чеша и станува си го вјанува којнот. Цар Александар си избега. Вие мислат, кројат како да го фатат, а он си отиде сиромавиот.

Дојде времето персијскиот цар му вика на тој од Солун;

– Оди, бре – веле – разбуди го, белки ќи го докачиме на нешто.

Оде вој. Ја дека спие. Се враќа назад и му веле:

– Ја го, нека спие!

– Ми, ај нека преспие уште тро.

Дошло времето:

– Ајде, бре, оди скорни го, шо сака нека биде!

Ко одат да видат, во креветот нема го. Цар Александар си избегал сиромавиот. Излегват надвор:

– Бре, мина човек тука?

– Мина. Ми даде чеша златна!

Одат на другиот – чеша златна. Одат на третиот – чеша златна. Тој му ги дал и сега он ќи мине ќи си ги зеве чеште. И отамка летат и дошле на река Илини. Ко притераа они до реката Илини, пуле војска. Цар со се војската лете на ваки. Му вика:

– Еј, не ги тепајте којните, јас сум истиот цар Александар, што дојдов да ве вида. Туку згазејте се да не умира војската!

Цар Александар ја испулел река. Му вика на војската:

– Деца, – вика – на царот сега ќе му ја фатме целата војска.

– Што? – Му вика војската.

Рече:

– Ќе ја навртиме река Илини позад нив. Едно ќе секие водта, нија на суво ќе поминме и Персија ќи ја победиме.

Ех, дошло времето как рекол. Фаќат војската копај, копај, ја навртеле река. Вие на ваки тргнуват и одат и го победуват. Тере, тере, как одел цар Александар го нашол царот легнат, ранет. Персијскиот цар го фаќа цар Александар и му вика:

– Кажи, дали мојата војска те рани или твојата?

И он му веле:

– Не од твојта – вика – мојта војска. Туку ти се молам цар Александре – му вика – скоро да стигнеме на палатот. Ќерка ми Илена да ти клај столица, да ти биде домаќинка и царството да ти го потпишам!

Цар Александар киниса. Го зечна којнот, го занесоа персијскиот цар без којн. Ко го занесоа, му вика на ќерка му:

– Синку, ќерко – рече – скоро зевај царските столиш, туриј двете само колку да ве видам оти ти си кралица на Александар. Едно – вика – ќе ви кажам – на ќерка му и на зет му. – Да не се гордејте со вашто богатство. Јас бев најпрвиот богат, најголемиот цар, а дојде времето едно дете да ме падне и да ми го земе царството.

3

## АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ И СЕСТРА МУ АНГЕЛИНА

Тоа време е уште одамна. Време одамна, еј, уште од овега, од царот наш, кој бил макидонски Александро, Александро Макидонски. Александро Макидонски и сестра му Ангелина биле на столнината Пусто Градско, долу столот нивни бил, Градско долу. Је рекол:

– Сестро Ангелино!

– Брате – рече таја – што си се загрижил?

Рече:

– Ме канат, сестро, ме канат за на свадба додам, ами не можам!

– Слушај, брате – рече – могол не могол, ќе се спремаш!

– Ме канат на бој – рече – за војна ме канат.

– Е, арно!

– Ме канат – рече – за на војна, да војувам!

Сестра му му вика:

– Брате, те канат ќодиш! – Рече.

– Ами, сестро – рече – јас сум изнемоштен, јас сум сиромав, не можам да бијам! – Рече.

– Могол не могол – рече – брате, ќодиш!

– Ами, кој ќе остане – рече – овде на столов?

– Ја – рече – брату, ќе заступам на столот твој, ама ти продолжи, продолжи со името на Ристоса.

– Добро, сестро, да продолжам. Сестро, ако бог да да засвојиме некое ново местиште тоа ќе биде моје, а Македонија – рече – твоја ќе биде, сестро. Ти ќе останеш како кралица на Македонија, а ја – рече – на новоослободеното.

– Добро!

Продолжи Алексaндро Макидонски. Ајде, ајде, ајде, три години, до Златен Праг, до Будапеш Александро три години одил. Само си поставал ред, а бајракот, крстот одил пред него. Вика војската:

– Кралу, Александро, до дека ќодиме?

– Додека го гледаме – рече – знамено пред нас, крстот што не води до тува ќодиме!

– Добро!

Три години до Будапеш, до Будапеш онамо до Златен Праг, се викаше напред. Оди три години до Будапеш. Добро, коа појде во Будапеш загина бајрако:

– Е, довде – рече – одовде не одиме, назад ќе се вратиме!

На трите години се врати назад. Се врати кај сестра му Ангелина, дојде до Градско. Еј, арно ама ја вети Македонија:

– Александре, брату – рече – од муабетов што го рече понапред, како сега?

Не а дава. Као дојде време на трите месеци, таа пак:

– Брату – рече – лели вака беше зборот Макидонија да ми ја оставиш мене. Ја – рече – три години како ти испраќав тамо што требаше, сè за војската: јадење, пиење, облекло, се ти испраќав, ами сега – рече – брату?

– Сестро – рече – кој го крвавил газот, тој ќе го има и новоослободеното и старото ќе го има!

И таја одма веќе нема што да се докачи. Му вика на овој што им беше кафеџијата, му вели:

– Еј, ти, чајре сакај, крај на брата ми. Смрт, ништо друго на Александра.

– Слушај – рече – сега си ми рекла. – Је – вика – овој служителот. – Сега си ми рекла, уште еднаш да не ми речиш кому да му сакам смрт. Ја на Александра да му сакам смрт – не, не може!

– Еднаш ти реков – рече – уште еднаш не може, главата ти лета, крај. Слушај – рече – ни пиштол, ни пушка, ни нож, ништо нема да пука – рече – нема да се сече глава. Ја ќе ти донесам каве да сфариш утре сабајле. На неговото каве да туриш отров и да го отруеш. Ни пиштол да пука, ни нож, ни сабја, ни пушка, ами да го насолиш кавето и да му го принесеш. Утре кога ќе дојдеме, ја и Александро, брат ми, не седнуjеме на едно место. Едниот во овој ќош ќе седне, другиот во оној.

Коа дојде време седнаа така. Александро се почуди само. Си рече: „Што вака сестрава?"

– Од кого е ова чес, кој ме части мене?

– Сестра ти те части!

– Ех, арно, добро така.

Кавето му ѓо принесе. Кога го зеде кавето, капата ја симна, ја остаи и рече:

– Слушај – рече – капо. Штура и пуста биди од мојата глава, ами сестра ми – рече – смрт ми је. Сестра ми каве ми даде и таја ми је смрт, нема што, оти не и ја дадов Македонија да ја повела. Таја смрт ми је, таја сестра ми.

Го зеде кавето, три пати, четири голтна од вилџанот и паднал од столица Александро. Падна од столица мртов, нема што – сестра му.

По смртта негоа, три години сестра му царуја на Македонија. На три години кога царуја, на три години кога чуја од околу, околните држави, кога чуја Александро погинал, отаде почнаа да си го повзимаат нивното. Што било нивно, почнаа да си го повзимаат. Три години царуја таја у Градско долу. Кога дојдоа веќе и нејзиното да го земаат и Александровото старото, таја си ја собра војската дојде во Градишта – Согле. Согле, во Градишта дојде со осумстотини души гардејци, војската да ја чува неа. На трите години дојдоа некои Шашити, дојдоа Шашити, таквија арамији отаде, од онаја војска, од туѓана, дојдоа овамо – влегоа. На Александра сестра му во Градиште е, во Согле. (Има соба тува. Сега да појде човек ќе виде, од камен раздлабена е собата, врата има, се има, има и таквија полици.)

Добро. Коа дојде време ја пратија една баба да обврти околу осумдесе коњи, еле деведесе од кралицава. Ја пратија бабата да и обврти коњите на месечина. Отиде таја ама некоја кобила Бреза со ждребе преишла преку реката што иде од озгора од кај Мокрени, од кај Габровник реката што иде Брезица. Тогај је Брезица речена. Бабава коа и обврќавала коњите од Ангелина, од кралицата, на Александра сестра му и обврќавала по месечина и рекла вака: „Трпч Бреска, Бреска кај преишла преку реката отаде!"

И арамиве ја пишале Брезица реката, име ѝ туриле. Таа рекла: „Брезица, Бреска", а арамиве Брезица реката ја пишале и ја

ватиле бабата. Ја ватиле бабата, од тува ја зеле преку Согле на Просница:

– Аман – рекла – Турци, простете ми, пуштете ми рацете, да се простам од калено, од Градишта уште еднаш и терајте ме кај знајете. Ако не ме пуштите клети и проклети да бидите!

Је е одврзале рацете. Бабата се поклонила, се прекрстила, се простила од калето. Коа преишла кај војската, кај арамиите, ја прашале:

– Бабо, колку војска има во Градишта, кај кралицата?

– Осумстотини души – рекла – има гардеста војска што ја чуваат кралицата.

– Дека е најслабо калето, бабо, да го пробиеме?

– Од на Теово од Вртешка. Над Теово, онаквото ридот Вртешка. Слушајте Турци – рекла – најслабо е калето кога ќе блсне сланцето оданаде ќе удри во цамоите и тува ќе ми покаже знак, тува е најслабо калето.

Удриле топоите отаде и калето го пробиле. Еј, станале од тува војскава, станала кралицава Ангелина. Станала тоарила дванаесе маски. Злато тоарила. Од кралицата што било онаквоово, касава ја дигнале. Арно. Од Градишта, од калето, ајде, ајде дошле до Бабини Двори. Кога дошле Бабини Двори Велигден било, на исти ден на Велигден. Кралицава го прави денот Велигден, ќе праи веселба. Гајди свират, ора играат. А онамо назад се бие војската. Тогаш ја пратиле некоја снашка, некоја млада жена ја пратиле да го обврти ергелето, да го обврти во Бабини Двори, по онаквото, по орницата да го обврти ергелето. Ама таја имала вошки, душата на неја, лазиле вошки, ја соблекла кошулата. Не гледа ни ергеле, ни ништо. Соблекла кошулата, вошките ги талче. Вап, арамиите, ја грабнале и неја, ја ватиле и неја:

– Што правиш овде – рекле – мори снао?

– Еве – рекла – што правам – ергелето ме пратија да го обвртам, ама ја не можа да и трпа вошките, соблеков кошулава, вошки талчам! – Рекла.

– Ами, што је – рекле – онаму?

– Тоа е, слушај, тоа е денеска – рекла – тоа е денеска Велигден, кралицата праи радос туве: ора, песни, чуда, а денот и е!

– Е, ами како така?

– Е, така – рече – се веселат, веселба праат, прасиња печат, не знам што!

– Добро!

Арамиве ја ватија жената и ја одведоа. Почна војската да иде. Пак и тоарија коњите со азното, дванаесе маски и тоарија и горе на Солунска Глава, на брдото горе на Мокров, а и туѓата војска веќе стаса. Коа војската стасала на Мокров, стасала и туѓата војска и само што и растоариле маските, го истуриле азното што било кралско – стасала војската туѓа, а и тува веќе е паднато.

4

## АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ

Ние там, да кажеме, не беме у тија гудини за да упишаме. Ала старите како шо од некои замар шо бил, как се вртела дујната, на царот Александар Македонски у Пела, тоа селото как го викаа, сега го забравив, му бил сарајот, уд Пазар уздола. Уд Пазар уздола, уд Солун горе, се вика то селото Апостол. Таму му бил сарајот на него, старите како говориле, еден на друг прикаски как прикажувале. Он војувал и у Азија и секаде и победвал Турците. Се вратил като Македонец у Македонија на конакот негов. Конакот там се вика Апостол. Отишол, седнал да се одмори и жената му пржела рибн. Отишол некој анѓел, как кажуват старите, анѓелот да го чине, да го стори, му рекол:

– Велики царе – рече – Александар, Турција пак стана. Туку зевај ова крстот од дрво и во сабјата, да добиеш!

Ово му одговара:

– Ко ќе станат вие рибите, тогај и Турчин ќе стане!

И рибите и тигањот се распатавале на вака, на нака да живат. И царицата и исфрлила. Там има извори, ошче има такви риби, ошче има една страна пржени, а една не. У тие изворите пливат ошче. Од таму му вика:

– Јас имам крс златен и сабја златна, не ми требуват тие уд дрво!

И то се повратил, му ги дадел на турскиот цар, тоа анѓелот што бил му ги дал на Мурат:

– На – рече – господин Мурат, на – рече – вија да гу разбиеш царот Александар Македонски.

И тој му се поклонил, му ѝ примал и дето започнал сѐ напред. И дошол до Александар Македонски до сарајот. Дали го убил, или сам се убил да не се предаде? Остана царицата. То Мурат влегна и сака то за да а потурчи царицата. Му веле:

– Да не загинеш, потурчи се!

Таа му вика:

– Јас ќе се предадам, ала воа македонскио народ шо је, нема да го заваш војска, оти са вија сираци без татко. Татко му загина, ако ми потписаш и на парата да биде писан султан Мурат.

А па жената се викала Султана, а тој се викал Мурат. И тој се сложил се потписал, оти султан Мурат да не зева Македонци у војската. По ногу години, колку појаси поминале – заминале, уд Македонија војска Турчинот не зема.

Александар Македонски, Македонец беше и жената Македонка, Султана ја викаја. На Апостол ошче има темели. Турени се, али се знајат и бајните му се знаат и се и рибите тие шо живееле. Адната страна се като пржени, адната се инакви. Тоа место Апостол е блиску од Пазар. Там се темелите во Апостол и има луѓе шо са пренесувале од старите на младите. И Крсте Мисирков, македонска раса е, роден од тоа село Апостол.

5

## ПРИНЦЕЗАТА МАРИЈА ВО МАРИОВО

Марија била некоја принцеза. Србите викаа дека била ќерка на некој српски велможа, или кнез, или не знам шо бил. Исто и Бугарите. И тие кажуваа оти таа била ќерка на бугарски велможа или кнез, или шо било тамо. Била убавица ногу. И како убавица ја зеле, ја заробиле, ја купиле. Тогај се купуале луѓето као стоката и ја однесле во Цариград. Му се допаднала на царот, ја купил царот од татко ѝ. Таа била ногу интелигентна убавица. Можела чисто да го совлада царот. Царот во неа онака многу, многу нешто гледал, имала интелигенција, била учена тоа време.

Коа дошла веќе во стари, во постари годиње, веќе поминало она младинското време побарала од царот, некако сама си замислила, премислила: „Сакам јас да се вратам, сакам јас да се вратам пак во својата религија, во својата вера." Царот толку шо ја засакал неа и рекол:

– Шо сакаш тоа ќе ти одбера!

И таја помислила да ѝ даде едно место каде ќе го сврши тамо животот, да биде тоа определено место един вид као свој, нејзин имот. И царот и одобрил, рекол:

– Одбери место, кај сакаш тамо ќе ти дам.

И ја пушта тој. И дава охрана, војска шо ќе ја прати неа, послуга. Као царска жена. Иде таја со таја охраната во манастиро Трескавец, над Прилеп.

Иде тамо и оде кај игумено старешината на манастирот да се исповеде, да ѝ прости оние гревови, од тоа што станала турска жена, па сеа сака да се врати во христијанството, да ја пречиста и као рисјанка да умре. Оној старешината не бил толку да имал точно разбирање. И рекол:

– За тебе нема опроштење, не мож да те опроста.

И таја тогај, бидејќум била интелигентна, била доста онака писмена во тоа време, начитана и точно простудирала ова рисјанската религија и гледа она да има право тоа да го бара и старешината е должен да ѝ го одобре според оние канонитe, црквените канони, шо и викаа, шо постојат. И затоа таја толку се налутила шо заповедала сите, сѐ шо има во овој манастир да се побие, да се истепа. Онаа охраната, војската шо била тамо, шо ја праќале сѐ исклале, сѐ потепале – ништо друго, се запустил манастирот.

И никој не се прибира до манастирот, да дое да види, шо е, како е? Некоташ грмнело го трештило манастирот. Било загрмело, рофја паднала баш среде во црквата, покривот на црквата го пробушил. А во црквата имало многу мртви.

Некој овчар постепено почнал да се ближи, постепено до манастиро, за да и напасе овците, ништо таму нема – пустелија. Денеска поблизу, утре поблизу, ама пците пред овците влегле тамо

во манастирот, но коа излегле сите крваи во устата: „Мајката, што е ова сега?“ Така денеска, така утре. Тие оделе и ги јаделе мршите.

Црквата пробушена, рушена озгора од рофја, од шо ја трештило и затоа се нарекол манастирот Трескавец.

Марија коа овде не ја признале, бара место каде што султано да и препише ферман. И она тамо – вамо, се загледала вамо на Селешка Планина го гледа Мариово. И тогај си мислела: „Во оваа пустелија, јас туа ќе останам, туа ќе го сврша животот, крајот на животот!“ И праќа до царо, му кажува едно – друго, шо е, како е. Се населува во селото Витолишта. Царот ферман и дава, ете тоа место, тоа и тоа, тоа и тоа и припаѓа на Марија. И останува Мартија тука, а Мариово станува као една автономија на Марија. Марија и од Марија остана Мариово. А пак Марија го подигнува манастирот Чебрен. Така имам слушано, а црквата била подигната од порано, кузнај од кога.

Србите викаа да била таа принцеза на кнез Лазар. Бугарите викаа на некој Лекој. Ама јас ќе ти кажа онака документовано чија ќерка е таа. Марија била од Прилеп, или од Варош, или од селата туа, околу Варош. Ако би била овај принцезата на кнез Лазар, или тамо не знам на кој бугарски цар, или велможа шо бил, таа не би останала овде во Прилеп да се задржи. Таа е од Варош, или од околината на Варош, дури некои кажваа да била од Ропотово. (оној шо ми ја кажа оваа легенда рекол од Ропотово била – убавица шо ја нема никаде). Затоа туа во стари години таа се вратила тука на своето родно место.

## 6

## НЕЖАНКА

Ќе ви раскажујам од моите дедовци што сум слушнал, како дете. Некоја Нежанка се наодила во Скопје. Во тија векови кога Турчин командујел во Скопје. Она била по нација Латинка. Се викала Нежанка. Она била многу голема учена и кога целиле Турците да ја ванат, да а заколат, она тогаш морала да бега, за да ја бара Битола – на Македонија столицата. И онаа почнала да бега на кај Кисела Вода, Скопско и преку Маркова Река дошла над село Алдинци. Дошла до езерото Салаковско и наишла над село шо се викало Јаб'лчишта. Тува имало куќи и некој како ан. Тој што бил на анот се викал Павле. Кај Павлета онаа ноќевала и рекла:

– Јас, ќе барам Битола да појдам, да се спасам од тија клети Турци, да не ме ванат да ме убијат. Бидејќи они ме сетија дека јас сум многу учена и сакам да развијам нешто поголемо за нашиот народ!

Павле и рече:

– Ти да заминеш за Битола, ќе те ванат секако Турците!

Дошла до рејонот на село Ливадица. Ливадица имала три куќи. Домакинот во тија три куќи се викал Алексо. Алексо имал седум сина и ѝ рекол:

– Каде одиш, девојко, вака по ноќни времиња зимски?

Таа рекла:

– Не можев да живеам во Скопје од тија Турци. Ќе бегам за Битола. Столицата ја барам македонска!

И рекол Алексо:

– Не можеш да пробиеш; ќе те ванат Турците. Ќе одиш на извор Бабуна, има манастир кај живеат калугерите!

Калугерите биле осум души и тија имале врска со Турците и со столицата во Битола. И оније ѝ рекле:

– Немој да одиш во Битола, ќе те ванат Турците. Ќе го ванеме ова место. Имаме разни села во нашиов крај: од Стариград па до Солунска Глава до извор Бабуна, имаме многу села, запри. Бидејќи имаме села Гавран, имаме село Чеплес, имаме село Черенкови Бачила, имаме село Исмаилица, имаме Корда, имаме Камешница, имаме Ораовдол, имаме село Црешново, село Мокрени и понатака Мартолци и дојдовме до Стариградскио мост, Стар мост – онија ѝ рекле калугерите. – Ќе ти донесеме барут од Битоал и од Скопје. Ќе водиме борба против Турците!

И калугерите ја задржале Нежанка. Собрала триста души војници од по селата, да се води борба против Турчинот, да се не даде тоа место, да не би било под ропство. Одма направиле од дрвана топои, од круша и од црешна шупливи дрва. Ги полиеле со барут. Го направиле над Согле калето и во Стариград кале направиле.

Нежанка царство водила триесе и две години. Со Турците борба водила. Турците си викале: „Ала, ала, каде беше ова царство мало али јако?" Во тоа време село Мелница беше каурско. Влегоја Турците во Мелница. Една баба ја најдоа Турците и ја рекоја:

– Бабо, како можеме да влеземе во местото Азлиско?

Дванаесет села држеле во борбите, триесе и две години. Но, таа бабата ги издала од Мелница. Ги издала на Просница, ги извела Турците, им рекла:

– Дејди, Турци, будали, влезете во местото Азот, само од Просница.

Таа им кажала патот, а онија је рекле:

– Бабо, за тебе живот нема, лели ни кажала!

На Просница ја заклале бабата. триесе и две години Нежанка се борела, ја ванале, ја понииштиле, нашиот народ под ропство остана.

7

## МАРКО КРАЛЕ И САМОВИЛСКОТО МЛЕКО

Кралевиќ Марко пасел волови, воловарче бил. Ама као најслабо дете воловарите сите го тепали и го терали да им ги враќа воловите од кај што им бегале.

Кралевиќ Марко отишол, имало еден брес голем и уз бресто нагоре една змија од пепељавиците, лута змија уз бресто нагоре иде. И Кралевиќ Марко со стапо, таанге – ја отепуе змијава. Ама, у тој брес самовилите имале гнездо и тамо имале деца, самовилчиња. И таа змија им ги поништавала децава. Кога ја отепал змијата и самовилата долетала отаде. Коа гледа – змијата ја отепал Кралевиќ Марко, децата ѝ ги спасил и му рекла на Кралевиќ Марко:

– Марко, што сакаш бакшиш што ми ги спаси децата од оваа клета змија?

А Марко прибидејќи го тепале сите деца, рекал:

– Не сакам ништо. Сите деца ме тепат. Сакам да бидам јунак, да ги ја тепам нија!

И она рекла:

– Оди вамо! – Откопчала елечето. – Оди, цицни малку од мене!

И он дошал, цицал малце:

– Оди, онаа дрво заклати го, да видиме моеш ли да го извадиш!

Он отишал, го фанал дрвото, заклатил лево, десно. Ништо. Не мож да го извади.

– Оди, уште малку цицни!

Уште малку цицнуе. Оди сега Марко, фаќа га дрвото од корењ као прат го фрља настрана.

– Доста ти е таа сила!

И го пушта. Коа децата после отидуат тамо кај нив, некое се пружи да го тепа. Кралевиќ Марко фани го со една рака, го фрла као партал дваесе метра таму.

И Кралевиќ Марко одтука станал јунак од таа самовила што цицнал млеко.

8

## ДЕТЕТО КРАЛИ МАРКО

Крали Марко пасел телиња со друзи деца. Децата него саде го растерувале Марка за да ги повраќа телињата ко влегувале во некоја нива, или ливада, кај било. И тој непара ги слушало, ама многу го тепале Марка. И еднаш влегле телињата во некоја нива.

Истерувајќи ги телињата, нашол едно дете во нивата. Сонцето многу го греело, жешко било. „Ај – рекол – даму скршам неко ветка, неко гранка од дрвото, да го засенам, да не го бија сонцето!" Кршејќи, ко му клавал сенка и озгора од небеси самовила слегла. Детето се уплашило:

– Што прајш? – Му рекла таа нему.

Детето било од самовилата. Од вил́а самовила. Рекол:

– Тро гранки му клавам, да не го гори сонцето!

– Добро! – му рекла.

– Туку – рекло – се забајв. Ко ќе појдам ќе ме тепат децана, другарине!

– Како ќе те тепат?

– Така, сите ме тепат мене!

– Ела вамо!

Е извајла левата боска и му дала да цицни. Ко цицнал од левата боска, му рекла:

– Брго сега кај децана!

Ко пошол, ко и фатил децата, в небе си ѝ кревал. Јунак станал од самовилата. Од млекото што го цицнал го добил јунаштвото.

## 9

## МАРКО КРАЛЕ СТАНАЛ ЈУНАК

Крали Марко ко бил малечок пасел телци тамка у гората. Пасејќи ги телците, тие неговите другари се го тепале и Марко зимал да плаче. У гората го сретнал една самовила и го питала:

– Што плачеш, бре?

– Тепаме децата!

– Кои деца, бре?

– Тие нашите, другарите таму.

– Сакаш ли да им надвиеш ти на нив?

– Сакам, ама не можам.

– Оди вам! – речела.

Извадила цицката, му дава:

– Цицни – вика – млеко, та да видиш!

Он цицнал таму од неа, па после ко им се врнал Марко, фани го ајде, фани го ајде. И станал јунак. Што ќе фане се може да сврши.

10

## ЗА МРАКО КРАЛЕ СМРТ НЕМАЛО

Некое време имало меѓу некои две планини некоа водичка – извор. Таја се викала Бесмртна Вода. Кој ќе се напие од таа вода и за тога смрт немало.

Тоа време Кралевиќ Марко имал галапчиња. На едно галапче му врзуе на нозите едно мало чашенце. Галапчето преко планините прелетуе, отидуе там да се напије вода на тој извор. Коа паднуе на водата и у тоа црпчето фаќа вода и прелетуе, донесуе кај Кралевиќ Марка. Кралевиќ Марко ја земал таа вода. Имал тој сестра, се викала Ангелина.

Добро, ама на Кралевиќ Марко, тија што му биле помошници од неговото друштво, сакале сите да лизнат од таа вода и сите да бидат бесмртни. Едно шишенце тури на астало и он рекал на сестра му Ангелина:

– Сестро, пази, немој да пипнеш оваа вода! Оваа је вода – вика – друштвена вода!

А Марко уште коа а зема и лизна од таа вода и прв станал бесмртен. Сестра му Ангелина чистееќи асталите, шишето падна, ја растура водата. Ама да го грабне шишето и ги натопуе прстите. И она лизнала од водата. И му кажуа на брата ѝ Кралевиќ Марка, вика:

– Брате, вака и вака!

Вика:

– Кај одиш сега? Овоа нашто друштво ќе те убнјат!

И она с'уплашува и рипна у морето, с'удавује од стра. Ама пошто лизнала од бесмртната вода, она не могла да погине, станал пола риба, пола девојка.

И за тоа Кралевиќ Марко од таа вода што пивнал бил бесмртен. А сестра му Ангелина што рипнала у морето станал пола риба, пола девојка. Па и за време турско ја признавале Турците, имало, продавале цигари, кутии и на кутија пишуе: „Пола риба – пола девојка". Нашите коа одиле у Америка за печалба им се покажуала таа риба на бродо:

– Жив ли је брат ми Кралевиќ Марко?

И они викале:

– Жив је!

И она – штук, ќе пропадне. Пола риба, пола девојка. Ако речат дека не је жив, умрен је, она бродот ќе го преврти. Не смејале да викат дека је умрен.

– Жив је Кралевиќ Марко?

– Жив је!

И она – штук, ќе пропадне. И така останало да Кралевиќ Марко је жив и сестра му Ангелина пола риба, пола девојка у море живее.

## 11

## СЕСТРИТЕ НА МАРКО КРАЛЕ

Крали Марко имал три сестри. Најстарата живеела во село Девич, Порече. Се викала Дева. По Дева на селото му го дале името Девич. На ричката над селото Девич има едно црквиче и кула оградени со голема авлија, сета од камен. Дева живеела во кулата. Држела и војска. Војската се бранела со камења. Покрај Голема Река (Треска) Дева изградила една зандана полна со вода до рамена. Од занданата до кулата имало една воденичка бука низ која заробените Дева и пуштала во занданата. Затворениците биле во вода дење и ноќе сè дури да умреле. И денеска кај занданата стои караулата каде стоела стражата. Во кулата имало и фурна. Во фурната Дева си печела леб.

Втората сестра се викала Кита. Кичево го носи името по Кита. Најмалата сестра се викала Ѕвезда. Таа живеела во Гостивар. Дева и Кита не биле мажени. Турците велеле: „Кита џузел, ама Дева чок џузел! (Кита била убава, ама Дева поубава).

## 12

## МОДРИШТЕ, КИЧЕВО И ДЕВИЧ

Легендата кажува дека Крали Марко од Прилеп – Варош, имал три сестри. Имињата на сестрите им биле: Модра, Кита и Дева. Марко имал направено калиња за да се брани од Турците. Едното кале било кај денешното село Модришта, другото кај Девич и третото кале кај Кичево.

Дева го чувала калето кај село Девич. Таа заспала и Турците го нападнале. Тогаш Марко ја проколнал и таа се скамнила. Каменот денес се вика „Деојчин Камен“ а селото во негова близина Девиќ.

Модра го чувала калето околу денешното село Модришта и затоа денеска селото се вика Модришта.

Кита го чувала калето кај Кичево и по нејзиното име денеска се вика градот Кичево.

13

## МАРКО КРАЛЕВИЌЕ И ОРАЧОТ

Си бил еден орач. Си орат со волојте, си пејт една песна. И викат за Марка Кралевиќе:

*Ој, ти Марко Кралевиќе,*
*за џабе твоето јунаство,*
*кога жената твоја одит со Шемшула,*
*со Турчинот е курва!*

А Марко Кралевиќе беше излезен да ојт по лов. Како Марко се шетал го слушат орачот оти пејт за Марка. Е сега Марко го ваѓат пишчолот за да го убиет орачот и се наближават. И го удрило еден ум Марка Кралевиќе, рече: „Ќе го прашам, што је оваа работа." Оди тамо:

– Бре, ораче – рече – што је ова песна ти шо ја пејш за Марка?

А овај рече:

– Шо је ова песна? – рече. Маркојца одит со Шемшула, со Турчинот. Џабе негоото јунаство.

Не го отепа него, бидејќи му каза право. Се врати Марко Кралевиќе дома. Сединат пред вратата на еден камен. И мисли Марко Кралевиќе. Излагат жената му Марконца:

– Марко – рече – шо си толку замислен?

– Шо су – рече – замислен? Ангел слезе од небеси и ќе умирам јас сега. Туку да пананиме твојте девет мина браќа и ѐите роднинье оти јас ќе умирам. Ми каза ангелот!

Марконца радува се, значи, Марко ќе умират. Рипај. И ји поканија, демек, сите пријатели, роднини и деветмина браќа нејзини тука и пијат, јадат.

– Мори, жено Марконце, ами нашиот побратим Шемшула ние не го поканивме. Шо прајме – рече – сега? Оди ти – је рече – да го поканиш!

И таја ојде да го покани Шемшула, значи, пријателот. И Марко варди дали идат тие. По некое време оддалеку ји гледат, идат и се гушат со Шемшула. И му велит на нејзините деветмина браќа. Рече:

– Гледајте, сестра ви шо работит со Шемшула.

И ко си дојде негоата жена, демек, сестра му, тие ја отепаа, а убија.

14

## АРАПСКИОТ ЦАР ГО ПОКАНИЛ МАРКО КРАЛЕВИЌИ

Кога Марко Кралевиќи го покани арапскиот цар, да иде во Арапска земја, направи кула на дванаесет спрата, да му часте. Арапскиот цар што ми беше ја направи, сета ја зувградиса, кога ќе влезиш умот да ти штукне од шарена. Али на здола душеме не тури, само распосла килими, на крајот само по едно клинче и така ги затегна. Кога Марко влезе во таван погледна, кога пропадна долу, триста сажни доле отиде во темни зандани. Превара му направи арапскиот цар. Три години Марко во темни зандани лежа. Арапското ќерче му даваше од некоја дупка вода и леб, колку Марко да живеје. Еднаш Марко му вели:

– Извади ме мене од темна зандана, ја ќе те зе за жена да ми бидеш!

Ех, што беше арапското ќерче, царското ќерче! Го отвори, Марко излезе на бел свет. Јавна до два коња, еден Марко, еден арапското девојче и си заминаја Марко за своја земја. Кога дојдова на река Ситница зора и прозори. Кога ќе го види Марко црното Арапче, долни усти надоле развратени, горни нагоре развратени. Ами рече: „Како ќе го носа воа во Прилепа града – рече – кога ќе ме видат да ми се смејат!" Па го сметна од коњ. Па го ми, па го три – уште поцрно. Крвови протекоа, она не белее, уште црнее. Па вати, извади ножот, па го закла Мако. Кога дојде во града Прилепа, му вели стара мајка:

– Море, Марко, кај си синко. Три години време – рече – те нема, кај поминаја од ко си ме оставила само да кукам за тебе во Прилепа града?

– Ех, мајко – рече – стара мајко да и знајш мојте маки. Што пропадна ја во црните Арапи. Ме затворија во темни зандани три години време. Али па исав правеше царкото ќерче, леб и вода ми даваше, колку жив да јостана. Па му рекох: „Ја извади ме ти, за жена ќе те земам". Она отвори – излегов. Јавнавне по два коња. Кинисавне за Прилепа града. Кога дојдовне на река Ситница, кога ќе го вида: долни усти надоле развратени, горни нагоре развратени. Па го симна – рече – на река Ситница, го ми, го три – крвови поротекоја, уше поцрно излезе. Па вати го закла!

– Абре, Марко, синко – рече – проклет да си, зошто живо не го пушти?

– Е, – рече – така направив!

Поче Марко задужбина да праве. Црква догради за арапското ќерче што го закла. Марко цела црква направе. Доје мајка:

– Добро утро, Марко.

Марко не одговара. Дојди утре:

– Добро утро!

Марко не одговара.

Кога црква е доградена веќе:

– Добро утро, Марко!
– Дај бог добро, мајко.
– Што градиш, што работиш, Марко?
– Црква градам – рече – за арапското ќерче што го закла, за задужбина.

15

## МАРКО КРАЛЕ ВО ЗАТВОР

Крали Марко го фатиле Турците, го уапсиле у зандани. Клучаро имал една ќерка – мома. Тој речел:

– Глеј да ги украјш клучевите ут татко ти, да ме пуштиш – вика – јаҫ ќе те земам тебе за жена.

И таа украдела ги клучевите и утклучила го. Ајде избегал. Дујдел тука у Прилеп, донесол ја Арапинката. Арно, ама поводил ја, поводил ја, видел таква Арапка, качил ја на којно и зад неа и ја сечел главата.

16

## КРАЛИ МАРКО И ФИЛИП МАЏАРИНА

Ќе ви кажам това шо сам слушал од старите. Кога стари седнуваа така некои гозби, некои вечери, некои крштенки, некои армасилки, они расправале некои Кралимаркови приказни така, като песни, като приказни. Међу тија сам запомнал една од тија приказни.

Крали Марко некогаш отиш'л на турнеја, некаде се шетал. Оставил дома жена му, имал син. Е, тога неговото отсуство го искористил некој Филип Маџарина. Он му га зел жената, му зел и син му, му зел и неговото оружје и побегнал на неговата тврдина. Имал таква тврдина којто била обиколена с'с сед'м ѕидови. И когато се вратил Крали Марко, дошел дома, не га нашел неговата жена и неговио син. И тога отивал да го бара на Филип Маџарина. Но, Филип Маџарина бил многу затворен с'с тија сед'м ѕидови. Он мислел два, три ќе бидат, ги скокнал, паднал у средината, не можел, паднал. Друг п'т да го повтори и го пуштил коњо и се врнал па на та тврдина. Цели три години како шо остави. Е, поради това Филип Маџарина, после три години замислил оти не ќе се врне Крали Марко, он отворил тија негови затворени порти. Он излегол

и си замисли оти нема опасност еден ден да се врати и отвориле слободно, демек, човек слободно можи да се движи у неговно двор, у неговата куќа. А истовремено и мало му се родило, дете, па имале крштенка некоја тамо, па викнале гости тамо, пријатели. Е, меѓу тија гости, пријатели и Крали Марко бил. Он се приправ като просјак, тамо нешто се маскирал, без да го познае самата жена и син му оти де е то Крали Марко, значи, не бил у онаа состојба като бил порано.

Е, јале, пиле тамока, га зеле Кралимарковата чаша, кој ќе може да а испие, да а испразни вино. Никој од присутните не успеал да га испие. На последоко зеде и син му на Крали Марко, детето, колку годишно било не знам, он га испразнал, па мајка му го чукна, му вика:

– Като татко ти ќе пиеш цела чаша вино!

А после зеле неговото оружје тамока, неговата сабја. Е, некои од присутните тамо, некои да га извлечи, да га искара, да га употреби – никој не успеал. Га даде на неговио син, он га извлекол, пак мајка му го удира, му кажала на нега да не прави такви јунаштини като татко му. А на последоко Крали Марко замолил да га дадат и он да се опита дали Кралимаркова сабја сече. И тога га зел, га изм'кна тога и секол главите и сите тамо присутни шо биле, негови противници. И на Мацарина отиде и на него му а зе главата. На неговата жена после га а прашаше:

– Шо сакаш да ми правиш, сакаш да ми служиш с'с вино, с'с ракија, или сакаш да ми светиш ка ќе пијам јас?

Е, то било казна на неа, демек, тој успеал и шо казна ќе дај.

– Ќе сакам да ти светам!

И тога он натури с'с газје, га завиткал с'с рогозина и жива га изгорел.

Толку сум чул за Крали Марко од таа стара песна, приказна:

*Седнал Крали Марко да вечера,*
*га шо ќе бидни вечера?*
*Сољa и пиперка, христијанска вечера*
*и рујно благо вино.*

17

## КРАЛИ МАРКО И ЦАР МУРАТ

Забранил цар Муратин да се пие вино и ракија. Три години да не се носат зелени долами. Али Крали Марко не ја слуша наредбата од царо, па пил вино и ракија. Још налагал Турци јакчни и тиа да пијат вино ем ракија. Го повика цар Муратин Кралевиќа Марка:

- Ти си Марко јунак, никој шо не слушаш, па ни на царо наредба, па пиеш вино и ракија, још налагаш Турци јачни тиа да пијат вино и ракија?

Марко одговара:

- Честити царе, мене ми налага вера ја да пијам вино и ракија!

Марко малку се опули во царо. Марко беше многу страшен, ка го виде царо почна да се истава. Царо се одалечува, а Марко се наближува. Па царо наближал до дувара, нема кај да се истава и извади неколку илјада дукати, па му дава на Кралевиќу Марка.

- Ево Марко од мене неколку илјада дуката, пиј вино и ракија, носи зелени доламм, ама да не налагаш Турци јакчни и они да пијат вино и ракија.

- Е, така - вика сега, Марко, - фала тебе царе Муратине!

И збогом, Марко си кинисува.

## 18

## КРАЛЕ МАРКО И ВЕЛЕ ПРОМАТАРЧЕ

Крале Марко кога тој бил, велеа старите, демек, ко шо е има кажвано приказната, оти е живеел во Прилеп. Таму била му куќата и мајка му на Крале Марко. Па некој од Костур бил тој туѓар, на то време и велеа туѓарите - проматаџија, проматја продавал, демек, басми, таквие работи, нешто шамии, срми, ко шо велеа. И става тој одтаму, ошол дур до Прилеп да продаа и ошол кај куќата на Марка. А, Марко не бил тамо, не знам дека бил, некаде на борби, или дека беше. Тој ој и му а зева Маркојца, му а украдил младата Маркојца. Му а украдил, а имал и дете од три години. Со одењето таа си го заљуби. Имал кобила со крилја Крале Марко. Му и потпалила та крилјата за да не лита кобилата, да нема сила. Му а зела сабјата и детето и со све Веле Проматарче да ој право во Преспа, во Костур. И кога стигнал, не знам ако имате чуено, во Маркоа Нога, седнал тој тамо да почини, да одмори, демек, Крале Марко.

Тој Веле Проматарче ја зел Маркојца и побегнал и дошол во тоа во Преспа, фатил по Раде, по Герман, ко шо се селата по п'то. А Крале Марко трча по него. Тамо има од Оровник вака едно село Фуштани, нашол тамо некој луѓе и и опитва:

- Да не го видоте Веле Проматарче?

Тие го вишле, а не му казаа и тој му рекол:

- Пусто Фуштани да останиш!

И од тога се испусти селото. Уште се знае куќите, а луѓе нема в село од тоа селце. И коа дошол туа на Маркоа Нога, тој седнал, демек, да почини тамо, да јај леп. Ја пуштил кобилата вода да пие и

сел на камено да вјани на кобилата и трагата се знае тамо од Крале Марко и ја вике Маркоа Нога, баш на границата, дека е границата грчка и југословенска, дека се караулите, тамо е Маркоа Нога. И вој кинисват, ој во Костур и Крале Марко ој, ама Костур граден окол наокол со кале. И ја удри кобилата за да му влези во калето внатре, арно ама потпалени крилата не можела, та удрила на ѕидо со градите. Ја удри јопет, вторио пат, јопет удрила и третио пат му се умори кобилата. И тој се врна назад, си дојде.

Поминале две-три години. На третата година, демек, ко шо е кажве приказната, и зел тој сега се стори питач Крале Марко. И ој ошол на гости. Па тој во моментот ко ошол, ова родила друго дете, а и детето од Крале Марка го имала, од три години беше ко го зеде. И во тој момент го крстеле детето, имало крштевка: јале, пиле. Ко го крстеле и оде луѓето, ој и тој на вратата, питач, собран тамо на вратата. И му веле тие:

– Има еден питач – рече – тука.

И тој:

– Викнете го нека дој!

Дојде тој туа на врата:

– Ела – рече – седни, седни!

Тој седнал туа на крајо Крале Марко и паднаа на ќеф тие. И му веле така тие, демек, газдата, овој проматаро на гостите:

– Абре, дојсија – му веле – млада Маркојца та колак сабја на Крале Марко.

Та каква колак сабја беше кој знае на то време. И ја зеде тие, фатве да а оторва и сите со ред ко шо беа гостите, никој не мож да а отвори. Вели:

– Деа да му-а дајме на детето.

То дете беше мало. И детето ја зева и ја смаква, така ја оторило тогај помалу отсреде:

– Е – веле – Маркоо колено!

Е, поминаа сите, сеа тој си вели: „Ако ми падни в раци, ќе те клам јас!" И поминаа сите:

– Сеа и ти, ти питачо! – му вели.

– Абре – вели – не ме гибајте мене, јас стар чоек, питач, пула да се најада еден комат леб, туа најдов да јада, да ви е живо малото!

– Бре, земи! – вели.

И ја зеде тој, фрп ја отвори:

– Јас се Крале Марко! – вели.

Му викна тамо, заклал малото на масата, го исекол. И му вели на Маркојца:

– Ела ваму! – му вели.

Ја зеде со све дете и ја дојсе во Прилеп и и покани негојте пријатели и му вели:

– Сега што сакаш – му вели – свешта да светиш, или слуга за служиш. Слуга да служиш – му вели – и грешка да не знаиш.

И та се уми, уми си рече: „Свешта ќе зеам, една свешта ќе

света и то е! Слуга – си вели – ако служа, белки згрешка ќе згреша, ами – си вели – свешта ќе света!"

– Свешта ќе света! – му вели.

И навртва тие една розогина, со катран ја намачка, на то време катран, немаше други работи, ја намачкале, ја завиле натре со рогозината и ја испрајле во дворо, му го клава шпирто та свети, гори, демек, ја изгоре. Тие игре дур до сабајле, догоре та и сврши. Готово.

19

## КРАЛЕ МАРКО И ТУРЧИЊА НАЛБАТЧИЊА

Го канија Марко нунко да оди. Нунко да оди многу надалеку, ама му беше коња обосена, па си појде при две налбатчиња, млади Турчиња. Ама ка видоа коња на Марка, млади две Турчиња налбатчиња, му коња одзимаја:

– Ејди, Марко Кралевиќи, де најде ти ова коња царска?

Марко одговара:

– Ја го коња купи од Нова Пазара за девет алтана!

То му Турци не веруват, то му велат:

– Крали Марко, ти да најдиш три сведоци, три сведоци да се Турци азции, Турци ефендии, Турци ефендии!

И му коња не даваа. Па си дојде Марко во Вароша, па му кажува на неговите родители, негов вујко. Тој му вели:

– Не плаши се Марко, внуче мое, ти ќе појдиш во Прилепа, па ќе купиш три весови турски, ти ќе купиш три чалмалии и ќе се сториме Турци ефендии, па ќе појме кај две Турчиња млади налбатчиња и коња ќе муземиме!

Па си дојде Марко во Прилепа, па си купи три весови и си купи три чалмалии, па се направија Турци ефендии, па појдоа кај две Турчиња млади налбатчиња и на порта извикаа. Ко видоа две Турчиња млади налбатчиња, му викаат:

– Бујрум, бујрум, оци ефендии, бујрум да пиеме по едно кафе!

А они одговарат:

– Ние не пиемениту кафе, ниту вино, ние постиме за Бајрам, ама овој белаџија Кралевиќ Марко сте му зеле коња, па не вика да му сведоци испадниме.

Па слегоа две Турчиња налбатчиња и му викаат:

– Од дека купи Кралевиќ Марко ова коња царска?

– Валма две Турчиња налбатчиња, тој го купи од Нова Пазара, за девет алтана.

– Ами, зимата ли клетва оти тој Марко купи од Нова Пазара за девет алтана?

– Зимаме!
– Ајде, први ти зимај!
– Јаска зимам клетва – ако јаска лажам да се клањам на свинска кожа пред џамија.
Втори вели:
– Ако јаска лажам да се качам со свињски пинци на џамијата горе.
Треќи вели:
– Ако јаска лажам да јадам една маторица со дванајсет прасиња.
И тоги викат на Крали Марко:
– Зимај коња, бегај куќи!

20

## ГРАДОТ И ПОРТАТА

Над село Вешје има едно место шо се вика Градот. Сакам да кажам како постанало тоа место да се вика Градот. Тоа постанло вака: Тоа е едно високо место и ден денеска постојат зидини, таквија работи, од тогаш шо имало куќи. Тамо живеел Кралевиќ Марко. Имало горе на висината куќи направено, шо живејала неговата војска, шо живејал кралот. Долу направено као порта, шо влевала војската, шо влевал Кралевиќ Марко тамо. Ка ќе се качи горе на високото, никој ништо не може, ништо да му направе. Портата се затворе и нема кај да влезиш да го ваниш, да го заколиш.

Он уф тоа време, од тоа место со неговиот коњ рипал далеко, тамо далеко чак уф Демир Капија слевал со коњот. Ка слевал уф Демир Капија сос коњот, тоа место денеска шо се вика Клисура, сето е вода ка езеро. Сето од тија крај на нија сос камења. И он сос неговата сабја го пресекол тоа нешто, тија камења. Го пресекол и почнал да истечуе вода и денеска се вика Клисура. Тоа место шо го пресекол Кралевиќ Марко сега врве Вардар, водата.

21

## ДОЛНА ПОРТА

Над нашто село има едно високо место, највисоко, се вика Градот. Тоа е едно тепе. Ако се качиме горе сè се гледа, целото поле

Неготинско, дури и од таа страна на Калајнево и Демир Капија. Од вија град коа живеел Крали Марко скакал сос коњот и копитата му се закопуеле во Демиркапијската Клисура. И еднаш ка рипнал го предупил езерото и истекло. Скакал дури спротива Војшанци. Кај шо стапнуеле копитта оставал знаци на камењата и за тоа тамо еден камењ се вика Маркова Нога.

Во градот има денеска уште ѕидини и може да се најдат ќерамитки, рачки од врчви грмади, а од едната страна се вика Долна Порта, уште стое ѕидот. Е, коа се растурил градот, коа бегале од Турците сето богатство го закопале во една дупка кај Долната Порта. И денеска ногу човеци верујат оти има пари закопано, злато има. Тоа се разбрало од човеците и се дигнале повеќе пати, копале кај шо мислеле оти има пари: копале, копале и таман ќе наближат до злато одма пропаѓало уште надоло у земјата. Туа имало големи диреци и потпирале змејови и они го чувале златото, не давале никој да дојде да го земе, а ко ќе се наближат змејовите и спуштале дирецитe надоло и земјата паѓала врз ни. И така никако не можеле да го ископаат. Тоа место денеска е ка локва, се собира повечко вода, оти земјата е пропадната од змејовите.

## 22

## КАЛЕТО НА МАРКО КРАЛЕ

Меѓу селата Грешница и Слатина, Порече на една ричка има едни ѕидишта соѕидани од Крали Марко. Овие ѕидишта поречани и викат Марково Кале. Во ова кале Крали Марко се затварал ко ќе бил нападнат од турските аскери и башибозуци. Крали Марко прибрал јадење во калето за појќе години. Во калето Крали Марко со цевки довел вода од планината Песјак. Цевките ги закопал в земна. Турските аскери не можеле да и најдат. Еден ден турските аскери го сардисале калето од сите страни. Тие сметале оти Крали Марко не ќе можи долго време да остани во калето затворен без леб и вода.

Крали Марко и негојот слуга Милован долго време останале затворени во калето. Едно сабајле Крали Марко пред да излези сонцето се качил на својот коњ и заедно со Милована излегле од калето. Крали Марко во десната рака ја држел сабјата, а во левата го држел буздуганот. Крали Марко исекол и искршил многу турски глај. Откако се завршила борбата Крали Марко со својот слуга Милован се прибрал во калето. Обајцата се затвориле во калето. Арно, ама еден ден една стара баба им рекла на турските аскери:

– Ако сакате да разберите од каде иде водата низ цевките од планината Песјак, земете една црна маска, ранете ја три дни и три ноќи само со зоб и сено. Во тие три дни и три ноќи на маската да не ѝ давате вода. На четвртиот ден маската истерајте ја на ричкана.

Маската таму ќе слушни оти низ цевките течи вода под ѕемна. Ко ќе слушни маската веднуш ќе почни со предните нозе да копа и да маеа!

Маската откако се искачила на ричката веднуш почнала да копа со предните нозе. Турските аскери така и нашле водата. Тие веднуш е прекинале. Крали Марко се нашол во небрано. Тогаш Крали Марко и слугата Милован го поткоал својот коњ со плочите наопаку. На врвот од кулата клал еден тапан. Ноќта почнало да дува силен ветар. Тапанот почнал силно да тропа. Тогаш Крали Марко и Милован излегле од калето. Се слушало чукањето на тапанот. Го слушале турските аскери. Тие си мислеле оти Крали Марко уште се крије во калето. Сите аскери биле шашардисани.

## 23

## КРАЛИ МАРКО И ТАПАНИТЕ НА ВЕТАР

Во Песочан, во ридот Маркој Кули, го забркале Турците Крали Марко. Кога го забркале ноќе и закоал наопаку коњите со азното ѓо за излагање. Наопаку со потковиците, влегол во Маркој Кули, влагал внатре. Од Турците се кријал и таму ко ошол седал три години.

И станале Турците, го сетиле оти е таму Крали Марко. И тие шо ќе напраат, фатиле една стара, седумдесет и осум години:

– Ти ќе ни кажиш некаков маривет. Водата од каде му е на Крали Марко?

Као Маркој Кули шо се во Варош близу Прилеп, исто и во Песочан се викает Маркој Кули, во ридот. Таа проклетата стара жена им рекла:

– Ќе земите една маска, чувајте ја три дена и три ноќи затворена. Поминете околу ридот, заоглав. Кај шо ќе копни, туа е ѓлата од водата.

Турците, како шо им рекла бабата и така направиле. Ѕеле една маска ја држеле три дни и три ноќи. Е ѕеле заоглав и врвеле околу рид, ридиште големо (еден ден да не мојш да го доојш). И маскава копнала со копитото од ѕадето, до патот. Таа ко копнала со ногата, со копитото, та и тие почнале – копале, копале, копале Турциве и е нашле глаата на водата. Од ќумкојте што и водел угоре водата, ко е нашле, глаата му ја скинале на водата. Ко му ја скинале водата на Марка и тој се очудил: „Шо да пра?"

И пак ги закол плочите наопаку на коњите (за да ги превари Турците, се послужил со итрос) и избегал од тука, ги напуштил кулите, а пак три години клал Марко тапани на ветар да тепает. Три години Турците ги било страв да влезат, да не е уште тука

Крали Марко. А после три години веќе Турците разбрале дека не е тука Крали Марко.

Сега велат тука ко да врват кози со копитата можат да и откопает казаните од парите. Ридот е сиот преоран, бараат од казаните со парите. Али никој не можи да ги најди.

Ова ми го имает прикажувано старите, го има слушано од баба ми и од дедо ми. Тие ми кажуваа.

24

## МАРКОВИ КУЛИ ВО ШТИП

Не знам јас кое време је живеал он. Он је правил тија кули Маркови Кули се викаат, до Штип, на оној врв горе. Тој наредил свет еден до друг од Брегалница да носат камен од рака на рака, од рака на рака и чак горе да искочи. Мајстори са работиле, што са работиле. Колку време са правиле тамо, тоа је нивна работа, не знам.

Али негова сестра, толку била добродушна, и во тоа време таја почнала да го гради мостот на Брегалница. Она мост гради, а овој му се потсмева, Марко:

– Што градиш сестро ти тамо?

Она рекла:

– Брату, ја градам мост до века свет да мине по него. Во твојте кули – каже – утки да утат, а по мој мост цело време до века свет да оди!

Он се налутия, од горе фрлил некој камен да ја убие њума. Удари на мосто малку. Она побегнала тука чим видела дека он је маа со камења. Паднал над станицата железничка, тамо на ридот, звало се некое Бакарно Гумно. А зошто Бакарно Гумно се звало не знам. Она стигнала до таму, он фрли од кулите камен па чак на Бакарно Гумно паднал. Се познава каменот и ден денес прсти куде ги стиснал на камено и тамо два метра може да биде у земи. И ден денес стоји тој камен тамо.

25

## МАРКО ГРАДИ КУЛА, А СЕСТРА МУ МОСТ

Сестра му Марија је била оваму, Таја ја градила клисурата. Марко је бил на онаа страна. Неко така тоа је било, ама тоа господ

го знае. Никој тоа не може да го докаже точно како је било. Марково стапало је над станицата горе во ридот. Тоа је Марково Стапало. Исто Исарот го викат Маркови Кули. Тој човек сигурно тука је живеал за неговото живување, тој човек кога је живуал. Морал сигурно тука да је бивал тој човек, па затоа така се вика. Не можел он сам да го градил, морал народо да го градил, али у ствари сигурно под негова директива је градено.

Сам слушнал така порано дека он имал сестра некоја. Тaја му викала:

– Не ги гради кулите – вика – во калето, горе не го гради калето, него пресечи ја рекана Брегалница да не иде преко Овче Поле, него пресечи ја тука!

Кога он ја слушнал таја, Крали Марко земал ен камен, како го земал со раката го фрлил по сестра му, али не ја погодил. Каменот се вика Марков Камен. Така го разбирам.

Реката текла горе, а после сестра му ја направила клисурата надоле преко да мине под калето. Сестра му, како је викат таја, ама не знам сега, а имам слушано дека тој нема сестра. Е, сега не мојж да му најдеш крај, ни на едно ни на друго.

## 26

## МАРКО КРАЛЕ ГО ГРАДИ ИСАРОТ ВО ШТИП

Имам слушнато од луѓе да Кралевиќ Марко го градел Исарот, а имал сестра Марија. Марија па градела го мосто на Брегалница на клисурата. Приликом градењето на мосто на клисурата, сестра му је викала:

– Море, Марко – вика – зошто градиш – вика – там на тија стрмни места, на тија лоши места и ствараш трошкови – вика. Направи нешто – вика – што ќе те споменат луѓе доживотно. Направи еве како јас шо сам почнала мост и клисура тамо!

Таа у клисурата прави пат, се ронат онија скали, се прави пат. А он вика:

– Сестро, глеј си ти твојта работа!

И она почнала да му вика:

– Море, брате – вика – ти тоа несмислено го работиш! Море, Марко, гради нешто што луѓето да те спомнуваат, а не гради она што луѓето нема да те спомнуваат. Еве, на пример, – вика – по мосто може да минат луѓе, до век, додека постои човек по мосто или по овој пат шо го градам на клисурата. Во твојте кули утки ќе утат. И да знаеш, брату, Марко, по мојте патишта и по мојот мост ќе минат луѓе и луѓето песни ќе пејат за моето славно име Марија, а по твојте – вика – кули утки ќе си утат довек.

И он се налутил и зима од Исаро камен и мане по неја. Тој камен падне до сегашните гробишта во село Ново Село. И на камено постоеше за бивша Југославија рака, овака како е држано. Е, јас лично сам видел сос мои очи. А камено мислам денеска да не е тамо.

## 27

## МАРКО КРАЛЕ И ОРУЖЈЕТО

Некогаш кога живеел Кралевиќ Марко на земњава, кога се тепал со Турците, бранел земња, делел неправди, барал правда и се појавило оружјето. Коа се појавило оружјето, едно момче извадил еден пиштол и му рекол:

– Ех, Крали Марко и за вас веќе дојде време да не постоите веќе како јунаци!

– Зошто, бре, момче?

– Па еве со ова можам да те убијам јас тебе!

– Што е това?

– Па тоа е наречен пиштол.

Е пружи десната рака Крали Марко и детево пукна и му а продупи раката. И се почуди.

– Ее – рече – колку е малецко! За нас нема веќе живот овдека!

И тогај Крали Марко влезе во една пештера, е закачи сабјата во карпата, е наби во карпата сабјата, го симна седлото на коњот Шарца и легна да спије. И си рече: „Кога сабјава ќ'испалне од карпата и седлово ко ќе се качи на Шарца, на коња, тогај јазе да се разбудам и пак да испаднам да царувам по земњава"!

Арно, ама тоа кога човек ќе легне во вечниот сон, не се враќа назад, прибидееќи тој си оджiвеал веќе на нашиов бел свет и тој веќе не може да се враќа. Ама, ете такви легенди останале.

## 28

## ЖИВ Е МАРКО КРАЛЕ

За време бугарската војна коа беше, еден војник од Прилеп, бил војник на Црно море. И као војска тамо имале чамци кои у војската по морето шетат. И тој од Прилеп у чамецо се качуе и еден ветер кога го грабнуе чамецо, една фртуна и преко морето го однесуе у свет. Човеко се држи за таа лодката и не знае кај е. Се стем-

нило у морето тамо. Ветро престануе и овој гледа у морето една карпа, у средина као острво. Со чамецо отидуе до карпата, искочуе на суво у карпата. Коа искочуе на суво, на карпата, гледа у карпата една пештера. Назируе тамо. Коа гледа еден човек седи. Ама човек некако крупен, со голема глава, не е како обичен човек. Дошол до вратата и пак го стра, да се поврати назад. А тој како седал, рекал.

– Ела де, што се плашиш!

Овој чим му рекол на македонски: „Ела, што се плашиш!" и човеко рекал: „Чим збори на нашински, ќе се разберам с'њега!" Влегуе му вика:

– Добровечер!

– Добровечер! Седи!

И тој седнал. Вика:

– Што си исплашен?

И он вика:

– Вака и вака, ме донесе оваа лотката, ветерот овде и сега не мож да се вратам назад и сам исплашен!

– Не се плаши – му вика – ќе се вратиш на своето место кај што си бил. Од каде си ти?

– Ја сам – вика – од Прилеп!

– Дали си чул нешто да се зборуе там у Прилеп за Кралевиќа Марка?

Он вика:

– Се збори. Има и његови споменици, некои ѕидини стари, некои кули и по истории децата читат за Кралевиќа Марка.

– Ја сам Кралевиќ Марко! – вика. Ја сам роден тамо Воденичарско маало!

И овој му рече:

– Е, па оти не си дојдеш тамо кај нас?

А тој му рече:

– Додека постои оружјето, ја не испаѓам. Ќе дојдам коа ќе нестане оружјето!

А тој му рече:

– Еее, та оружје тек се прави модерно и модерно оружје!

– Ааа, тоа оружје модерно, модерно ќе биде као и ветро што те донел, еден пат ќе престане, ќе снема оружје! – му рекал. – Слушај ваму, легни, спи тука. Сабајле ќе си бидеш на местото кај што си дојден. Што си чул и што си видел – тоа и ќе кажеш. Ја сам жив и ќе дојде еден ден кога ќе испаднам на земња!

И човеко така заспал. Коа се пробудува, коа гледа – у чамецо. Чамецо вржан за колецо на крај морето. А како е донесен назад, ништо не сетил. И рипнува од чамецо на кај војската. И коа гледат човеко иде. А овија депеши испратили на фамилијата негова дека потопи га морето, човеко загина. Друга депеша праќат на родителите: „Жив је, дојде си човеко!"

И така га ослободили војската и отишол по кафињата и прикажувал: „Другари, јас бе кај Кралевиќа Марко и Кралевиќ Марко је жив и пак ќе се'врати некој век коа ќе нестане оружјето!"

И толку је, завршува. За Кралевиќ Марко не знам веќе.

## 29
## БОЛЕН ДОЈЧИН

Болен Дојчин многу болен легнал. Ка легнал три години леже болен. Три постели искинува копринени и му вика на сестра му Ангелина:

– Сестро – рече – Ангелино, види ми главата, да ме запоскаш, да ми мине главата.

И му легнал на сестра му, на нејзе на скутот, да го поска. Му дошол абер на Ангелина од Црна Арапина и ја заптиса, у Солунското дека беше заптисана чешмата. Секој ден бил на ред, на Црна Арапина да му се занесе по една девојка. И сега му дојде редот на Ангелина, на Болен Дојчин на сестра му. Започнала таа да роне солзи. Со ронењето солзи му капнало една капка на Болен Дојчин. Је видува:

– Шо – рече – плачеш?

– Брат – рече – Болен Дојче, абер ми дојде, сака утре да одам на Црна Арапина.

– Как да одиш на Црна Арапина?

– Ете, абер дојде!

– Оди на мојот побратим –рече – мојта брза коња да ја искова, три години не зобена не појена.

Го зева коњот, до побратимот, му веле:

– Ќе го ковам коњот, ама ако ми дадеш белото лице!

Се спогодуваат за тоа коњот. И песна ја пееме није. Се спогодува за коњот. Му веле:

– Брате, Болен Дојче, ми го сака – рече – белото лице.

– Е, оди на младото којумџијче – рече – да ти ја наточе сабјата, три години неточена, арѓосана!

Оде на тоа:

– Ако ми ја даеш тенката снага!

Си ја зева сабјата а клава таа:

– Оди сега – рече – на коњо на седлото. Оди на мојот побратим терзијче, да ти даде триста лакта платно!

Тој не му дава триста лакта, ами му дава четири лакта платно. Се увива Болен Дојчин, од нозе до глава навака, нанака, ја јавнува брзата коња, му оде на Црна Арапина:

– Ела – рече – Црна Арапино да видиш кој сакаш!

Му ја сече главата, му ја обесува на коњот. Оде на тоа шчо му го ковал коњот, му ја сече главата и на тоа. Оде на другиот и на тоа му ја сече. Ги исчистува овија шчо биле. Ка му оде на тоа терзиите со тоа платното: одвивајќи, одвивајќи, фрп се турил на земја коски. Бил толку слаб Болен Дојчин.

Едно време отидовме на Солун, на шеста година, пред шчо работев тајно, му викат тамо на Солун камарата. Адно ребро го кажуваа: „Ова е на Болен Дојче реброто".Толку широко като сама-

рот, как штици има самарот, у една камара стоеше. Сега дали стоје, дали не стоје не знам. Тоа го видев, рече: „Воа ребро је на Болен Дојче!"

## 30

## АЛИ ПАША ЈАНИНСКИ

Али паша бил роден во Тепеле, а во Јанина израстил. Кале направил среде во Ѓула, од куршуми – Куршумлија кале. Али паша живеал сто и дваесет години. Во тие сто и дваесет години, тој повелал некои околии: Битола и Прилеп, Призрен и Тетово, Ѓаково и сето Јанино. Али паша од никаде војска не берел, никаде мајки не плачеле за синои, ни сестри жалеле за браќа. Али паша кога бил, на овците беглпкот – триесе пари тревнината, а пак на луѓето арачот бил седум и пол. Арно, ама против него се собрале дваесе и седум пашалари, скришум од султано. Скришум од султанот да го бијат Али паша. Навртиле топоите крши калето од Али паша, го бијат. Али паша викат од калето Куршумлија:

– Удрете, пашалари, гајле јас немам ич. Имам да пијам и да јадам триесет и три години од калето да не излезам.

Али паша имал измеќар, го викале Селистар. Тој јадел леб при него дваесет и пет години. Измеќарот скришум излегол надвор. Ошол кај пашаларите. Тие кога го виделе селам му дале, шилите му послале, а не го знаа кој е. Тој му велит:

– Не ме знајте кој сум јас. Јас сум измеќарот на Али паша шо ме викаат Селистар. Еве дваесет и пет години јадам леб кај рацете негои. Слушате како Али паша викает од кула куршумлија. Што дека го биете – му велит измеќарот – ништо не можете да му напраите!

Па тие му рекле:

– Дали можеш ти Али паша да го излажеш, да го донесеш жив на рацете наши. Ќе те клајме паша да бидиш. Овие градови што ги повела тој, ќе и повелаш ти. Ќе ти клајме измеќари, ќе те раниме мед и шеќер. Да го донесеш жив Али паша. Ние што сакаме ќе му прајме!

И тие се потписале за така да биди и тој се вратил пак скришум, кај Али паша ошол. Али паша не го знаел оти излегол, оти дошол пак. Му велит на Али паша:

– Бабајко Али паша, доста нам не биат пашаларите. Ај да ојме мир да му клајме, да не гинет младих војници, да не жалает мајки за синои и сестри за браќа.

Тој му рекол на Силистера така:

– Слушај, сине Силистере, да не ме излажиш. Дваесет и пет

години јадеш леб при мене. Ако ме излажеш, лебо ќе ти фати очите и рацете и нозете!

Тој му рекол на Али паша така:

– Бабајко Али паша, двајесет и пет години јадам леб при тебе. Што лошо си видел од мене. Уште верба не даваш на мене? Ако сакаш да дајш верба на мене, ај да излеземе од калето надвор, да ојме кај пашаларите. Мир да му клајме, да не гинат народот.

И Али паша си излегол и си ошол кај пашаларите. Кога го виделе пашаларите селам му дале, шивте му послале, се расплакале и му рекле:

– Али паша, ние те чинеме по небо да си, ти си бил по земјата.

Ами имал некој паша го викале Рушит паша. Тој бил многу катил. Али паша сака да говори се опули кон пашаларите, да говори како чоек, не се виделе друг пат, како со големи луѓе, а тој Рушит паша му поставил тројца џелати да го губат Али паша. Али паша ко се обврнал назад, ко видел над него стојат тројца џелати со сабјите отворени за да го губат. Се расплакал и му рекол:

– Слушајте, пашалари, не ја жалам јас мојата руса глава. Јас ја жалам земја Руменлија, Турција и рајата. Јас еве, сум жив сто двајсе години. Во моите места што и повелам јас од никаде војска не зедов, кавги не се напрајиа, зло од мене не се чу. Дури бев жив јас на овците беше бегликот триесет пари, а вие сега ќе го направите дужипол. На луѓето беше арачот седум и пол сега ќе го направите триесет и седум и пол. И од ко ќе загинам јас, војска ќе зберите, кавги ќе направите, мајки ќе жалат и сестри ќе плачат!

И му рекол тогаш Рушит паша на џелатите:

– Што чекате вие, говор слушате, али да ви поставам други џелати вас да ве загубат?

И тие виделе, невиделе го загубиле. Кога виделе со седум срца бил. Четири срца спиеле, а три биле разбудени. Ја зеле глата пашаларите и ја пуштиле во Стамбол кај султанот. Султанот ко ја видел глаата се расплакал, рекол:

– Али паша – рекол – не сакав да видам твоја руса глава, сакав да чујам збор од устата, што збор ќе ми даеш? Толку години повелаш во твоето место, оттује поплак никаде не се чул!

И султанот ги собрал сите пашалари шо го биеле, дваесет и седум загубил, осудил девет паши и го осудил то измеќарот шо ќе беше паша и него го загубил. И од ко загинал Али паша на измеќарите се слуша дека од тогај нема никаква верба.

31

## ДЕВОЈКАТА ВЕЛИКА

Еден земски кмет во Мариово по име Јован Гуцакле од село Бешиште бил поврзан во турското време со некој Али паша во Солун. Овој му испраќал на пашата награди, бакшиши, да речеме по наше мариовски. Заробил една девојка и му ја пратил на пашата. Девојката била од село Вепрчани, а оделе дури до Солун. Девојката се викала Велика. Пашата имал неколку сина. Најмладиот син се викал Велир. Тој бил бег во некое село и девојката му ја пратил на најмалиот син, на Велира, за во харемот или за жена.

Коа ја завеле девојката таму, тој имал три жени и ја питал ваја Мариовката:

– Како се викаш ти?

– Се викам Велика!

Е рече:

– Ти си Велика, јас сум Велир, нема да ми бидиш жена, ами ќе ми бидиш сестра. И така не можам да те држам тука. Као сестра, шо сакаш од мене да ти стора?

Таа рекла:

– Да ме заведиш кај мајка ми, кај татко ми.

– Не можа да те заведа јас, ами ќе те пуштам, ако можиш да си појдиш како знајш и ако те фатат ќе речиш дека си бегана, избега. Ако научат нашите татко ми, браќа ми и општо Турците за мене нема живот. Јас не сакам да бида онаков како што сакаат да бидат сите Турци!

А пуштил и таа си тргнала од село на село, од планина на планина. Било ноќно време, есено време. Тогај се претеруале миатски овци, така викани. Видела еден оган кај гори, таму биле овчари. Кроце, кроце не а сетиле пците, пошла до огањот на овчарите. Биле Шиптари, Албанци. И таа со идењето им рекла:

– Добро вечер, браќа.

Овчарите биле едниот од четириесет и пет години, а другиот деветнаесет-дваесет години. Младото дете шо било Шиптарчето, скочило на нога и рекло:

– Дал ти бог добро, сестро. Од каде ти овде на оваа доба, во ноќта?

Таа раскажала како е занесена кај Али паша, како избегала од тамо и дошла до тука и дошла до тука, ама исцрпена и гладна, затоа се навратила на огнот, ако може да добије, да вечера. Тие вареле качамак, а нараниле и тој малиот му веле на стариот. Стариот бил малце намуртен:

– Јас, девојката ќе ја вода кај татко ѝ, бесата си је бес, таја ми је сестра, јас мора да ја заведа кај татко ѝ!

Од таму навраќаат од Добро Поле до така нареченото место Дрен. И тука и фатуе веќе денот и девојката веле:

– Овде је селото Бешиште, тука е тој кметот и неговите соработници. Не можеме да поминеме сега ами ќе останиме во денот

тука. Вечер ќе поминиме, јас го знам патот. Ќе појдеме до нашто село.

Така и направи. Навалил оган, ама леб немаат. Виделе оган горе. отишле таму, овците од Гуцаилето биле, овчарите и овците од Гуцаилето. Му побарал тој на овчарите млеко, едно котле млеко, еден сомун леб и отишол кај девојката. Поручале. Тогај кај овците дошол самиот Гуцаиле, заедно со неговиот везир, оти тогаш земските кметови биле со везири:

– Што има ново? – питал.

– Нема ништо, ама едно Албанче дојде за леб и млеко, водел некоја девојка, рече дека девојката е од Вепрчани.

Така му раскажало тоа тука на овчарите:

– Таа е наша девојка. – Му веле Гуцаиле.

Коњот и кај што горел оганот во Дрен. Оде и најдуе и на девојката и веле:

– Каде, мори, кучко ти овде, нели јас те прати во Солун?

Тва не знаела ништо да одговоре. Шиптарчето му веле:

– Чорбаџи, земи си го зборот назад. Девојката ја а носа кај татко ѝ, таја ми је сестра мене.

– Каква сестра – рече – бре гомно!

Се фаќа за кубурот Гуцаиле, али тој дури да се фати за кубурот и Шиптарот побрз бил на кубурот и го отепуе Гуцаилета. Везирот почнал да бега и Шиптарот не пукнал на него, го оставил да бега. Тој избегал и така девојката останала со Шиптарот, а Гуцаилета го закопале во Дрен. Денеска тоа место се вика Гуцаеловиот Гроб.

Девојката се враќа кај татка ѝ. Татко ѝ го наградува. Неколку време поседуа туа и веќе не оде кај овците, ами се упатил на правецот Кавадарци – Демир Капија – Едрене. Таму се главил кај некој бег и кај бегот остануа подолго време. Стануа многу добар работник, го кладуа ќаја на чифликот, а бегот бил министер кај царот. Едно време вој му напишуа едно писмо на царот, му го дава на бегот:

– Овоа писмо ќе му го дадиш на царот, со клетва, – како било турски – жити бога!

И бегот не а погазуа клетвата, му го дава на царот. Овој во писмото му пишува сè како девојката била водена од Мариово за Солун, за Али паша, како избегала, како се вратила назад и најпосле му кажува какви зверства врши Али паша: потурчуа народ и слично. Тогај царот се обратуа на Али паша. Али паша на царот му отвара војна и со војна е сменет Али паша и на негово место доидуа за паша Шиптарчето.

## 32

## КУЗМАН КАПИДАН

Овде се праеле многу зулуми. Напаѓале Арнаутиве одавде, пљачкале по селата: Врбјани, Годивје, Лактиње, Слио. Сиве, пошто и селава ги пљачкале пишале жалби в Охрид на уќумат. Тоа време владал Џељадин бег. Џељадин бег бил еден човек остар. Како да напрајт, што да напрајт, станиват вељит:

– Ќе изберите еден човек отаде, кој да бранит тамо, да соберит дружина.

Е, тие кого ќе изберат, ќе го изберат Кузмана. Кузман еден, некој си од Слатино, некој од ќе беше, уште еден не му го знам името –тројца и уште неколку души од овде со Кузмана ќе и бранат селава.

Еден ден Кузман ојт во Годивје тамо и тие напаѓаат Арнаутите Осман Мура и Дервиш Муча. Напаѓат во Врбјани, го опустувет Врбјани и му ошле и му пеат на Кузман:

– Егиди, Кузман Капидан, е, гиди – рече – газу немиен, ти седи село Годивје, а село Врбјани го опљачкавне!

То не е многу старо време, двесте години имат. Оттука станувет му ошол аберот на Кузман Капидан дека овие заминале преку Иванчишта, преку Прошишта Иванечки и преку Јама ќе одат за Османов Арган – онаму си заминует за Дебар. Кузман ко дошол овде што ќе видит! Оттука собрал дружината негоа сета и по нимиˇ а по ними, а по ними отидоа во Османов Аргач. Тие тамо зеле овци, пекле и почнале да јадат и играт. Пеат и ќе ручат и овие станувет и сардисувет и овие гуниве со реси, со гуни арнаутски и обесиле на буките и залегнале. Овие сега, ојт некој по вода. Имало извор, пав утепај го, фрлат тамо тој, а овие ги утепувале пак така и туку викнале тие кај што играле. И овие нашиве викнале:

– Удри Кузман Капидан, удри!

На Кузман се пуштил еден, му заглавил туфекот, се пуштил еден, ама имал тој еден Стојан побратим и тој му седнал тик. Во изговорот вељат оти не го дупело куршум. Од тука се распилиле тие, а овие се разбегале по ними и долу на она на Радика и изотепале. Тамо се грабнале и избегале. И станале им собрале глајте. И собрале глајте и ќодат сега во Охрид кај Џељадин бег. Пратиле абер оти Кузман Капидан и истепа и глајте им носат. Ама на Џељадин бег не му е арно и тој прати некој луѓе таму од негојте, некој војници да и причекат, да и истепат некаде онде кон Свети Размо. Арно ама така не стана, не и истепаа. Е сега ко и однесоа таму бецицата му рече на Кузман Капидан:

– Пушката да не ја осташ, без пушка внатре да не влагаш!

А оваа жена му на Џељадин бег, била каурка и таа крепела за него. И овој ко и однесол глајте на Џељадин бег не му било арно. Џељадин бег сакал да го уништит него.

Капиданица рекака носит името на Кузман Капидан.

33

## КАПИДАН ДЕВОЈКА

Била некоја мома, девојка војвода. Имала шеесет души чета. Шеесет души демек имала чета. И овија не а знаеа демек оти е девојка. Како кажуваје старите (јазека не а паметвам ошче на то време), отиде на кладенец, на вој извор Пирос. Има една орница, се кажува Близна Греда. И там се собрале сите, цела чета и сега тамка ќе одмарат. Му се свршила воата. Кој да оди да наполни вода? А вој капиданот била девојката, а четата цела не го знае оти е девојка. И капиданот му рекол, му рекол:

– Никој нема да оде за вода, јазека ќе одам за вода, јас самиот капидан ќе одам за вода.

– Абре, как ти ќе одиш, капидан – му вика – за вода ќе одиме ние.

– Нишчо, јас ќе одам за вода!

Сите тие манаџките и собрале и станала отишла да наполни вода ув Пирос од кладенчето, од изворо. Отишла тамка на изворот. Па девојка, на време, се палела за маж. И застанала на воата така, се расчекори и заспала. Чекат виа нема, чекат нема. Еден рекол:

– Ќе одам, ќе видам шо е, шо станува!

Отишол да виде: „Ваа е работта?" Си рекол. Направи што направи и на крајот едно ливче буково го клава на „сливата". На „сливата" му го залепува без да знае. Она демек спие, така шо се запалила. И станал тој избегал. Сѐ е во ред, ама таа останала тешка. После таа опикасала оти е тешка. На истото место, кај шо ти кажувам, Близнова Греда и наредила четата редица:

– Сите – му рекла – ќе ве поминам на куршум. Кој ја направи ваа работа? Тоа шо о направи, ваа работа на мене – му рекол – ако не сака другарите да и зева на куршум, нека излезе настрана.

И вој шо а направил ваа работа се замислил: „Да земам шеесе души јазека на душа, за шо да и земам, нека ме убие баре мене!"

– Јас а направив таа работа!

И му вика вака:

– Ти Петре ќе бидиш капидан, ти ќе бидиш подкапидан, ти ќе бидиш демек десетар!

Му клава на сите демек оти кој шо ќе биде:

– А ние – му веле – нашиот комитлак се сврши. Ќе станеме, ќе си ојме сеа дома.

Таа си го зева него и станала си отишла дома. Четата а уреди па како шо треба.

34

## РИСТЕ ЛАЖО

Во турско време Ристе Лажо од Прилеп бил познат и по селата. Во Поречијата некој си Турчин од Кичевско правел на рисјаните големи зулуми. Тој Турчин по пат на грабежи станал многу богат. Турчинот бил многу клет човек. Не сакал да види и чуе за рисјани. Едно време овој Турчин на обете очи добил перде. Му се намалил видот. Чул дека Ристе Лажо од Прилеп лекувал од таква болест. Еден ден Турчинов стасал во Прилеп. Се распрашал кај седи Ристе. Ристета Лажо секој можел да го најди. Ристе Лажо седеше карши прилепските гробишта. Дошол Турчинов дома кај Ристета:

– Аман, Ристе, аман брате, ти и господ, излечиме. Ако ме излечиш голем дар те чека од мене.

Ристе се нашол небрано. Си мислел како да го лекува. Едно време Ристе се сетил за лекот. На Турчинов му рекол:

– Ефенди, слушај ваму што ќе ти речи Ристе. Кој ќе стасаш кај село Мажучиште, Прилепско, има еден висок камен. На тој камен се качува селскиот протуѓер од селото ко да вика по селаните. Ќе се качиш и ти на тој камен. Кој ќе се качиш на тој камен, ќе замижиш, ќе си речиш: „Мечка страв, мене не страв". Така ќе речиш три пати. После ќе рипниш од каменот. Рипај и не плаши се!

Ристе му го дал овој лек со камера да се куртули од Турчинов. Турчинов ко стасал пред селото Мажучишта, го нашол високиот камен, се качил на каменот, викнал три пати: „Мечка страв, мене не страв". И рипнал од каменот. Од рипањето му пукнало пердето и Турчинов прогледал од обете очи. Си отишол дома радосен. На домашните им распрајл сѐ за Ристета.

По некој ден Турчинов го товарил коњот со разни дарови за Ристета и кинисал за Прилеп. Арно, ама Ристе Лажо го денетисал оти Турчинов иди, Ристе се скрил во гробиштата. Се уплашил од Турчинов. Турчинов дошол до порта, прашал:

– Каде е Ристе. Тој себап ми напрај, јас гледам од обете очи. Му носам дарој.

Ристејца се снашла. На агата му рекла:

– Ага, не бери гајле, Ристе сега беше тука, се вртеше низ двоpов и за тебе чинеше лаф-муабет. Ќе го најдам сега Ристета. Тој се вртка низ гробиштана.

Ристејца пратила некое дете. Ристе стасал. Се видел со агата, агава радосен, му ги дал даројте и си заминал. И така лекот од Ристе ватил место.

35

## ЧУЧУК СУЛЕЈМАН

Чучук Сулејман купил чифлик во с. Долнени. Го пазарил триста франги. Дал стој педесет, уште сто педесет немал да му дај. И ошол кај кајмаканот, му вели:

– Ој, кајмака ефенди. Чифлик купив во с. Долнени триста лири. Сто педесет дадов, уште сто педесет имам за давање. Качак ќе одам, пари да збирам, чифликот да го платам, по рисјанските села.

Кајмакано му рече:

– Ој, ти Сулејмане, немој качак да одиш по рисјанските села, оти тие тамо ќе те отепат!

Тој му рекол:

– Ако ме отепат, јас не се барам. Што ќе отепам да не судиш!

И тој излегол Мариовските села Дрен, Смолани, Чаништа, Гуѓаково и други. Накачил кај Чаништа, пари расфрла, луѓе коли, луѓе беси. Оди во Гуѓаково. На попот гуѓаковски му фрлил 150 лири. Овој држи две села, можи да плати. Оди во Чаништа, пари расфрла, леле мајко.

Чаништани се собрале и отишле во Прилеп кај чорбаџиите, кај Аџи Илиовци:

– Море, шо вака идите, вие Чаништанци?

Му рекле:

– Голема мака имаме од тој Чучук Сулемана. Пари ни сака, кому 20, кому 30 лири. Сега шо да прајме?

– Ќе појдете кај Црни Спиро во село Дабница. Тамо ќе му кажете. Тој ќе ја види таа работа.

Отишле тамо во село Дабница. Коа и видел Црни Спиро Чаништанци, му рекол:

– Море – рекол – каде вие вака, Чаништанци?

Тие му рекле:

– Голема мака имаме од тој Чучук Сулејман. Пари збира, луѓе коли, луѓе беси, голем стег ни дава, пари збира!

– Ех, таа работа јас ќе ја видам! – Рекол Црни Спиро. – Одете си, не бојте се.

Си собрал Црни Спиро верна дружина и се накачил кај Чаништа и го начекал Чучук Сулемана со дружината. Тргнал со пушката, му ги скршил нозете и го фатил жив. Двајца го вјавале, еден го терал. Како мачето шо игра со глувчето, така тие со него играле. Ошол татко му на Сулемана на кајмакан:

– Ој, кајмакане ефенди, детето мое загинало – рече – го отепале каурите.

– Абре, рекол – детето се потпиша овде, оти шо ќе отепа да не го судам, ако го отепат да не се бара!

– Не – рекол – јас детето не го барам, фесот му го барам! Фесот. Колку шо чини Битола, толку му чинеше фесот!

Ова нешто вистина се случило, ми го има раскажано луѓе шо тргале мака. Себап со Црни Спиро, та се куртулиле од него.

36

## ЧУЧУК СУЛО

Чучук Суло потекнувал од една сиромашка фамилија. Еден ден дошол ферман, позив за аскер од Стамбол. Суло Ејминов аскер да оди. Арно, ама Суло Ејминов не сакал аскер да оди. Суло бил многу сиромав и немал педесет турски лири за да се откупи од аскерлакот. Немал пари. На татко му Суло, му рекол:

– Татко, јазе не ода аскерлак.

– Море, сину, од каде ќе платиш бедел кога пет пари немаше. Пари немаме сол да си купиме, а камо ли да се откупиш од аскерлакот.

– Јазе качак ќе стана, пари ќе збера, бедел ќе плата!

– Мори, сину Суло, седи си мадро, оди си аскер, да не те оплескаат некаде каурите!

Еден ден Чучук Суло заминал за Кавадарци. Се јавил кај кајмакамот. На кајмакамот му рекол:

– Море, кајмакаму, јазе аскер не ода. Качак ќе стана.

– Арно, бе Суло, оди си. Прави шо ќе правиш, само гледај да не те суредат некаде каурива.

Чучук Суло станал качак. Тој дење и ноќе скитал по селата и патиштата и и чекал селаните на секаде. По селата правел зулуми. Селаните ги намачувал. Едно време Чучук Суло стасал и во Радобилското. Влегол во селото Мало и Големо Радобил, Прилепско. Собрал шо собрал и заминал за селата Дрен и Смолани, Прилепско. Во обете села на сретсело и собрал селаните. На селаните им врлил голема вергија. Кому лира, кому две, а на Ѓорѓија Лажот шест лири. Сите селани длабоко се замислиле, а Ѓорѓија Лажот само чкрткал со забите. Око не му трепнувало. Ѓорѓија Лажот бил црномурен човек, со големи веѓи и мустаќи. Страшен опул имал. Тој бил многу сиромав. Немал пет пари, а камо да плати шест лири вергија на Чучук Суло.

– Аман, бре ефенди, ти и господ, дај ми два три дена мувлет. Имам една кравичка и пет-шест овчички, ќе и отера на пазар во Прилеп, ќе и продам и ќе ти платам шест лири вергија.

– Слушајваму, бре Ѓорѓија, прави шо ќе правиш, пари да ми донесиш. В недела ако не ми донесиш, ќе те отепа!

Ѓорѓија Лажот во петокот е забрал кравата и овчичките и кинисал за Прилеп. Таман стасал во Прилеп, се поврзал веднаш со некои луѓе од Организацијата. Тој им раскажал какви маки тргаат селаните од Чучук Суло.

Ѓорѓија Лажот и Спиро Црне се снабдиле со пушки. Заминале од Прилеп по трагите од Чучук Суло. Било лете, време на жетва. Тргнале обајцата по Чучук Суло. Околу пладне стасале во местото Царев Даб. Се скриле во дрвјата над чешмата. Покрај чешмата поминала една невеста со машко дете. Носела ручек на жетварите. Чучук Суло и префрлал на невестата ни мое ни твое. Невестава му рекла:

– Чучук Суло, терај си патот оти сега не е тоа време. Сега Ѓорѓија Лажот и Спиро Црне дење се во планината, а ноќе се на ѕадето.

Невестава си заминала.

– Крши гла, мори, каурко. Мене каурска пушка не ме дупи!

Тогаш Ѓорѓија Лажот и Спиро Црне го зеле Чучук Суло на нишан. Обете пушки пукнале одеднаш. Чучук Суло веднаш паднал од коњ на земја. Паднал и не станал. Ѓорѓија Лажот и Спиро Црне му и зеле парите на Чучук Суло. Овие пари Чучук Суло и збирал од селаните за бедел да плати на султанот, чифлиг да си купи, аскер да не оди, бег да стани. Чучук Суло бег не станал, ендек наполнил.

37

## ПРОКЛЕТИОТ ЧУЧУК СУЛО

Во некои села од Тиквешијата и во селата Дрен, Смолани и Царевич, Прилепско, во турско време ајбашувал Чучук Сулејман, познат кај народот како Чучук Суло. Чучук Суло бил проклет и лош Турчин. За се барал од селаните бедел. Барал данок. Бил ненаситен. Со тие пари што ги собрал од селаните купил чифлиг во село Долнени, Прилепско. За чифлигот од селаните барал големи даноци, кое може да се види и од народната песна:

*Качак излегол Чучук Сулејман,*
*Качак излегол низ дренски Планини,*
*Низ Дренски Планини, горе Србиново,*
*Горе Србиново, таму на бачило.*
*Тој си слегол во село Дреново,*
*И и собрал сите селани,*
*Сите селани од трите села:*
*Дренци, Смоланци и Царевичани*
*И и наредил во црквени дворје,*
*Па им вели Чучук Сулејман:*
*Ој, вие селани: дренци, смоланци и царевичани,*
*Чифлиг сум купил во село Долнени,*
*Таму се раѓа белана пшеница.*

*Пет пари капар јас не сум дал,*
*Бедел ќе ви фрлам на трите села,*
*Кому две лири, кому три лири,*
*А на Ѓорѓија Лажо шеснајсе лири,*
*А на Диме Пурче дванајсе лири.*

Со селаните бил и Ѓорѓија Лажо. На Ѓорѓија Лажо око не му трепнало од Чучук Сула. Тој со умот си велел: „Чекај, ќе видиш, море Чучук Суло, јас ќе ти платам за сѐ!"

Ѓорѓија Лажот и Спиро Црне станале комити во Дренската Планина. На патот по кој минал Чучук Сулејман фатиле еден ден метерис. Тоа било во летно време. Чучук Сулејман слегувал од едно бачило. Обајцата го начекале и му ги навртиле пушките. Чучук Сулејман застанал и тогаш рекол:

– Аман, бре браќа, немој да ме отепате!?

– Ај, не бери гајле!

На Чучук Сулејмана му ги врзале рацете и тргнале спрема бачилата. Тогаш Ѓорѓија Лажо му рекол:

– Чучук Сулејмане, сега ќе ти се качам на рамо да ме поносиш на угорнициве. Горе на бачило ќе ти платам бедел за чифлигот што си го купил во село Долнени, Прилепско.

Видел, невидел Чучук Суло се наведил, Ѓорѓија Лажо му се качил на рамо. На угорниците Чучук Суло, стенкал, стенкал. Видел зорт. Стенкал како некој стар и дооден вол. Се испотил, станал жива вода. Едно време побарал малку да се одмори. Се одморил и си ја избришал потта. Тогаш Ѓорѓија Лажо слегол и на Сулејмана му рекол:

– Чучук Сулејмане, почекај малце, јас ќе те избришам од потта!

Ѓорѓија Лажо ги собул опинците. Опинците биле потковани со бруќе. Со еден од опинците поминал неколку пати по лицето на Чучук Суло. Од лицето почнало да му течи крв. Чучук Суло само офкал и стенкал. По некое време пак Ѓорѓија Лажо му се качил на рамо. Слегол дури на бачило, Чучук Сулејман бил кандисан. Го испружиле на земја и ножот му го закачиле.

## 38

## АРАМИЈАТА ДЕЛИ НАСУФ

Селото е горено и угребујено од Дели Насуф. Сакал деведесе лири да земе од Нежилово. Од куќа по лира да земе, од сајбија, од домакин куќа да земе лира од секого. Да земе деведесе лири. Тој овдека го фатил Станчета Мицески:

– Да идеш во Нежилоо, да им кажеш да спремаат деведесе лири, нежиловци да ми дадат. Е, арно ама не дошол во Нежилоо, отишол кај Мутафција во Црешново, кај Неделка Мутафција и ја сардисал куќата. Арно, излегол на Мутафција Неделко синот. Излегол надвор, кога видел, куќата сардисана. Синов му рекол на Неделка:

Татко, куќава е сардисана од арамиите!

– Синко, спремајте пушките, тројца сме, јас сум татко ваш, а вие двајца мoји синои. Земајте пушките мајката ќе им е--м!

И кога дошол редов извикал Дели Насуф:

– Спремај и лирите Неделко, да и дадеш, без гајле биди после.

Ама Неделко Мутафција, пушката ја спремал, едно тргнујење од мазгалка и овега Ибраим оџа во обете нозе го ранил. Го дигнале од тува го донесоа во Нежилово. Го донеле неговите другари. Арамиите го донеле во Нежилово кај Алекса, кај Алекса Шопоски. Кај Алекса Шопоски го донеле и од тува Алексо го зима го носи ноќта во Ореше, во Ореше го носи. Арно, ама потерата иде од Прилеп оздола, по Дели Насуф и по Ибраим оџа иде потерата. Кога дојде потерата во Ореше, го однесоа Орешани во Црнилишта. Во Црнилишта е Дели Насуф закопан. Дедо му, на жената таткото го закопал во буниште, во Црнилишта. И така потерата поминала и Дели Насуф не го нашла.

39

## АРАМИЈАТА КАЈО

Бил некое време, во турско време, некој си Кајо арамија. Он шетал само по бачилата нешто да му дает, да земит, како било. Е одел ногу на дедо ми бачилото. Е шо да прае дедо ми сирома:

– Жено – рече – не можам да седам. Стално ми додеваат тие арамиите.

И она му вели, баба ми:

– Тебе – рече – ако те стра, јас ќе ода – рече – јас ќе седам у трлото!

Планина голема, далеку. И он си го имал тоа време, он ќе поминиј таму и оде и вика:

– Еј, бај Ристо, бре!

Она ка го чула викна и ова испадна, му викна женски глас:

– Еееј, ела Кајо, бре!

– А, бегај – рече – туа жена, не одам таму.

И тргнал. Одел кај едно друго бачило. Тој, бачот, се викал Вељан. Имало таму за да одат, некое дете таму. Е сега да го украдат детето, да земит, да морат, татко му го знает да има пари, да му наплати пари, да кажиме, сто лири:

– Ако донесиш ќе ти го дајме детето, ако не не ти го даваме!

И он каа отишол таму на бачилото, му вика:

– Здраво Вељане!

– Здраво!

– Каде е тоа детто шо беше тука?

– Дете тука – рече – немаше. Бре, Кајо, не дојде дете тука!

– Како не? Тука беше детто – вика. – Он ми каза, човек да било овде, на фиљан човек детто.

– Не, не беше тука!

– Кажи, еве го пиштолот, те убивам одма! – вика.

Видел, не видел, човекот се уплашил, му го казал детто. И го зеле детто тие и го известуват бачот, на татко му:

– Детто дојдоа, ти го зедоа арамиите. Само ќе те молам сакает толку пари. Снајди се како ќе се снајдиш, донеси толку пари, да ти го дает детто!

И човекот не бил во можност. Имал нешто да даит, ама немал колку шо му сакает тие. Е, ќе помини по селото и ќе земе кому пет лири, кому шес, кому седум, кому осум, да може да му а исплате таа сума. И таа сума он а исплатил, му го дале детто и му дојде во уши, му дојде на Арсо војводата. Е, Арсо војводата ојде, го фаќа во среде градот, во Ресен и го утепует него. И пак си оде, се преправуе како да не било ич. Во други алишта се преоблекол и си бега. Никој не може да го препознае кој е тиа. Си сел таму на дента и човекот па си ошол.

## 40

## РАМАЗАНИЦА

Името Рамазаница го добила од Чурилец. И денеска ние си го викаме Чурилец. Ко го добило името овај Керим Калиш, Керим го викале Рамазан, демек на пр̀едедото. И затоа се вика Рамазаница. Е, сега тој го пратил од судот турски од Кичево да збират пари од Локвица. Сто лири, по лира ли, по лира и пол сека година, или на два месеца на три ипол. И овие не можеле локвичание да се отмат никако: „Абре, – рекле – толку ли сме мажи ние, еден чоек да не можиме да го суредиме“! И ватиле, го зачекале тамо и коњот и него го пресекле. Откопале една рупа, го исекле на парчиња и го наредиле. Земјата шо била ја растуриле в река, ујдисале да се не познает.

Судот чекат веќе да доет овај Калиш Керим, парите да и внесит во судот, да си и делат. Го нема. Судот, војската од Кичево ја креват во Брод, во Текија, тогај така се нарекало, па сеа Брод се викат, Македонски Брод. И по тоа згора тие дошле во Суводол. Имало тамо мало чивлигарски куќи:

– Кај замина, бре, Калиш Ќерим?
– Отиде во Локвица.
Дојдуат во Локвица.
– Дали дојде, бре, Калиш Ќерим овде?
– Не дојде!
– Како не дојле, бре?
– Така, не дојде!

А вршенико, нажежи го, клај му го на гла. Му го кладе на Дукое – не приставаше. Ми го кладоа мене, да претставиме, ја одма пристанав:

– Ние го отепавме!

Аман, душа да спаса.

– Каде бре?
– На фиљан место во Чурилец.

Пошле таму го откопале и затоа ни е земена лаката, за тој труп. За крв ни е земена, по едно парченце ни имаше остаено од местото. Бегот, за крвта ни го зел Чурилец и му поставуваат името Рамазаница – Калеш. Ќерим Рамазан. И затоа и денеска се вика Рамазаница, а останатото, нивјето што ни ги остајле и натаму се викат Чурилец.

## 41

## КАЉОШОВА КОЛИБА

Таа Каљошова Колиба се вика оти имаше еден Шиптар, Каљош. Тој бил прочуен арамија, пљачкаш. Шеташе низ Кожув сос негови другари, шеснајсет души. Тија Каљош udараше најмногу на Власите, затоа шо беа у планините, никој таму нема да и брани и чува. Ќе оди у колибите и ќе ване некое дете на ќеата или на некој богат Вла и ќе му сака пари. И така он вана две деца од Дудични Колиби, таму беа Власите. За тија две деца му вика:

– Да ми донесите илјада лири ако сакате да ги пуштам, ако не ќе ги отепам!

И Власите не беа ногу богати, ногу тајфа, триесет колиби и со сета сила, со сет зорт собрале осумстотини лири жолти пари и му и дават. Он:

– Не, сите пари или нема чаре!

Ем осумстотини лири му ги зема, ем децата па и отепује.

А таа Каљошова Колиба шо е, јас лично а знам. Во 1924 година беме како потера, не наоружаа Србите, одеме да го тепаме. Арно ама он од далеку не зауши и избега далеку. У колибата најдоме месо, сапун, ракија, алишта. Пред да си оде за Албанија децата и обесује. Правеше и друг пакос. Власите биле на пазар и си

купујат опинци, тутун, брашно и друзи работи. Каљош испаѓа на патот и ваќа, му зима се шо купиле. Еден Вла го ваќа сос него, Штерјо го викаа, и една вреќа му тура на грбот. Он мора да а носе, иначе ќе го отепа. Додека не а испразниле вреќата не го пуштиле. Он ми кажуеше, Каљош и плаќал арамните по двесте лири за едно лето. Оделе боси по шумата, а пинците и носиле на грбот та да не се сп'згат и да не се слушат. Носиле и машинки за готвење со газје, да не чурат коа ќе готват. Тргнале да си одат за Албанија, кај Зајец седнале да јадат до некоја чешма. На Каљош му се препило вода. Он се бил одалечен од своите сто метри. Наредил да донесат вода. Оде еден негов другар. Налива вода и му дава на еден друг да се напие. Каљош се навредил, налутил му удара еден шамар. Тија пушката тум, го отепује Каљош.

И така тоа место остана да се вика Каљошова Колиба у селото Рожден оти он таму се вртеше и живееше.

## 42

## ДВАЈЦА ДРУГАРИ

Имам чуено од постари дека у село Елошник кое се наоѓа из над селото Глоге, на подножјето на Шар (то од дедо ми и од баба ми го слушав), дека биле двајца другари. Едниот од село Елошник, едниот од село Глоге. Биле добри другари, паселе овци заедно у Шар Планина. И двајцата имале сестри многу убави. И едниот ја сакал сестра му на другиот, и едниот на другиот. И така никој немаше смелост да кажи на другиот: „Или дај ми, или нати". Најпосле едниот се решава, му рече на другиот, тој од Глоге му рече на тој од Елошник и ове престануе од Елошник.

– Добро – рече – нека биде така, земи е ти сестра ми.

Овије праќа стројник горе и татко му договорен со синот се согласуват да му е дадат ќерката и оговоруат еден ден ќе праат свадба. Тој од Глоге дигнуе сватови отидуе тамо е земат невестата. Ама тие од Елошник, наместо да ја спремат невестата, го спремуат момчето. Момчето се облакви во женски алишта и никој не можеше да го види, бидејќи по тогашните адети невестите носеле некакви дулаци и за цело време никој не можел да ја види. Ја довеле ваму у село, значи го довеле во село и свадбата си продолжуе, се прај свадба, се пие, лумпуе, а веќе договорена работа да тие од Елошник да дојдат да поземат оно што мислеа да го сторат и коа баш биле сите сватој, загреани таму около свадбата невестата морала да иде по нужда. И на з'лва и и рече, вика:

– З'лве, ако сакаш по нужда ми се иди.

З'лвата ја однела на кај клозетот, она рекла:

– Не, не у клозет, ваму ќе идиме на оваа страна.

Отидоа под некој коштен, а веќе под коштенот Елошничаните чекале. Е грабнуват девојката, з'лвата, е грабнует и младожената, што била „невестата" и отидуат. Овие по некое време се сеќаваат: „Невестата е нема нигде, мори не само невестата ами и девојчето го нема". Тражи горе, тражи доле и коа на крајот виделе дека и двајцата ги нема, ни „невестата", ни пак з'лвата и овие го зеле. И овие се дигнуат, виделе колку е саато, по пут и дошле до Елошник. Тој заклучил вратата, не пушта никого ноќно време, тогај турско време било, не можело така да се влага у куќа и останале.

Од тогај знаем дека тие две села поради тоа малко се мрзат, бар така сум слушнал дека се мрзат поради тоа.

43

## СМРТТА НА БЕЖИЦАТА

Измеѓу Сливово и Врбјани имало едно село во местото звано Петрчани. Црквата уште стојт и денска во дабјено. Било многу лошо. Некој Латини биле. Ко знајт какво племе биле и прајеле многу зијани на овие на селава – не можеле да мрднат. Толку што прајеле зијани, се чудат и се мислат населнициве околу Сливово, Врбјани, Годивје што да прат со овие луѓе.

За среќа еден пат од Охрид тргнала бежицата со ат, со атица и носела една дисаѓи мешинени пари злато. Ко стасала во местото Групчев Дол овие станувет и је убивет. Овие Черкезиве што биле во селото Петрчаѓи и је убивет. Је убивет неја и е ги земет парите. Ама ко је убиле уништиле и атицата и неја. Је пресекле една босица и је клале во парите босицата.

Бегов потерал од Охрид. Бежицата оздола Ботун поминала, Издеглавје поминала, нагоре загината е, овде во ова место. Во Кича не е појдена, Извор не е помината, овде е загината. Бегот јако спотерал ќе и колит народот. Што да прајт? Како да прајт народот, се витка, се мислит, се чудит. За среќа имало едно дете од Сливово главено ќе еден човек во селото черкеско. Му се скинале опинците и му рекло на чорбаџијата:

– Абре – рекло – чичко немам опинци и заложив, немам веќе, дај ми опинци.

– Качи се – рече – горе начерен имат таму расфрлени опурчишта, прибери нешто.

Ко се качуват, глет дисаѓи мешинени, пари и внатре една босица. Е нејсе, де собрал нешто опурчишта и ќе го пуштит на промена детево во Сливово. Ко ојт во Сливово, замислени Слиовци, татко му:

– Што е вака?

– Ќе не колит бегот, бежицата се загубила овде, од Издеглавје нагоре.

– Ај – велит – газдана мој, ќе чорбаџијана мој, начерен се качив да збирам опурчишта, да се обуја. Имаше едни дисаѓи мешинени пари и една босица внатре.

Таква е работата, таква е и овие јавувет на бегот. Бегот нарeдува оздола да се соберат, да го ништат то село. Овие се организирет годивци, врбјанци, слиовци, турјанци, лактинци и се збирет како да започнат ѓурултија во селово. Еден годивец од Годивје, се викал Ѓуро Шутароски рекол:

–Ја дајте ми два пиштола и ќе помина низ село и ќе ја задигна работата. Од пцине ќ'утепа или човек и ќе летна, ако ме утепет – утепет, ако куртула – арно!

Овие околу се нарeдиле, околу селото. Го сардисале веќе врбјанци, годивци, слиовци.

Селото било черкеско, Турчишта одавде од Албанија. И го сардисале овие и тој стана, му дале тие два пиштола, ошол во селото и таму пци многу. Се пуштиле, тој извади пиштолот тик и на другиот тик и овие скочувет по него. Тој летнал, бегал. Овје фрлиле го утепале и овија а гр, гр, гр се тепале, а отаде оздола слиовците, лактинците и го испустиле селото, избегале. Ајде угоре бегала некоја жена, имала некој побратим овде ќе ја носит за Дебар, је носил ваму, та се викала Божана. И таму рекла: „Ов боже!" и денеска тоа место се викат Божина Равен.

## 44

## УКРАДЕНОТО БОГАТСТВО ОД ТУРСКАТА БАНКА ВО БИТОЛА

Во Битола, во турско време, првите векови, имало турски магацини, што бил со злато. Нашите Македонци се собрале, од Турците не могле да живеат. Не им се давало тамо право. Нашите православни се собрале кумити и го запалиле магацинот во Битола. Товариле дванајсе маски злато. И тргнале по сртта битолска и нанцлле ридовите па дошле во селото Кланков Мост, кај Петле. Тука закопале три маски злато и тргнале по ридот нагоре, према Ореше и Папрадишта на Сланик. Останале уште девет маски за да одат, да бегаат за накај Скопје, ридовите да ги ванат. Испаднале на Куртовица. Коа испаднале на Куртовица и проденило. Турците во Битола, војската турска сетила и по нив трчала. Наоружани Турците – сила голема биле. Ги опколиле нашите каури со златото, со девет маски на Куртовица, ама нашите избегале на Горно Чуле над

Бабина Рупа. И кога дошле над Бабина Рупа куртулиле од Турците и дошле на Солунска Глава. На врвот нашите каури виделе дека ќе ги ванат Турците, ќе ги исколат. Маските ги турнале со се златото од Солунска Глава во карпите. И пропадисало златото во вреките и маските. Каурите разбегале, кој каде стасал тамо избегал, но само еден куртулил од ним и он едно тагарче злато си наполнил и забегал на кај Солунска Глава и заминал за село Бистрица. Во село Бистрица отишол кај некој Неделко, се викал Медар. Кај него ноќевал и му расправил:

– Дедо – рече – ја бегам од Солун, од оваа од Битола за Солунска Глава. Девет маски злато ги турнавме во пештерите за да се спасиме од Турците!

И дедо Неделко му дал вечера на човекот и човекот заспал. Дедо Неделко му ги зел паричките на тој наш човек – војвода. Војводата погинал во село Бистрица и дедо Неделко Медар со тија пари битолски, со богатство владее.

Тоа време, веќе било во нашите векови, ми беше некој ловција од селото наше Нежилоо, некој дедо Ѓорѓија и некој дедо Никола, биле ловции по диви кози и одиле во Солунска Глава. Тоа време со пушките ради диви кози да тепаат и наишле кај златото, кај тоа врекито. И кога наишле кај златото едно дете голо седело над ним. Претворени парите во дете. И парите ги виделе во пештерата, злато големо. Дедо Ѓорѓија викал по дедо Никола:

– Трчи Никола да видиш, што има злато и едно машко дете голо седи на париве.

Додека дедо Никола бил на двесте метра далина, изгинале парите и детето. Изгинале и од тогај тија предаваа на помали. Јас го чув ова од ногу стари човеци и тоа злато и денеска може да стоји во тија карпи и не може никој да го најди. Таја е голема висина од илјада и петсто метри висина и не смее тука да влези. Тие ловциите од како влегле се прикажува дека на тоа место имало доказ, затоа Солунска Глава се вика и Битолска Пара.

45

## КАЛЕТО ВО ТЕТОВО

Во калето на Тетовска околија бил некој паша, Абдурамадин се викал. Седел тој во калето горе некој седумдесет години и сето кале го изградил. Имал некој три строја кои му носиле материјали, камен и дрво. Едниот строј му бил спроведен од селото Вруток, Гостиварско, а другијо строј му бил спроведен од селото Вратница, Тетовско, а трекијо строј му бил спроведен од селото Порече, Требовље, кои лудите носиле од рука на рука борово дрво. И како така,

човеко го градил тоа кале со јак утврѓај. Имал преку триста души мајстори од Дебар. Тие работиле седумдесет години, све го градиле тој објект. Тој имал си војска, имал спремано и оружје, имал дванајсет анки. Тие биле брачни жени, биле со свила облечени и така редовно му играле по барање на пашата, а и му певале.

Тија триста души мајстори си избрале некои дванајсет души, како виделе големи греови шо се праело на православната вера. Православната вера пашата редовно ја осудувал, секојдневно по седумдесет души ставал во темната зандана. И вао така овија, мајсторите отишле во Стамбол, до царот турски. Му кажале на царот турски што прај пашата Абдурамадин во Тетовската околија, во калето горе. Царо рекол:

– Дали е тоа вистина, мајстори, ели па не е?

И му рекле мајсторите на царо:

– Пашата се спрема да удри на Стамбол, да ти го земи царството!

И како така царо се им поверуал на мајсторите и им рекол:

– Слушајте ваму, мајстори, еве ви по четири, пет кила злато. Ве наградувам, вие да си одите во Тетово, ама ќе се пазите да некаде не ве фати аскеро турски. Во сабота ќе застанете во Тетово кај Шарената џамија и еве ви едно писмо со големи букви. Јас ќе дојдам во дванајсе саато во сабота со дванајсе фијакери, шесте фијакери ќе ги пропуштите, а при седмио ќе го крените писмото, јас ќе бидам во тој фијакер и ќе ве земам, ќе одиме за калето по тунелот од Кикиш школото нагоре право за кале.

Мајсторите успеале, све онака се криеле, дошле до Тетово. Живееле низ Тетово скриени, го трошиле неговото злато, јале и пиле. Го дочекале царо кај Шарената џамија во Тетово со дванајсе фијакери и кога заминале шестте фијакери, веќе на седмио, мајсторите го подигнале писмото со големите букви. Царо видел дека се мајсторите и повикал и ги зел, мајсторите. Имал обезбедено еден фијакер за ними. И качил во фијакеро и тргнале по тунелот на школото Кикиш и се качиле горе на калето. Ко се качиле горе на калето и пречекале стражата од пашата и известиле на пашата дека идет царо со неколку министри да го провери пашата. Тогај пашата се исплашил ама немал што, морал да го прими, иде царо од Стамбол. Го примил царо од Стамбол во неговата вила. Царо видел како му играле анките на пашата и отвориле муабети, почнале да се гостуваат со некое кафе и царо рекол:

– Не ти примам, паша, ништо, дури не ти видам каква ти е положбата тебе овде како паша, бидејќи ми е докажано мене дека си поголем паша, него ја како цар во Турско, во Стамбол!

И веќе царо почнал да му врши претрес на пашата. Му нашол многу злато и му нашол многу војска, многу оружје и некоја припрема, како да тој вистински се припремал да удри на царо во Стамбол. Кога му извршил царо на пашата претресот, видел стварно дека пашата сака да удри на Стамбол. Му поставил прашање:

– Абре, паша – рече – дали ти си паша?

– Па – рече – честити царе, јас сум паша!

– Ама – рече – зашто, каков си паша ти, кога ти си повеќе спреман, него ја како цар. Имаш повеќе злато, па имаш и оружје и јака утврда имаш. Ти како паша – вика – не смејш олку да имаш, ја и ти ќе треба да отвориме за ова разговор. Дали ти ќе ми дадеш ова твоја вредност, која се наоѓа кај тебе, нешто мене како цар?

– Па – рекол тогај пашата – честити царе, јас не ти давам. Само можам да ти дадам со војна, а вака не!

На добар начин не дава. Е што ќе прај сега царо. Царо не можи да отвори војна, бидејќи он дошол само со некој министри негои и со некое усигурање. Царо си се вратил, чутејќи си отишол во Стамбол и собрал војска по цела Турска и удрил на кале. Се борил три месеци на кале. Не могол да пробие никако, па си барал царов помош од некоја друга држава. Некој Миниќ, па да му е пробиет железната врата, у ствари као челична врата, да му е пробиет, па да может да влезет внатре во калето. Е веќе во тоа успеал. Некоја друга држава му дала помош и го заробил. Ама од пашата ни еден војник не погинал. Пашава се предал. Имал мајстори што му работеле некоја чешма, му правиле со дванајсе цевој, ама водата уште не била дојдена. И кога веќе царов е изврзал цела фамилија, цело поколение од пашава, пашава и тој бил врзан наопаку со рацете и му рекол на царо:

– Честити царе – рече – уште едно барам од тебе. Моето се знај веќе што ќе биде, ама само да погледам уште еден пола саат, да ме задржите, да видам водата коа ќе стигне, дванајсе цева како ќе бијат!

Царот му одобрил. Застанал уште пола саат. Стигнала водата и почнале да бијат цевовите и пашата веќе се задоволил, рекол на царо:

– Честити царе, многу ти фала за ова!

Ама пашата од тие дванајсет жени имал едно најмалечко дете од три годинни. Тоа му цуцнало рака на царо:

– Честити царе, рече – немој мене да ме врзујете у ваквија железа, јас сум малечкав, јас не знам, јас не сум видел ништо. Ако е виновен татко ми, јас не сум виновен ништо.

И му се нажалило на царо, кога му е цуцнало десната рука и царо го тури во фијакеро, каде седел царо. Кога слегле доле во Тетово, кај станицата, кај школото Кикиш, туе имало некоа кафана и застанала турската војска и царо и министрите да ручат туе, ама детето од пашата избегало. По цело Тетово го тражиле, не могле да го најдат и до денеска. Значи, тоа дете останало и се заселило во текето и до денеска постои негово поколение.

Ова сум го чул од селаните на селото Лавци, како е докажано од стари, па преку стари дека тоа било таква работа. Тој осудувал по седумдесет души млади во таја темна зандана. Некоја си девојка, се викала Цвета, живеела двајсет и осум дена без леб и без вода во темната зандана. Ова сум го чул и ова докажувам и понатаму не знам!

46

## ГРАДЕЊЕТО НА КОНАЦИ ВО ТЕТОВО

Во турско време Амзи паша од Тетово терал рисјани да прат конаци. Еден машки и еден женски конак. Рисјаните носеле камења дури од местото Девојкин Камен. Една жена нишала девет лулки, девет колевки, девет крошни. Луѓето се наредиле од Девојкин Камен до Бардовци. Од рака на рака камен давале за градење на конаците. За три години се изградиле конаците. Една жена девет лулки лулела. Со врвки и врзала лулките. На секој прст врзала врвка или сиџим.

47

## НАСТАНУВАЊЕТО НА КРИВА ПАЛАНКА I

Од мојот покојни татко сум чул, дека нашето место било гористо. Тука е бил некој пат, овако каравански. Не е бил како сега колски пат. У тоа време тука е дојден некој, како што се каже, Барјам паша. И он тука оснуе овамо една мала заедница. Прво и прво он је подигнал голем ан. Местото је било гористо и тука се е секло и тука одма се ѕидало. После, понатака гради други објекти. Гради амам, амамо и овај кула саат. После тие објекти почнал да гради џамија. Кога сето ово е соградил, почнал овој да ствара турски уќумат (како се каже сега да е наша општина).

Тука са минували овако некои трговци од запад тамо на исток. Ово било ајдучко место и често пути нападали, пљачкали и убивали. Крепоста која е подигната (тука позади самото општинско собрание) служила за одбрана од тие тамо ајдуци, кои повремемо ги нападали патниците кои са ишле, трговци од Скопје кон Деве Баир, Ќустендил, за Софија.

После извесно време градот почнал да расне, овако фамилијарно. Пошто са Турците били на Балканот најголеми освајачи, они са истовремено своите фамилии доведувале тука и така е настанала таа муслиманска населба. Поред нив и наши луѓе овамо доваѓали од селата. Ние не сме се тука родиле во Паланка, нашите претци са сељаци. Дошли са од селата. Така са створиле една муслиманска касаба и почнал градот да расне. После почнале да се откриват тие занаети – дуќани. После се ѕидала и нашата црква „Свети Димитри“. А манастирот „Свети Јаќим“ сигурно је почел да се ѕида у дванајсти или тринајсти век.

Паланка постепено расне. Доградуваат се тамо куќи и доваѓат наши луѓе од селата. Формират се маали у градот од кои најважни се Мишовска маала, па Варошка маала, па Грнчарска маала (по

самиот занајат), па после Спротивска маала, па Чукарска маала. Овамо во најголемата маала са били Турци. Таа се вика Осичка маала и овамо Осоговска. На доле од Соларски мост то сме биле Македонци. За време турско Паланка је имала четири пет иљади жители.

## 48

## НАСТАНУВАЊЕТО НА КРИВА ПАЛАНКА II

Пред да се создаде Крива Паланка овде било густа шума. Турците заминувале по патот од Цариград – Софија – Ќустендил, па по билото на Осоговската планина кон Скопје. Караваните биле напаѓани од страна на ајдуците. Тоа нешто го увидел Бајрам паша и доаѓа до заклучок дека најубаво е патот да се направи по течението на Крива Река, со тоа да се избегнат сите напади од страна на ајдуците. Тој збира аргати, жетвари од околните села кои оделе во поле и прави еден голем ан. Овој ан е наречен крепост. Оваа крепост на сите четири ќошка имала четири кули со отворени дупки, за да може да се брани војската од напаѓање. Тука биле ставани пушки. Во анот можеле да се сместат околу 550 коња и поголем број аскери.

На главниот влез на вратата постоеше една плоча на која е напишано како Бајрам паша е создал Крива Паланка. Оваа плоча се наоѓа во Историскиот архив, или музеј во Скопје, ја однесоа од тука.

Со создавањето на оваа крепост, тој предвидува да се сгради една воденица, фурна за леб и саат. И почнува да ја создава Паланка. Најдобриот дел го определува за турското население, така наречена Ага Малеси. За останатото население: Осичка маала, Чукарска маала, Црковска маала, Мишовска и Грнчарска маала.

Овој пат што води по Крива Река е наречен Егри Дере и по тоа нешто се викало и Паланка. Егри – Паланка, додека подоцна станува Крива Паланка.

## 49

## ВАРОШ И ПРИЛЕП

Пред идењето на Турците, 1389 година, тоа е пред борбите на Косово, кога завладеале Турците. Денешен Варош бил град, за тоа се знај да уште денеска, се знајт кај што биле бакалите, се викат местото Бакалици. И темели се најдуваат, разни нишани, разни

:тарини се откопуваат, грнчина тогај што се служеле, некој други заботи, предмети старински. Бањите кај што биле се знајт то е Бањиште. Се знајт кај што биле точилата, кај што биле ковачите, ;ај што се прајле секири, кај што се прајле сите предмети. Тогај фабрика немало и се на рака се изработувало од шајка па до тесла и до секира. После идењето на Турците Варош се растурил. И по то ю укреплението за одбрана на градот, овде бил на Варош, а не на Прилеп и зато се викат и по турските тефтери – Кале Варош.

После растурањето на Варош е направен Прилеп и затоа се вика Прилеп бидејќи прилепен до градот. Пред идењето на Турците во Прилеп постоело само оној зидон што се гледа тука, тука било ан, кај што биле крстосувани патиштата за Крушево, за Битола, Кичево, Градско, Велес.

Со идењето на Турците, пошто Турците барале повеќе вода, во Варош послабо вода излегувала, пошто е исцедно место и тие се населувале тука кај што било ливаѓе и шамаци во то време. Баш денешниот саат и џамија. Џамијата е најстара со бањата, што ладна каршија, тије се најстари. Кога дошле Турците е праена и скршената џамија, долу во долно маало. Тука кај што е џамијата, под саат тука бања имаше и скршена џамија д[illegible]чно маало кај што зибнја беше. Да појш сега исто [illegible]дани се ист[illegible]е џамии. И после идењето на Турците почна да се доправа гр[illegible], да се населуваат од Варош, пошто тамо беше се отворило чаршија, се отворило дуќани. Дури црквата не била напраена на благовештение во Варош в црква иделе од Прилеп, до 1838 година. Тогај е напраена црквата благовештение, до тогај во Прилеп немало. Сите жители кој што биле православни во Прилеп иделе во Варош и тука се венчавале, се крштевале. Свинско месо било забрането во Прилеп да се колит, тука иделе од Варош да купуваат рисјаните кој биле. Во Прилеп забрането било од Турците кај што се колело друго месо да не се колат свињи со истите ножој. И рисјаните, кој сакал свинско месо да купит морал во Варош да дојдт.

50

## ПОТЕКЛОТО НА ИМЕТО НА ПРИЛЕП

Прилеп вака име добило: Таму било Варош, шо се вика Марков Град и Заград. Таму било градот. А Прилеп кај шо е сега ливади било, бари, жаби кркале. Али еден човек направил кај сатон што е денеска една куќа. До неа се прилепиле и друзи. Прилепујале, прилепујале и така го добило името Прилеп. Куќи што се прилепиле веќе. И така добило име Прилеп. А Прилеп не е до Варош

прилепено. И денеска уше е одлепено, подалеку је. Прилеп само по себе је прилепено. И така и денеска го носи името и се вика Прилеп.

51

## ГРАДСКИОТ СААТ ВО ПРИЛЕП

Градскиот саат во Прилеп е граден во турско време. Местото каде е изграден Саатот се викало Шукуроски Ливади. Ко и копале темелите многу вода излегувало. Мајсторите Коста и Перо Лауца од Прилеп влегле длабоко шест метри. Имало колку едно гумно вода. Мајсторите слегле долу. Вода извирало. Со маски и магариња дотерале триесет и шест тоари вар. Варта е туриле долу, врлиле и чакал. Водата секнала. Во прво време некој си мајстор Есат се пазарил со ќуматот да го изгради Саатот. Се погодиле за триста и шеесет и илјада гроша. Мајсторот Есат работел само некој ден. Еден ден мајсторот Есат зел дваесет турски лири, избегал и уште еднаш не се вратил.

Уште при ѕидањето Саатот малце се навалил. Мајсторите Лауцовци го зеле шушветот, терезијата и утврдиле од десет сантиметри Саатот е понавален. Саатот се градел дванајсет години. На Саатот пишува: „Секое удрување на саатот човекот треба да се сети, оти животот му се скусува." Писмото е арапско, а зборојте се турски. Градскиот саат почнал да се гради во 1863 година.

52

## СААТОТ ВО ШТИП

Часовникот имал голем звук. Е некој бег идел од село сос анамата, а она бремена. Толку је имал голем звук саатот коа је удрил „бам", оваа се уплашила – пребацува. И овој мартинката „бам" на саато, пробушил го. И од тогај изгубе му звуко. Он се је слушал чак у Драгојево коа је ударал. Турците са го градиле тогај тој часовник, висок је. Србите сакале да го дигат од туја, да го носат у Србија, у Србија ќе го носат. Ама нашите: „Не, не!" и остана па туја. А је симнуван. Народо, штипскио народ не го дал: „Тој саат ни је од време и тука ќе си стоје, не го даваме ние саато. Ако не истепате сите земете го!" И оставиле го саато пак, не го земае.

## ПОТЕКЛОТО НА ИМЕТО НА КУМАНОВО

Турци к'д почеле, Куманово овдека да се населуе, оваj река овдека текла поред на овоj место, да кажемо, носеќе песак из реку овдека.Носиле песак, а Турци га кажев песак кумла. Турци га кажев песак кумла и затоj га назвале Куманово, а д'н дан'с такоj стои – Куманово. Jа, тоj е, не друго ништо.

Тоj одамно било, коj знае колко години мож да има до душе, петстотини године, ели колко е тоj, не могу да знам тачно, али углавно Куманово што се зове Куманово, због тоj се зове Куманово. Турци га кажев песак – кумла. Како се е викало пред Турци, е тоj не знам, бога ми, тоj не знам.

54

## ТЕКИJА - МАКЕДОНСКИ БРОД

Во Текиjа (Македонски Брод) во турско време имало едно манастирче. Манастирчето се викало Свети Никола. Во манастирчето имало седум калуѓери од село Барбара, Порече. Ова село во турско време имало триста куќи. Денеска селото Барбарас не постои. Турскиот паша еден ден ги собрал селаните. На селаните им рекол:

– Селани, бре, ова манастирче ќе го прам теќе!

Селаните му се молиле на пашата:

– Аман, паша, ако биде теке, да ни дозволиш да палиме вовчени свеќи како што палиме в црква.

Пашата на селаните им одобрил да палат вовчени свеќи на текето. На текето Турците палеле само лоени свеќи.

Од текето потекнува името Текиjа. Во турско време селото Брод се викало Текиjа. И денеска постарите поречани за Брод велат Текиjа.

55

## СЕЛОТО РАЗЛОВЦИ

Прво селото е било половин на Главата кон Алиманов Гроб, а половин преко Брегалница, кон свети Илиjа, црквата така се вика. Тука први се преселили некои жители од Разлог – Пиринска Маке-

таа црквата постојат само остатоци. Тамо одиме на Свети Илија.

Денешното село е почнато да се прави пред осумсто, но која година, тоа не знам. Кога настанало селото и најакнало сос богатство се сојузиле сос поп Стојан некои други, како Ѓорго Стоил, Цоне Спасето и мое дедо Стоил Коваче, по името Соколовци. Решили сичките да дадат по еден ѕевгар волове, секој ден да возат камења за градбата на црквата. У три тодини време ја изградили црквата сос ѕид на темел. После три години и зографи почнали да и праат. На зографо са дали три иљади брави. Само бојата е била од мајсторо, оноа другото сичко било од селото. Зографот што ги правел зографите бил мајсторот Велјан од Самокоф, од Пиринска Македонија. Три години темелот е граден и три години зографот правен. Тогаш Турците дозволувале да се гради црква. Поп Стојан е успеал да изгради црквата сос негова сила, негово јакоство и сос богатство. Правилното име на црквата треба да биде цар Костадин и царица Елена (на 21 мај по старо). Но Турците не са давали да викат цар Костадин ѝ царица Елена, да именуват царот, туку са ја викали. И ден денеска се именува Никулден.

Кога се е градила црквата од поп Стојан му давале награда на еден свирач (постојало еден гајдарџија), му давале по една турска бела меџидија, за да имат ќеф младите, младинците да носат камене. И са носили вов раце по еден камен од реката. А гајдарџијата постојано свирел и сос них до реката и од там па до храмот. Мите ли се викал гајдарџијата, не знам. Бил од Разловци, може Мите Буовски – Буата. Мите Буата свирел сос гајдата.

Камбанаријата во село Разловци правена е у 1909 година. Тогаш свештеник бил мое татко поп Костадин Стоилов. Едната камбана е купена од Прилеп а другата тука е напраена с мајсторето од Пиринска Македонија, од Неврокоп. Камбаната е праена така: приготвивме сичко, бакр, туч, сребро и калај. И дојдеа мајсторите. Тука ние напраиме ваглишта и почнаа да топат. И за едно половина денонощје и за една нош биде готова камбаната. Поголемата камбана е тука праена, во селото Разловца во 1909.

Во селото Разловца во 1876 година било востание. Од почетокот имало некој Турчин од Истевник-Алиман. И тој бил полјак туа. Арно, ама фати место туа сос некои жени и зел да си оди при них. И това управо било у Терзивци. Поп Стојан там имал сестра у Терзивци. И не можел да трпи това, да гледа. Му се спротивил на Турчино, на Алиман. Зел да му вика:

– Алимане, или се уведи од тука, или јас ќе те уведа!

А тове му се немејавал, викал:

– Јас, ќе се уведа, ама и на твоата ќерка куга ќе направа дете!

И поп Стојан не можел да трипи веќе това и бегал до дедо Иљо од Бероски и неговиот зет Димитар Ѓоргиев од Берово, да видат како може да се убие Алиман. И, де горе, де доле, они терали момент и успеали да го убиат Алимана и некои друзи Турци куито са били тука сос него. Они мислили сичко ќе површат тука и ништо

да се не знае, ама шпиунажата е предала. Некој Турчин избегал и он кажал каква е работата и тогаш дошле башибозуко и аскеро. Поп Стојан избегал у Рила. И там го стигнали Турците по шпиунажа и за да не го мачат, да го чинат, фанал убил се сам.

## 56

## ЗАРОБЕНИТЕ РУСКИ ВОЈНИЦИ

Во Турско-руската војна, турските аскери заробиле руски војници. Некој од заробениве војници станале послуга кај турскио паша во Кичаа. Турскио паша кој ќе идел во Текија (Македонски Брод) за да се клања и прави метании во текето и водел обајцата заробени руски војници. Во турско време во Текија имало едно теке во кое лежел Свети Никола. Тука бил гробот на св. Никола. Турчинот Баба-Деде бил стопан на тоа теке и стопан на сета Текија. Турскио паша во Текија им рекол на заробените војници, неговите слуги:

– А бре, момчиња, али сакате да останите во Текија? Овде ќе ви биди арно за живеење. Ќе работите кај Баба-Деде.

– Ефенди, паша, како ќе речиш, така нека биди!

Обајцата заробени руски војници останале во Текија, а турскио паша си се вратил во Кичаа. Заробените војници станале слуги, измеќари на Баба-Деде. Едниот заробен руски војник се викал Сугаре, а другиот Јанкула. Обајцата се ожениле во Текија. Сугаре имал два сина: Раде и Јане, а Јанкула само еден син кој се викал Алекса. Обајцата долго време живееле во Текија. Нивните деца нараснале, се ожениле сите три деца.

Еден ден Турчинот Баба-Деде и викнал и им рекол:

– А бре, Сугаре и ти Јанкула, вие се оженивте. Имате деца и внуцци. Овдека не можите повеќе да останите, турскио закон не дава. Таков е адетот. Вие знајте оти овде се збират многу Турци на ашир на Бајрам. На панаѓур идат и пеливани. Се борат, тапани тропаат, зурли свираат и пискаат. Ќе ви напрам по една куќа во местото Аниште.

– Аман, Баба-Деде, ти и господ. Како ќе речиш така нека бидит. Поарно ќе ни биди ако ни напрајш по една куќа во Барбарски Реки.

Баба-Деде се согласил. Ватил мајстори и за брзо време им напрајл по една куќа. Јанкула и Сугаре веднаш се преселиле со своите фамилии. Почнале да се занимаваат со земјоделие и сточарство. Јанкула и Сугаре биле браќа. По некое време се разделиле. После неколку години на тоа место станале пет куќи. Тука се доселиле и некои фамилии од село Барбарас, Порече и од некои села од Охридско. Селото се ширело. Од селото Барбарас се преселиле

шест фамилии. Селото Барбарас некогаш било големо село. Имало преку деведесет куќи. Се испустило. Чумата тепала во селото катаден луѓе. Секој ден по неколку души умирале. Останале само петшест куќи. Тие избегале низ разни села во Прилепско.

Ете така настанало селото Сув Дол, Порече. Селото се вика Сув Дол бидејќи се најдува во еден дол. Долот во лето и есен е сув како барут. Нема капка вода. Водата што минела некогаш по долот секнала, а водата што идела од местото Дувче тргнала во селото Дебриште, Прилепско. Над селото има малце вода која селаните ја користат за вадење на градините, ама не течи како некогаш. Во пролетно време после топењето на снегот горе во орманите, низ долот течи матна пенлива вода. Тогаш долот е будалест и никој не можи да го скроти. Јачи и бучи. Носи дрвја и камења. Водата се што ќе најди, ќе забери. Водата баботи, дури страв да те фати.

Селото Сув Дол се најдува по течењето на реката Велика (Треска), на три километри од Македонски Брод.

## 57

## СЕЛОТО СЕКАВЕЦ

Нашето село се находа на деснио брег на Струма, на деснио брег на Струма, викам, сега течението на Струма, а порано Струма врвела сред Серско Поле одела, по тамо течела за Орфанскио залив. Тоа време нашто село било големо село, се викало Караџоу. Добрю, ама по промената на коритото на Струма, дошло покрај нашто село, значи, се сменило коритото, од тамо дошло, покрај село да течи и това не само една година, но многу години и селото било многу богато, значи, народо имал имовина, имал своина, све купено тоа. Ка сме дошле тамо, тија биле некои пусти места, купиле народо. Наште се многу трудољубиви, наште Словенте многу трудољубиви. Трудољубиви наште Словени, многу трудољубиви, а па Грците биле чифлигари тогај.

Е, после та поплава било тешко живото тамо и се преместиле на два километра понагоре. Било тоа турско време, не знам баш кое време било, ниту старте знаеле кога било. Од големата поплава го смени коритото и нашто село останало од та страна на реката, се повлекло нашто село. Имало друго едно, друго село горе, шо вике наште Секавец. Секавец се викало, то било два километри од планината.

Това село там било хан некое време, имало каури, некои сед'м куќи, а било хан тамока. Имало тогава шо оделе Солун, Серес, врвеле тога преку нашто село и некое друго село, Потамос, Хамили и ќе заминат. Имало еден хан којто наште го откупиле од то газда.

Имало околу дваісе куќи на него, со фамилии живеа там. Е, това село Карацоу се повлекло до нашто село Секавец што се вика.

Секавец, од старите ја слушах, некое време кажуваа, колку е истина не знам, некое време тога кога востануваа меѓу Византиците и Турците, станувале борбите, па нашто село било тамо покрај Струма блиску, ама Турците го зеле ангарија тамока, забиите да носат вода, они биле като водари. Тамо горе на планинта вода нема, а има тамо една тврдина, се кажува Кисар, на грчки Ставрокастро се кажва. Та има околу дваісе-триесе хекта, па има ѕидини таквие големи. Од тамо надолу било град некое време. Уд селото побогатите се собрале тамока и додека падна тврдината се водело голема борба. Е, нашто село тога и наште луѓе ги употребиле Турците като водари. Тија Турците имале, такво, се кажува сакардељ, збор на водарите било сакардељ, сакарчи neко такво. После наште тоа го претворија во Секавец. така го викаме нија, а тија Грците го прекрстија Ливадохори. Това знам, малку шо слуша од старте. Наште това време биле водари, па Турците му велеле сакардер, значи, сукаци, вода шо носат и затова останало името.

## 58

## НАСТАНУВАЊЕТО НА СЕЛОТО П[illegible]АРСКО

Нашите луѓе биле, кога Словените се населиле во Егејска Македонија, на старо време, биле населени дури до Солун. Некое си време кога Турција, значе, завладеала, почнале нашите да му противат на Турција и да му се креват како кумити тамо, да му прават бели големи. Турција на тоа озгора се налутила и собрала такви луѓе шо са, значе, немирни луѓе, и собрала и им рекла:

– Не ве сакам тука и ќе ве втерам во некоа планина некаде.

И собрала, и собрала, и собрала вакви луѓе и и истерала, и донесла дури до Пожарско. У Пожарско немало село, кај Кајмакчалан, тука Чеган, Горничево и Пожарско не биле населени. Вака собрала, собрала Турција кумиташи такви шо му правеле беља на Турција и собрала и му рекла:

– У ваа планината кај знајте да живите!

И дошле виа тука и се разделиле. Едни рекле:

– Тамо ќе одиме!

Едни тамо, едни отишле у Чеган, други отишле у Горничево, други Пожарско, си направиле села. И кога дошле нашите селани, отишле во едно село шо се вика Мелиштето. Една планина се вика тамо Грежден. Од Грежден вамо тамо има село Малитето се вика. Тамо имало еден извор убав и местото згодно, спроти сонце и рекле:

– Тука ќе праиме село. Не истераа Турци, тука ќе си направиме село!

Тогаш имале еден обичај: ќе закачат едно колче во земи и ако се соберат мравки, значе, може село да биде, ако не – нема село да биде. Го закачиле колчето, ко станале сабајлето имало мравки, ама малку. Гледат, гледат, ама мора тамо да останат. Останале тамо, шо знам, колку години а селото не се плоди, заостана.

– Е – рекле – ќе пробаме понадолу малку!

И отишле понадолу во Ветково село, така се вика. И отишле тамо, закачиле едно колче, се собрале повеќе мравки.

– Е, овдеа за село ќе биде!

И сега дошле тамо, направиле село, станало то селото, ама то селото станало до педесе, до сто куќи и повеќе не оди.

– Е, и овде не оди. Ај ќе закачиме друго колче понадолу.

Отишле у старото село кај шо е Горно Пожарско, закачиле едно колче, кога виделе мравки се собрале многу.

– Е, овде е за село!

Се населиле тамо, станале триста куќи до четиристотини, не знам баш правилно да кажам. Се населиле многу и нашето село станало многу популарно село од другите села од Егејска Македонија, оти тамо имало и дуќани и доктури. Значи, тоа било како град.

Пожарско се вика зашто овие биле сите бунтовници, му правеле лошо на Турците и Турците ќе дојдат ќе го изгорат селото и ќе направат пожар. Пожар, значе, ќе го изгорат селото и ќе стане пожар. За то го викат Пожарско. Тие ќе изгорат, па тие ќе се приберат. Така било во тоа време. И за тоа останало Пожарско и Пожарско. Од пожарот е добиено името, шо изгорело.

Нашето село беше триесет куќи, Горно Пожарско, а Долното беше триста и педесе. Селото поделено било на три маали. Горната маала се викаше Мечкар Маала, средната маала се викаше Габер маала, нашата маала се викаше Варош маала, од шо беме ние крај црквата и крај школото. Мечкар маала се викаше зашто беше покрај планината погоре.

59

## СЕЛОТО ЛАВЧАНИ

Да ти раскажам особено за нашето село, како е постанало името, како му станало Лавчани да се вика.

Нашето село е постанато од некој Влав. Тој Влав бил од Закамен, од Албанија. Закамен, некое место така се викало во Албанија. Од Закамен бил тој. Е, од некој зулуми и тој избегал од Албанија.

Не могал да живеет и као православен барал некое место во нашиот крај шо не додеваат ногу, кај шо не додеваат арамиите.

Е, дошол. Тоа било испустено, орман тоа место. Тука се населил. Имал тројца синои. Арно, ама во околинското место, тука во околината имало села други и поп, имало и падар. А имал тој тројца синови, а и една ќерка имал. И падарот им вика:

– Попе – вика – знаеш шо? Ќе ми даеш ќерката – вика – за жена! Тој стално ишол на конак туа наутро, навечер, ќе поминет, ќе заминет.

– Абре, ага – му викат – како да ти а дам ќерка ми, нашата вера не дават – викат – да биде кадана. Како да ти а дам!

– Не, ќе ми а даиш. Ако не ми а даиш ќе те тепам!

– Еми шо да праам – викат – ќе видиме, ќе се прашам со синовите. Имам тројца синови.

– Е, добро. Ќе дојдам уше еднаш – викат – да ми кажеш.

– Добро!

– Ќе одам сеа во другите села и таму сум падар.

И кажуе на синовите вна попот:

– Вака е работата – вика – од падарот. Сестра ти ни а сакат за жена.

– Како? Сестра ни наша ни а сакат за жена? Мамето ќе му го е--м негоо!

Станале тие, исекле бела мецидија. Во тоа време дваіјсет гроша коштала една мецидија, тоа значи по турски. Бела мецидија дваіјсет ли или дваіјсет и пет ли коштала таа. Исекле, а чуле тие дека ако некој носел живо сребро, не го фаќало куршум. Исекле, иструпиле, тогај у тоа време кременарки носеле, имало пушки. Исекле и а напаниле пушката и му викат на жените:

– Ка ќе доит падарот да му дајте да јадит и да излезите, дајте му да јаде и излезите од куќи, да не сејте тука.

– Ага, јади ти, није ќе ојме стоката да а врзиме до арот.

И овиа седнал. Во тоа време немало куќи коа сега шо имат куќи, туку куќа од една страна говедата, од една страна луѓето, на среде една соба колку да стои чатијата, озгора сламата, толку биле, привремена работа. И му дале жените да јадет и излегле. Некој овците, некој говедата да видит и овие однадвор биле синови му. И од пенцерата – так! Низ пенцерата фрлиле и како шо јал леб го ничкосале. Арно, ама го погодиле чипо. Тој носел сабја, сабји не биле тие, ками биле, тие тогашни ко за сечење месо. И имало дирек на куќата и на дирекот удрил. Од лутина на дирекот манал – врам! Вие избегале, се искриле натаки, наваки. Тоа било орман покрај куќи. Се скриле и вој коњот го јаанал, ќе бега. Крвој течат по коњот. И овие кучето го пуштиле. И го пуштиле кучето и го собрале кучињата. Го усъбориле од коњ. Паднал и го удаиле човекот. Што ќе праат? Го зеле човекот, виделе оти кучињата го уббориле и ќе го фрлат у една јама. Таму имало една јама и денеска знам каде е. И го фрлиле во јамата. Фрли камењ удолу, пол саат ќе оди каме-

нот, ќе буботи удолу. И го фрлиле да се не најт. Почнале Турците да го бараат:

– Не дошол?

– Не дошол!

И човекот, овој попот од тука се иселил од тоа место. Па во исто место се населил, значи во наш синор, се вика Корита. Се населил таму. Таму станале седум куќи тие Корита. Од таден па не могле, не му ујдисувало, лошо местото, камен, орање немало. Текардан назад. Назад се вратил и тука заживеале и се понаселиле поеќе и му клале името Лавчани. Така селото настанало и го добило името од Влавот – Лавчани. Пошто бил Влав и немало друго име како да му го клават и Влавот, Влавот и Лавчани.

60

## СЕЛОТО САКУЛИЦА

У старо време Сакулица е била на едно место. Била е овде куде црквата. Коку е било големо селото не знам. Арно, ама кога дошло време да се пусте некој овчар имало горе у Стубљанци, горе у Лејчовина. И една вечер фанев го тамо Турци зулумџии и рекле:

– Ајде, ти овчарко, кидеш вечер на кметот ваш да кажеш ќе му дојдеме на гости. Ќе му дојдеме на гости!

И к'т дошол овчарот на кметот каже му:

– Кмете, таквај и таквај работа. Ќе дојдат вечер гости да чекате. Ќе спремате вечера, печење, ќе дојдев тие гости.

И кметото рекал:

– Нека дојдев!

И вечерта они дошле. И пречекал он убаво. Дал и јадење, дал и пиење. Арно, ама они к'т се напиле, па имале четириесет млади невести у селото. Рекле:

– Ајде, да дојдет невестите, ќе играв на кошуљки пред нас!

И арно, ама на оние не им се досвиде, људи. А овчарот рекал:

– Слушајте, нека дојдев, нека играв, ама ќе им дадете да се напиев, па ја ќе им е-у мајку на ним. Ама вие ќе се спремите, јутре фамилија у село да не остане. Одма, жени, деца, куде знаете бегајте, а ја ќе ги уреду ним!

И они изнапиле се убаво и попаѓале. Он зема едно секирче, убаво, исколе ги. Еден останал трезен, побегне. Иде у Кратово, јаве тамо на тија нини, кумандаство ли е било, што ли е било, дек ги истепале туј. И од там потера дојде. Овие избегав преко ноќта со се деца, со се фамилии. И дек ќе ги стигнев, куде Штип, Ново Село. Там са ги заселиле. Не ги фаќало веќе закон.

И село се запустило. После наново се село заселило. Најпрво се заселиле Шоповци. Они са дојдени од Врање и затој ги викаат

Шопје. А по нив Грчковци. Они се заселени од Грција. Еден Грк е продавал прстење и белезики, меѓушки и бабичката си ја водел со него. Арно, ама ги ватило зиме. Не могале да си отидет тамо, туј заноќевале у некое трлице а у тија години нини стари одимале едно дете. И после к'т добиле детето туј и веќе нејќејале да идет за Грција. Бабата викала: „Не ни треба да идемо тамо. Пошто видиш каква е овде чисто, убаво зеленило". И од techними останало тој поколение и са станале големи фамилии и затој ги викат Грчковци.

По ними са дојдени Стубјанци. Они са дојдени, населиле са се од Стубол. Е, Вукановци са дојдени од Талашманци. Од там са они дојдени. Туј са се заселиле у Сакулица. Дураци са дојдени од Дурачка Река, Паланка горе. И затој ги викат Дураци. Николовци са дојдени од Свети Николе. И затој ги викав Николовци. Носев си свој назив они. Неовковци викав ги зашто се дојдени од Неокази. Крстевци са дојдени од Рудари, од Крстевци и заој си се викат Крстевци. Беазовци, они са од Тополовиќ. Амцинци са од Тополовиќ, Зеендревци са од Тополовиќ. Коларци са од Татомир дојдени. Чаушковци, они са дојдени од Железница, од Чаушковци. У Железница има Чаушковци и од там са дојдени они. Туј са се населиле у Сакулица. А Станковци не знам од дек се дојдени они. Не знам од куде са они населени.

## 61

## ИСЕЛУВАЊЕТО НА СЕЛОТО САКУЛИЦА

Ми кажувал еден старец што сто и двајсе години живеа. Кад селото било доле куп, каде болницата дека е сега, Турците си правиле ќев сос православните луѓе. И собирале жените млади и невестите. Имале си одредена зграда што си правеле они со нив ќев тамо. Некоја баба не могала да трпе т'ј зулум и организира една група снаи к'т у т'ј зулум тамо они ги терале. Играле тие млади невести и тие жени там играле и они у т'ј к'т почнале да се смејат и они урипат сос секири – исколе ги Турците. Оставиле само еден. Сабајлето к'т, тоа било преку ноќ, сабајлето к'т самнало и т'ј Турчин да га спроведет за Кратово да иде да каже на Турците дека тај работа е извршена. Ама к'т пошле натамо и он му рекол т'ј кауринот на Турчинот: „А се обрна, а загина!" Он си имал пиштолет у нега и овија т'ј спровел.

И овија земат исечет главите на Турците. Тие ги понесет сос нив и цело село си тргнет. На километар ли е било, на колку растојание е било, набие колец у земја и набие глава на колецо. И к'т дошле Турците у селото, не могале ништо да најдат. И испратиле една патрола. Рекле: „Дека стигнете т'ј народ, там да населете". Стигнале ги испод Штип, Ново Село. Тој е Ново Село од нашето поколение.

62

## СЕЛОТО БЕЛАЦРКВА

Селото Белацрква некогаш било полно со кал. Местото каде сега се најдува селото Белацрква некогаш било полно со трсје и шамак. Во тоа врме имало само една црква. Црквата во селото Белацрква е најстара црква во Пелагонија. Селото Белацрква името го носи од црквата која била бела како снег. Шамаците постепено се сушеле. Водата се цедела. Ко се naселувале двете племиња водата почнала да се цеди. Овие племиња биле чергарски. Едното племе го чинело Петкоен, а другото Митроен. Има една легенда, која зборува дека Крали Марко прв ја видел оваа бела црква во средината на мочуриштето. Со Крали Марко била и сестра му Мара Крчмарија.

63

## СЕЛОТО ЖЕЛЕВО

Во селот наше, ко што јас, демек, од стари годинн, во моето време шо паметвам, сите беме Македонци. Има населеници, шо се дасофилаци, некои така шо има пушчено со служба, даскали. Има и Грци сеа населени, шо има пушчено државата на служба.

Од старо време, шо слушаме од старите, имаше некои од Дојран, избегани, туа дојдени да живе. Од Турците биле избегани во Желево живеа. А пак напред, пак старите ошче шо кажваа, има селани од Дибра. Биле избегани и сеа некои се вике Симовци, некои са вике Дибрановци. Е тие биле дојдени, од старите во нашето село.

Желево било дека сеа го викаме Старо Желево. Тамо било селото. Некои си години, никој шо не паметва која година било, станало голема поплава, се скинале планињето, се напрана трапишта и селото се крена од тоа место и дојде вамо, да се живи, селото народо да живе. Коа дошле туа да се населе на оа место, нашле од една краа две јуниња, машки, родени и тие јобете црни. И направиле рало сребрено и јарем сребрен. Од селото кој обетки си дашол, кој пафтии си дашол да о направе ралото и јаремо и и прегнале тие волињата.

Коа и клашле тие волињата на јаремо, фатиле да си о лиже јаремо. Три пати го заорале селото около наоколо. Местото го заорале да живи народо, за да о чува госпо од секакво едно нешчо. Ко сребро шо е здраво, така да биди здрав и народо за живот. Тоа го направиле за народо да живи.

## 64

## СЕЛАТА ЧЕГАН И ПОЖАРСКО

Нашето село Чеган го кажват. Си прикажваме ние, едни меѓу други со Пожарени дека било од Солунско Поле, близу Александровата Кула, тамо. А од тамо, не знам од кого, дали е од Римјани, или од турско ропство, се селиле наште сељани од тамо и дошле у Вртикоп. На Вртикоп, па тамо две патишта имаше. Еден десно, други лево одеше. Е, спале тамо, растовариле тамо, знајш, и спале. На утрото станале за да си тргнат пак да одат. Првите фамилии шо тргнале напред, тие заминале десниот пат, го фатиле, знајш, и заминале за Метленско тамо, а другите збунети на знаеја каде, како, кај фатија тија. Тија шо зее лево искочија во Чеган, во тоа место, а тија десно во Пожарско. И сега ние кога се сретнуваме со Пожарени се викаме браќа, браќа. За тоа братство се знае, значи, оти од едно село сне биле и како тргнале и како се разделиле.

## 65

## СЕЛОТО ТАЖЕВО

Тажево не било онде кај што сега се најдуват, каде е самото населено место. Она е населено покасно, според раскажувањата од старите луѓе, името Тажево го добило по тоа што луѓето кога се селиле, кога бегале од поранешното место кај што живееле – тажеле. Тажево порано било населено покрај река Треска долу од Белички Мос ко ќе се оди према Здуње. Долу на едно два-три километри, местото се викат Попои Куќи.

За доказ и денес можи да се види дека тука постоело село, постојат ѕидишта, куќи. Темелите на куќите се познават и се гледа дека тука било село.

Селото се наоѓало покрај реката, кај што постоел пат, а Турците во тоа време постојано одиле онаму кај што има патишта. Тоа, пошто било на скеле, постојано го напаѓале Турците и го пљачкале. Луѓето биле принудени да бегат и еден ден Турците ги нападнале. Некоа поголема група започнале да го пљачкат, се им зеле што имале и стока и друго и тие немале кај да одат и ондак во непосредна близина од кај што било поранешното село покрај Треска, Попои Куќи па до селото кај што сега е населено негде има околу осум до десет километри. Они избегале горе на самата планината, селото тамо се заселило и почнало да живее. И потоа го добило името Тажево, бидејќи луѓето, сите бегале, све биле опљачкани и тука се населиле и по тоа му го дале името Тажево. Така барем раскажуват старите луѓе.

66

## СЕЛОТО ЦАРЕВИЌ

Царевиќ не знам како се викало порано, а бидејќи татко ми деведесет години живеја, рече: „Кога некој пат, уште во старо време, шетал некој цар по латон, тогаш не било онакво џаде, него обичен пат бил. И тој како на секој еден да му се дај почес, излегло селово цело да го пречека и тука една стара жена месила зелник и ручал тука тој. И од тогај го нарекле Царевиќ. А порано како се викал не знам.

67

## НАСЕЛУВАЊЕТО НА СЕЛОТО СМОЛАНИ

Селото Смолани не било од секогаш тука. Било прво и сефте во Старо Село, Старо Село било. А и таму исто се викало Смолани, се одело така на истата земја, прибедејќум истата земја се работела, да кажиме, по тоа е назначено за Смолани да биде. Пошто земјата не одговарала, оти лошо живеале народот, не се раѓало жито, земјата најсиромашна била. Од маки се преселиле. Почнале луѓето да бегат од востанието, од арамии. Една куќа отишла во звано место Стредороците, една куќа дошла на Бабинива и тука се онадиле. И кога дошла работата, кога се собрале сите, дошле во звано место Селиште и тука се заплодиле луѓето.

Ама пак и засегнало лошото – како чума се покажала кога дошле во Селиште. Некоа си чума. Истепала чумата, изголтала околу седумдесет души. И тогаш тие што останале, живите луѓе шо биле, си напрајле разговор, дошле во Смолани пак. Смолани се вика сега кај шо е. А Смолани името го добило заради земјата што посмолица е земја, неплодна, посмолица.

68

## ГРАДОТ НЕГУШ И ЗУЛУМИТЕ НА ТУРЦИТЕ

На старото време, Македонците се дигнале на востание со Турците: Дезилово едно, Голема Река две, Котушани три, Алѓипи четири, против Турците. Турците шо најделе у тија селата сѐ исклеле. Има ошче бунари, да дојде човек натре – бакар шо фрлале, бакар ушче можеш да најдеш.

Ка дојдеа европејците едно време, там близу Негуш, се собраа у Негуш и тогај:

– Зашто се бијете – му викат, ги питат рисјаните – со Турците?

– Негуш, се биеме Негуш, оти Турците ги фаќат жените, ги гушкат жените!

Ала му беше срамно на овој да рече: „Ни ги бакнуват жените." И тоа место се вика денес Негуш. По грцки го викат Налфа, а па ние, на македонски Негуш го викаме, това е град.

На дванајста година кога браа Турците војска, јас немаше дека да одам, отидев на една фабрика чувар. А то газдата беше голем фабрикант. Имаше три фабрики там у Солун, секаде. Имаше едни од Негуш, едни деца, седум души, ми велат:

– Слушај – рече – бе комита – веле – ти си комита. Вие луѓето од тук ќе ги земиш ќе ги претераш у Негуш.

А па од Воден до Негуш е пет саати да одиш. Јас оружан си ја земам пушката, ги земав тиѣ, ги занесов у Негуш. Там најдев еден стар човек, ја бев дете, тој горе-долу осумдесет, деведесет години човек беше. Тој ги помне тија:

– Ќе го, синко – рече – воа Негуш три пати е горено од Турците – рече – знаеш ние сие од тие луѓе донесените.

– Абе, дедо – му велам – ти, по шо причина Негуш му викате на воа, оти друго име не можете да му клаете?

– Причината – рече – кога дојдеа – рече – едни големи европејци луѓе, не знаеа там долу шчо се чине и му кажаме така: „Ние са биеме за негуш!"

– Шчо е тоа „негуш"?

– Абе, жените ги гушкаа, жените ги бацваа пред нас – рече – срамота, ги гушкат, ги чинат.

## 69

## ОСНОВАЊЕТО НА СЕЛОТО ГАЛИЧНИК

Селото е од солунско потекло. Таму имале Гали, се викале Ќеаи. Заиделе во планињето во Галичник и направиле куќи на крај Галичник, на Скала-Пулевци, прва куќа таму. И по тој разлог се викат Галичник пошчо е од солунско од Гали населено. Овие Гали од солунско иделе за лете да и користат рудињето на Бистра, да пасет овците и да видат убави кашкавали и сирење. Али им било тешко да се враќает пак таму, си направиле куќи и на тој начин постанало Галичник.

Во Галичник имало повеќе рисјани, али за турското ропство се населиле и Турци. Али рисјаниве биле повеќе, сакале да и откор-

нит. Сега се береле партии да ги откорнит Турциве. Станал Тодор Томовски отишол до пашата во Стамбол, му рекол:

Честитам ти, царе, имам едни трње, ќа ми кажеш – или да и откорна или да и пресада?

Тој му одговорил; се сетил шо е работава:

– Само ти прави шо знојш, до мене кавга да не доет!

– Добро!

Овиа си дошол в Галичник Тодор Томе. Дал четириесет куќи кумови рисјаните да им бидет. Ги покрстил: едни се викает Муратовци, едни се викает Паковци, други Синановци. И така се откорниле Турците по шо ги направиле каури.

Коа разбрал пашата во Дебар, го повикал Тодор Томе. А сејмените му рекле:

– Ко ќе дојт тој каур ќа му станиш од столот, паша!

– Ја да станам на каур?

– Ќа му станиш и ќа му сонеш капа.

– Добро!

Порачал. Дошол Тодор Томе. Коа влетол во собата, станал му а сонал капата:

– Ти честитам, Тодор Томе навистина си бил цим се крале. Е, добро, шо стана оваа работа оваќе со тебе? Е, да ти биде честито селото, само рисјанско! Е, како дојде овеа ти во турско време да покауриш Турци?

– Е, ми дозволи мене султанот!

– Ти честитам – рекол – и од сега ко ќе идеш во Дебар, прво кај мене да идеш!

## 70

## РЕКАТА ГАЛИК И ГАЛИЧАНИТЕ

Е, сега ние зареката Галик и вие галичаните, шчо се вика селото Галичник, викаме, кажуваа едни стари луѓе, да оти биле од то место тамо кај шчо е реката Галик. На турската Империја, тогаш немаше граници никаде. И викат така:

Они тамо седеле и живееле. Летно време испаѓале по планината нагоре, ама пак нивните ги оставале тамо. Една година, дошол една голема поплава одозгора. И фатило и собрало и фамилии, собрало и трла, се шо имало таму. Кои откинало, откинало, друзите сите у морето и занесло. И они ка са откачиле од таму, дека ќе застанат, дека ќе застанат да се усељат. Извадиле едно план: „Ќе се уселиме – вели – дека е носиме стоката летно време у планината, там ќе се уселиме. Дека е носиме стоката летно време у планината там ќе се уселиме!"

И вртеле, вртеле они и стигле тука у Бистра, дека оделе на планината. Го нашле најпогодното место, најубаво место како за бачила, во сега дека е Галичник селото. И таму направиле неколку куќички. Фатиле зимно време по некогаш и носеле доле, понекогаш останват тука. Се уселиле повечко фамилиички. После тука са научиле и да и остават и фамилиите. Станало поголемо селото. Зимото долу стоката, летото тука со бачилата. И ден денес стои Галичник, големо село и името му го носе на Галик, на реката близу до Солун. Таа не е лага, точно, наистина ми а имат кажувано стар човек.

## 71

## СЕЛОТО ГРЕШНИЦА

За постанокот на селото мене ми расправал еден стар човек и пред едно двајсет години. Ја пасев еден вол, а тој две телиња пасеше. И таму едно место како Рудиште и пасевне и ми расправаше како постанало тоа Рудиште и како е постаното селото наше. Е, тој примерно ми расправаше дека во Рудиштето работеле некоји луѓе осуденици, а ги сматрале како грешни луѓе. Тие луѓе постепено, фамилијарно се населувале на три, четири места околу селото и после така постепено се групурале фамилијарно. Тие луѓе постепено, фамилијарно се населувале на три, четири места околу селото и после така постепено се групирале фамилијарно. Тие луѓе ги сматрале грешни, бидејќи биле осудени, осуденици. И така тие тука се населувале и името нашево село го добило Грешница, бидејќи луѓето биле осуденици и и сматрале како грешни луѓе.

## 72

## СЕЛОТО МАЛОТИНО

Малотино бајаги да е одалечено од Благотурце. Казуев луѓи да ми немамо цркву, гробишта, да наша црква била у Благотурце. У тој време биле во населено место у Масленке. Па од туј се иселило у падине, у Грашиште. Там постепено, постепено овдек куде е с'г село Малотино.

Тепала го чума, чума ги тепала па избегале одовде. Од чуму па се населиле тамо у планину у тија места звано Грашишта. После напла ги чума и тамо, а т'ј бија крив ед'н воѓа што им бија. Како

стар човек, што ги бија од фамилију, најстар кој ги е бија. Он е бија како крив с'с ногу и од отуд бегале од чуму. Опет па се населија у село Малотино и крстиле га т'г село Малотино, прекрстиле га овдека и затоа и д'н дан'ска ми каемо се и судимо се пошто смо од кривога човека постале.

## 73

## СЕЛОТО ЛАКТИЊЕ

Биле две сестри кои останале сами, само тие го преживеле колежот, кога Турците го испустиле селото. Е, можит тоа било онаму, кога се биел Милош Обилиќ, оттогаш може 544 години овде Турчин владал. Кој го тоа памти!

Тие две сестри, таќа испустени и сами избегале в орман. Се криеле угоре, удолу и немале што да јрат. Пак назад се вратиле. Немало ништо овде, требит да се мажат некаде. Тие си рекле: „Кој ќе поминит прв, да го земит постарата, вториот помладата." Поминал прво некој Вељан и ја зел постарата. После дошол некој Топал, крив во ногата и за него се омажила помладата. И сега се викат сета фамилија Топаловци, а другата Вељановци. Тие се најстарите фамилии во селото.

Друга постара фамилија е нашата, која порано се викаше Николовци. Дедо Никола дошол од Тетоо, го избркале или сам побегнал со три мали деца: Сиљан, Саве и Мате. И донесол овде голи-боси, ништо немале. И главувал ваму-таму, израсле и почнал да купува нивје, овде онде и така и ние сме се заселиле овде, во селово.

Од Србаковци бил некој стар што имал само една ќерка. Никој не ја сакал. Дошол некој Ѓуптин од Србија, ковач и тој се засакал со девојката. Немало што да прај стариот го зел за домазет. Така тие се завикале Србаковци.

## 74

## НАСТАНУВАЊЕТО НА СЕЛОТО БРЕЗНО

Селото Брезно е населувано за време турско. Разни фамилии од разни места на тетовскиот и гостиварскиот крај бегајќи од турските зулуми се населувале во селото Брезно. Тоа се наоѓа високо во планината Шара. Со Теарце е поврзано само со една коњска

патека. Скриено во шумата, во минатото претставувало заклон од турските зулуми. Таму Турци ретко или никогаш не навратувале.

Поголеми фамилии што го населиле Брезно се: Љуманци, Милевци, Биолој и Чутурој. Најстара фамилија е Чутурој. Љуманци или Паликуќине се доселени од Лазарополе – Дебарско. Домаќин на фамилијата бил некој си Јорго, богат лазарополец.

Во турско време во Лазарополе дошле дванајсет аги да собираат данок. На конак биле кај Јорго, бидејќи тој бил најбогат во селото. Јорго ги гоштевал агите како знаел и со што имал: со јагниња печени, со кокошки пржени, ги појал со'вино и ракија. Откако се расположиле агите, побарале од домаќинот да им ги донесе момите и жените од неговата фамилија. Кога видел Јорго дека агите сакаат и на честа негова да посегнат, тој привидно се сложил. Но веднаш скроил план како да ги ликвидира Турците, за да ја спаси честа.

Им дал на агите да пијат уште повеќе и им рекол да почекаат додека момите и невестите да се спремаат за пред аги, оти пред ага така не се излегува. Тоа им рекол на Турците и излегол да им каже на своите да се спремаат за бегање. Фамилијата се спремила за бекство и тргнала во правец кај што одредил домаќинот. Јорго ги забавувал гостите и сѐ повеќе им давал да пијат. На прашањето:

– Каде се жените?

Тој одговарал:

– Уште малку, додека се измијат и променат, па ќе дојдат пред агите.

Така тие се испијаниле и испозаспиле. Јорго излегол, ја заклучил вратата од куќата и тргнал во правецот каде порано тргнале и останатите членови од фамилијата, Куќата изгорува а во неа дванаесет аги. Јорго бегал и ја пеел песната: „Подол Јорго, капа ти се гледа".

Јорго бегајќи, дошол до фамилијата под селото Брезно и се заселил во месноста „Пештер". Тука живееле извесно време додека не ги открил некој брезјанин од фамилијата Чутурој. Јорго го замолил да ги праша брезјани дали ќе го примаат со фамилијата во селото, да се доселат. Му објасниле како и зошто се побегнати од своето село. Брезјанинов се вратил во селото и им кажал на селаните дека една забегана фамилија моли да ја примат, да се досели во селото Брезно. Селаните се согласиле. Кога се вратил и им ја соопштил веста, тие му предложиле кум да им биде. Тој се согласил. Така фамилијата на Јорго се доселила во селото и го добила прекарот Љуманци или Паликуќине.

Втората фамилија што се доселила во Брезно, бегајќи од турските зулуми била фамилијата Биолој. Кога се правело тетовското кале на Бал-тепе, се носело камење и дрвја од рамнината на брдото по острниот планински пат, кој води на ридот кај се правело калето. Камењата и дрвјата ги влечеле сточни запреги. Од тешкиот пат и од напорната работа на еден од селаните му лцовисал едниот бивол. Турците место биволот го запрегнале стопанот во јаремот.

Терајќи го да ја влече колата со другиот бивол Турците го тепале со зборовите: „Дии е биол!“ Од тогаш на селанецот му останал прекарот Биол. За да ја избегне повторно таа судбина селанецот со фамилијата побегнува и се населува во селото Брезно.

Третата фамилија од поголемите фамилии во Брезно е фамилијата Милевци. Таа е доселена во Брезно бегајќи од турските зулуми од тетовското село Милетино. Така Брезно достигнало и до осумдесет куќи. Сега селото е скоро расселено, одвај да има педесет жители и тоа повеќе старци.

75

## НАСТАНУВАЊЕТО НА СЕЛОТО СТЕПАНЦИ

Селото Степанци се наоѓа на триесет и пет километри од патот што води од Велес за Прилеп. За постанокот на селото нема пишувана историја, него тоа е сето пренесување од поколение на поколение, од нашите дедовци и прадедовци. Селото не се навоѓало овдека каде што е сега, ами това било составено од неколку живеалишта кои биле раштркани околу сегашната местоположба на селото. Така према раскажувањето на нашите дедовци, постоела фамилија во месноста Кучишта. Се претполага дека таа фамилија била доселена од Мариоско и населена во това место. Така во това место постои едно место што се вика Мариоски Корита. Тука има извор со вода и направени се древни корита шо служеле за напојување на стоката од таја вода. Потоа, друга фамилија живејала во месноста Горно Село. Исто и тија, значи, се занимавале со сточарство. Како треќе живеалиште имало во месноста Селиште. И како четврто живеалиште во месноста Гореска Куќа. Овије луѓе населени на тоа место се претполага да биле од пред четиристотини до четиристотини и педесет години. Главното занимање им било сточарство.

Тоа место, во тоа време било обраснато со густа дабова шума, така да немало место за друго занимање. Но подоцна, кога луѓето почнале да се зајакнуваат фамилиите, биле принудени да ја крчат таја шума, да ја сечат и да прават ниви. Така подоцна почнале да се занимаваат и со земјоделие. Како доказ дека во тија места имало живот имаме остатоци од тоа време и денеска. Така во месноста Кучишта може да се најде и денеска местото каде постоела фурна, каде што се пекол лебот. Во истото место има звано место Црквиште. Се претполага дека имало тука напраено едно мало црквиче, кај што луѓето правеле разни обреди. Во месноста Горно Село и денеска може да се најдат остатоци од колиби. Тија биле зидани колиби. Сега се наоѓа урнатини, но со копање може да се најдат

ќерамика од покривачите што биле и исто ѕидовете што постојале. Исто така постои еден кладенец, кој се претполага дека бил правен уште во тоа време.

Во месноста Селиште је уште посигурен доказот, по тоа што имаме едно место што се вика Црквиште. Тука постоеле гробишта. И денеска на тоа место може да се ископаат гробови, со тоа што се гледа дека гробиштата биле правени, покривани со голема плоча, скоро во два квадратни метри (метро широка, два метра долга). При ископувањето може да се најдат остатоци од коски од луѓе, разни украси и други предмети. И на четвртото место, во месноста Горевска Кука може да се најди остатоци од тија колиби од тоа време што живееле.

Луѓето во тоа место живееле мирно се дотогаш додека не почнале да се појавуваат арамији. Во тоа време ги напаѓале селаните, сточарите. Ги напаѓале, ги убивале и им го одведувале сиот имот што го имале. Затоа дека така се случувало према една легенда што ја раскажувале нашите дедовци, има еден настан. Тоа е колењето на фамилијата која живеела во месноста Кучишта. Фамилиите што живееле во Кучишта и во Горно Село, биле наблиску и нив ги дели само еден потолем рид. А тија што живееле во Кучишта биле побогати од онија што биле во Горно Село. И така тије од Горно Село се управувале према редот на онија што живееле во месноста Кучишта. Така било наредено овците ќе и пуштат право онија од Кучишта. Тоа важело и за тија што биле од Горно Село, дека е време да ги пуштат овците. Тоа така долго одело, до кога еден ден на тија што живееле во Кучишта овците останале скоро до пладне затворени во трлото. Овија што живееле во Горно Село посомневале дека се има нешто случено и веднаш отишле на местото. Кога отишле тамо виделе една страшна глетка. Цела фамилија исклана. Сé што имало од стварите било ограбено и колибата скоро испустена. При претресот на колибата нашле едно мало дете на седум осум годишна возраст. Тоа успеало да се сокрие под некој самар што се наоѓал во колибата. Кога го прашале детето каде се сокри, тоа исплашено од тоа што ноќта го гледало се сокрило под самарот.

Овије луѓе од Горно Село одма ги истерале овците нивни и сиот имот го зеле и детето го однеле кај нивната колиба. Го одгледале до негова возрас а кога станало дваесет години го ожениле и му ја вратиле сета стока и целото имање што го имал. Од онаа вечер што го рекло дека се скрило под самарот, долго време таја фамилија се нарекувала Самариновци. Но денеска од таја фамилија не останало ништо затоа што поминало векот време. После овој настан луѓето од сите три живеалишта се собирале и почнале да се договараат како некако да се соберат на едно место. Да образуваат една населба, едно заедничко живеалиште и така некако успешно да можат да се бранат против овија наречени зулумчари или арамији. По договарањето се согласиле да се населат на ова место каде што се наоѓа сега селово. И така сториле. Селото се населило, луѓето се

организирале во една заедница и почнале успешно да се бранат против арамијите.

Према раскажувањето на нашите стари името на селото дошло на тој начин што во близината на Степанци се наоѓа селото Поменово. Тие се комшиски две села. Кога селата се изнаселиле, почнале фамилиите да се умножуваат и имале потреба да имаат свој реон, свое место, свој атар. Атарот помеѓу Степанци и Поменово ги дели еден рид што се протега од месноста Парамида па се преку месноста Адуница до рекага долу. Тука е денешната граница меѓу селата. Порано жителите на селото Поменово ја барале до близината на селото. Често пати тија се карале за тоа место. Често пати настанувале и тепаници. Се раскажува да од тија тепаници отепале и некој човек. Поради тоа, што постојано се степале, се степале денеска, се степале утре и така значи, поради тоа тепање – се степале – Степанци, тепале – Степанци. И така останало тоа име да се вика Степанци.

Сето ова, тоа е раскажувано од поколение на поколение и од нашите дедовци. Како најдобар раскажувач јас од моето детство го помнам еден се викаше дедо Анте Ангелески. Кај него постоеја многу чудни прикаски. Тој можеше да раскаже многу работи што се случувале уште може би од почетокот на селото.

76

## НАСТАНУВАЊЕТО НА СЕЛОТО БЕЛОЈШТА

По Косовската војна на местово имало трња, грмје, камење. Луѓето од Косовската војна избегале, а после се доселувале кога се посмирила работата. Еден од тие што се доселиле се викаат Марковци. Се доселил некој стар од Марковац, оди Србија. Целото маало и денеска се вика Марковско. Други се викаат Степановци, по некој Степан. Од кај дошол не се памти. Има фамилија што се вика Поповци, тие се дојдени од Косово, од село Шор и затоа понекогаш на презиме ги викаат Шориловци. Постои една фамилија, која претставува цело маало и се вика Пејчиновци. Нивните предци се доселени од Златин од Албанија. Првиот што се доселил бил некој Пејчин. Од некој си Младен, што дошол пред триста години потекнува фамилијата Младеној, Младен бил дојден од Црна Гора како беќар. Отпрво служел како момок и после се оженил и останал.

Една фамилија е дојдена од Анадол – Турција. Човекот од кого потекнува таа фамилија бил сеиз, коњушар на некој паша. Тој тука се оженил и остана постојано да живее и створил фамилија од која сега потекнува фамилијата Анадолци. Тие иако се од Анадол

се православни. Грозданоско маало постанало од некој си Гроздан доселен од с. Куцина – Косовско. Инаку на презиме ги викаат Куциновци.

Селото Белојшта е населено овде пред четиристо години. Отпрво земјата била слаба, а покасно била разработена. Веднаш по доселувањето се работело земјиштето над селото, во планината, а полето не. Тоа било полно со купине, камења, трња, лески, кленови и друго и не се орало. Селаните отпрво повеќе се занимале со сточарство во планината. Одгледувале овци и говеда.

Покасно луѓето почнале да идат на печалба во Романија, Бугарија, Америка, Русија и во други земји. Во краиштата каде оделе на печалба виделе дека земјата треба да се разработува и почнале да ја ќиризмат (длабоко копање). Направиле низ полето пат за одење со кола.

Во селото постои едно место што се вика Градиште. Некогаш било кале, тврдина. И денес се познава дека било тврдина. Зошто селото се вика Белојшта не може никој да каже.

77

## СЕЛОТО СТРУПИНО (ВОДЕНСКО)

Си било едно село и тоа се викало Селишта. Било село големо, триста куќи. Си бил еден поп, имал три сина и една ќерка. Ќерка му била прочуена убавица. И било ден велигден, па се брале многу на орото: променети, дотерани човеците, сите се собрале. Играле, играле на орото. Поповата ќерка напред играла и од там дочуле Турците. Турска сила го обиколила орото. Орлиштето там шо се вика, и ја грабале поповата ќерка. Грабале, селаните си бегале кој на таму кој на ваму. Еден не се спушти да ја откине. Трчале тројцата браќа. Шо ќе прават?! Трчале, трчале и не может ништо да направат – никаков спас нема и ја однесле далеку, заминале. Дочул попот, трчал и му дорекол:

– Срам да ви е, бре, селани, не бете малку, триста куќи село, еден да не претрче, да ја откине ќерка ми. Ќе дадам – вика – едно фурезмо, ќе го проколнам – вика – селото, да не остане ништо!

И дал едно фурезмо, ка фатило една сипаница, цело село изумрело. Останале само три куќи и тие струпливи. И затоа селото се вика Струпино.

Мајка ми ми кажуваше кога седевме околу огнот мали деца. Па она ми раскажуваше како било порано, како Турците имале сила, како ги грабале убавите девојки, како таму арамилак правеле и така.

78

## СЕЛОТО РАОТИНЦЕ

Колку ми е познато, сум се интересирал и порано, не само сега, мојте дедовци, прededовци сум ги прашуел и тија кажуат дека никој од нив не помни кога е селото оснивано. Само толку се знае дека коа се изградуало ова село се пронајдени гробишта. Во самото село се пронајдени гробишта. Од кога се тија гробишта никој не знае. Ова го знам од дедо ми. Може и он од деда му чул. И он не знае кога е селото основано. Само толку се знае дека од неколку села се дојдени овдека, собрани. На пример, има некој од Лисец, некој од село Церово (нашата фамилија), некој од некое село Гајре и така има некој три четири фамилии дојдени кујзна од каде. Покрај нашето село во близина на еден километар се наоѓа едно село, уште се познаваат и денеска кај биле куќите, подрумите и тие работи. Тоа село е изгорено може би уште пред сто години и повеќе. Само трагојте се познаваат, гробиштата им седат уште. Одма до тоа село се наоѓа една многу голема пештера, блиску до нашето село. Пештерата се вика Пиштер, а селото Брдовци. Никој не помни кога било тоа као село. Некој прикажуат дека Турците ги напаѓале стално, а некој кажал дека фиљан ден ќе дојдат Турците. Има една дупка до селото, под земја се влага (таа дупка и денеска постои) и они се сакриле сите унутра за коа ќе дојдат Турците да не ги најдат, иначе ќе и потепаа.

Коа виделе Турците дека нема жива душа ни една, дофатиле го изгореле селото и почнале да и тражат људите кај се. Овие криејќи се во дупката, некој понел некоја гуска со него. И таја гуска почнала да кракори натре и по гуската и фатле. Затнато е од едната и од другата страна, народот е тука. Така се прикажуе, очевидец не е никој.

79

## СЕЛОТО НЕ̂ПРОШТЕНО

Некој пути селово наше било триесет и осом куќи. И ка била битката на Косово, ка се тепале на Косово, ка проаѓала војска овде натамо, имало војска тамо много. Турците, овја не знаеле и некоа баба од овдека ги излажала.

– Ал, има тамо војска?

– Нема – рекла.

И овја тамо посрадале војската. И когај посрадала тамо, еден се повратил, рекол:

– Бабата што излажала, никако да не ѝ е простено нејзе!

И затоа останало Непроштено. Тоа го рекол тој што го излажала, офицерот. Кеј ишал натамо кеј Доброште, тамо нешто добро му казале и затоа се вика Доброште селото. Вратница се вика зашто кеј ишле натамо се повратиле туека.

80

## ДЕВОЈКАТА НЕЖАНКА И СЕЛОТО НЕЖИЛОВО

Није сне биле во Ливадица горе ливаѓето, Ливадица горе. Арно, ама кога бил Атанас Шопот во Ливадица, Атанас Шопот кога бил во Ливадица седум куќи биле на ливагето на Ливадица. Арно, се женил зимата, пролетта му умрела жената, невестата на Атанаса. Ех, башибозлокот кога бил од Албанија, во Ќопје избегала некоја Латинка. Латинка избегала, девојка немажена. Избегала, дошла преку Количани, Црвена Вода, преку ова Јаб'лчишта (тогај Подиште) дошла до Ливадица. Коа дошла Латинкава во Ливадица, девојката, ех, се нашле со Атанаса. Атанас вдоец му умрела жената. Зимото се женил, пролетта му умрела. Ех, ја прашал:

– Девојко – рекол – кај одиш?

– Бегам – рекла – од башибозлукот од Албанија озгора бегам. Имам татко, имам мајка, ама сите се разделивме, останаа тија во Скопје, а ја идам вамо го најдов патот. Добро дојдов овдека кај вас, сега па ќе се враќам ако можам назад.

Е, ама овја Атанас је рекол:

– Слушај, девојко, ја сум вдоец, зимоска се женив, пролетта ми умре жената. Дај да се земиме ја и ти – је вика на девојката – дај да се земиме ја и ти.

– Еми, да се земиме – рече – ако било среќа да се земиме, нема што.

Се зеле. Ех, седеле седум години на ливагето горе, седум години. Спечалиле две деца за тија седум години, деца две.

– Море Атанас – рекла – ај да слезиме покрај рекана долу. Ене воге има – рече – а овде немаме вода, на сува рида без вода. Што да седиме, ај да слезиме вреки надолу.

– Е, ајде да слезиме!

А, од што му била таа нежна, што му била мила, ја турил име нејзе Нежа.

Коа слегле овдека се собрале седум куќи. Една куќа се собрале од граница, онамо Ристовац, српска граница, а друга куќа од Охрид, некоа куќа не знам од каде. Седум куќи се собрале во Нежилово. Се рекло Нежилово на Нежанка, Латинката што била, а како е било името на Латинката по латинско тоа не знам, а Нежанка тој си ја крстил. Потоа и селото го добило името.

81

## ЗА СЕЛОТО ГОРИЦА

Да кажам за селото како останало да се вика Горица. Нашето село сто куќи беше таму. Понапред беше под грцка власт, сетне дојде Албанија. Кога дојде Албанија луѓето написаа на бего. И тога нашите отидоа во Истамбул да видат дали пиши на Мали бега чифлико, али на Горица. Они ка отишле таму го наоѓаат местото. Тоа се вика Горица – по Горица, така се викала та жената шо го чувала местото таму. Тогај го научија да Горица за тоа се вика така. И од тогај останало местото да се вика Горица.

Тaja Горица, имала таму, со стоката живсела. Планинско место, ама поле и планина. Таа имала ногу чифлици, а нејзин бил и тој чифлик. А тaja само едно живеела у една куќа таму. И држела по три четири илјади овци тaja. Жена била, Горица се викала. По жената и тоа местото остана Горица да се вика.

Уште бегот ко бил, татко му на бегот, он а отепал неа и и го зел чифликот. Тогај останал чифликот на нашето село. Татко му негов бил паша у Истамбул. И ко дошол, он а отепал, го зеде тоа местото и стана негов чифлик и работеле таму исполџии.

82

## СЕЛОТО ПАШИНО РУФЦИ

Селото Пашино Руфци во турско време го држел еден паша. Пашата се викал Али паша. Името на селото Руфци иди од некои си Руфчевци. Али паша бил добар човек. Имал добар однос спрема рисјаните. Им давал шума да сечат дрва и ги штител од качаците и башибозуците. Во селото седел и некој си Арап. Арапот и водел сметките од пашата. Пашата имал сарај на три ката. Во овој сарај седел Арапот. Тука седеле и ќаите. Пашата идел од време на време. Идел со пајтони. Тој живеел де во Битола, де во Стамбол. Селаните прво биле момоци, па после станале ортаци. Пашата им давал куќи и ниви. Наполу работеле. Ако Руфчевци немале пари, пашата им купувал и зевгар волој. На Руфчевци им давал земја за работа. Тие ниви се викале параспури. Овие параспури селаните и работеле. Од овие ниви на пашата ништо не му давале. Руфчевци и другите селани пашата и викал парабучук. Парабучук значи мала работа или сиромаси. Али паша на своите потчинети им велел: „Рајата да не ја гибате!“

## 83

## НАСТАНУВАЊЕТО НА СЕЛОТО РАДОБИЛ

Селово, по слушање, по прикаски од стари луѓе, су чул да биле тројца браќа. Едниот се викал Раде, едниот Мале, едниот Гале. Гале отишол во село Галиште во Мариово. Таму се заселил, направил некоа куќичка и заселило се селото. Затоа се вика Галишча – Гале. Раде останал во Радобил, тува направил некоа куќичка – се заселило селото Радобил. Мало Село, Мале останал во Мало Село и тука напрајл некоа куќичка и тува се населил. И затоа се викат тија тројца браќа: Мало Село, Радобил и Галишча.

Селово, одкако се тија браќата застанале, поделиле се таму, селото не је поместено, а по стари, слушаме прикаски и наоѓаме историски, по странине и во околинава во нашиов реон и врчви и споменици, црквени и таму некои стари пари наоѓаме, таму на местото Три Дабја и Падарницата шо го викаме – Раечка Река.

## 84

## НАСЕЛУВАЊЕТО НА СМИЛЕВО

Си биле двајца браќа: едниот Смиле, другиот Лазо. Лазарополе после е заселено, је преселено оттуе. Погоре е преселено, а понапред подолу било. Лазо останал тамо и затоа се викает Лазарополе.

Смиле дошол овамо, во овие краеви. И као шо пребегале, дошле во Смилево, бараат пасишча прво, као сточари. Се нашле со бегот, се пазариле да му ја плаќает тревата. Седеле неколку време, неколку години као сточари, паселе. Едно време си викает: „Овја бегов живеет во Стамбол!" Некој паша бил бегот, значи бил во дворецот некаде. Овја нејдет овде. Па кула имал. На кулата бајракот, турско знаме тамо. Таа кулата била на дуќанот Макриоски. На тоа место имале куќа Камбинци. Се допишувает со него сега. Едно време му ошле дури тамо. И почнале да се пазарувает. Се пазариле. За седум ќесиња е купено Смилево. Седум ќесиња! Какви пари, се натре полно! И какви се ќесињава?!

Во тапијата стојт. И ден денеска ја имат тапијата во Смилево. Таа е каде Гоцета Чипура. Преведена е и на српски. Дваесет и осма година се тужевме со државата. Ни ја имаше земено коријата. Падна државата, ни платија оштета.

Постепено сега се заселувает. Идет од Галичник. Коштревци тогај се дојдени. Потеклото на Коштревци му е од Галичник. А нас Матлиовци ни е пак од Лазарополе. Нас не не викале Матлиовци, туку Пејзановци. После некој Мате се крстил и така се продолжува-

ат. И на таков начин Смилево е окупено и заселено. После имает дојдено оние Гарци шо ји викаме. Тие се од Гари. Жежовци се од Еклоец. Имат ушче соеви нивни. Овие Тодоровци се од Филипеј. Кочо Танас и Даме Танас се од Бараково. Дедо му на Стојче, Козар шо го викаме се од Единаковци. Не Велета Бојкина, Велевица, татко је нејзин је од Острилци. Кочанковци се од Златари. Граматковци се од Кривени. И така е селото наше намножено. Велко је дојден од Сламско, одонаде од Порече. Чурановци се од Галичник.

85

## НАСТАНУВАЊЕТО НА КРУШЕВО

Тоа било едно пасиште, кршла голема, немало ништо, ни куќа, ни колиба. Али то го имал еден бег од Битола. Како било, царот му го дал, го купил – не знам. Е, доведе еден као овчар туа со многу овци, со многу коњи. Три години туа држал. На трекјата година дојде бегот. Му вика:

– Како ќао ти е – рече – со мојата кршла?

Вој му вика:

– Да ти се многу години бег. Многу убаво поминав, сум благодарен.

– Ами, ја – рече – ја продавам, си муштерија да ја купиш?

– Да ја купа, бег. Ако може да ја купа. Колку бараш?

– Три иљади лири – рече – барам!

Вамо му се свиде кршлата на вија, три иљади, три иљади, рече:

– Ќе ја купа!

– Ама – рече – парите во Цариград ќе ми и дадеш – му викат бегот. – Тамо ќе идеме тапија ќе ти дада в Цариград!

То време немало ни воз, ни коли, ништо. Со коњите појди дури во Цариград. Отидоа на чутукот кај што издават тапиите. Му направија тапија на зајачка кожа, на воја што ја купи. И он си дојде се засели. Си направи прво колиба до крушата. Имаше една круша голема. Голема круша, шестина да не можат да ја преграбат. После си направј куќа. Виде да не може сам да биде, почна да прибира други. Цинцари, Власи, Кара Власи, Грци. Почеја да се збираа се то племе вашко.

Почеја оние дуќани да отварајат, да имаат. Почеја казанџии, занаетчии и други. Почеја да се множат повеќе сточари да се собираат, да ја пасат стоката. Лете тува со стоката, зиме одат Еницер, Солунско, Гевгелиско, кај ќе најдат. Лете тува идат на бачило. Жените тува седат. Вода убава, студена. Деца само се раѓаат и седат жените. Мажите одат: кој печалбари, кој трговци, едни

кирации. А тешка работа не работат Крушевчаните. Од овчарски стап поголем не дигаат, потешко и од перо за пишење. Това се трговци.

Кога дојде време се насели Крушево големо. Поче да му досаѓаат арамиите. Се жалија на царот они, му турија општина, мудур и заптии да и бранат од арамиите, да не му досаѓаат, да не и обираат. И така живеја до востанието. Крушево стана големо. Ко првото востание 1903 година, во Македонија прво востание е дигнато во Крушево. Тогај на некој куќите му изгореа, на некој народот му истепаја. Се распрснаа, избегаа. Повремено некој па се вратија, па се заселија. Па Крушево, Крушево беше.

Тамо е загинат и Питу Гуле и други војводи. Држеле единајсет дена востание.

86

## СЕЛОТО КРУШЈЕ

Во пазувата на планината Челојца со врвојте Кула и Брезоец се најдува селот Горно и Долно Крушје, Порече. Селата се мали. Во селото Горно Крушје има неколку маали. Фамилијата Тодевци потекнува од Закамен, Охридско, а Огненовци и Џуалци од Костурско. Овие фамилии се заселиле во времето на цар Самуил.

Според кажувањата на постарите крушевци, некој си Огнен и Џуало во старо време избегале од Костурско, а Тоде и Силјан од Охридско. Се населиле во местото каде се најдува селото Горно Крушје. Тоде го купил местото Рамнилос од селото Тополница за една шутка ајрар, за една шутка маштеница, а пак местото Трноец го продал за едно прасе на слатинци.

Од секогаш ова место раѓало круши и затоа селото се вика Крушје, кое е составено од две мали села Горно и Долно Крушје. Селото Горно Крушје е поголемо.

87

## СЕЛОТО ДРЕН

Селото Дрен прв го населил дедото Крле, према кај шо е селото. Према селото има место и на местото имал куќа, а имал многу пчели. Дедо Крле имал и некоа ќерка. Му ја засакале Турците и он некел на Турците да му ја дај. Ја продал, ја дал во Ќесен-

дре. И отаде Турците се налутиле и дошле и му ги запалиле пчелите и медот протекол од долче за в река. Ете така.

После деко Крле, према тије куќи кај шо му изгориле, карши тија, пак си направил куќа. Отаде, од Клиново, дошол дедо Ристо и дедо Илко. Си товариле багажот и стоката си ја забрале и ќе врват низ село. Ама дедо Крле ги запрел и му рекол:

– Овде ќе се населите во селово Дрен и копачете се нивја и работите да бидиме овде жители.

Селото се вика Дрен зашто е планинско место и многу дренки има. Затоа Дрен се назвало.

88

## ОСНОВАЊЕТО НА СЕЛОТО ДМБЕНИ

*Селото Дмбени беше собрано од пет села: едното беше на* косинската страна од пет-десет к'шчи, долу беше селото Арангел, потаму селото Свети Врач и селото Света Петка.

Еден орач од селото Свети Врач си ораше и му штрекнае воловите. Почна тој да трча по воловите и како што трчае оеднаш тие застанале. Каде виде тој таму – имаше еден извор и околу на околу убави дмбја. Кога се стемна ојде во Св. Димитрија и му вели:

– Лудја, ајте да ојме долу кај изворо, таму има и многу дмбја, ќе можиме да се криеме и од Турците. Да се собериме сите пет села и таму да живиме!

Така сите села се собрае долу кај изворо.

89

## СЕЛОТО КЛАДНИК

Оваа легенда, уше кога бев во осмо одделение ми ја раскажуваше мојата баба **Никодинка Николовска**, што сега е на осумдесет и шест години. Оваа легенда е легенда за постанокот на нашето село. Повеќе е тажна. Се случило пред околу триста години и тоа кога кај нас владеело турското ропство.

Нашето село тогаш се наоѓало околу дванајсет километри одавде во полето што и ден денеска се вика Лакајца. А, селото исто се викало Лакајца. Во тоа село живееле околу петстотини луѓе. А имало околу седумдесет, до сто куќи. И ден денес на тоа место се наоѓат урнатини, остатоци од тоа село. Но, во турско ропство,

јаничарите, арамиите стално доваѓале, пљачкале, убивале. Селото било палено, луѓето тепани, мачени, децата земени од лулките на мајките, фрлани нагоре и дочекувани на нож.

Сето тоа народот не могол да го истрпи. Селото се наоѓало во рамница и било откриено, па затоа не им било тешко на Турците да стално доваѓат тука и да плачкат. По извесно време се собрале селските луѓе, што биле машките глави останати во селото. Останати биле постарите, а помалите, помладите луѓе сите биле излезени во комитите. И се договориле да бегаат од тоа село негде, затоа што животот веќе не могол да се подноси. И тука се истакнувал со својот памет еден странец кој се викал Аврам и тој си зел за задача дека ќе најде погодно место да биде скришно, за да би могле да изградат ново село, да се преселат од тоа село, само да некако да избегнат од зулумите на Турците.

И така тој еден ден го зел бастумчето и се упатил над селото, во повисоките краишта, во планината која ја викале тогаш Цоцан. А таја истата планина и ден денеска се вика Цоцан. Се упатил дедото Аврам нагоре низ дрвјата, низ дабовата шума и одел скоро цел ден. Околу приквечерта, во мракот, дошол до една долина и налетал на една вода. Го разгледал местото и утврдил дека местото е многу скришно, обвиткано со ридови. А и вода имало. И помислил дека баш тоа е местото што го бара. И решил другиот ден да дојде назад во селото да им каже на селаните за сите да се кренат, да дојдат на тоа место. Насекаде било сето обрастено со големи дабови клади. И налетал ушќе на две места на кои имало вода. И вечерта решил да остане тука, меѓу кладите да преспие. Утрото штом се разденило, покроце се вратил во селото. Ги собрал селаните над сред селото и им раскажал дека нашол баш такво место, какво је потребно, до које тешко може да се дојде и со коњ, само пешаци можат да појат. И мислел дека тука ќе бидат безбедни од нападите на Турците.

И така, после недела, две, припрема луѓето, ги зеле најпотребните ствари и решиле да се упатат кон пронајденото место. Но, изгледа дека немале среќа да дојдат до тоа одредено место. Штотуку се одалечиле околу еден километар од селото, Турците, затоа што дознале за намерата на селаните, дошле со потера, ги стигнале сите селани како што биле, околу петстотини души и на местото каде што има два дола ги фатиле и ги исклале сите. Ретко имало шќо се спасиле. Можеби десет до дванаесет души.

И ден денеска тоа место се вика Колидол, затоа што тука е исклано целото село. И ден денес може да се најде по некој остаток на коски, или череп од човек, иако то се случило пред триста години.

Но, од тије луѓе, што останале, можеби биле дванаесет, дошле на тоа место каде шќо им кажал дедото Аврам, по сеќавање. Изградиле три колиби. Затоа шќо имало клади, високи дрвја, стари, тоа село го нарекле. Од тие три куќи, луѓето малу помалу се размножу-

вале. А има доселено и од други села. Па, така нашето село се сметало како безбедно, зашќо Турците не могле да дојдат до него.

Сега, денеска нашето село има околу седумдесет дуќи, макар шќо повеќето се иселени од тука.

90

## БЕЛА ТРАВА

Подолу, тоа место се вика Бела Трава. Кога го вршеле тој десетскиот дел, ветерот ја носел плевата. Таму таа се собирала и од далеку се белеело тоа место како трева да е и затоа го викаат Бела Трева.

На тоа место, Бела Трева, селаните ставиле стражар да гледа кога од Секулица ќе дојдат Турците и стражарот кога ќе ги забележал Турците требало да вика: „Белата, белата, еј Неновце, белата!". За да бегат. И така се случило тоа. Стражарот кога виде дека турска војска иде од таму викал: „Белата, Неновце, белата!". И луѓето испобегале на Забел и на други ридови.

Се зборува и тоа дека во таа година во селото имало деведесет снаи. И Турците за да не го грабнат нивниот дар, накити што ги имале, низи, нанизи, сите тоа го фрлиле во еден бунар. Арно, ама до ден денеска не е откриен тој бунар, иако во селото се шират разни приказни дека е таму, онаму или ваму.

91

## НАСТАНУВАЊЕТО НА СЕЛОТО РОЖДЕН

Јас кога бе у Клиново како шумар, тоа беше 1958 година, со еден стар човек, чичко Ристо, кој беше околу деведесет години стар човек и летно време старите повеќе се вртат и баш го распитав како Клиново го добило своето име. Он ѝми каже:

– За Клиново, јас сум деведесет годинни, а пред тоа шо биле стари луѓе не сум чул како Клиново го добило своето име.

А за Рожден ми кажа. Од неговиот татко слушал дека Рожден името го добило вака:

Си бил некој си од Клиново сточар. Си имал овци, кози, коњи, волови. Си ги пасел коњите и воловите на едно место звано Цреша. И од таму имал он една кобила. Кобилата се викала Роша. Таа Роша дента он а изгубил. А изгубил и а барат. Таму ваму низ око-

лината, у местото звано Цреша, не а нашол. Си ги дотерал другите дома.

Поминало едно два дена, кобилата не си дошла. Он синови си имал и му рекол:

– Синови, ќе одиме, ќа а бараме. Кобилата а нема!

А кобилата била ждребна. И барале, барале, а на денешното место шо е селото Рожден. Тоа е и ден денеска, значи, така ливади. И она отишла таму. А тоа е одалечено од Клиново едно два саати пешки од местото Цреша. И барајќи таму и они ја наоѓат кобилата. У таа ливада та си пасе. Арно, ама кобилата се ождребила. И кога вишле они дека местото е прекрасно за сточарство, тоа место сето ливади, со борови, шуми и ели сето обградено од сите страни, има таму рамница, значи, ливади убави и му рекол вна старнот, таткото на синовите:

– Слушај, воа место тука е многу погодно. Ние да си напрајее тука една колипка и да си тераме стоката. Летно време на паша тука да идеме, а зимно време ќе одујме у Клиново!

И они така направиле. Една колипка со слама и летно време таму си ја чувале стоката. Арно, ама местото му се бендисало, погодно. Со води, со ливади сето тоа прелози и од колипка почнале во плетеничка, како куќичка тука. И наместо летно време и зимно време стоката таму. Си останала целата фамилија, во местото звано, денешен Рожден. Е кога останале таму, синовите се пожениле у Клиново и после на работа одиле. Тиа ливадите ги коселе за стоката таму. Му се свидело местото и почнале куќички и неговите синови да си прават за нијните фамилии. До тогаш тоа место немало свое име. Ливади го викале. Од кога се доселиле неговите синови, сега станале станале три-четири колиби:

– Е, како ќе го викаме воа место?

Татко му рекол:

– Воа ќе го викаме Роша!

Поради кобилата шо а викале, а се ождребила таму и тоа место го најдиле тоги и решиле да го викат Роша. Како идело, синови, внуци, сето се измажило и станало прилично големо, неколку куќи и го нарекле наместо Роша да се вика Рожден.

## 92

## НАСТАНУВАЊЕТО НА СЕЛОТО БУФ

За селото Буф можеби во некој стари архив да постои точноста на годината кога е тоа тамо населено. Тоа било на трипати изместено. Било тука над Клешчина. Тој синор сеа атар припаѓа на селото Клешчина, тамо било и на самото цаде уште се најдуваат

тамо стари ископини, темели во нивјето. Одтамо било избегано с
време турско, од Турците и се населиле погоре, во Ново Село к
Пелиоро, Драгана. Драгана останало тоа име од некоја Драгана
таа Драгана женска и од таа останало тоа име наречено Драган
Тамо биле неколку куќарки, колиби. Во тоа старо време веле
драгнинци дека имале многу убави коњи. Но сите тие избегале, 
напуштиле, и прогонале Турците и избегале во длабините угоре 
планината. Тамо било планини и грмадје. Едно место се ви
Грмаѓе. Тамо било само леска, дренои, такви работи. Погоре 
населиле, угоре во Лалешница, од името на некојси Лале. Па Бо
таниште, тамо саделе бостани. Рамништата, кај Паничари, та
биле тие распрснати кој навамо, кој натамо низ планината. Во Ла
чарите некој си од Чокревци, од тие стари поколенија тамо праел
лајци во Лајчарница. После тоа почнале сите тие да се збират 
куп оти и во тоа време ставале некој арамиства, кражби. Луѓе
стоеле пораспрснати, како поосамени и решиле тие да се собер
на едно место. Тринајсе куќи биле, така демек колипчиња. Рекл
„Ако не дошикат Турците и оттука ќе не прогонат!" Е, дошле ту
во Битола. Нашле некој Турчин, кој ги подучил и му рекол:

– Ќе ве истерат и од тамо, ќе ве прогонат.

– Ами, чаре, шо да прајме?

– Ќе земите – рече – ќе напрајте една воденица со стар
камејне, ќе а покрнете со стара окадена рженица да покажува вод
ницата како да е стара од долги години. Ќе насадите – рече – лоз
Имате ли лозја тамо стари?

– Имаме!

И овие така напрајле.

Од побрго кај шо и гонеле, подолу, тамо има едно место к
се вика Стари Лозја. И до ден денес уште стојат корејне по држ
така меѓу овие шо се по меѓи од тиа лози, се најдува уште и лози
ки. Оти лозата не се затрува корено така лесно. Тамо во трлинки
ка шо била и тамо си стои и лозинче па лозинче, така и секој
година си пушта по некоја прачка. И овие ископале од тиа лозја
од Стари Лозја големи лози и пренесле со се земја до самата вод
ница. Та воденица им припаѓала на Браноа, наша воденица. 
посадиле тиа лозите околу тука воденицата, ја напрајле воденица
и си мељат внатре. Дојдоа Турците и видоа:

– Кој, бре, туа ви рече вам село да прајте?

Кандисаа, сакае и од тамо да и гонат. Силата му била нив
од тамо ќе ги гонат. И овиа му велат:

– Овоа село било од секогаш!

– Не! Овоа сега вие дојдовте од негде и го населивте ова сел

Значи, така била намерата сосема да ги прогонат од тоа ме
то, таму угоре, сосем да ги ликвидират од тамо. И овиа кренал
суд, давија, ошле туа во Битола и на кони тамо кај кадиа ефенд
ошле. Тој шо му бил, шо и поучувал, како адвокат, му рекол:

– Како може овоа село сега, цанам, да се населава, зар сега 
е праена оваа воденица, пулите оваа колку стара рженица, окаден

сторена. Зар сега во пет години порастеа овиа стари чутуци, лози?

А тиа кренати со се земја и сместени тамо и обработени и да не се познавае тиа лози.

– Ја тргни – вели – види туа!

Кога вишол таму судо – вистина тиа стари лозја, му вели на клешчинци:

– Абе, јаремџии, зошто вака му праите на виа, на овие луѓе!?

Си се вратиле назад.

– Е, до кај ви е синоро ваш?

– Синоро – му кажва – дури долу кај Ново Село, Клешчина. Ама овиа куќи ни беа за лето, тамо слегвавме зима, но не истераа тиа од тамо назад и го кладоа синоро.

После тој синор го преместија преку два километра погоре. То преместувајне во тоа време е поради некој турцки спаии. Во старо време се убиени ка шо носеле пари, шо бареле пари, спаилиии. И буфчани тешко и скапо и кошташе да ги платат тие тројца луѓе со злато да ги мерат и се принудиле да го откажат тоа место. Тие рекле: „Не е наш тој синор, тој е на клештенци!" Имал некој богат Турчин во Клешчина и рекол:

– Добро, бре, овиа буфлиите кога местото, синоро си го откажве, јас ќе платам таа казна за тоа убиство и синоро тамо ќе биди!

Денес тоа место се вика Скала. И го кладоа синоро горе на тоа место и остана до ден денес то си стој во атаро на Клешчина, а нивјето сите шо се во тој атар, во тоа место се буфски. То покажува оти нивјето се буфски. Откако започна ова историја нема ниедна нива клешчинска во тоа место, само буфски се нивјето, а синоро се смета во синоро клешчонски.

Така е населено селото. А тука кога веќе дојде да се врши тоа испитвање, воденица и лозите ко и гледале, рече:

– Добро, овоа село како се вика?

И тиа не му текнувало во моментот да се снајдат како да речат, та тамо имало некој голем јавор и на јаворо еден буф. Стој на една гранка и тој се опулил во буфо, во тој буфо и му вели:

– Буф се вика, бе, селото!

На пилето буф се крстило селото и останало да се вика Буф.

93

## СЕЛОТО КОЗИЧИНО

Како сум слушал од стари, Козичино овде напред било. За време Турско ова било пустелија, планина, лошо место. Ами, луѓе бегале од рамниците, од убајте места, од Турците. Бегале и се насе-

лувале по планињето. Така барем сум слушал. И така луѓе, цели племиња, фамилии, бегале и кај ќе најд некаде згодно место, кај биле малу посклонети, да им не досаѓат Турците, тука се населувале. Обично тогај, то време козари биле овде вака. Така барем веле старите. И затоа се назвало Козичино. Козари биле. Појќе кози имало. Кој како стасал така копале трње, рашируале. Ормање било.

А пак во Козичино не се од едно место населени, како кажуат старите, него имат од појќе места. На пример, овде овие неколку куќи, овај крај на селото го викаме Малезани. Тоа се викат овај крај Малезовци. А пак зато се викат, велат старите, дека овије стари одовде се населени некогаш, доселени од Малесија, па зато се викале Малезани.

## 94

## БОУЛА

Тоа место било шума сето, планина. Беговите кои биле у Турско, коа одиле на лов, треба да стане од Кавадарци да оде у боулско, Аметкова Глава, високите места по лов. И вечерта нема дека да спијат, треба да си одат у Кавадарци. Арно, ама они решиле:

– Воа место е арно за село. Куќи да напрајме за да можиме да си спиеме. Није ка ќе си дојдеме од ловот да не си одиме дури у Кавадарци да преспијеме тука!

И направиле неколку куќи. Ќе оде денеска, ќе оде вечерта, ќе се врате тука да спие. И по тоа нешто почнале да се населујат селани, Турци, христијани. Направи вија куќа, направи нија куќа и станало селото големо.

Спрема селото има едно место ногу шума. Уф таа шума диви пилишта живејат. Има едно пиле шо се вика бу. Тоа пилето живеело таму ногу и цела ноќ пеело: бу, бу, бу и од тоа буање шо го буало пилето, ванало селото Боула да се вика. И така останало и до ден денеска да се вика Боула.

## 95

## СЕЛОТО ЦРНУШ

То од стари беше распраувано да во то време било кршла. Се давало под кирија. Ама давајќи под кирија, како расправаше дедо

Митре, ќеите, овчарите во планината почнале да прат од првин колиби. Подоцна почнале да си прат куќи со темели. Почнале да се населуваат. И потоа тие се населиле. Напрајле и цркви и воденици, куќи со темели. Ја разорале угрината, све сториле.

Газдата кој ја имал планината не знаел што се работи во планината, бидејќи имал платен полјак, за да води сметка. Ама тие полјакот го потплатиле да не му кажува на газдата што се работи во планината. Го разорале секое нешто, се задомаќиниле тука. Воденици напрајле да си мелат брашно.

Ко успеле во таа работа и од тогаш сопреле да му плаќаат ова што требало да му се плати на газдата, да му е плати пашарина, стоката што живеела тука. Тогаш тој, немало веќе што да прај, дошол да види што станува со таа работа, што му откажале да му плаќаат. Ко дошол, ко ќе види, шо ќе види, наместо кршла, пашњак да биди, то станало населба. Со куќи направени со темели, црква направена, значи, што не може да биде на имањето од газдата. То било имањето од некој си Крапче, Турчин, газда на тоа имање, на планинава од Велес.

Газдата се разлутил, но не можел што да прај и си се вратил чоеков. После дошле до суд. И најназад кога дошол судот на лице место, ко судот видел направено не колиби за привремено живеење (Власите обично, па и денес праат, сточарски колиби, привремени живеалишта), ами напротив, наместо колиби, туку куќи со темели, црква, гробишта, ораница, родни дрвја посадено – значи населба. И судот не могол што да му прај, му откажал нему, дека нема што да прат.

Тој сега немал што да прај, фатил врска со некој арамија, како што беше пре неколку години кај нас Каљуш, што го пљачкаше народот. Фатил врска со тој арамија и тој арамија и потерал Власите да му дат иљада лири, или да бегаат, да побегнат од тука. Се пофалил со тепање, со колење во случај ако не плателе или побегнале. Арно, ама тие не му се плашеле, туку му се одопреле. Се бранеле долго време додека не ги издал некој од ним. Од ним некој шпиун ги издал Власите. Кога дошол ред да заспијат селаниве тие ја нападнале таа куќа кај што бил клучот на тоа село, кај што живеел најстариот во селото (името му го заборавив). Тој имал деведесет години и имал двајца синови. На спиење ги фатиле и арамијава сабајлето му сторил абер на газдата дека ги фатиле. Значи, вечерта му го пратиле полјакот да биде на спиење кај нив (да му е--м мајката, арамија се преокренал). Синој му на старио биле во куќата, тамо лежеле, а стариов со Турчинот пред куќата лежел под некое сениче. И тамо го фатиле него, а другите му се пуштиле по синој му.

Го забрале старецот сега да го тераат со нив. Го терале, терале до една голинка, до еден скапец и стриов рекол:

– Јас не можам да одам повеќе!

Али тие арамии, ама не баш вешти, не искусни, не го претресоа стариов, што носи со себе. Ко видел тој оти коњ ќе фатат, за да

го носат со коњ, тој го извајл кубурот, тргнал и отепал уште еден од нив. И после и старнот е отепан тука.

Од ко загинал тој старнот тука, тие немале друг да ги води, Власите. И од туа се кренале и избегале во Крушево, се населиле сите. Селото останало пусто и денденес никој не живее. Потоа го купиле нашите стари дреновчани, кои и денеска го владеат Црнуш. Црквенниот материјал беше пренесен во црквата дреноечка, а и вратата од олтарот во Десово е отаде. Од тогаш селото Црнуш се иселило и останало пусто и никој не живее тамо и нити пак е обновено. Постоат, има остатоци, ѕидини. Брго време (јас паметам) имаше дуни, присади родни дрвја. Као туа што имаше, нема ни овде. Оваа населба била, по раскажувањето на дедо Петре и Митре, има преку двесте години.

96

## ПРОПАЃАЊЕ НА ЧЕРКЕСКОТО СЕЛО

Сум слушал од постари луѓе, ова село овде, Черкеско село што се вика, ко населба било. Али сум слушал од Власите, поеќе тие го знаат, како било у тоа време. Ова Черкеско село што е во Пепелишта, овде пет километри над Пепелишта, биле ногу зулумќари. А тие биле населени, Черкези од кај руската граница, покрај турската граница и руската граница. Турчинот и зел и и населил тука за да можат да го бранат ова македонското место, да и спомагаат на Турците, ко ајдути.

Од Лакавицата шо е ишле вака по пазар, по пазарите ногу им додевале, не могле да поминат од тука. Тука патот им е, а а ќе поминат:

– Дај пари!

А ќе поминат:

– Дај пари!

Не могле да поминат на пазарот да одат. И овие од Лакавицата шо биле, од Пиперово, Лесковица, Гарван – шо ќе праат, ќе идат во Организацијата:

– Дај да го поништиме ова село. Да се не најт тоа село!

Една ноќ се собрале, ама комити, веќе почнале по нешто да излагаат, да се множат. И на секоа куќа по тројца. Од една куќа да излезат во друга куќа да дојдат и абер да дојсат, да оти има опасност, да не можит да излезат. Све што нашле све исклале.

Е, двајца имало во Кавадарци тој ден. Со коњи на пазар ошле. Ко дошле, селото го нашле сето исклано. Тие, двајца зеле коњите и не се знајт каде ојшле. Кон грчка граница заминале и така ова село е испустено.

Ми кажувале мене Власи, у тоа време шо живееле како сточари у тоа место.

## 97

## МЕСТОТО СЕЛИШТЕ

Според раскажувањата од појќина постари луѓе од нашето село, дека во напосредната близина на Тажево, односно во планината Подово, на место викано Селиште, постоело село. И денес постојат видливи знаци, стојат, се познават куќите, зидиштата, а уште поарен знак постоит и црква. Од тука се гледа дека тоа било рисјанско село и црква. Тоа е поништено и денес таму е сето зарастено, али сеуште им знаци дека постоело село. Според раскажувањата, тоа село е поништено негде при крајот на четиринаесетиот век, кога го освојувале Турците нашите територии и кога они пљачкале и пустошеле многу села.

Според легендата ова село е поништено, како што се раскажува, на сам ден на Велигден, кога сите луѓе биле собрани тука: играле, се веселеле. Тоа го искористиле Турците – им било планирано од порано. Нападнале и ги поништиле сите и останале само оние луѓе, овчарите што дента не се згодиле тука. Местото е такво што тоа го посматрале овчарите од планината. Повеќе веќе тие не се вратиле.

Како што се раскажувало од колено на колено, кога тука луѓето се веселеле, играле над сред серо, летале над нив пилиња и како некој предзнак им пуштале бовчиња. Луѓето, се чуделе што знак ова ќе биде. Малу час, по извесно време, веќе Турците нападнале и го поништиле цело село, ги поништиле сите луѓе, така да од тоа село останале само овчарите, кои пошле, се разишле и заминале по разни краишта, и, според некои раскажувања, од тие луѓе некои дури дошле и до вамо негде Скопскиве села, негде Скопска Црна Гора. И денес има стари луѓе раскажуваат дека тие биле населени од Подово, од тоа испустеното село – Селиште.

## 98

## ЗАПУСТЕНО СЕЛО РАШТАНИ

Како шо ми кажуаше дедо, селото Раштани било блиско до Кавадарци. И до денеска се знајат ѕидините од куќите и оште стое сеоската чешма. Некој пат било големо село, ама Турците го расипале. Еве како било тоа:

Селаните од село Раштани, ка сите хрисјани, го славеле велигден. Ка шо бил адетот дента, гајдаџиите свиреле на сред село. Сите биле весели. Имало две ора: на едното играле само мажја, а жените башка играле, на друго оро.

Баш тоги некои Турци од село Долни Дисан биле на дрва.

Горе у планината. Товариле и ќересте и коа се зададиле над селото Раштани, на една чука, слушат веселба, гледат оро се играе, гајдите свират и рекле:

– Ај, ќе идме да видиме како каурте го терат велигден!

Е, некои од Турците си отишле по пат за дома, а дестина Турци свратиле у сеото, не да се веселат, ами да направат некои зулум на каурте. Штом дошле на сред село, почнале да сакат тов-воа, да й служат. Му носеле ракија, кокошки и почнале да се ваќат на оро, кај шо играле момите башка. И ка Турци, власта а имат, се прават силни и почнале да и резилат момите, да и закачујат. На каурте му паднало криво, оти нијнте ќерки ле и терат со сила да играјат и му рекле на гајдациите да престанат со свирењето. Турците се налутиле и почнале да се тепат. Каурите биле повечко и и исклале сите Турци, и й манале у некој дол.

Е, за воа нешто разбрале дисанци и бегот шо био у сеото. Он и свикал кај него најлошите Турци од Тиквешијата: од Тимјаник, од сеото Боула, Пепелиште, Прждево и од каде шо можел сите и викнал. Се собрале ајле Турци и одат у сеото Раштани да го горат. Го сардисале и почнале да го горат, да убиват. Сите машки од сеото и исклале, а женските, девојчињата, момите, жените и зеле насилум и и потурчиле. Тија Турци шо можеле повечко да пљачкат зимале повечко жени и после и продавале на другите Турци. Сето село го изгореле, само ѕидиниите останале.

И така Раштани го уништиле и до ден денеска не е поправено Турците го запустија селото.

99

## ИСПУСТЕНОТО СЕЛО ГОРНО ОТИШТИНО

Старо Отиштино било горе под Бањичко кале. Ама некое време, во турско време кинисале јазациите од Велес. Ги пратиле јазациите во Раштани. Од Раштани собрале што собрале отишле за Бузалково. Од Бузалково се дигнале во Рлевци, од Рлевци се дегнале во Бањица. Од Бањица отишле во Старо Отиштино. И двајцата со коњи тија биле и му наредуваат вечерта на кметот:

– Ќе ни направиш вечера, ќе кажеш негдека стан да имаме, да лежиме тука, да вечераме. Ракија што треба ќе ни донесете, кокошки, мазник ама и две жени ќе ни донесете за вечеров сос нас!

И овие селаниве, кметов ги собрал, мифтаров што бил им кажује: „Вака и ваква работата, од онија меретни Турчиња, ова сакаат!"

На кого ќе речат сега жените да им ги однесит? Ај за другото вечерата нека крши глава, ама сега женски, кој ќе им даде сестрата

или снаата да одат за кај јазациите. И така вака они се згрупирале селаните, рекле:

– Има да ги убиеме, друго ништо!

И ги убија нокта. И после чекаат, чекаат, чекаат да се вратат јазациите во Велес. Нема ги. Дале потерница за Раштани, од Раштани за Бузалково. Раштанци рекле дека таму заминале. Прашаат Бузалково, рекле:

– Ние ги испративме за Рлевци!

Прашаат во Рлевци:

– Ги испративме ние за Бањица!

Бањица прашаат:

– Ние ги испративме за Отиштино!

Кога идат у Старо Отиштино, викаат:

– Ние не знаеме, нема дојдено тука!

– Како нема дојдено, тија се тука!

– Нема дојдено!

– Тука се!

И забираат, тепаат, апсат, пустат, штурат и сето Старо Отиштино се испустило. Од тука се дигнало Отиштино доле кај клисурата, онамо под тунелот, над Тополка. И тамо седеле неколку години. Карпа местото, тамо оризарци го поклопиле сето место. Тие останале на суша онамо во ридот на пасиштето, Немало каде се вратиле текран у Мала Река под Бањица. И тука и денеска се наоѓа селото Отиштино, тука и денеска живејат.

Овоа го имам научено од постарите Отиштанци. Имало еден Иле Илевски. Татко му негов, тој бил роден во Старо Отиштино и син му негов ни раскажувал. Иле Илиевски умрен е сега брго и од него сме слушале раскажување, од човекот кој знаеше како било порано Старо Отиштино.

## 100

## ИСПУСТЕНОТО СЕЛО ЕЛЕНО ВОДИЦА

Татко ми кога се родил, на трећата вечер, дебраните ги нападнале одозгора. Се со мартини и така го заобиколиле селото, а тоа време се служеле со шандани ламби. И така дошле, ги сардисале и влегле внатре. Нападнале на момите, на жените – дебраниве сите. Се исплашиле овије, трећа вечер, пошто сето село се собрале тука. Арно ама на баба ми моја, на Гуга, тогај леунка, трећа вечер, нападнал некој од дебраните (Арнаути) и тогај рекла:

– Арам, да вие бре, мажи, животта – рече – ја душата ја збирам а дебраните – рече – сега да ме силат!

И тогаш дедо ми Наум рипнал одма на дебранот, на Арнаутинот му го скина гркланот наеднаш. И тогај дедо ми Трајко Вркот рипнал:

– Удри – рече – бате Наум, бре, дебраните сега жените и момите да ти силат!

А Вркот бил мал четирнаесе години а и другите сите вредни мажи биле, тоа најмало дете било Вркот Трајко. Трајко името му је, на Лавчија син. И тогај нарипале овија сите биле во селово. Заклале шеснаесе души и тоа со раци им ги искинале гркланите, кој со ножеви и тогај дебраните одступиле а овија се спасиле. Ама морале да бегаат уште утрината кој во Велес, кој Слп, кој Рлевци, насекаде избегале народот. Елено Водица од тогај е запустено, кога татко ми се родил, на треќата вечер. Ама татко ми умре четириеста година на митровден. Од тогај рачунајте колку години до сега од таја година је. Татко ми живееше сто шеснаесет години и заб немаше врлен.

И понатака шо направиле, кој Велес, кој Рлевци и после дебраните тоа го туриле на памет. Се вратиле и научиле дека тија на Ѓорѓија од Балчиовци се во Рлевци. Дошле ноќе дебраните у куќата на Целвдибеа. Последен за моје знаење у таја куќа седеше Славко Карца. Ниска беше и се качујат шестина на куќата ноќта да ја поништат фамилијата наша. Арно ама сетиле овија мажи, осум души вредни и коа доаѓаат, ги пуштат од баца за да отвори да ги исколат натре. Ама сетиле овија сите вредни мажи – како пушти го одозгора со ортомата и они ќе го заколат, пресечија ортомата, влези друг. Само еден избегал од нив. Овије сабајле да не би ги разбрале Турците, беговите, преќутеле денот. Другата ноќ Лавчани со коњите ги однеле ги наврлале дебраните по Вардар и така.

После дошло работата со некој Димо. Димо го запамтиле дебраниве, се кренал, отишол во Велес. На агите тамо во Велес шо имале лозја, да го ванат да крои, да крои лозја кај Превалец покрај тоа бреговите и дошле тија тројца да го утепаат Дима. Арно, ама врлеле го удриле у ногата Дима. Димо се привлекол, ама левор носел карадачки: „Аман – рече – барем дотепајте ме и така ми скршивте – рече – ногата, аман!" Овије му се всипале за да го утепаат и Димо пиштолот и ги утепал двајцата, на едниот ногата му ја скршил. После нарипале војската ги ваќале од туа и заптиите го однеле Дима у Солун и тој шо му ја скршил ногата Турчинот дебранот. Отишле у Солун. Дебранот умрел тамо, ама Димо го излекувале па се вратил во Велес.

И така Елено Водица е запустено од тој ден кога татко ми се родил на трећата вечер.

## 101

## ИСПУСТУВАЊЕ НА СЕЛОТО ПОДОВО

Селото Подово е испустено. По слушање стари луѓе што ми причале, и, то не од нашево село, него дури од Ботушје. Тоа било богато сточарско село. Отишле селаните во старо време на пазар, а старнот не бил појден напазар. Имал девет мина синој и не видел Турчин никаков во живота негова. Тој старнот живеел сто петнаесет години и имал девет мина синој. Отишле беглициите да збираат беглик во турско време. До тогај не биле во тоа село по беглиќ. Селаните го одредиле како најбогат човек, како најгазда човек да бидат на конак кај него. Тој поарно можит да ги пречека Турците. Тогаш се плашеле од Турците.

Кога отишле Турците на конак кај него вечерта му се запулиле на стариот, им влегол ѓаолот, му викат на стариот:

– Ќе ни пееш. Колку години имаш?

– Имам стојпетнаесет години.

– Ќе ни пееш!

Тој не сакал да пее. Станал еднилт Турчин, се налутил го удрил со шамар. Кога видел едниот од синојте му, имал секира тука, еднуш маанал на едниот, еднуш на другиот, на двајцата глајте им ги пресекол. И тие биле деветмина браќа и тие па имале синој. Тој стариот стојпетнаесет години живуал. Синојте му како земна ко да и појала. Ноќта отишле и и закопале нив. Кога и закопале Турците ноќта, тие суредиле све, ништо да не се наег од Турцивe. И така кога дознале Турците, оти тука ги водела трагата, то било многу бргу пред велигден и на велигден, пуштиле војската. Аскерот и исклале тие тука. Некој деца шо останале отишле во Тажео. Тажео се викат шо плакале, шо кукале, тажеле децава. Друзите деца отишле во Брезница. Па имат еден брез, старо дрво кај брестон, кај брестон и така го добило името селото Брезница. Тажево од децава шо тажеле и затоа село Тажево постанало. Тамо тажеле, плакале и така да речеме постанало селото Тажево исто од Подово.

## 102

## ИСПУСТЕНОТО БРАТИМО СЕЛО

Ќе ви раскажам за местото што го викаме Братимо Село. Тоа е на патот кога ќе се оди од Лисиче за Рлевци. Така на средината на патот измеѓу Рлевци и Лисиче близу до реката што иде од Дреново. Денеска таму постојат ѕидини. Тука дошле од Лисиче неколцина браќа. Сите биле седум или осум, сите биле браќа. Тука имале

имот, ниви, колиби, трла, овци. Стоката ја чувале тука. Почнале и направиле куќи. Е, како ќе го викаат ова место кај што живеат они. Сакале да направат големо село. Сами си рекле: „Ќе си го викаме Братско Село, Братско Село, бидејќи сме си браќа". Така решиле и почнале да живеат тука.

Живееле едно извесно време и како тоа било почнале да умираат. И ватило некоа болес, не могле да живеат тука. Сите тука до еден изумреле. Од кога изумреле се испустило веќе селото. Никој не сакал да оди да живее во нивните куќи кај што умреле тија. Иако се испустило селото и денеска стои името – се вика Братимо Село.

Ова го имам научено, слушано од дедовците. Од бабите ми, од дедовците, тие старите луѓе кога одат на таа страна на работа, прикажуваат дека тија биле браќа. Биле многу богати, биле чорбаџии и од некоа болес изумреле. Од тие луѓе се знае еден го прикажујат оти се викал Ничо. Од тамо што од селото направиле и воденица, направиле и валавица. Бидејќи тој се викал Ничо бил најстар од браќата, многу бил паметен, богат, учен мајстор бил, се од раката му ишло, се да направи, па направил и воденица, па направил и валавица. Валавицата кога ја направил во реката тука работела. Сите му носеле од тука шајаци да прави. Он одел по селата, бил прочујен. Одел дури до Подлес, одел во Азот, ишол дури до Велес, во Белештевица, Рлевци, Раштани, собирал шајаци ги носел тамо и ги валел. Кога го фатила болеста, кога умрел тој, кога узумреле сите местото останало пусто. Останала пуста воденицата, валавицата останала пуста. Сите ги страело луѓето тамо да се приберат. Инаку местото го завикале „Ничала Валавица". И денеска местото се вика Ничала Валавица. Тоа е во реката Топлка што иде од Дреново за Лисиче.

Па после тоа па се направија нови воденици и валавици на местото, ама не се вика местото на тие газди што сега се домакини. Си останало и се вика Ничела Валавица.

## 103

## ПАЃАЊЕТО НА БАРГАЛА

Градот Баргала е роден за време римјанско уште. Кога дошле Турците го заобиколиле градот и многу време го држеле без приход на храна, продукти за градот. Морале са они на крај да се предадат, бидејќи Турците са опколили наоколу. Они не можеле да излезат никаде. Над Таринци доле, има едни копки, могилки се викат. И тука ги има куде наше гробље. Собрана земја куп насред пољану, куп собрана земја. Турците са ги излагали нив. Држале са ги месец дена без храна, без приход за нив. И насолиле вар, креч, како да рекнем (нели се разбирамо), вар, креч – тоа е: „Ено брашно

за вас је дојдено тамо!" Свите потрчале да земат брашно. Немает храна, немает ништо. И овија сардисат Баргала и ја запустиле од тука на тамо. А има свет кој е роден у тоа место тука и уште што помнит. Али у главно колку сам слушнал дека е таква измамка била од Турците. Посолиле го варта, белее се: „Одите – каже – да земате брашно, има доволно!" И овија свите почнале да земат брашно и овија сардисале градот.

Толку је бил окупиран, толку је бил осигуран градот да не можат да го освојат. Населението се бранело и тоа опасно се бранело, ма исчезнало веќе, месец, два колку је бил сардисан од нигде храна да се дојде и морале са да напуштат затоа што си ги превариле доле и да го окупират градот.

Тија ствари што ги има сега таму, тија мајстори што са работиле тогајќи, сега нема мајстор, ни еден четврт како тија мајстори што са биле. Тоа је се од камен и со шило направено, такви дирецн одлеани као човек. Тоа све је направено, како да је излиено.

## 104

## КОЊУШКИ ГРАД

Т'ј град е такој постојаја у старо време, у турско време јоште. Не знам у коју годину е било. Он такој бија затворен од Турци. Турци са не могле у њега да боравив, бија заграден такој. А, граѓаните они са отишли за некоја девојка у Солун. Али ј т'ј град, пошто тија главатарите са изотидени, там биле, немало кој да води рачун за градот. Остале врата отворени, а излегле некое гуски од туј. Турците ги виделе и ги збрале оней гуске па терале, терале, та на дупката куде са улазиле. Они такој улегле и опљачкале град и запалиле.

Онија с'с онај девојка се вратиле и пришле над град'т озгора измеѓу Пезово и Коњу, на меѓа и искочиле на рид и виделе да град чури, запален. Они се расплакале свите и ритчето се вика Плакало с'г. Тоа се наоди у Коњу. Погоре ишла кучка, завила и кучката утепале гу и се вика чукар'т Млатикучка. Тој е у Пезовско место. Они се повратиле од туј и па отишле у Солун и д'н дан'с таму у Солун една улица се вика Коњушка Маала.

Ед'н чукар с'т е так'в само од камен. И дан'с се наодив копане куќе у карпу, кое са ископане такој. Има една читава куќа, си стои, прозор'т му стои такој, само врата нема, све направено такој за легање, кревети од камен, у камен. Такој и друге дупке, али млого има такој колко по метар висина кое са избрушене такој, по метар стоив.

Девојката се викала Руса. Тај Руса к'д е дошла, од таму к'д ишла како девојка да биде невеста, к'д е излегла до туј, видела са т' ствар у град'т и она се расплакала и се врнала назад. Местото с вика Русин Преслоп, меѓу Пезово и Коњу.

105

## ПОТЕКЛОТО НА ИМЕТО НА КЛЕПА

За време турско, на местото дека е сега Клепа, постоел неко многу голем манастир, во кој имало попови и калуѓери. Но, н самото место немало блиску село, како сега што е Подлес, ам било само манастирот и тоа било се имање на манастирот. То реон, доле Градско и вија другите од оваа страна на Клепа села како шо се Крнино и тија другите, Поменово и тија сите села шо се целото тоа место било на некој брег. Тој бил ногу лош.

Кога ни го расправаа, ни викаа дека тука на Расим бег неко брат, или не знам како, не знаеше и тој сам да ни расправи кој бил секи случај бил тој ногу лош човек, ногу го истизавал македонското население. Тој бег имал дури и своја војска.

Селаните најпосле, им дошло, шо викаат, веќе преку глава о него, се договоруат сос овиа поповиве да го утепаат бегов. Г канеле за да оди за некое село. Значи, заседа да му направат тук кај манастирот и тука да го утепаат. Одат, го канат бегот, како шт било тогај обичај. Не само тоа, не било и обичај, било ред, морало Секој христијанин ако прави свадба, ако не го канел бегот, тешк нему после. Тој бег правел и такви работи, да ногу пати сакал и првата вечер да спие сос младата. И тоа морало да исполнат, от инаку се ќе исколе, се ќе онади. Го поканува бегот и бегот им таксал оти ќе дојде.

Вија го чекат таму. Но кога го гледат, кога бегот оздола иде го гледат оди бегот, но не иде сам. Сос него носел дваница гавази ама гледат на коњ и една була. Таа була била негова жена. Она била христијанка, ама бегот ја зел, ја потурчил и му била жена тогај.

Кога дошол туа кај манастирот, рипнале вија, ги утепале гавазите, го утепале и него. Меѓу поповите станало сега една расправија. Едни биле за да ја утепат и неја, други не:

– Не, ова е христијанка, потурчена, че си ја вратиме пак у нашата вера!

И така, најпосле се сложиле да ја кријат во манастирот едно извесно време. Поминало неколку дена, гледат овија, неговите на бегот доле што је, у тоа неговата кула, го нема да се врати. Почнале да го барат сегде, го нема бегот. Дошле и аскер, почнале по селата

да прават обиск, го сакат, го онадуват. Најпосле одат во манастирот и кога претресуат таму, ја навоѓат жената негова и тогај разбрале сè што станало со бегот и со таа негова пратња. Тија гавази шо биле зимаат сите попови и калугери и до еден шо биле таму ги исколујат. Манастиров го запалуат и си одат.

Во манастирот, како во секој манастир имало и клисар. Така да во моментот кога е настанал колежот на поповите во самиот манастир, клисарот бил некале во шумата, по дрва ли бил, со овците ли бил, со говеда ли бил, така што он останал жив. И кога он вечерта се прибрал дома, си иде у манастирот, кога гледа манастирот целиот изгорен. Коа дошол, кога ги видел сите попови заклани, а бидејќи тука немало блиску село, не можел како на селаните да им стори абер за да дојдат да ги закопат. А и у исто време сакал да им каже на селаните да се пазат оти аскеро ќе им праи сега и ним зулуми и го зима клепалото и почнува да чука. Бидејќи манстирот е бил на врвот горе и оно се слушало на ногу на далеку, така да сите тија околни села што биле, слушајат чукање клепало и се чудат: „Зошто?“

Ние христијаните знаеме дека клепалото чука само на велики петок. Но меѓувреме, сите села веќе биле сардисани, не смее да испадне никој селанец за да види што е горе у манастирот. Тоа минало ден, клепалово чука, минало два, три, пет, овој само го чукал – дење, ноќе клепалото го чукал и селаниве само викале: „Шо клепа горе, клепа горе, клепа горе, клепа...“

И од тоа клепа настанало месноста Клепа. Од това сега целата таа месност, сосе сите тија околни села. Наводно после се населиле тука. Сите блиски села се викат Клепа.

106

## КЛЕПА

Местото Клепа се наоѓа на десниот брег на Црна Река. Од реката Црна едно пет километра далеко, може и десет. Тија е највисокиот врв и се вика Клепа. Е тамо на тија врв имало манастир уште за време турско. Имало калуѓери и калуѓерки. Вода убава. После, Турци завидиле ногу, оти таму се собирале каурите, рисјаните и решиле да го изгорат манастирот. И го запалиле. Коа го запалиле манастирот ув тоа време додека горел манастирот, тија му корединле на еден клепалото да го клепа, камбаната да ја чука, да клепа. И за тоа се вика Клепа. Додека горел манастирот се он клепал, ја чукал камбаната. Ка изгорел и него го утепале. Војска, силна власт кој шо му може. У манастиро шо имало се изгорело.

107

## СОЛУН ГРАД

Онаа ширина ја викаат Солун Град. Солун Град, тоа место го добило ова име, како што сум чул од мој дедо и од други стари луѓе, тоа место денес во поново време, не баш во поново време, ама и ден денес на Света троица тука се одржува селски собор.

Ова место го добило името Солун Град од тоа што во старо време, пред Турците да го уништат селото, трговци што доаѓале од Солун за разна роба, стока, тука долу го подготвувале товарот. А и сите тие од селото што носеле стока за Солун, тоа место им било зборно место. Од тука тргнувале за Солун. И така од тоа идење на каравани со стока, натоварени коњи, мулиња од тука тргнувале, па и така го добиле името Солун Град.

108

## МЕСТОТО МАЛ МИСИР

Во близина на селото Тројаци, Прилепско има едно место кое се вика Турско. Тука има една чешма, која се вика Турска. Оваа чешма е напрајле Турците. Ова место се вика и Мал Мисир. Во старо време во местото Мал Мисир имало аништа, фурна, бакалница, касапница. Оваа чаршија народот ја викал Мал Мисир. Тука минел стариот пат. По овој пат минеле секој ден каравани. Тука караваните одмарале и преспивале. Стоката што идела од Солун преку Градско за Прилеп тука врвела. Сите брдски села купувале од оваа чаршија. Оваа чаршија ја чувале турски заптии и аскери. На врвојте од ритчињата имало турски караули.

Постои легенда, оти на планината Козјак во старо време фрлиле еден товар просо во дупката Гамарникот. Просото по вода излегло во Турската Чешма, се јавило во Топличкиот Извор ко терал цела воденица и просото излегло во Росоманскиот Извор. Има подземна вода која се влива во Варлар.

Од местото Мал Мисир во должина од два километри спрема селото Топлица, Прилепско се протега еден дол кој се вика Шуплив Дол. Од обете страни има пештери. Во турско време во овие пештери се криело оружје.

## 109

## МЕСНОСТА „КОЛАРНИЦА"

Местото Коларница е подалеку од Лисиче, а малку поблиску до Чашка, кај синорот на Лисичани. Уште за време турско, пред дветристотини години тоа место сето било шума. Лисичани, како бедно село, а ногу големо немало земја каде да ораат, да копаат, да имаат берикет. Се навратиле сите тамо да го раскопаат това место и шумата да а иссечат за да се направаат ниви. И тргнале од Лисиче сите сос колите, воловски коли дрвени направени. Од Лисиче за Таламбас, преку Чепуркова Чешма, преку Татно право по ридот во Коларница. Отишле во местото кај кориите и сечеле цел ден дрва, копале сите ниви тамо. Цело село било сложно. Сите еднакво работеле. Ама бидејќи им било многу страв од Турците и кога оделе сите – оделе по дваесет, по педесет, по сто коли наеднаш. Па некои се бранеле со пушки. Па тамо кога ќе се собрале, бидејќи биле многу коли, почнале да го викаат местото Коларница. Од тамо, од многу коли што биле, се кршеле коли, поправале со години тука коли, имало искршени и нови правеле. И од тогај си останало местото да се вика Коларница. И денеска се вика Коларница. Сега е ниви, нема веќе ништо, ама името си останало.

Ова сум го научил од дедо ми Мане, од дедо ми Диме, баба Ката. Тија ми кажувале, дедовците нивни копале тамu. Дедо Зао правел коли.

## 110

## ТОПИЛНИЦАТА ВО СЕЛОТО САМОКОВ

Од местото Острилци, село Горно Крушје па се до Даутов Камен во турско време имало голема букова шума во која и денеска има траги од јагленарниците во кои селаните од селото Горно Крушје, Порече правеле дрвен јаглен и со свој добиток ангарија го носеле дури во селото Самоков, Горно Порече. Овој јаглен служел за топење на железната руда. Кај Самоковската река уште во старо време имало рудници на железна руда и топилница за железо.

За време на турското, железото во големи парчиња го носеле за продавање во Солун, Софија, Белград, Скопје, Битола и во други места. Крушевци дење и ноќе сечеле буки за јаглен. Вечерно време во Селото Долно и Горно Крушје се слушало чукањето на чеканите од топилницата во село Самоков. Селаните од блиските села на Самоков копале железна руда и ја топеле во топилницата во село Самоков. Железната руда ја топеле во топилницата во калапи

тешки по педесет оки едниот. Од ова железо се правеле јатагани, сабји, копја и друго оружје за турските аскери, јаничари и башибозуци. Селото Самоков името го добило од топилницата во која се топело и само ковало железото.

## III

## КАЛУЃЕРИЦА I

У старо време се случило у Барово и Боула. Невестата била од Боула, а била мажена у Барово. Е дошло време, прочка, да оде невестата у татко и. И ја испратиле од тука. Арно, ама имало манастир, тоа спаѓа измеѓу Стрмашево, Барово, Крњево и Боула. И денеска се вика тоа место Калуѓерица.

Таму живееле, како што ми кажувале постарите, триста калуѓери. Имало стока: овци, волови, имало работни места за обработување. Невестата кога одела уште натаки, калуѓерите го утепале момчето, а земе невестата. Така а зеле невестата.

Поминало прочка. Невестата нема да си дојде. Тие а чекат невестата да си иде на госје. Не отишла. Виа чека да се врати, свекорот, таткото, свекрвата. Пак и нема да се врате. Одат прашат таму. Не дојдоа!

У тоа време овците оделе да пасат, имало таму некој овчари. Невестата била затворена у олтарот. Она немала шо да праве. Кога ќе дојдет овците овеа да пасат, тоги невестите имале алови шарвети, и ќе а цикне шарветата, имало дупки на олтарот одзади, од дупката ќе а истера надвор. Овците кога ќе а видат ќе избегат. Денеска, утре така, денеска, утре така, денеска, утре така и овчарот рекол:

– Чекај, да видам виа овци шо бегат овдеа?!

Кога отишол а зима шарветката и невестата му вика:

– Јас сум фиљан невеста шо загина. Мажот ми го утепаа а мене калуѓерите ме задржаа овдеа!

И така се разбрало да оти невестата е жива и здрава. Одат манастирот го сардисуат. Арно, ама калуѓерите у тоа време а утепаа невестата и избегале. А и нив ги истепале. Не останал жив човек.

Е, после то, потоа на тоа место шо се вика Калуѓерица, се случило на ногу човеци, млади или стари, ноќно време, ако затекне мракот у тоа време, у тоа место ги има ногу брекчиња, не се ногу големи, ама ги има и таму ќе му се појаве невестата. Ќе оде пред него, ќе го воде, таму ваму и се случуало дека невестата ќе рипне ув брегот и овиа шо го виде и он таму ќе рипне и ќе се утепа. На ногу тоа му се случило додека дошло време да се изјасне дека невестата е само крв. Толку души се истепале, ноќно време тоа се случувало. На ногу души се е десило.

112

## КАЛУЃЕРИЦА II

Некое време, било кое време, некој од село Вешје се оженил во село Боула. Дошол дено да оде госје у Боула. Арно, ама човекот како земјоделец, како работник да се спастри и да се обриче. Тргнал со жената да оде госја у Боула. Поминал до манастирот меѓу двете реки дека шо био. Кога поминал, кај манастирот имало калуѓери. И го питат калуѓерите:

– Кај, бре, момче, ќе одите?

– Ќе одам у дедо ми на госје у село Боула.

– Ами зошто не си бричен?

– Зошто немаше време да се обиричам и така киниса и така мислам да одам.

– Добро, врни се ние ќе те обричиме туа. Како тоа, како ќе идиш таму, тоа е срамно тамо да идиш небричен.

Помислил дека тоа е така. Арно, ама тоа не било така. Се врнало момчето у манастирот да се обриче. Арно, ама они момчето го бричиле и го заклале. Момчето го погубиле, а жената а задржале во манастирот. Денеска утре, денеска утре, нема да се најдат тија човеци. Арно, ама тоа одило ајле време, може да било месец, два. Таа жена шо била, била затворена у некоја одаја.

Арно, ама некој овчар од село Барово и пасел овците крај реката и погледнал кај манастирот, погледнал кај џамовите. Некоја жена со некоја крпа маала. Момчето, овчарчето си отишло дома и кажало:

– А, бре, јф тој манастир мааше една жена со крпа на џамот. Лево и десно мааше со таа крпа. Што може да биде тоа?

Од човек на човек, шо викат, од уши на уши: „Да не е она жена шо погина?"

Добро. У тоа време била турската власт. Де ваму, де наму, дошло до големи, до бегови ли, до судии ли и нарелиле да се сардиса манастирот, да се направе еден претрес, да се виде у тија манастир што може да биде. Кога војската турска го сардисала манастирот, калуѓерите кажале: „Воа ќе испадне лошо за нас!" Ванале и жената а заклале. И жената а суредиле да не се најде. Војската го сардисала манастирот, арно, ама калуѓерите почнале да бегат. Бегале шо бегале до тоа место, таму се фатиле калуѓерите, се истепани и за тоа местото се вика Калуѓерица.

## 113

## АМЕЌОВА ГЛАВА

Тоа место е далеку од Боула, може еден саат на кај границата горе. Таа Аметкова Глава се вика затоа што имаше еден Турчин, лош, поган шо не може да биде. Селаните не можеа да мрднат никаде. Оде Амед по лов со друзите Турци и го нашол селанецот Петре, правел тој ќумур. Он оде му а зима секирата и го исечуе парче по парче. Му и зима добиците и си кинисуа дома. Добиците и продава за пари.

Оде кај овчарот на трлото, најубавите јаганца ќе и исфаќа, ќе иде на пазар да и продаде. Ќе дојде уф селото на чешмата каде шо момите лијат вода. Он она шо ќе ја ареса ќе ја вјане на место добиток и ќе ја тера да го носе. Тоа било страшно, резил'к шо правел. Селаните го трпаат, трпаат и го кажујаат на комитите. И му викаат:

– Од вија човек живи не можеме да се јавиме!

И комитите го чекаат еден ден, таму одел по лов и на тоа место го фаќаат и го убиваат. И затоа местото се вика Аметкова Глава, оти таму му ја пресекле главата на Амед и му ја врлиле. Тоа било пред востанието Илинденско.

## 114

## ПАДАРИЦА

Наштo село се наоѓа во една странка. А над селото нагоре има една височина, чука и коа ќе се качиш над неа сето поле ти се гледа и монш да видиш кој како оде по лозјата или на нивата. Како шо имам чуено ув турско време воа место било падарница. Туа седеле турските падари, оти во селото имало доста и Турци. Биле турени двујца падари Турци. Тија најповечко седеле на тоа високото место и од тамо се гледале кој каде оди, да не краде нешто, или да не прават децата некој зијан. Тија ногу чувале она време коа ќе почне грозјето да прешарује. Никој не пуштале да одат на кај лозјата и ако е твоје не смееш да одиш дури они не кажат кога ќе те пуштат. Тија падарите тамо имале и колиба направено и тамо спиеле ноќно време. Селаните, повечко каурите биле натерани да носат вечера или јадење тамо кај колибите на падарите. Каурите и терале да направат повечко ручек и нешто прежено, зготвено, некоја кокошка, баниц. Викале: „Да ни носите нешто печено и ракиничка зато што ние ви и чуваме нивјата и лозјата".

Едно време туриле еден турски падар и еден каурски, оти селото било мешано. И коа ќе се направе некој зијан ќе видат; ако

го ванат тоа да биде некој каурин сет товар ќе го носе падарот шо е каурин, оти не го чувал, не го бранел убаво полето. И агата ќе дошол на тоа место и му вика на Турчинот шо е падар:

– Ај, сеа да го истепаш, да му удриш два, три стапа на падарот оти не бранел.

И воја ќе го нападне сос некој стап. И нашиот падар видел не видел се откажал. И така местото останало да се вика Падарица, оти тамо се врткале најповечко падарите.

## 115

## АПЦОВИТЕ

Апцовите се викаат затоа што било тоа ка планина, пустиња. Таму оделе овчари, говедари, дрвари, пасиле тоа – воа. Еден таму се јавиле некои арамии – Турци ли биле, христијани ли, какви биле не знам, таму у тоа место сеа шо се вика Апцовите. Ваќат некои деца овчари шо биле и и задржуваат каде ним. И му нарачујат на татковци му дома: „Секи ден за секое дете да донеси по педесет лири пари. Три деца – сто и пејсет пари лири. Ако не ќе и уништиме децата!"

Татковците пари немаат. Се чудат шо да прават. Отишле каде бегот, кај бегот отишле и му кажале:

– Е, бе, ефенди работата е вака. Децата ни ванаа некои арамии горе у планината и сеа и држат таму и ни викат да занесиме по пејсет лири од секое дете, иначе ќе и заколат децата. Ние пари немаме, ако може да ни дајте пари, ако имате, ние ќе бидеме ваши работачи, чифчии, ќе останиме ваши до век!

И бегот изведуе, дава сто и пејсет лири за тија човеци. Арно, ама друзи Турци дознале оти бегот му дал пари на тија човеци. И тија човеци ка и зеле парите, тргнале да и носат за да и ослободат децата. Арно, ама Турците шо дознале дека бегот му дал пари, излеват горе на патот негде и и пречекујат тија со парите, му и зимат парите. Тие качаците шо биле, чекале дента – нема, чекале утрото да донесат – нема ништо да донесат и децата и уништујат и истепујат. Вија зеле пари, мора да и враќат. Ако не и занесле наму, ако децата му и заклале, они парите треба да и вратат на бегот. И останујат кај бегот да живеат работачи, овчари, орачи, шо ќе му нареде бегот тоа ќе работе. И по тоа нешто тоа место останало Апцовите, затоа шо таму биле затворени децата ка у апс, а и некои друзи имало затворени. И до денеска местото се вика Апцовите.

116

## АРАМИДСКАТА КРУША

Тоа место се наоѓа меѓу Конопишката мездра и Бошковската мездра. Таа круша може е, не знам, преку двесте години стое таму. Таму се криеле арамии. Тоа е една шума, еден дол голем. Има ногу шума дабова, букова и таму се криеле арамиите. Арамиите се криеле таму и коа ќе го ванат некој, пари да му дават, таму и терале под круштa и терале. И мачеле, и тепале, правеле бела.

Еден ден навалиле огин околу круштa и го врзале еден човек и му сакале пари. А тој сиромав нема пари да даде и го врзале за круштa. Огинот горе и они со гламјите го шибат, го бијат, му викат:

– Донеси пари инаку ќе те отепаме!

Он нема пари, решил да умре и готово, пари ка нема. Друг некој вanale, му сакале сто лири, и тија немал сол да си купи, а не пари да му даде. Арно, ама бил наклеветен од некој си да има пари, го враќат, го мачат, го тепат, го карат да донесе пари. Он вика:

– Немам пари!

И ваќат го обесујат на круштa, го обесујат и таму умира на круштa – умре човекот. И така тие арамиите ногу работи работеле. И еден ден арамиите се иставиле од таму, ванале некаде и истепујат.

Се прочуло под таа круша имаат арамиите и пари закопано. Тија пари биле закопани божем така: с'нцето коа ќе изгрее и сенката шо се праве од крушата, на кај сенката негде биле парите закопани. И одат по некој таму копат, чинат, ама не можат да најдат ништо. Не биле таму закопани, кој знае каде биле закопани. Ништо не нашле и таха тие арамиите и иствале и пари никој ништо не нашол.

И до ден денес тоа место се вика Арамидска Круша. Таа круша е голема и сега стои уште, веќе подосушена, не чине.

117

## ДЕСЕТСКИ ГУМНА

На онаа рамнинка одспротија биле многу селски гумна, едно до друго. На заповед на Турчинот – сајбија на селото, селаните со коли ќе го однесат десетиот дел од жетвата таму да се врши.

Една година селаните ги натовариле колите и отишле рано, рано на тоа место. Арно, ама Турчинот кој требало да дојде и да ги изброи снопјата во селото не дошол. Дошол дури прикквечерта.

Селаните цел ден стоеле гладни, не смееле да ги пуштат ѕевгарите, воловите. Тоа така дошло само заради еден од селаните кој се побунил и не го однел својот дел – десетиот дел. Турчинот за инает на него не сакал и на овие да им ги прими снопјата. Арно, ама селаните се изнервирале многу па ги отпуштиле воловите, а колите со се снопјата ги истркалале во[3]долот и се нафрлиле на Турците и ги истепале. Само еден Турчин успеал да избега. Отишол тој Турчин, жив што останал, и јавил дека во селото станала буна и дека имало Турци истепани. Па народот очекувал дека Турците за тоа ќе се светат. Ете тоа место затоа се вика Десетски Гумна. Значи, во тоа време, на тоа место Турците го зимале десетиот дел.

118

## ПОПОВЕЦ

Сакам да кажам за местото близу селото Вешје, шо се вика Поповец, како е станало тоа место да се вика Поповец. Тоа е станало да се вика Поповец од вака:

У Вешје, во тоа село имало христијани населени, исто така имало и Турци. Е, у Прждево исто така имало Турци, а тија Турци тамо и напаѓале Јуруците, и напаѓале и пљачкале. Е, вија од Прждево се дигат двајсетина куќи одат се населујат у Вешје. Така и тија Турци шо се од Вешје се договарат да и натерат сите христијани да станат Турци. Арно, ама селаните се иселиле од Вешје, туа близу до Вешје се населиле. Башка село зафанале.

Тамо имало еден поп. Тија попот као свештеник му пеел тамо на селаните. Го фаќат Турците него и му викаат:

– Де, тебе сите те сакат христијаните, сите ќе поминат у нашта вера турска, нема да има хрисјани, сите Турци ќе бидат!

Попот му рекол:

– Шо сакате правите, утепате ме, колете ме, бесете ме, не можам јас да си ја менам верата!

– Е, штом не моиш да ја мениш верата...!

Они го фаќат, го изведујат тамо близу на едно место, падина, *дол* и го убиват. Го исекле, го направиле сет парче по парче, попот. И тоа место станало од тоги, оти попот е убиен тамо. И до ден денеска се вика Поповец. Христијаните си останале, некои избегале по друзи села, некои тамо останале, се израсипале веќе.

119

## КРВНИНТА

Тоа место се вика Крвнинта затоа што кога избегаа Турците во 1912 година, дојде у село Боула еден офицер. Нареди да се собират сите Турци у школото. И собра сите Турци и тиј најлошите. И врза еден за друг, а помирните ѝ пуштија. Таму дојде и поп Арса, кој едно Турче го истепа за ништо. Неговата бавча и на Турчето бавчата беа додруга. Жената на Турчето ла работе на бавчата, а попот на својата бавча. Арно, ама Турчето го пречекуе и му вика:

– Зошто ти овдеа дојде да работиш коа а виде мојта жена оти е овдеа?

И зиме еден кол и го направуе како што треба: го истепуе, истепуе и го остава таму на бавчата. Кога чуле селаните оти попо го истепале одат и го земат. И ништо. После некое време оздравуе и иде кај татко му на детето шо го истепа. Му вели:

– Ќе те молам, кажи му на син ти да не ме тепа за ништо!

Татко му вика:

– Добро, јас тоа ќе го средам!

– Ами, како ќе го средиш?

– Ете, ќе го викнам син ми и вие ќе се простите.

– Добро, ќе се простиме!

Попот пристануе.

– Ама ќе му даиш на син ми две лири да ти прости. Ако не, не те простуе!

Попот мора да даде, оти ќотекот не се трпи. И му дал две лири и му простиле.

Е коа дојде време, тија офицерот и вана сите Турци, а тоа Турчето шо го истепа попот преоблечено со женски алишта си стое со жените. Попот само разгледуе и не може никаде да го најде. Пребаруе кај жените и го наоѓа. Го доведуе кај војводата:

– Еве го детето шо ме истепа и ми зе две лири.

И него го врзујат. Врзаа околу триесет-четириесет Турци, тија шо беа најлошите. Почнаа да и тепат и буцат сос ножевите. Арно, ама еден наш рисјанин они го опколија и со заби сакаа да го изедат. Викаат:

– Ние ќе умреме шо ќе умреме, чекај и вија да го умриме!

Едвај го спасија. Тоги Турците касапница и направија. Таму имаше едно Турче врзано шо го отепа Петре Чалованчето за ништо. Коа вака и нему му дојде крајот. Го питат:

– Зошто го закла?

– Е, зошто го закла? Толку ми беше умот у главата. Сеа да ми простите, друг пат така нема да правам!

– А таа се сврши!

Парче по парче го искасапија. Тија друзите Турци молат, плачат да и пуштат да не и колат. Арно, ама сите и истепааа и исклаа и таму и оставија. И затоа местото се вика Крвнината, оти многу крв течеше, ка виде ка река.

## 120

## ОМЕРОВА ПАДИНА

Турчинот се викал Омер. Тој Омер правел многу беља у село Боула: тепал човеци, зимал жито од човеците, друзи работи, терал по некој човек у Боула од христијаните да му работат џабе, да му орат, да му жнијат на неговите нивја. И така тија Омер една ден станал сабајлето од селото и кинисал тамо у планината, да оде кај неговите нивја. Одел, одел тамо застанал на едно место у некоја шума и рекол:

– Јас сум заклен, кој ќе замине прв овдеа христијанин, кој сака нека биде, пријател било, непријател било, ќе го отепам, оти сум заклен, ако не го отепам треба мајка ми да ја земам за жена.

И уф тоа време најдуе еден боулец сос добиците со жито товарени да оде на воденицата. И тој Омер му вика:

– Стој!

И христијанинот застанал:

– Растоварн добиците!

И растоварил вреќите и и турнал вреќите со жито, а вреќите озгора зашилени со едни шилци, дабови дрва, колку една педа, повечко. Убаво заврзани да не се истурат, да не падне негде добитокот, да го истури житото. И седнал христијанинот на вреќите, си седе и Омер, пред христијанинот седе, ама со грбот, не го гледа вака лице в лице. Омер си ја држи пушката уф рацете, а христијанинот рекол: „Ваа нема спас, виа ќе ме утепуе мене, туку чекај!" Го извадил еден шилец од вреќата јак, убав, ка го шибнал овдеа у слабините, Турчинот паднал и умрел. Го отепал, го умрел и го завлекол уф едни расја. И товарил добиците и си кинисал. И Турците чекаат, време заминало, неколку дена, го нема Омер. Турците викаат:

– Бре, ебаго мата, кај се стори виа Омер, волку време го нема?

И се дигнале сите Турци да го сакат Омер. Одиле по шумата го сакале и го нашле. Ка го нашле Омер го зимат тамо на рамо и го заносуат у Боула. Го закопујат, а тиа шо го отепал не можеле да го најдат кој го отепал. И така тоа место и ден денеска се вика Омерова Падина, затоа што на тоа место Омер е отепан тамо.

## 121

## УСКОВИ ПАДИНИ

Вија падини се наоѓат меѓу село Страгово и село Вешје. Така се викат, оти тамо е отепан Турчинот Уско. Тија Усло бил од село Вешје. Ногу лош Турчин. Правел ногу зулуми на рисјанте. Коа

оделе наште на пазарот у Неготино, носат дрва ќересте, в'на или шо да е. Уско ќе се скрие над пат и сите пазарции ќе и изгледа шо носат на пазарот. После то коа се враќат знае кој шо носе, шо има купено, или кој најповечко има пари. Он ќе ја постеле шарветката на сред пат, седнат скрсноэе, пушката уф рацете и тера пазарциите да остават пари. Ако некој не сака да оставе може да го утепа, или на некој му и зимал алиштата, палтото ќе му го соблече, ќе му зима шо имат купено: шеќер, сол, пипци и шо ќе му текне може да му земе.

Е, така и пречекал страговци. Се враќале од пазарот и и сопрел. Почнал да му ја зима стоката. Еден страговец ни едно ни две пуук со вистегарката по глава и го отепал. Го мааиале тамо у падинте. После то Турците го нашле. И по тоа нешто и падините почнале да и викат Ускови Падини, оти Уско е отепан.

## 122

## ЦАРЕВ ДАБ

Покрај старото џаде Прилеп – Титов Велес, меѓу селата Тројаци и Царевич, Прилепско има едно место кое се вика Царев Даб. На ова место има еден даб и една чешма. Местото се вика Царев Даб зашто тука се одмарал Цар Самуил со својата војска во времето кога се повлекувал спрема Прилеп пред византиската војска.

## 123

## МЕСТОТО БРОД

Ми кажуваше дедо ми дека кога поминал на Ное коработ на Песјак, ко се удрил во каменот и каменот го гризнал и коработ се дупнал, се наполнал со вода и потонал. По тоа нешто, дедо ми, кажуеше дека тоа место се вика Брод, поради тоа нешто.

А су слушал за таа планината Кораб тука би било на Ноета пристаништето. Су слушал дека имало уште некој остатоци тука од коработ.

## 124

## МЕСТОТО ВИДУШ И ПЛАНИНАТА ПЕСЈАК

За Видуш да ви раскажам што сум слушал од стари луѓе, од Јаќим Кososки. Тој ми раскажуваше, на пример, кога бил потопот некогаш и тамо коа му се гребнал корабо Ное видел осушено место и тоа место се викат Видуш.

Прво тамо се видела земиа суа, а па имаме едно место викано Песјак. Тамо има една голема карпа. Ко поминал со корабо тука Ное му гребнало на карпата и тогај рекол: „Песјо куче!" И затоа се викат таја планина Песјак.

## 125

## ВРВОТ БУДИМАШ

Будимаш е највисок врв на Селечка Планина. Во Прилеп во старо време некои прилепчани се нафатиле кој побрго ќе стаса на највисокиот врв на Селечка Планина. Се јавиле повеќе мина. Пред да кинисат прво му и прегледале забите на тие што сакале да се качат на врвот. Тие што имале извадено или паднат некој заб отпаѓале. Кинисале, вјасале, трчале пријавените. На врвот прв стасал некој млад Ѓуптин. Ко стасало Ѓупчето било многу уморно. Било сето жива вода. Пред да кинисат на пријавените за одење на врвот им рекле:

– Кој ќе биде маж, прв да стаса на врвот!

Ко се искачило Ѓупчево, на другите им било криво, оти тоа да биде прво. На Ѓупчето му дале вода. Водата била многу солена. Ѓупчето се напило од солената вода и веднаш умрело.

## 126

## АНОВИ ВО ПАПРАДИШКАТА ПЛАНИНА

Горни Ан и Долни Ан. Туека живееле пред да доет Турците Римјаните. Римјаните живејале фамилијарно, по печес куќи, по две, три, четири. Сета шума населена била, сета. После Турците кога се дојдени, кога и испустиле нив, пошумена е таја шума. Тогај било голо. Постоит знаци од ѕидиња, од патишта, од куќи, од нивја.

Патот минуват сега од Галева Ливада, горна што е, право горе Николова Чешма и Куртовица и одит за Топалица, право Исмаилица и тамо веќе е Порече. А поврзано било тоа џаде. Немало тогај главни градови. До Солун тогај оделе пешки. Со Солун поврзани угоре Кичево, Дебар. А немало тоа време воз. А аништата служеле тогај за преноќиште, на патниците за преноќиште. Еден ан имат испод селово Грковец шо се викат. А и тује ан имат и ден денеска се познават зидишта. Тогај селово не било заселено. Близу над селово минувал патот Галева Ливада, тue се познават кај шо било џадето. Сигурно минувал низ селото негде, ама од тогај затрпано било. Ливаѓе станало, не се познават кај минувал, баш ни селото. А од селово немат два километра кај шо се познават џадето горе. Одит до Куртовица. Одит преку Камено Чешмиче, преку Мечкин Извор. Од овде Мечкин Извор преку Камено Чешмиче, Николова Чешма излагат право Куртовица. Куртовица над аништата излагат, крај аништата. Отстрана само дваесет, триесет метра се наоѓат аништата.

## 127

## МАРИОВО

Во времето на заробувањето на Македонија од Турците, еден паша шетал низ сите села низ Мариово, како се сметаат дваесет и пет села мариовски. Дошол до селото Витолиште. Бил распореден кај еден најбогат човек во селото. Имал тој ќерка. На пашата многу му се бендисала ќерката на газдата и му предложи да му ја даде за жена. Татко и на девојката се бранил, дека е тој рисјанин а овој е друга вера. Пашата:

– Ако не можиш милом ќе биде силом, ќе ти ја земам девојката!

Тогај таа го предоитрила пашата:

– Ако направиш едно добро за ова наше место, ќе те земам јас!

– Што сакаш? – рече пашата. – Јас ќе направам, само да дојдиш со мене. Е што сакаш?

Сакам од местото Полошки манастир, Селечка Планина до селото Брод – битолско, планината Ниџе, Козјак до кај што држе, тој предел да остане рајатско место, да не идат Турци тука.

Пашата имал голема власт и направил еден таков тестамент. Викнал адвокати (муфтои) и го прочитале документот. Девојката морала да тргне за пашата. Тргнале со пратњата што а водил тој. Тој водил војска и тргнале да одат према Прилеп, према селото Дуње. Девојката се подготвила уште не кинисана. Си наострила еден нож, ние мариовците го викаме ркле, што и стрижиме овците.

Тоа е најостро оружје кое што се наоѓа, си го зема скришум. Алетот на Турчинот му бил да ја качи на коњот зад него. Тргнале према селото Дуње, тоа е место наугорница и кога дошло веќе да излезат на угорницата таја крцликот си го закачила в среде себе, си извршила самоубиство. Со удирањето, со крцликот паднала од коњот и Турците застанале. Не знаат што да прават сега и се популиле. Таја паднала, со паѓањето од коњот уште повеќе се удрила и умрела. Да се враќа пашата, да го зема тестаментот што го дал да остане местото кое го означило од Полошкиот манастир, целата Селешка Планина, до селото Брод, Ниџе, Козјак и Железна Врата, му било срам и си и потерале коњите и избегале.

Девојката се викала Марија и по нејното име останало местото кое и денеска се вика Мариово. После отидувањето на пашата и останувањето на името Мариово останала земјата рајатска. Долго време Турците не дошле во Мариово да го наследат со чивлизи и турско население, тука управувале земски кметови. Првите земски кметови биле од селото Вепрчани, селото Манастир, Старавина и Витолишта. Тие се менувале со избори и така долго време останале, само и тие не биле многу добри и тие правеле нереди, као што и Турците правеле нереди и тие имале хареми и така натаму.

## 128

## СЕЛОТО МАРГАРИТА

Ќе ви кажам, то селото Маргарита се викаше по старо Почит, знајш Почит се викаше, комитите таму починувале. Ќе оделе дека ќе оделе и на то место, на то село ќе починувале и Почит се викаше.

Селото беше три четирдесет туќи тогај. Не беше големо село, у планина селце беше. Три села има околу нашето село: едно Драгоманци се викаше, то беше турско село, ама имаше и рисјани, друго Луковиц и нашето село Почит шо беше, а сеа Маргарита се вика.

Девојката Маргарита, значи, Маргарита шо се викала на средниo ден на велигден, лели играме ние, еј, собор. Се собрале Турците, ќе а сакат да а потурчат. Таа Маргарита била многу убава. И сега она шо праве: трча, таму има две, три стени камење, големи, високи, како да ти кажам, колку фртоми е. Долу е реката. Да скокниш одозгоре партал коска да не остане, не па партал. И она од тамо, тие по неа, она напред да бега и да оде да скокне и та клетва дала, вика:

– На ваа ден, на велигден, на трите дена, на среднио ден на велигден ќе идите вика од трите села амо (у трите села не, ама во село Маргарита шо се вика), на среднио ден – вика – три свирки ќе заиграт – вика – и по едно јајце ќе фрлате!

То камен од кај скокнала. И една година не отишле и тоа лето град падна, ништо не фатиле селаните, се му истолчило. Ка ќе дое ред на то ден, на средниo ден ќе ручаме тамо. Ние невести шо беме од чужди села мажени ќе си одиме на то ден у најубавите невестински фустани, ќе се промениме заради Маргарита. Мажите со коња, со букла вода на коњите, ќилими ќе наклават и така ќе одат, не е многу далеку, ама така е обичајот. Ќе си одевме тамо и свирки ќе засвиреа, три ора ќе заигреа тамо. И по едно јајце ќе фрлевме и ќе си одевме.

129

## БИСТРЕНЦИ И ДУБЉАНИ

Сакам да раскажам едно таквоа, како прикаска, ама не е прикаска, легенда некоа се вика. За време на Турската Империја како станало селото Бистринци и Дубљани, шо ги викат. Било за тоа време, за Турска Империја, кога била турската власт, силата, у тоа село Бистренци имало некој бег Скендер бег. И тиа бил ногу опасен. Ногу лош човек бил и православните ги терал да се потурчат.

Имало некој човек, православен две ќерки. Тие биле две сестри. Едната е викале Бисера, едната Дубља а викале. И ногу биле убави, лични тиа момите. И фануе он силум, ги зима да ги потурчуе. Ги воде у џамијата. Турската власт, ги терат у џамијата каде оџата. Ги однесуе таму у оџата. Ги затворат таму у џамијата и сака оџата да му пее по турски, како да бидат, да а земат турската вера, да бидат кадани и да и потурчат, да и покрнат, таму да и забулат.

Арно, ама тиа не сакале. А натре у тоа џамијата не можеле како да онадат, пуштени прибидејќи биле, фануат од џамијата у минарето горе шо се качуе оџата и они флеват у натре, на нагоре по лесвиците и се качуат горе на минарето. Они од шо нејќеле да бидат кадани, да се потурчат Дубљана се манала, Дубља се манала на долниот крај од минарето, а па Бисера шо била на горниот крај се манала на горниот крај на минарето и се истепале јобете сестри и не се потурчуле.

Како они шо се манале, селото го нарекле, на долната страна шо била Дубља, Дубљани се вика, а горната страна Бистренци се вика, прибидејќи момите биле едната Бисера, другата Дубља а викале. И сеа се назива тоа село Бистренци до ден денеска и Дубљани од тоа настанало.

130

## НЕВЕСТИНСКИ ДОЛ

Недалеку од селото Гарван, Штипско, високо во планината Серта се наоѓа еден длабок дол познат под името Невестински Дол. За тоа како овој дол го добил своето име има повеќе легенди, а една од нив е и оваа што сакам да ви ја раскажам.

Било тоа многу одамна, кога во Македонија господареле Турците. Народот живеел многу тешко по селата на оваа планина. Покореното население морало да го поднесува тешкиот живот под ропството на Турците.

Во село Пиперово, исто така Штипско, во тоа време бегувал некој бег, за чие име не се сеќавам да сум го слушал. Тој особено останал во сеќавањето на овдешните луѓе, по големите насилства што ги вршел над невиното население. Особено бил истакнат како голем љубовник, па затоа која мома Македонка ќе му се допаднала, веднаш ја земал во својата беговска куќа и ја потурчувал.

Така еднаш во селото Гарван се мажела некоја убавица. Кога за тоа дознал бегот од село Пиперово, со своите сејмени, тргнал да ја грабе невестата. Како што наумил бегот од Пиперово, така и направил. На пладне стигнал во селото и без многу да објаснува за својата намера, ја грабнал невестата и ја повел низ планината кон своето село. Лели нагоре е високо, а надоле е тврдо, невестата немало што друго да работе, освен да тргне со бегот таму каде тој ќе нареде. Ја качиле на коњот и сејмените на чело со бегот, ја повеле во тесните патеки на планината. Кога поворката минувала на работ од еден длабок дол, таа дошла до идеа да не му падне во рацете на Турчинот и да не стане потурченица, решила да се фрли во долот, чие дно не се ни гледал во длабочината. Во еден момент скокнала од коњот и се струполила во стрмните страни на долот на чие дно по долго тркалање нашла смрт. По нејзиното име, мислам за тоа што била невеста во моментот кога ја грабнале, луѓето од овој дел на планината, долот го нарекле Невестински Дол.

131

## ВИШНА

Тоа постанало на Велигден близу едно село, заборавив како се викало. Си имало обичај како вакво место, тамо младите си играле, старите гледале, џумбус на Велигден. Арно, ама Турците решиле таа и таа девојка да ја потурчат, да и грабат на сила, около мракот. Селаните виделе ногу Турци сос пушки седат, страело и да не стане

некоја ѓурултија. Еден по еден си одуат вечерта дома. Тргнуват и девојките, заедно да си одујат. Турците:

– Стоп!

Сопират ги, не им дават дома.

– Ќе играте!

Едно оро, две изиграле момите, гајдаџијата свирел. Ама некоја девојка танчерка, Вишна ја викале, добра играорка, Турците фанале да зборуват:

– Таа на мене, таа на тебе. Ќе и грабујме, а за гајдаџија еден куршум му треба!

И така Вишна како девојка чула го тоа и сите други. Најпосле нема фајде, дома не можат да си ојдат веќе и грабујат Турците. Вишна викала:

– Жива се фрлам у доло, ама не се турчам!

Вишна прва скокна и по неа и другите под брегот, со неа и гајдаџијата, сите се истепале. И Турците рекле:

– Их, ова ти бре ским москов ѓаор!

Така местото до денеска се вика Вишна во Кавадаречката околија некаде.

## 132

## ВИШЕШНИЦА

Вишешница своето име го добило ваќа: Порано кога Турсќата Империја владеела со Македонија, Турците биле многу лоши. Оделе од село во село, значи, по православната вера. Тиа си бегови и потурчуеле нашите православни девојки кои му се на ним свиѓале. Најубавите девојки ги потурчуеле за да бидат Турчинки, значи, нејни жени или пак слугинки. Беговите од територијата на Тиквеш, да речиме, од Сопот или Кавадарци оделе по селата.

Отишле трујца бегови од селото Галиште, недалеку од Кавадарци. Има едно дваесет и петшест километри одалечено е Галиште. Во селото Галиште биле само православни. Беговите кога отишле во селото Галиште и оти тогаи нијна власта и го собрале народот. Таму целиот народ го собрале. Млади, стари, жени, мажја, девојки и сите на сред село. Кои девојки му се бендисале на беговите ги собрале. Ги собрале три девојки од Галиште, а Галиште е неприступачно место, сето е со стени. Има прилаз од две страни: од реката Црна може да се оде за Галиште и од Дреново за Галиште. Од друго место не може да се оде, било со добиток или пешки. И оние тие девојките ги потерале силум и ги водат. По патот, значи, се согласиле двете девојки да бидат Турчинки, додека едната неќела да си а мене верата, да биде Турчинка. И они ги терале. Ги извадиле над селото Праведник. Таму е еден рид, значи висок и сет е со кар-

пи. А питале за последен пат девојката коа нећела да се потурче. И рекле:

– Ти или да се потурчиш или каурко од оваа стена животот ќе го изгубиш, ќе те фрлиме.

А таа стена е висока. И ден денеска местото си е такво. Може да има двеста, двеста и педесет и повеќе метра висина. И рекле:

– Ако не се потурчиш ти, ако не се даиш у наши раци, ти си секако у наши раци, ако не се согласиш дека ќе бидиш Турчинка, ти од тука животот ќе си го изгубиш!

Она рекла:

– И да умрам, верата не си а менуам!

И они фаќат, беговите, а туркат девојката од стената долу. И девојката погинуе. А местото, значи, местото звано Вишешница си го добило своето име затоа што девојката а викале Вишна.

133

## РИДОТ КИТКА

Пред неколку стотици години во село Тополовиќ, Кратовско живеала некоја девојка, која се викала Кита. Таа со својата убавина се прочула во целото село и во околните десетина села. Кита била единствената рожба на своите родители, затоа тие ја чувале како очите в глава, нивната мила ќерка. Поради добрата душа и селаните ја многу засакале, била убава и паметна Кита.

Еден ден во домот на Кита ненадејно дошол турскиот везир со цел самоволно да ја одведе Кита во својот харем за да ја направи харемица, да му биде жена. По силниот писок и лелекањето на мајка и на Кита се собрало целото село. Селаните одвај успеале да му ја грабнат на везирот селската убавица Кита. Не поминало долго време турскиот везир повторно се подготвил со своите слуги за да ја грабне еднаш за секогаш ова вистинска убавица. За грабнувањето на Кита турскиот везир и неговите слуги ја одбрале најтемната и најмрачната ноќ, кога небото било покриено со темни облаци, кои допирале дури од земјата до небото. Везирот и слугите се прикрале до домот на Кита. Одкако дознале дека Кита се наоѓа во моминската соба тие тргнале. Влегле во собата, најпрво мајка и ја фатиле и ја претепале а потоа ја фатиле убавицата и ја однеле во турскиот харем.

Кита придружена од многубројните слуги и везирот некаде пред зори стигнале во харемот на везирот. Кога ја одвел во везировата соба имала што да види: шест млади убавици – христијанки како и таа, секоја во различно ќоше само молчеле и молчеле. Одкако Кита била обесчестена и таа била одведена во везировата соба. Но, бидејќи многу се спротиставувала на везирот, тој наре-

дил на слугите да ја убијат. Кита била убиена на ѕверски начин. По извршеното убиство, кутрата, била изнесена на највисокиот рид и фрлена како обичен партал.

Селаните и мајка и на Кита ја барале три дни и три ноќи, но никако да ја најдат. Едно магливо утро мајка и на Кита од далечина здогледала како се вијат орли и тоа токму над највисокиот рид кој се извишувал над денешниот Тополовиќ. Кутрата тргнала кон ридот и по одење од два часа пристигнала. Кога пристигнала имало што да види: нејзината Кита со извадени очи, исечени уши лежи мртва на врв на ридот. Не можејќи да ја преболи ова тажна глетка и таа мртва за миг се струпосала врз мртвото тело на нејзината ќерка Кита. Поради овој настан селаните од Тополовиќ решиле овој рид да го наречат Китка и тоа во чест на овој немил настан, кој и ден денеска се претскажува од најстарите жители.

134

## ПОТУРЧУВАЊЕ НА ЕДНА ДЕВОЈКА ВО СЕЛО ПИРАВА

Имало една многу добра девојка во село Пирава – прочуена. Но, Турците сакале да ја земат за жена, да ја потурчат. Но никако не можеле да ја измамат. Направиле Турците некои стари фијаќери, стари коли, како да кажам – пајтони. У петок покрај нијната куќа свират зурни, талани, провикање. Арно, ама девојката мислела дека: „Денеска не е недела, кој се жени, свадба е воа?" Испаднала од дворот да ѕирне и виа Турците ја зграбиле, право у пајтонот, одма. Носеле кадански дреи, чаршави, шалвари шо требе наметнали и насила тргнале за Солун. Но, нијните браќа не биле дома. Кога дошле им кажале шо се случило и тиа ко отишле во Гевгелија по тратот, питујат кој ќе сретнат:

– Видоте такви и такви Турци. Такви и такви коња. Таков и таков пајтон?

Сите кој видел кажујат стварното, ама викат:

– Турчинка невеста водеја!

Бидејќи она е преоблечена у каданска облека. Тиа, питајќи чак стигнале у Солун. У Солун девојката Турците а однесле кај една стара кадана, сама. У шифоњерот ја затвориле девојката од Пирава. Тиа низ градот тамо Турците се искриле, но пристигнале и браќата на девојката. Тиа директно питаејќи по пријатели, разбрале дека девојката е во таа куќа кај една стара кадана у шифоњерот ја затвориле. Едениот брат останал на капијата каде шо е сестрата затворена. Друјсте отишле у руският консул у Солун. Кажале си маката сета. Консулот руски со султанот се разбрале. Султанот

турски одобрил да се најде девојката каде е. Кога одат браќата ја најдиле девојката скриена у еден шифоњер. Доведуат а пред рускиот консул и рекол на девојката консулот руски:

– Ако сакаш да се турчиш – можиш, ти ако сакаш турска вера, но ако не, тоа фереџе шо ти го турат Турците на глава, еве ти ноже сечи парче по парче да докажиш дека не сакаш да се турчиш. Ние сме консул од Русија – една вера, воопшто не се плаши!

Девојката се налутила и дале ноже, парче по парче го исекла чаршафот, се тоа го исфрлила на патосот на собата. И тогаш го известиле султанот дека девојката не сака да се турчи, фереџе да носи, го исече на парчиња, го фрли и готово. Султанот наредуе дека девојката си е истрајна, си ја сака својата вера. И дале неколку турски заптии и некоја чеза, или како да кажам, пајтони, дур до Пирава сос документот од султанот, ги донесујат здрави девојката и браќата.

Ама, у Пирава требало да се потпише турскиот коџобашија. Коџобашијата се потпишал, оти девојката е доведена исправно, без некоја штета и заптиите се враќат ув Солун. Арно, ама вна Турците шо ја грабиле девојката и нивните колеги побратими се побуниле:

– Море – рекле – една посрана каурка ако неќе да се турчи – неќе, како може пред нашето царство да го сече фереџето парче по парче, а нашиот султан тоа да го знае и да го дозволе. Ние сме против тоа женската да го исече нашето царство – фереџето!

Турците се налутиле и шо направиле – го убиле руснот консул. Го убиле, извршиле атентат, потоа му закажала Русија на султанот непријателство. И така дошло до војна.

135

## ЦРВЕНИ СТЕНИ

На едно два-три саати пешки југоисточно од селото Радња, Кавадаречко, што се наоѓа во пазувите на планината Кожув, реката Дошница минува низ една стрмна карпеста клисура, која преданието ја нарекло Црвени Стени. Така се вика таа мала клисура и околината околу неа обрасната со високи шумски дрвја. Сум слушал за тоа место една приказна што сакам да ви ја раскажам. Па еве што раскажува таа.

Кинисале некој Турци насилници од Меглен, Грчко да пљачкат низ Македонија. Кога дошле во селото Горна Бошава, кое и денес е познато по убавите моми, грабиле дванаесет селски убавици. Ги грабнале, ги изврзале и ги потерале пред себе. Ќе ги носат во Метленијата. Ги носеле, ги носеле и бидејќи било летно време, кога дошле на ова месност што сега се вика Црвени Стени, горе над нив

решиле да се одморат. Се расположиле добро. Започнала богата гозба. Се јадело и пиело до немај каде. Убавиците стуткани една до друга не знаеле кај ќе ги носат, освен што знаеле дека ќе бидат робинки во некој беговски харем. Гозбата траело долго. Најпосле кога малку се заматиле од ракијата, посакале од робинките да му играат. Ги одврзале и со сила ги натерале да играат.

По некое време, во текот на играњето, започнале да ги силуваат некој од нив. Тогаш танчарката, онаа што го водела орото, со шепот им предложила на другарките да не идат живи таму каде сакат да ги носат и да не им се предадат во рацете на Турците. Предложила да се фрлат сите заедно од стените, долу во реката Дошница.

Се фатиле сите заедно и се фрлиле во длабочината на провалијата. Паѓајќи надоле сите до една се истепале. Од крвта што им течела кога се удирале на стените, стените окрвавеле и добиле црвена боја, па од тоа и тие го добиле името Црвени Стени.

136

## МОМИНА ЧУКА

Недалеку од грчката граница, на еден километар, кај местото звано Порта, караула се наоѓа. Местото звано Момина Чука како го добило своето име, јас ќе ви раскажам. Местото звано Момина Чука, од подножјето на реката Дошница и од подножјето на реката Марково Езеро и од подножјето на реката-Порта, до врвот на денешната Момина Чука, од сите три страни има два километра надморска висина. Не можам да речам да е точно два километра, но така некако мислам јас. Од сите страни е еднаква далечина до сите три реки. И коа се наоѓа на запад и на југ и на север од сите три страни, а од четвртата е одма грчката граница.

Во тоа време, значи, си било едно момче и тоа момче си имало три љубовници. Ногу си ги сакало сите три девојки. И они исто, значи сите три имале љубов према него. Е, дошло време, момчето пораснало. Дошло време да се жене. Дали за едната, дали за првата, дали за трећата? И оно си скроило план. На денешната височина, значи, шо денеска го носи името Момина Чука и зело сите три девојќи, со три стомни во раката. Испаднале горе на чуката и момчето му рекло:

– Слушајте, јас сите три ве сакам и вие мене ме сакате, него еве има три реки. Сите три реки од тука, од врвот, се иста далечина. Можете да си фрлате ждрепче коа на коа река ќе оде вода да нап'не сос стомната и да се врате тука.

И момите си фрлиле ждрепчиња. И на секоа мома коа река и паднало и момчето рекло:

– Моиште одма да појдите со стомните. Коа првин ќе ми донесе вода мене тука, таа мома јас ќе а земам!

И сите три тргнале. Отишле долу секоа на својата река. Си нап'нале и секоа коа побргу да стигне, да го земе момчето, да не го преваре првата или другата. Сите оние така се натпреварувале. Со сета брзина они, со сета сила, сите три заедно стигнале на истото место, кај момчето шо стоело на врвот, на чуката. Кога стигнале сите три и сите три умреле. И затоа денешното место Момина Чука се вика Момина Чука. Се вика Момина Чука. Се вика затоа што на таа чука умреле три девојки за едно момче.

137

## МОМИНА ЧУКА II

Момина Чука се вика тоа место, еве зошто:

Се надигале Турци отаде од Меглијата, од Грчко. Сето тоа беше едно, а сега таму е Грчко, а ваму е наше. Се надигале Турците од таа страна, уф тоа време и прешле уф нашето и почнале по селта да одат, да пљачкат, да тепат, да чинат, да зимат женски. Коа ќе и бендиса, убави и зимат. И терат у нијното место, и потурчујат да станат Турчинки. Зимат од нашто село, од ногу села други, неколку моми и одат на тоа место сеа шо се вика Момина Чука. Таму има една стена голема. Озгора на стената е рамно. Поседнале Турците таму и и терат момите да пејат, да се веселат, да играјт. Момите не сакат да пејат, не сакат да се веселат, дури не сакат живи да бидат, него Турчинки да станат.

И тоа една мома највредната шо била, повредна, потаква решила да се отепат. И како ќе се отепат, сите да се истепат, да рипат од стената. Една по една не рипат, некои нека̀т, некои сакат. А вија друјзте моми не знајат шо она мисли, она рекла:

– Дајте да се врзиме ние сите!

Тоги носеа колци, д'зи коси одзади плетенки.

– Да се изврзиме една со друга со прцлите!

И се врзале една со другите со прцлите. И се изврзале таа со таа и почнале да играјат. Ка дошле таму близу до стената и таа напред шо се решила да се отепа – рипа она и они по неа, сите рипат. Затоа шо се врзани, не можат да се одврзат и сите се отепујат од стената и сите умират.

И така станало името Момина Чука, затоа шо таму момите се истепале.

138

## СМИЛКИН КАМЕН

У село Горни Дисан има еден голем камен, се вика Смилкин Камењ. Името го добил по една мома, се викала таа Смилка. Ваа мома била ного убава, прочуена со нејната убавина. За неа чул и еден турски бег шо живеел во село Долни Дисан. Бегот решил да ја потурчи. Собрал ајле Турци и на самиот ден Велигден отишол во село Горни Дисан. Селаните го чекале празникот, сите биле надвор излезени, си играле, на сред село имало оро. Баш коа си играле дошле Турците. Бегот ја посакал Смилка да дојде кај него. Она пред тоа разбрала дека ќе ја потурчуе, избегала.

Бегот се налутил и почнал да ја бара по селто, сите се исплашиле, да не го изторат сето село. Смилка испаднала надвор од селото кај големиот камен, се качила на него. Од далеку забележила оти Турците идат по неа да ја потурчујат. Е, Смилка вишла оти не може да се спасе, ќе ја вание бегот, се манала од камењот. Надоло од камењот било дол, високо место, дури во долот ја нашле умрета. После воа, Турците си отишле од каде шо дошле. Смилка тамо ја закопале. И до тоа и камењот се завикал Смилкин Камењ, оти тамо онаа е загинала.

139

## КАРПАТА „СМИЛОВ КАМЕН"

Ќе ви раскажа за каменот „Смилов Камен". Тоа било кога сакале да и потурчит девојките, православната вера Турците. Да и потурчит, ама не сакале да и потурчит. Смилјана била напред танчарија. Бидејќи не сакале сиот танец да се потурчит и како што била танецот изрипале од камен удолу. Ја викале тамо некои постари:

– Не рипај, Смилјане, младеш не гини!

– Не викајте, море, старци, рече – како рулци, више младеш не се турчи, ја ќе рипа сосе танец!

Од прва танчарија па до најодзадна танчарија изрипае околу четиристотини, петстотини души од камен удолу и не се дадое на Турците да се потурчит. За те се назначуват „Смилов Камен". Смилјана била мома и стегнала танецот сиот од камен.

Населба бил Гарван и Пеплес. И од Чеплескиот народ имало во орото и од гарванците имало народ.

## 140

## БАБАЈАНИН ДОЛ

Вија дол се наоѓа близо до селото Бунарче. Воа село го започнал еден бег уште од турско време. И собрал неговите чифчии, овчари и тамо заседнале. Найравиле колиби и изделкале големи бунарја од камења за да и појат овците вода. И затоа и селото го нарекле Бунарче, оти имало ногу бунари.

Имало и Турци. Тија Турците почнале да и потурчујат хрисјаните. Најнапред сакале да ја потурчат бабата Јана. Она била најстара па и помалите ќе ја послушат и тија да се потурчат. Она рекла:

– Главата ја давам, ама верата не ја менам!

И една ден ка тргнала да оде на пазар у Кавадарци, Турците ја пречекале у еден дол. Сеа се вика Бабајанин Дол. Сета парче по парче а исекле. А манале во долот и долот така се завикал, оти баба Јана тамо била отепана.

## 141

## ФИДАНИН ГРОБ

Фиданин Гроб е една падинка близо до селото Вешје. Еве зошто така се вика: Дедо ка шо ми кажуваше, а он си имаше над деведесет години. Најнапред у нашето село живееле само хрисјани, немало Турци. Ама, почнале да и напаѓат Турците, некои Јуруци тамо кај Вардаријата. И почнале Турците да се населујат у нашто село. Му ја зимат земјата, најубавите нивја и дури и терале да ја сменат и нашата вера. Тија најлошите Турци, катили, ќе идат у некоја куќа наша, пијат, јадат и прават бели. Е, почнале наште да бегат од селото и започнале да прават ново село, го викале Ракето. Ама и тамо не и оставале на мира.

Некој Турчин ја засакал момата Фидана. Она била најлична у селото. Турчино и испратил прстен, а таа не сакала да го примне, му рекла:

– Да му кајште, оти јас не си ја менам мојата вера и не сакам да бидам кадана!

Дедо кажуваше у тоа време дека уште од мали на девојчињата му ставале крстови на челото сос огорена игла. Тоа го правеле да се знаат оти се каурки и Турците да не и потурчуат.

· Фидана мислела, оти тија Турчинот се маанал од неа. Ама он и собрал неговите другари и отишол да а сака. Тоа било летно време. Човеците по патот одиле да жнијат и тамо некој лежеле на нивата. И Фидана ка тргнала да ое на една чешма да налие вода, а

пречекале Турците и ја исекле парче по парче, а мааналје у некој дол. После тоа тамо а закопале каурте. Нејзиниот гроб тамо бил негде у падината. И ден денеска така се вика Фиданин гроб тамо бил негде у падината. И ден денеска така се вика Фиданин Гроб, оти тамо била Фидана закопана.

## 142

## БОЖАНОВ ГРОБ

Во Патрик има едно место Божанов Гроб се викат. Порано Патрик бил на 15 куќи. Некој го викале Иљо. Убава ќерка имал. Ја загледале Турците, тамо Пешчерница, Шаба тоа се Турци,и сакале да ја земат, да ја потурчат, да му ја земат на човекот ќерката. Пробале неколку пати. Крил ја натака, навака не могле да му ја земат. Тија ќе му зборат:

– Иљо, дај ја ќерка ти, или ќе те утепаме тебе, ќе те затвориме!

Тој им вика:

– Не е дома!

Те на фиљан место е, те на госје. Крил ја по Штип, крил ја по Неготино. Нема, ајдути, секои ден врват: Горни Порамат, Долни Порамат, овдеа Шаба, натака тие села турски се. Организација са туриле: видат некоја убава жена земат, ја потурчуват, ајде друга.

Е, вој крил ја, крил ја. Едно време довел ја дома, откриле го, одвел ја у Патрик. Сардисат го селото една вечер, бркат го – нашле.

– Е, ќе ја земиме!

– Аман, бре, шо ќе прајте. Не!

Туа народо, собрало се селото. Ја зграбнале девојката, ќе ја носат да ја потурчат. Оваа писка, плачи, се влечи, тепат ја, терат. Влекле ја, влекле ја до Зоја, има тамо чешма, од Зоја нагоре по пат. До тамо било селото. Се молиле да ја пуштат. Не ја пуштале и се вратиле. Она писка, се крв се направила. Не оди, пиштоло и ја застрелале. Утепале ја. Е затрчало се после селото, а она умрела. И тамо ја закопале и до денеска тоа место се вика Божанов Гроб.

143

## ЗОЈИНА ЧЕШМА

Да раскажам за Зоја, која Турците а потерале. На сила а земале Турците од Патрик и а влекле, а влекле, таму до едно место. И она нeќела да оде и зорт видеа и тука Турчино а закла. И татко и направил чешма и сега се викат Зојина Чешма. Сега чешмата тече и мрамор има.

144

## ЕГЕЈСКОТО МОРЕ

Бил еден цар. Тиа цар го викале Егеос. Тој, Егеос давал секоја година дванаесет деца женски, дванаесет машки. Ќе и зајсе таму на ламјата да и јаде тиа. Во тоа островото шо е во воа Егејското море, па некое острово имало таму, па имало таму некое голема ламја. На таа ламјата и давале стално по толку деца да јадит. И вна каа настанал син му, рекол:

– Јас, татко воа не можам да го поднесам – вика. Јас ќе одам да ја утепам таа ламјата!

– Нема да одиш! – вика.

– Ќе одам! – вика.

И оде тој таму на тоа место.

– Ако се вратам јаска со бродот со црни крпи – рече – да знаиш оти јас сум погинат, а ако се вратам со бели, значи, јас се враќам и децата и враќам! – вика.

И он станує оде таму на тоа островото. Наоѓаат една девојка:

– Каде ламјата живеет тука? – И вика нејзе.

– Слушај да ти кажам, младичу – рече. – Ти таму – рече – не можиш да одиш така.

– Како?

– Ќе земиш – велит – една ортома. И кај таа ка ќе влезиш натре, ка ќе излезиш, не знаеш од кај да излеиш – викат. – Насекаде има дупки и не знаиш у коа да флеиш. Ќе земиш ортома, ќе а врзиме тука – викат – и ќе одиш со ортомата. Ќе а врзиш ортомата за тебе и ќе одиш! Ко ќе одиш ти натаму, ќе излези таа. Ка ќе излеи ако а отепаш ти неа, не мојиш да се вратиш после, а по ортомата ќе излеиш.

И он влева таму. А наоѓа таа кај шо била ламјата. Станува тој, ламјата а утепува. Од радос голема шо имал, радос, ка тргнал со бродот заборавил да и симни крпите црните да и симни и да тури бели. А пак тој Егеос, татко му негов гледал на морето. И ко видел со црни иде, рипнал у морето и се удавил. Од тогај до денеска тоа море се вика Егејско море.

145

## ЕЗЕРОТО МАЛИЗОЊА

Сеа ќе ти кажам за едно езерце. То го знам ја и кај него сум одил и вода сум пиел. Тоа езерце од до колена натака не можиш да одиш. А отиде од колена натака – падна и нигде не може да те изван водата, назад да излеиш. Потунување и нигде те нема.

И тоа није таму стално овците и напојувавме вода. Оти нема на друго место, таму одиме. Далеку е стварно, у планината горе, ама одет и терат горе по вода.

Езерцето се вика Мализоња. Бил некој Влав. Си пасел овци таму, знаеш, на тоа езерцето. И есента од езерцето испаднал еден овен. Овен значи, да се ненагледаш на него, толку убав. И тој, овенот и измркал овците, да кажиме, сто или двеста, колку измркал и си рекол тој, сајбијата: „Сега шо ќе имам јагниња убави, нигден шо нема!" И му се изјагниле сите овци на него.

Другото лето ка отишол пак таму, да си ги пасе пак овците, излегол овенот од водата. Излегол и блекнал само. А блекнал овенот, шо имало јагне од него – он во водата и сите јагниња во водата потонале. Е, тогај Влавот го заинтересирало да го мерит дали крај ќе најдит негден. Го мерил, го мерил, три дена седил и никако крај на него не му нашол. И нема крај тоа езерцето. Водата ладна е – мраз. Нити мрзне зимото, а нити па летото да се стопли, стално е ладна. Се спуштал долу да му го најде крајот и не можел да му го најде крајот. Е, тоа сум го слушал од старите, а езерцето го знам и јас.

Од тоги наваки, на тоа езерце таму, не пиет вода никаков добиток освен коњ и овца. Животинка не пие вода, никако освен коњ и овца. Иначе коза не пије, ни па маска да се напије. Пије само коњот и овцата, само знает, не одет натаму. До крајот ќе се напијет и не флеват таму. Да и заколиш не флеват таму. До крајот ќе се напијет и ќе се истргат назад.

Тоа Мализоња се вика на некоа госпоѓа шиптарска. Ние шо викаме госпоѓа, они зоња. Мали-зоња, на некој Малик, на некој таму шо бил, го чувал тоа, го држел и му зимал пари на тоа, па да се напие стоката вода, па затоа Мализоња се вика.

146

## БЕЛА ВОДА

Има едно место Бела Вода. Тоа мие го викаме Бела Вода, некој го викаат Св. Петка. Таја вода напред цеу град тамо ишле,

немало на други места вода, тамо ишле и за лошо и за арно, на Бела Вода.

Дошло време калето пашата кој го праеу, га донеу Бела Вода у кале. Га спровеу водата у кале, га носи од село натамо високо. Тоа време немало спрема никаква, со земјени ќумкои. Туе у рупата коа ќе доа силен нап, колку една топола летала водата нагоре. Не можеу пашата да најде чаре. После некој старец, некој православен биу:

– Ова – рече – не може таќе. Да земете – рече – вие ќумкои древни, да праете цевои древни ка корита, ка качиња, обручи железни таќе ќе донесите.

И со таќе, со древни ќумкои ја однеу у кале водата. И водата коа га однеу у кале, тогај веќе му искочиле грешките негој. Дошле да земаа, да носа бургун и зеу само се напиу малу вода у рука што зеу:

– Ти дојде – рече – ја курбан ќидем!

Го качиле на маска, му и врзале ноѓете под маска доле и тукете назад. На маска го однеле у Стамбол. После десет дена беше му и зеле и жените од кале. Имау седум – осум жени и тиа му и зеле. Го терале, го терале десет дена, десет дена, десет града од Стамбол надоле. Па после го вратиле у Стамбол. После го прашале:

– Ти – рече – сеа кеј сакаш да живиш? Тамо – рече – палата ќеј што правиш? Ти дур си жив не моеш да ступнеш. Ти имаш многу грешке тамо напраено. Многу народ тамо пострада. Од Стамбол надоле имаш право ќеј сакаш у овја десет града да живиш. И у Стамбол можеш, а од Стамбол нагоре може најпосле коа ќе умреш ти еден син што ќе ти биде тебе последен, од коа ќе умреш ти тој ќе може да се враќи назад.

Аќиф паша му биу најпослежен син и од коа умреу Абдурамаи паша дошао Аќиф паша, овдека. Он овде умреу у Тетово

На водата и рекау:

– Ти дојде, ја курбан ќидем!

Се напиу од водата и рекау:

– Ти дојде, ја ќидем!

Курбан за водата он отишау.

## 147

## АСАНЧЕШМА

Чешмата се наоѓа меѓу рацанското и коњското место, на границата. Отаде е Коњско, одавде е Рацна. Се вика Асанчешма затоа што еден Турчин од кај грчката страна, од тија Турци отаден, ногу богат, силен Турчин се кренал еден ден од кај грчката страна да

помине кај нашата страна одаваден, Тиквешијата, да види како живее вија народ. И изодил сите села, гледал тоа воа, дошол до воа село Сопот. Ка дошол у Сопот вишол една мома. Ја бендисал убавата мома и ја зел да ја потурчи. И ја зел, минал преку други селаваму Дисан, Барово, Бошава. Никој не смее да се ване да ја откине. Она покриена ка кадана, качена на коњот. Он сос неа, друзи Турци, негови изметчии и одат и ќе преминуат на таму каде Грчко. Преминујат кај село Страмашево, вика:

– Аман, бре, браќа, нема ли некој да се ване да ме откине!

Никој не сака, не смее, сите и стра. И коа дошол уф село Рацња, преку Рацња ќе минат да идат кај тоа место шо сеа се вика Асанчешма. На реката преку селото, коа заминале таму переле некои жени. Она покриена, женте ја гледат, ја чинат кадана и она вика:

– Аман те, браќа, нема ли некој да ме спасе!

И тие женте коа чуле тоа нешто шо го рекла. Они заминале. Бегот, Турчинот шо ја водел, заминал. Женте шо чуле оти она така рекла, се стрчале и кажале на некој си Гого, Гого, таму од Рацња. Он рекол:

– Чекај, да му ебам мајката, дал не ќе ја спасам таа жена!

Пушката ја грабнал и се загнал по него. Вија врвеле, отишле до чешмата. Таму тија, бегот седнал, се расфрлил, почнал да пијат, да ручјат, да јадат. И тија Гого од Рацња си ја зел пушката. Тија бил ногу стрелец, стрелал право. Му ја стегнал пушката, го кутнал бегот и тија друзте Турци шо биле со него се разбегале, кој каде виде и останала само жента, она рекла:

– Аман, брат те знам, ти ме спаси од вија човеци!

И ја зима таа момата ја доведуе у с. Рацња, она па дома си одуе. И по тоа нешто тија Турчин шо го отепале таму Асан се викал и остана името Асанчешма, оти Асан таму беше отепан. Сега таа чешма е растурена, нема ни мрамурија, стое вода, само вир, чешма нема.

Ова го имам чуено од еден Страмашевец. Дојде една вечер кај мене и се муабетеме, некој си Стојан, го чу уште од српско време.

## 148

## БИГОРСКА ЧЕШМА

На околу петсто метри од денешното село Приковци, Кратовско од десната страна на патот што води за Пробиштип се наоѓа една од ретко убавите чешми, што ја викаме Бигорска Чешма. За името на ова чешма меѓу најстарите жители од Приковци се прикажува ова легенда. Пред полни сто години во околните села од Кратовска општина живеел некој си прочуен турски деловоѓа, го

викале луѓето Мино. Секаде кај што ќе поминел тој бил страшилиците за населението. Турчинот го малтретирал невиното население: ги терал со сила да работат по полињата, продавал добиток и луѓе за колку пари сакал, склопувал бракови со сила и што ли уште не правел.

Така тој еден ден дошол во село Приковци и побарал вода да се напие, но не нашол кој да му даде вода. Селаните велеле: „Немаме вода, не е чиста!" Само да се отргнат од него. Тој се налутил и сите селани ги истерал од своите домови. Ги собрал на сред село и им наредил:

– За дваесет и четири часа да видам чешма со дванаесет поила за добитокот, а чешмата ќе ја изградите кај изворот што сеноѓа недалеку од селото!

Мино викал колку го грлото држело:

– Морате да ја завршите задачата, зошто сите ќе ве исколам. Јас сум цврст како бигор, бигор, бигор!

Селаните веднаш заминале на работа. И навистина за дваесет часа изградиле чешма, од која и ден денеска блика ладна изворска вода, а пред чешмата се наоѓат дванаесет убави поила за добиток, каде што се напојува добитокот на сточарите од село Приковци. Во чест на зборот бигор, жителите решиле да ја кумуваат оваа чешма под името Бигорска Чешма, која и денеска така се вика.

149

## ИЗВОРОТ ЗДРАЖОПИЛЕ

Здражопиле се наоѓа у село Калајнево близо до селто. Тоа е извор кој извира и лете не пресекнуе водата. На десетина метра водата гине. Бигор Камењ се вика, водата пропаѓа у земјата дибоко. Каде излева никој не знае. А тоа Здражопиле, некое време како шо викаат, дубровскиот бег и војшанскиот бег се скарале нешто двујцата. Прибидејќи војшанското место го наводнуе изворот Здражопиле, прибидејќи изворот бил јак и побогато живеел војшанскиот бег. Имал убави ливади за косење и се шо треба за земјоделието. Убав извор, му било криво на дубровскиот бег. Тој земал некои мајстори, специјалисти од некаде и ги одведил у Калајнево. Му рекол на калајневци, на народот:

– Јас мајсторите ќе ги плаќам, а вие ќе ги храните пошто се поблиско.

А мајсторите биле платени од бего и викале:

– Сос драга волја ќе работиме, барем пари да земиме!

Мајсторите работиле, бунар копале, некако го правиле. И кога требало да се заврши ѕидањето, дошол бегот, и повикал момите од селото, да може нивната сенка да се соѕида у бунарот. На тија

начин бегот верувал дека водата ќе престане, нема да извира нагоре, а од друга страна бегот припремал боја, како било тамо шо кажујат, а пуштил у водата за време соѕидувањето на бунарот. По неколко денови, или месеци водата избувнала чак у Велуса, чак таму каде има извор и денеска. А еден ден до Челевец близо извира, извирал а сметат од Здражопиле е таа вода шо отишла. Здражопиле го викале шо човеците, мајсторите велеле: „Ние со драга волја ќе работиме!" А пиле момите и викале, сенката на момите е соѕидана тамо.

## 150

## ЦАРЕВА ЧЕШМА

Е, таа Царева Чешма што ја викаат, како што сум слушнал од еден дедо Јованичка, така го викаа, одамна е умрен, во римско време тука поминал некој си цар со голема војска. Војската му се простирала од ридот горе, меѓата кај е со Татомир, па се до Крива Река долу. И оваа војска што била горе во планината само на тоа место имало вода за пиење, па царот наредил таа вода да се уреди, да се направи чешма. И така го добила името Царева Чешма, значи, била направена по заповед на царот.

## 151

## АЏИПОСТОЛИЦА

Близо до градот Неготино, кај Црнополе има една чешма се вика Аџипостолица. Чешмата не е ного голема, има само две чешмурки и повечко мрамурја летно време стоката да пие вода. Така се вика по името Аџипостолица. Таа била жена на еден аџија Постол, ного богат човек во градот Неготино. И как шо кажујат постарите човеци, тија аџијата во прво време не бил така богат. Еднаш му се сонило на едно место кај шо имало ного пари, големо богатство. И една вечер си и зео добиците, маските, коњите и почнал да го копа богатството. Санок копал, се шо имало сето го извадил, дури и маските и товарил. Арно, ама така не чинело да праве ка шо било адет од парте, сакало малко да се остават или пред тоа да заколе кокошка ли, јагне ли, овен шо да е. Курбан сакало. И Постол си и зео парите, си отишол дома, си и скрил.

Одма се зафанал, купи ного стока, нивја. Ванал момци, дури станал и аџија. Сите се чудиле на негото богатство, од каде вија човек толко пари да спечали, наеднаш да се зафане. Ама, оти ништо не заклал коа и вадил париге, после некое време син му се разболил, ного тешко паднал болен. Мајка му ванала мајстори, дала пари да направат една чешма, едно арно, белки господ ќе му помогне. Чешмата ја направиле сите луѓе, од неа да се служат. Синот и после тоа па умрел, ама останало од тоа време да се вика и чешмата Аџипостолица и до ден денес така се вика.

152

## ЈОВАНОВА ЧЕШМА

Коа се оде за селото Бунарче, баш на мездрата, има една чешма се вика Јованова Чешма. Нема ногу вода, има само една чешмурка и на околу е созидана со камен. Се вика така по името на Јован, некој си комита, како што го кажуеа. Јован био од село Раџиња, испаднал комита, ама био ногу лош човек, си а терал по неговата. Шо сакал правел. И сакал да ја зима за жена и снајата на Куси Чоче. Он ванал го наклеветил на Турците. И еден ден Турците го зачекале кај шо му биле колибите тамо негде у планината. Некој Турчин го заклал и му и зео сите пари. Во пештерата нашол ајле пари, сите си и зео. Викат оти дури наполнил повечко дисаѓи со ж'ти лири.

После некое време Турчинот станал ного богат, живеел во Кавадарци. Почнал да се плаше да не то ване крвта, оти направил лошо, заклал еден човек. Му кажале да не му стане нешто лошо, да не се разболи, викнал повечко мајстори, му дал пари и отишол по полето да направе една чешма. Чешмата а направиле за скоро време и и туриле име Јованова Чешма, по името на комитата Јован и денеска од тоа останало да се вика така.

153

## БОГАТИНОВО КЛАДЕНЧЕ

Тоа Богатиново Кладенче постанало, така: Богатин како младо момче си ги пасеше козите на тоа звано место Богатиново Кладенче. Он свиреше со шупелка и тоа да те расплаче, така убаво свире. И Турците дошле туа каде изворот, тој Пазо арамијата и

кучињата се наврлиле на него. И они пошто немат како да се одбранат ја отепујат кучката. Богатин свирејќи со шупелчето видел оти пукна пушка и спрасна да бега. Бегајќи они пукнаа со пушка и го удариja во грбот одзади. Куршумот испаднал од срцето во левата страна. И ка шо свирел прстите вака запретени дури едно во друго нокце му се закопале и шупелката држејќи ја. И така кога паднал мртов другите овчари навикаја домашните у Загорци. Богдан го нема, пукна пушка, а којзте само, туѓите овчари околу него ги собрале којзте и и навикаа неговите браќа. Беше сабота, сите беа на пазар за божиќ. Се собраа селаните, отидоа го најдоа мртов и го однесоа ноќта у селто. Три дена Божиќ сето село жалеше, ни свирка, ни ништо.

## 154

## ДОЈЧИНОВ КЛАДЕНЕЦ

Под Дујчинов Кладенец има стена голема, оздола е пиштера шо му била кујната, куќата. Дојчиница се вика. Озгора стената е висока, правена е ка стол, го викаме Дојчинов Стол. Тука живејал Дојчин добар јунак и од столот рипал отаде преку реката. Паѓал у падината и местото се вика Падините, а се знае до сега оште местото дека пропаѓал. Ка рипал пропаѓала земјата.

## 155

## ЦАРИЦА

Долу до Крива Река има едно место, се вика Царица. Тоа е една голема ридина. И ден денес на неа стои едно корито ужлебено у скалата. Како што стари кажујат у тој корито царицата на оној цар што поминал со војската тука си го бањала детето и од таму иде името на тоа место – Царица.

## 156

## ПЕТ КЛАДЕНЦИ

На тоа место кај што се одржува собор на Илинден, на тоа место има пет кладенци. И ден денес сте таму стојат. Постојат со силна вода, лековита водата била. Па има и убави ливади, ширина за собор и затоа го нарекле тоа место Пет Кладенци, по бројот на кладенците.

## 157

## БОЈКОВ КЛАДАНАЦ

Наш чукун деда Бојко отишја у Стамбол на пеалбу наишја поред турски затвор и од затвворот чукал нек си краз прозор и га питал:

– Одакле си, бре, момче?

Рече:

– Од Кокино.

– Како ти е име?

– Бојко!

– И мене ми е Бојко името – рече. – Знаеш ли га – рече – Бело Поље у Степанце?

– Знам!

– А туј водицу – рече – до Криво Врпче, знаеш ли гу?

– Знам!

– Те – рече – до Криво Врпче една грмада и у грмаду има едно котле паре, ќе си идеш и ќе си ги извадиш! Ако дојду ја ќе делимо братски, ако не дојду, нек ти е просто.

И он си се врнал на Стамбол и си лошја у Кокино и се си дигне. Отиде си Бело Поље и си најде туј водицу и туј криву врбу и теј паре у грмаду и си извади и он ништо. Рекја, да подигне кладенче и да се вика Бојково Кладанче. После, он си дигне теј паре и си купи Орваницу у Пчињу и си отвори дуќан и имање и стана велики богаташ. Краз неку години т'ј старац дооди и пита:

– Има ли га ха т'ј Бојко у Кокино так'в и так'в?

Људи казале:

– Има! – рече.

– Па има ли – рече – нешто од њега да ви се познава?

– А – рече – он велики богаташ.

– Куде се наоди?

– Наоди се – рече – туј и туј, у Орваницу.

Дигне се старац и отиде у Орваницу и га најде њега и седне у кафану и седи. Еде и пие неки три – четири д'на.

Овој га пита Бојко:

– Добро, бе, дедо – рече – ти седиш неколико д'на едеш и пиеш, ништо не казуеш, ни плаќаш, ни овој...

– Па добро, бе, Бојко – рече – т'г и т'г у Стамбол к'д ти каза – рече – знаеш ли?

– Мрш – рече – куче едно, што си ми казал!?

Па к'д узел дрво, па измлати старца, измлати, старац крене низ Пчињу реку и до Бојник ојде, умре. Краз кратко време дојдеа Турци, Шиптари, па Бојка утепае. Све парче по парче издробие па отидеа наши браќа, дедовци и чичовци па у вреќу зберea и донесеа Бојка и такој остала Орваница наша, али Турци су ги на тој време присвоили.

## 158

## ПАГОЛЕВСКИОТ ЃОЛ

До Радовиш, два саати далеку има село Паголево, така се вика. И таму има еден ѓол кој не истечуе никаде. Летно време коа пресекнуат сите реки од селата Дамјан, Паголево, Инево, овчарите и терат воловите, овците таму да пијат вода. Воловарите ќе ѝ соберат воловите од трите села и кој е нај по бик на сите волови ќе го избодујат, ама бик, некој го разбират на кравите, ув тоа време бик се вика кој е на сите силен, а бик приплод е друго. И од тоа село имало бик. Сеа од селото Паголево, Дамјан и Инево и сите три бика и собират кој ќе победе. У тоа време дамјанскиот бик паднал, паголевескиот испаднал прв. Го нашпорал на роговите и избегал. Но Турците се налутиле. Друг ден решиле, донесуат два бика и пак со паголевскиот ќе се борат. Се собрале овчари, воловари да гледат борење. Кога излезе тие одморен бик дамјански од Турците, кога истрчал виа паголевскиот бик, го наденал на роговите, но тогаш ѓоа изрипал воден бик, му се нурнал со роговите го фрлил тамо далеко. И водениот бик па си влева во водата.

На Турците од Дамјан им било криво, наредуе тој шо му бил сајбија на биковите, пратил аргати за да го копат Паголовскиот Ѓол, за да го отпуштат, нека пресекне тоа водата. Отишле таму Турци, копале шо копале и фанало мрзата, викат:

– Вој ѓол не се испушта, бидејќи вој бик шо испаднал било светец, сајбија на виа ѓол!

И тој ѓол си има сајбија, шо му е ала на Турците.

159

## КАВГАЛИСКАТА НИВА

Прибидејќи во Ново Село имало два бега, на едниот бег биле само водениците, а на другиот чаирите, ливадите и така. Тој шо имал нивјата, имал у Ново Село една газда, Крсте се викал. Тој Крсте неговите нивја се сите на едно место, а наоколу се се гранични со беговите нивја. Честопати бего го молел Крсте да биде чивчија кај него и земјата да ја даде у чифликот. Крсте не се согласуе, прибидејќи си работе сам.

Арно, ама една ден бего праќа Турци. На Крсте син му го фаќаат и го тераат у Человец. Тамо го утепујат син му. Кога го утепале син му Крсте оде му кажуе на комитите дека он не може да живее, дека го тера бегот да му и зима нивјата, да биде у чифликот како друзите чифлигари. Одтаму комитите дошле у Ново Село, пошто бего тамо имал кула за летно време живејал тамо по некој ден. Па еден од чифлигарите отишол да го викне бегот, да каже како се врше леќа, уров, се на гумного тамо било растоварено. Бегот:

– Море, врште вие, поубаво знајте – рекол – јас шо ќе кажам.

Чифлијата се вратил назад тамо да работе урови, леќи, не знајат, не можат, дури бегот не виде како да се врше. Па поново:

– А, бре, бегче, испадни, бре, да покажиш, ти си умен човек ла видиш како се врше тоа, урови, таа леќата, да се сврше работа.

И бегот испаднал. Тука има метериз, нешто за одбрана. Ка испаднал бего и тука комитите, туа наедниаш изрипујат, го соберујат бегот, он пренал ла бега и еден кумита вика:

– Бегче, бегај, ако те стигнеме тешко тебе!

Бегот бегал, бегал близо до Дамјан, а на ридот да префрлује на кај Дамјан и кумитта го ваќа бего и отаде го вјануе, назад го донесујет, долу кај нивата, кавгата шо е причината. И тука бего го утепале. И по тоа таа нива до денеска се наречује Кавгалијска Нива, прибидејќи на Крсто син му загинал и бегот го загубил животот.

160

## ДЕРВИШКА НИВА

Во турско време еден сиромав бил слуга со жена му кај некој си бег. Обајцата еден ден кинисале да си идат дома. По нив тргнал еден дервиш. Дервишот ги стасал и на сиромајов му рекол:

– А бре, керата, твојот жена е убав, ќе ми го даеш. Кажи колку пари сакаш? Ако не ми го дајш, ќе те утепа!

Мажов и женава се погледале еден со друг и се разбрале. Селанецов му рекол на дервишов:

– Штом најдуваш мунасип, ќе ти ја дам!

Дервишо и жената кинисале напред по цадето. Скршиле во една нива. Сиромајов по нив. Таман дошле во нивата, жената го ватила дервишот за гуша, а мажот му се фрлил. Го натиснале и тука во нивата му ја вадиле душата. Оттогаш оваа нива се вика Дервишка Нива. Оваа нива се најдува покрај старото џаде Прилеп – Македонски Брод. Поточно речено нивата се најдува меѓу Барбарас и Македонски Брод.

## 161

## ДЕРВИШОВО ГУМНО

Дервишово гумно се вика затоа што имало некој дервиш. У местото као шо се питропите на поповите кај Турците тоа бил дервиш. Дервишот носел две палтиња: едно подолго, друго покусо. Нож голем на колко, торба, што по селата одел, капа, брада до појасот долга и патерица. И така одел по сите села: Иберлија, тамо Человец, Ињево, Бруcник. Пештерница и други села одел. Вражил тамо, амајлии пишал, човеците сакале лек од него, а и ногу пари печалел.

Едно време у Пештерница кога бил, како стар човек, тија дервиш се разболел, а човеците на коња однесли го полека, полека у Иберлија у Человец, тамо е умрел. Арно, ама кажал аманет дека да го закопат ѓоре на Кара Ѓус, кај чешмата горе, Дервишово Гумно шо е денеска. Од него се гледа сета Тиквешија тамо да се качиш. Високо место.

Како шо рекол дервишот и така и направиле. Наоколо ѕид, рамно место, на среде го погребиле, со зелено платно го покриле, да оде народот свеќа да запалуе. Давале тамо некој динар, чакмаци турски да остават. Излекувале се некој, мислеле да е тоа лек. И така до денеска постое тоа Дервишко Гумно. Така се вика, тамо бил закопан дервишот.

162

## ПОПОВО ГУМНО

Во нашето село едно место се вика Попово Гумно. Тоа место е близу Витачот. Има еден саат пешки да одиш. Како шо јас имам разбрано, уште од ного одамна пред кој знае колку години еден поп од манастирот бошавски Свети Ѓорѓи на тоа место бил тепан. Е тија попот ванал и и кажал ајдуците, оти биле кај него во манастирот и кај ванале, кои биле. Он и кажал на Турците, оти му сакале пари.

После некое време, една вечер ајдуците па дошле кај него. Го ванале, му и врзале раците и го извадиле од манастирот, го воделе некое време, по патот го тепале и баш кај шо е сега местото што се вика Попово Гумно. Застанале, пресекле едно дрво, го закопале во земјата како стожер. На него врзале една вртома, искорнале трња, шип, гложја и почнале да го тераг попот да врше. Ама бос го терале да врше. Еден па со прчка маал на него трча посилно. Така, така го дотерале до мала душа. Човекот капнал, нојзте му се избуцале, почнало да му тече крв. Потоа ванале и го заклале на тоа место, го врлиле на тоа место. Така останал, оти не го знаеле кој човек био. После човеците кажуеле шо му направиле на попот. После тоа сите се плашеле да не дојдат па ајдуците или арамии, како тамо и викале. И по тоа останало да се вика Попово Гумно.

163

## СТАВРОВО ТРЛО

Таму близу селото Конопиште има едно место се вика Ставрово Трло. Така се вика оти таму Ставре имаше едно трло. Ставре сам беше, ни мајка, ни тетка имаше, беше испустен човек. Арно, ама тија Ставре се овчар одеше, момок беше кај друзи човеци. Имаше и негови овци и се таму си лежеше. Така се прочу низ селото дека Ставре има пари. Стварно имаше некоја пара. Сос него носеше една торбичка обесена на голо месо. Една ден и пасиле овците сос Ило Нокјов и татко му Станоја. И заедно и м'зеа овците и се скарале за млекото:

– Јок, повичко зимаш, јок повичко зимаш!

И Ило пред сите на бачилот му вика:

– Ставре, јас ќе ти локнам тебе од крвта, да знаеш, јас не сум кабатлија, ќе ти локнам од крвта!

И не оди ногу време, чуме Ставре го отепале. Они се собрале, Доро еден растурен човек, Ило и татко му и идат ноќе кај Ставре, дека си лежал у колибата. Го ваќаат и го избуцујат сет по грбот за

да каже дека се парите. Ставре друзи пари немаше. Му и зимат сите пари. А коа оделе да го колат имаше едно дете од седум осум години, го оставиле у нијната колиба:

– Перо, ти лежи тука, спиј, ние ќе си дојдиме!

Коа дошле на колиба го наоѓат детто мртво. А имало друг човек близу до нијната колиба и одат кај него, му викат:

– Дедо Камче, вака и вака е работта. Перо го најдоме мртов, не знаме ништо!

И он ка стар човек оде кај колибата го наоѓа Доро и му вика:

– Ти, Доро каде одиш воа време?

– Ами, ме замрачи овдеа и остана!

– Не, вие имате некоја работа направено, кажите иначе нема спас!

И видуат не видуат му кажујат:

– Ставре го отепаме за парите!

– Трчате од Ставре крв земите да му капиме и детто ќе се ослободе!

И одат му а зимат главата на Ставре. Ка а вртиле не можеле задната жила да ја пресечат. Ка а вртиле, вртиле а исчопиле сосема жилата, ја донесуат главата, го натопуат детто со крвта и се освестуе. Главата а зимат у една грамада а фрлат. После некое време Србите и викнаа. И истепаа и и затвориа. Арно, ама парите шо и зеле од Ставре дваесет, триесет лири биле у Добро. Српскиот писар Перовиќ му и зима парите и го пушта. Немаше никој да тера и другите и пуштија. А на Нојката устата му се заврте кај увото и така умре со завртена уста. И тоа место така остана Ставрово Трло, оти он таму и гледаше овците. Тоа беше 1926–27 година.

## 164

## ВИТАНОВО БАЧИЛО

Витаново Бачило е место во Конопиште и денес така се вика. Витановци у старо време, у деветнајсти век биле сточари луѓе, и со стоката си живееле горе у планината Кожув. Е, у тој нијно време се појавиле некој си арамии. Тија арамии ишле дури од Егејска Македонија по Кожув, по тија селта. Луѓето кои имале по нешто и пљачкосувале. Му и зимале децата на селаните. Кој можел да го откупе својот син ќе преживее, а кој не можел во местото Петрово и колеле. Или арамните праќале писмо по некој човек да го занесе на филан човек. Со писмото од тија човек сакаат толку и толку пари да занесат на арамиите, ако не ќе го заколат. Е, на Витан му дошле на бачилото, го ванале детто на попот, оти он бил прикажан у селото. И вија попот ка побогат имал си некој пчели, стока, сѐ испродал. Парите му и занел на арамиите, качаците и го откупил детто.

Исто така и на Витан му го зеле детто на бачилото и му посакале да донесе толку пари. Арно, ама Витан одма му јавил на Турците за да го обиколаат местото за да и ванат качаците. Качаците дочуле за тоа нешто и се тргнале на страна. А Витан со анџакот и носел парите, арамиите го пречекале, го заклале него и син му. И по тоа нешто се вика Витаново Бачило, оти таму си и чувал овците и го заклале.

## 165

## КАЛИНА ДУПКА

Смилево е населено точно околу триста години. Населено е на ваков начин:

Овие во Лазарополе, во Галичник, оние рисјански села не можеле доволно да живеат од Арнаутлокот. Арнаутлокот вршел насилие – напаѓале и краделе. Повеќе имат живи сведоци, како Арнаутите ји фаќале луѓето да муземаат пари; ако не го откупиле, ќе го отепае. Овие Арнаутите со Турците поврзани. Големо насилство вршеле. Во Лазарополе имат едно место и ден денес се викат тамо Калина Дупка. А таа пешчера (кој знает дали тоа е точно) излагала некаде Охридско. Толку била долга, голема. И овие Турците како шо оделе да наоаѓает и овие бегале. Избегале во селово и во дупката се напикале. Овие гледат – селото пусто. И овие аскерот, нали турски, војската, си је земает пушките оваке на рамо како овчарите стаповите и си одат удолу.

Добро, ама некоја девојка, *Калина* се викала, а та малку ненормална. Скриена во некој жбун, околу нея врвит војската, заминуват, чинит, а едно две-триесет метра нагоре е дупката, во некои пешчери, во некои дрмалоци, не может да је пронает, немат добар проод:

– Хеа, царева војска помина – рече – Калина мома не ја виде!

Овие чуле глас. „Од каде сега човек овдека, каде прогоори?"

Таа пак:

– Хеа, царева војска помина, Калина мома не ја виде!

И овие слушает и други, му кажуваат: „Така и така!" Се враќает назад. Глас од човек немат, зашто селово – пусто. Барает луѓе – немат. Го опколувает тоа местенцето таке, овде побарај, онде побарај, овде побарај, онде побарај – ја [illegible] некој џбун. Је викает:

– Каде се селаните?

– Хе, селаните се онде, во дупкана!

Ји предает, ји однесла. И Турците тогаш, тоа Арнаутите, дебарчаните тамо клале еден ќутук и со секира им ги сечат главите

на луѓето, ји тепает. Овие кога виделе така, во дупката се гнетет внатре. Бегает. Е, земале шо земале, колеле шо колеле, понатамо им било страв и тие да влезат и за среќа се затемнило. Си заминале овие.

Затоа и денеска од името на Калина и дупката се вика Калина Дупка.

## 166

## СПАСЕСКА ДУПКА ПОД СЕЛОТО НЕЖИЛОВО

Во нашето село откако Турчинот нашиот народ го запленил, од тогај Турците зеле голема сила во нашите каурски села. Се збирале и ишле арамии. Често пати ишле ноќни времиња, по десет дванаесет души Турци со мамзери и со кремењари пиштоли, ножеви носиле. На нашите народи им ги зимале парите на место порезници, дење и ноќе ишле и ја гњавиле сиромаштијата.

У нашето село некој се викал дедо Миле Мијоски. Имал дваесе и пет души во куќата: жени, деца и невести. И дошле Турците, му вечерале на деда Милета на ден божиќ. И тие така му рекле:

– Ќе дадеш вечера и пиење и по една невеста со нас да спије!

План направил. Заспале Турците кај деда Милета и ги свика дедо Миле негоите од фамилијата: невести, мажи, деца. Станале после поноќ ги истепале и ги однеле во дупката Спасеска. Така се вика денеска, под селото Нежилоо Спасеска Дупка. Таја се наоди испод Бабуна, може да има петсто метра. Никој не може да ја докаже нејзината длабина. И тука од тија Турците, некој уште недозаклан, го завиткале, го однеле во вреќа и го врлиле во дупката. Дупката има лево десно како полици и он се закачил со вреќата на полицата, не допаднал на низината. Тој од неа се спасил, испаднал и рекол: „Кај да одиме да пљачкаме, само во Нежилоо не можеме да бидеме пљачкаџии. Од оваа дупка се спасив!" И ја нарекол Турчинот Спасеска Дупка. И ден денеска во селото наше останува историјатот со Спасеска Дупка и така да се вика.

Ова што го раскажувам за тогашното време го знам од Крстета Ѓоревски. Дедо му на Крстета се викал Миле, Крсте е умрен на деведесе години. Неговиот дедо што му причал а мене Крсте ми пренесуваше и затоа тоа го памета и на помладите го додавам да го кажујат на нашиот народ и да не би загинало историјатот на нашиот народ, на Македонците.

## 167

## ПРОПАСТ – ДУПКА БЕЗ КРАЈ

Ќе раскажам сега за една пропас, за една дубина, дупка крај шо и нема никаден. Таа се наоѓа, местото се вика Присој, а таму у тиа Присоите се наоѓа еден камен, тоа не е место вака удина, тоа е камен околу. Не е камен да не моиш да одиш, можиш да бараш, да одиш крај него, кај сакаш ќе оиш таму. Ќе фрлиш камен натре, може еден саат камен шо оде, звук испадна надвор. И тоа е заинтересирало некој луѓи:

– Ајде, ќе врзиме еден човек, ќе пуштиме надолу, да видиме до дека оде!

И он вика:

– Ка ќе ви а мрднам ортомата да ме извајте!

Арно, ама он коа го пуштиле натре, коа се мрднала ортомата, они каа го извадиле човекот, човекот го извадиле без глава.

А кој му а пресекол главата, како се сторило тоа никој не може да го знаи. Таму, кажуваа после они, луѓето да живееле некој ѓаволи, вака вразите живееле у таа дупка. Али дали ѓаволи биле, али шо биле, бога ми, не знам. Не сум и видел, ни да сум и чул, а дупката а знам. Може да сум одил илјада пати кај неа.

Дупката се наоѓа во Албанија, блиску до границата. Местото се вика Саботина, до нашето село Горица на двеста метра од границата навака, у Албанско место.

## 168

## РУПЈЕ

Тоа место го добило името од она време кога руда тука многу се вадело. Тука биле рударските отвори од некогашните рудници на златна руда, затоа го викале Рупје Отвори. И на долниот крај на Рупје покрај патот што води за Татомир од Шопско Рудари има една чешма која се вика Царева Чешма. Околината околу чешмата се вика Тарапана. Тоа било ковачница на пари во старо време, било сигурно римско. А топилницата на рудата била покрај изворот Рупи каде и денес има остатоци од цгура.

169

## ПЕШТЕРАТА СОКОЛИЦА

Во селото Селце, Малесија, има едно место кое се вика Маркова Стопалка. Некогаш кога врвел Крали Марко низ селото, камењата биле меки. Марко цапнал, ногата му пропаднала во камењата каде сега седит стопалката. И денеска тука седит Марковата сабја и јаслите од коњот.

Во местото Пчелинец расти една трева од која пчелите збират мед. Над местото Лишки се најдова Цинцалото. Тука се најдува една голема дупка. Од Цинцалото надолу на околу пет километри се најдува пештерата Соколица. Од Цинцало до Соколица се врви надолу. Некогаш тука поминала некоја момичка и тука изгубила една коза. До Пештерата Соколица се најдува водата Калугерица. Некогаш со оваа вода се миеле болни. Болните од водата или ќе оздравеле, или ќе умреле. Тука оставале пари и алишта од болните. Над пештерата Соколица се најдува еден надвиснат камен. Кога е полна месечината на каменот излегува едно писмо и никој не може да го прочита. Писмото личи на кинеско писмо. Штом ќе се изгуби месечината и писмото се губи. Овде се миеле верниците. Малку подолу од Калугерица се најдувал манастирот Свети Ѓорѓија. Над манастирот местото се вика Бошко Гумно. На ова место дотерале четириесет невести со четириесет гајтани накити.

170

## ЛУКОЦОВА ПЕШТЕРА

Овдека некогаш имало од Никодин троица браќа кои излегле кумити. А многу штета правиле, додевале на селаните. Најпосле од Никодинци некој и наклеветил на Турците, па ги истепаа на Лукоцова Пештера. Тој старпот се викал Лукоца, па зато се вика Лукоцова Пештерата.

Тој старпот Лукоца се викал, а едниот се викал Заекот, Заекот. И бегале таму по присој надолу. Некој Турчин, му викал на некој од селаните овде:

– Заекот, бре, го испушти, заекот, бре, го испушти!

– А, бре, каде е заекот?

– А, бре, кумитот Заекот се вика, бре!

И тогај се свртил и Турчино го отепал. И му ѝ донеле главите овдека во Никодин, му и пресекле. Затоа се вика Лукоцова Пештера.

171

## ЈОВАНОВА ПИШТЕРА

Тоа место така се вика по името на Јован од село Рацна. Као комита, као пљачкаш таму живееше уф таа пиштера. Пиштерата беше направена како колиба, преградена и уф неа живеел зимно време. Селаните му носеа рана. Му носеа рацнани и го криеа. Арно, ама Турците не го знаеја дека се крие. После тоа рацнани го кажаа.

Еден рацнанец направил свадба и сакал да зима некоја мома за неговиот син. Арно, ама Јован као војвода сака он да ја земе девојката за него. овај рацнанецот се разлутује и оде кај Турците, кажује и му вика:

– На тоа место, таму и таму Јован се крие. Вие таму ќе го најдете!

Турците си собираат аскер и еден ден одат уф тоа место. Тоа место е лошо место: планина, камењ, стена ногу висока. Арно, ама Турците стигнале таму и ја сардисале пиштерата. Јован и неговите другари спиеле во неа, а еден бил поставен за стражар. Тој стражар заушил оти Турците идат и викнал:

– Ние сме опколени, Турците идат!

Јован му вика на другарите:

– Вие фрлите и гуњите десно, а вие бегајте лево. Они ќе мислат дека таму бегаме!

Арно, ама Јован коа изрипал набрзина се ударил на главата уф окто. Сето око крв, очите му се наполниле со крв. Не можел да бега, го фаќаат Турците и го заколуат. Му а пресечуваат главата, трупот му го остават. Главата а зимаат и а врзуваат на еден коњ и одат по селта а покажуат: „Еве како Јован го утепаме!" А кажујат на другите Турци, на беговите а кажуат. Него го утепаја 1911 година. И коа го утепаја Турците се артиса, ама и они наскоро избегае.

Он не беше за некоја слобода, повеќе за пљачкање и пари. Он и истепа Турците од селото Бесвица шо а нападнале една каурка. Сајбијата му дал пари на Јован за да ѝ истепа.

И затоа местото се вика Јованова Пиштера, оти таму живееше и се криеше Јован од село Рацња.

172

## ВИТАНОВА ПЕШТЕРА

Има од селто горе една пиштера, се вика Витанова Пиштера, така се вика. Имало некој Витан, ногу богат чоек сос стока: овци, говеда, кози и таму живеел. Сите негови таму живееле: мажја, жени, деца. М'зеле млеко, сирење правеле, овци, кози паселе. Лете таму

повечко биле. Е, така он работеше. Еден ден дојдуат од кај грчката страна неколку души пљачкаши, арамии. Идат при бачилото. У тоа време еден од арамиите паднал болен и му викаат на Ѓорѓе Витанов:

– Вија чоек ќе го оставиме тука. Коа ќе оздрави после некое време ќе дојдиме да си го земиме.

Арно, ама он, ка си отишле, се забавиле долго време. Витан рекол:

– Ќе научат Турците, ќе не истепат. Дај ние да го кажиме на Турците вија кумита.

И го кажујат на Турците. Они одат со Ѓорѓи и го утепујат. Е, некое време поминало, дошле кумитте, викат:

– Камо е нашиот другар шо го оставиме овдеа?

– Е, умре!

Арно, ама научиле дека Ѓорѓи го утепал и го фаќаат Ѓорѓи и неговите два браќа и му викат на стариот Витан:

– Таму толку пари да донесиш ако сакаш да ти и пуштиме синовите, ако не ќе и истепаме!

Продал кози, продал овци, се продал. Собрал пари и му и дал на кумитте. И му ѝ ослободуваат синовите двата, а другиот го заклале. Расипал стока и си дошол у селто да си живее. Арно, ама он не живеел долго време, ама останала да се вика пештерата Витанова Пиштера. И денеска така се вика.

173

## ПОПОВ ДОЛ 1

Тија Попов Дол се вика еве зошто:

Комитата Добрин Даскалов дошол уф село Ресава една вечер. Збирале од селаните доброволен прилог за да купујат пушки, да купујат фишеци. Арно, ама таму имаше еден поп, Глигор го викаа. Тој дозна дека се тука комитите уф селто и се трчајќи дошол уф Кавадарци, кажал на Турците:

–Ваа вечер Добрин Даскалов е уф Ресава!

И Турците се збират и го опколуват селто. Отварат еден огин. Таму го отепаа еден од комитте Ване Чавкарев се викаше. После друзите комити се разбегаа ваму-таму. Замина тоа неколку време. Се научи дека тоа попот го сторил, ги наклеветил комитте. После некое време попот одел на крштевање уф село Бојанчишта. Таман на патот го фаќат комитте. Од туа го дотеруат уф еден дол во Конопнишкото. И уф долот го заклале. И затоа местото се вика Попов Дол, оти таму е заклан попот Глигор.

## 174

## ПОПОВ ДОЛ II

Тоа место, како било за време Турската Империја, турската влас, сила, ногу биле противници на православната вера, на каурите. Шо направиле Турците? Некој поп си одел на пазар у Неготино. Е, од Неготино си одуе, а тиа бил од Лакавицата, наму си одуе за Гарван. Сос коњот јанат и си одуе натамо. Арно, ама го пречекуат између Брусник и Пештерница. Има едно место и на тоа место го пречекуат попот и го фаќат. На попот да му се осветат, рекле:

– Дај – рече – ќе го обричиме на суо вна попот анасана – рече-вна попот!

И фануат го обрикле, убаво шо го избрикле, го мачиле, го целатиле, парите шо имало му ги зеле. Најнадокрај и го заклале. Го заклале и го манале у долот. Е, од неколку си време, заминуат друзи човеци, го наоѓаат попот заклањ и манат у долот. Фануат попот си го зимат. Го зимат попот и го закопуват и до ден денеска местото се вика Попов Дол. И така називот му е, го викат Попов Дол.

## 175

## СВИЊИ ДОЛ

Меѓу ридовите Туртеш и Црни Врв се наоѓа еден мошне длабок дол, кој се бика Свињи Дол. За ова место постои една легенда која зборува дека во времето кога живееле Турците во овој крај во непосредна близина на овој дол се наоѓала и тогашната турска престолнина. Во тоа време турските зулуми правеле големи штети на месното население кое не било од турска вера. Тогашните жители христијани одгледувале многубројен добиток меѓу кој и свињи. Тогашниот турски ага Али паша еден ден наредил на своите слуги да ги соберат сите грла свињи и пти тоа да ги исколе. Задачата поставена од турскиот ага била извршена за кусо време. Биле собрани сите свињи. Точниот број не се знаел, но се претпоставува дека од десет села биле собрани неколку илјади грла свињи.

Бидејќи Турчинот не јадел месо од свињи, а тоа било причина да се исколат сите свињи. Свињите од неколку мина слуги на Али паша, биле исколени за еден ден. Веднаш потоа сите свињи биле исфрлени во длабокиот дол. Не поминало два-три дена свињското месо почнало толку да мириса што се чувствувал мирисот дури и на два до три километри. Тешката и неподносливa миризба тогашниот ага Али паша и неговите слуги кои го држеле месното населе-

ние во покорност го истерале од тука за само неколку часа без да водат борба. Од тогаш, жителите од десетина села се ослободиле од турскиот аскер, па во чест на добиената слобода, овој дол бил наречен Сивињи Дол. Овој дол и ден денеска постои, но името му е далеку познато во повеќе села од Кратовска општина.

## 176

## ЏУНОВО ДОЛЧЕ

Тоа место се наоѓа меѓу границата на Рајна и Дрчевица. Тија Џуно бил Турчин. Бил проклет шо не може ни еден таков да биде. Ќе го вјане коњот и ќе иде у Дрчевица. И ќе наредуе да му сукат баник по куќите, да му печат кокошки. Како шо му текнуе правел. Ќе излезе надвор ќе го натепа за ништо. Ќе сретне некоја млада невеста, ќе ја срамоте, ќе ја бакнуе, ќе ја грвале пред сите. Сал се лафат:

– Што правиме?

Едно време решиле:

– Ќе му кажиме на Јован, он нешто ако сторе, ќе сторе!

Одат му кажуат на Јован као војвода:

– Вака и вака, шо правиме од вија Џуно, како можиме да се спасиме?

Јован му вика:

– Јас ќе ве спасам, само од секоја куќа од селто да соберите по една лира, а после јас ќе го суредам!

И селанте се собират сите. Решиле секој да даде по една лира, има нема ќе најде крајот. Собрале по една лира и му и носат на Јован.

Он сеа го чека. Вија Џуно ќе иде во селто, ќе праве бели. Ќе праве шо ќе праве ќе го вјане коњот ајде дома [illegible] за место сеа шо се вика Џуново Долче таман да заминуе, Јован [illegible] сос пушката и го отепуе. Го отепуе и му кажуе на селаните:

–Е, јас Џуно го суреди, сеа вие шо сте д'жни да платите!

Они му дават колку му дават, го зимат тија Џуно да го префрлат на друго место како да не е у нијното место, да се рече у друго место е отепан од друзи човеци. И го влекле, го влекле, кај шо го влекле крв. И коа вака Турците виделе дека е отепан и се загнале да го сакат кој го отепа. И тргнале по дирата на крвта. Таму-ваму отишле дека е отепан. Коа вака у дрчевското место отепан. И ваќат селаните ќотек, тепање, карање:

– Кажете кој го отепа, кажите кој го отепа?

Арно, ама они не кажале. Некој у Солун у затвор, некој у Неготино, некој на друга страна. Лежале по две по три години. Не признале па после и пуштија. Џуно го отепаа околу 1910 година. И долчето сеа се вика Џуново Долче, затоа шо е таму отепан и затоа така се вика.

177

## ВРАЖЈИ ДОЛ

Може да ви кажа, туека има една суволица, денеска помалу тече вода, но стално. Кога врнет е многу силна. И таа се називаат Вражји Дол. Е, сум и прашал старите за шо да бидет Вражји Дол? Вражји Дол се викат затоа што таму е Ѓаволска река. И затоа викат, туе силна вода одит, туе ко ќа фатит некој облак, голема вода, се ќе однесит таа. Здола е како циментирано, плочливо местото и носит.

За мое време една стара жена идеејќи туе имат удавено, изнесено, исфрлено на дваесет метра настрана и туе се удави една жена за мое знаење. Беше таја Миновица Миноска, мајка на Јована Миноски.

Се наоѓаат спрема патот за Богомила, е у близина на селово. Јужна страна према Ореше и Богомила. У близина на селово, нема еден километар.

178

## ЗАРЕНСКИ ДОЛ

Тоа место било Боулско. Арно, ама се утепа еден човек, името му било Зарен. Е, боулци ка се отепа човекот е превикаа:

– Тоа место не е боулско, тоа е страмашевско!

Старите човеци викат:

– Шом местото е наше, шо чини ќе го платиме Турчинот, ама од долот наваки боулец нема да стапне!

Е, боулци пристанаа на тоа. Страмашевци се исплатија демек. Меѓата ја турија на Заренски Дол. Кога ја турија меѓата на Заренски Дол и страмашевци не му дават на боулци да стапнат, па привикаа:

– Воа место е *наше*!

Арно, ама па од нијните човеци, стари човеци имаше, еден Лазо Николов се викаша:

– Сеуште, селани боулчани, местото стврано наше беше, арно, ама ние го откажаме местото заради да не не вани законот. Го кажаме местото страмашевско, немаме право веќе таму!

Арно, ама они па посилни, големо село па напаѓаат, па караници, па и тепаници имаше. И до денеска тоа место остана страмашевско.

Тија човек шо се *отепал таму* Зарен се *викал* и постанало името Заренски Дол. Воа го имам чуено од еден стар човек, 105 години имаше, тоги умре. Он го знаеше како било, шо било.

179

## РИСТОВ КАМЕН

Недалеку од селото Струпино имало еден пат шо одиле селаните по нивите да жнијат. И таму имало еден голем камен и кога одиле човецте на нивта таму се качувале децта. Секој ден си играле и селаните го нарекле Чеш Камен.

Таму си било едно дете козарче, Ристо се викало. Секој ден си ги пасело козите таму и се качувало на то каменот. Си свирело со шупелката. И помина еден Турчин таму шо носел снопје. Осман Аличов се викал тој Турчин и му се исплашиле коњите. Ги оставил коњите, му преврнале и трчал кај детето.

– Мајкта каурска ќи ти е--м - му рекол – сега шо ми направи ти, да ми преврнат коњте, но и ти ќе видиш сега.

И отишол, го фатил детто и почнал да го коле и детто викало:

– Аман, аго, остај ме! Аман, аго, пушти ме! Аман, аго, остај ме! Остај ме да живам!

А тој ништо. Се налутил и му го секол вратот како јаре. А селаните шо биле блиску Сомовата Курија (се викало тоа место, тие ниви). Гледале шо ќе прави турска сила. Не смејат да одат, да го откинат детто. И од таму отишол тој, си ги занесол снопто. Козте отишле нагоре. Во селто дошол Турчинот. Ко дошол му рекол:

– Мор, Осман, ка е – вика – то козарчто, го нема тука, козте дојдоја по житто. Дали ние да жиеме, или кози да браниме? Шо да правиме? Еве – вика – долго време стана, нема ни да свире, нема ни да дојде!

– А – вика – мајката ваша каурска, вие треба да знаете шо јас направив, но и вас то ќе ве најде, да знајте! И вас како јарицта ќе ве заколам ако кажте. Јас тоа дете го заклав. Ако кажте – вика – и вас тоа ќе ве најде!

И од таму, ко чуле тие сиромаси, мајка, татко научиле. Отишле си го зеле детто, го погребиле под каменот и го нарекле каменот „Ристов Камен“.

Ка ја изгубиле силта Турците, ко дошле Грците, го фатиле тој Турчин, син и татко. Кога ги фатиле, ги тепале, тепале, го избуцале и го пуштиле во една каца со вода и таму умре.

180

## ЗДРАВЧИ КАМЕН

Имамо едно блиско место кое се вика Вучки Ан. И за него ќе ви кажам нешто. Имало Долно Трлиште. Од негде нападнале вол-

ци, па помаат овци. Овците побегнале надоле. А имало една Здравка, која живеела на брдо Здравчи Камен. Таа имала сестра која живеела на спомнатото место Крива Река. И видела како волците ји маат овците. И Вида викна од таму:

– Здравко, што гледаш, волците изедоа овците!

И Здравка земе камен, па врле и убие вука. И тој место се вика Побиен Камен. Самиот камен и сега стои. Потоа и тоа место добило име Вучки Ан. И си е и ден денеска Вучки Ан. А каменот си стои и ден денеска побиен и од тоа Здравчи Камен, потоа повторно Здравка. А местото Видин, на сестра му на Вида, добило име Видин. А Побиен Камен си е до ден денеска побиен.

## 181

## ЦРН КАМЕН

Самото место Црн Камен, како што се нарекува, се наоѓа по патот кога се оди према Гевгелија, испод манастирот Св. Димитрија, а кај бавчите Виларовски. Бавчите Виларовски што ги викаат. Горе на самиот рид има една карпа која е висока, може да има едно четириесе-пеесет метра. Од неја тече вода и таму луѓе кои се сос постари сфаќања, кои се побожни, одат на ден Св. Димитрија. Носат разни подароци, курбани колат, пари фрлаат, претрчујат преку водата. Верујат да некој, тој што ќе претрчи ако го натопи водата е праведен, а ако претрчи и водата бега од него и не го попрскува, грешен је. Водата паѓа од четириесе – пеесе метра и од струењето она оди лево и десно, напред и назад – ко луѓето верујат.

За време турско, плус што имало општина, имало и црковни општини. Таква имало и во Велес, која се наоѓала во куќата на Матовци. Во самата таја куќа, која уште до ден денеска стоји, тоа е троспратна, голема куќа, старовремска. Првиот и вториот кат во самата куќа биле канцеларии и управа на самата верска црква, а трећиот спрат, најзгорниот, седел владиката по име Данило.

Тој владика бил многу паметен човек и многу омилен меѓу велешкото граѓанство. Тој секој пат народот го учел да не се потурчува, да си ја пази македонштината, христијанството и бил трн у окото на Турците – турските аги и бегови.

И затоа турската влас решила по секоја цена да тој човек го утепаат. Но не смееле да направат такво нешто во самиот град, биидејќи тој како владика не одел да се шета ни ваму, ами тоа се знаело, патот негов бил од дома в црква, од црква дома.

Но, на кој начин и како го измамиле. Едни кажујат да он за Солун требало да оди, поправо за Цариград и го пречекале доле, го фатиле. Па други расправаат да го измамиле него, уш некој бег му рекол, сакал да прави сос него муабет доле у бавчите. Но како и да

е, го фанале и го однеле на местото над Виларови бавчи. Горе на една карпа го заклале. Коа го заклале од самата крв што текла од владиката, потекла по карпата и оставила бразди црни.

Исто така народот верува, да после негово колење тука одма протекла вода. Таа вода протекла за тоа за да ја измије крвта на владиката. И до ден денеска се познаваат црни бразди по самата карпа и затоа се вика она Црн Камен. Ама бидејќи мине водата и изворов изворил тогај, од неговото клање, народот верује дека таја вода е лековита. Така да некој веруjат, одат жени кој што немаат деца, за машко дете, да се напијат водичка и да се измијат со неја. Фрлат, како што реков, пари и курбан даваат. Други пак веруjат ако ги попрска, ако ги попрска водата дека се праведни, ако не ги попрска се грешни. Веруjат некои ако има направено некоја магија да иде да се измије од таја водичка, дека магијата нема да и се фане, или ќе го ослободи. Тија се сите народни верувања.

Оваа прикаска или легенда, како да ја наречам, ја знаев од доктор Попандов. Он ми ја расправал и како што ми расправаше он, а тој истиот владика него го барал од татка му за да го земе, да го учи, да го запопи. Не знам таму како било тоа, мислел да го прати у Цариград и да го праат и владика.

182

## ЦРНИ КАМЕЊА

Сега ќе ви кажам за местото Црни Камења. Местото Црни Камења е на патот од Лисиче кога се оди за Врановци. На синорот кај што се дели Лисичко и Враноско тука покрај патот има многу камења. Не се многу високи, ама така се ујгун. Ако се скрие човек не можеш да го видиш. Нашите селани, кога било турско време, Турците кога биле тука, Турците биле многу силни и ќе чекале, ќе гледале само да не дојде некој каурин од Лисиче, било со стока, било по дрва, било да оди некаде да не навлезе во нивниот синор. Ако навлезе во нивниот синор ќе го утепале. Ако не го утепале со пушка, ќе го зеле тука, ќе го мавале, ќе го тепале и од тамо после ќе соопштеле, ќе кажале на лисичани да го дигнат во килим, во черга да си го однесат дома, да си го лекуjат. Ако можат да го излекуjат арно, ако не – така ќе им умре. Од тија маки што ги пателе луѓето тогаш, нашите стари дедовци од Лисиче го завикале тоа место Црни Камења. И денеска се вика Црни Камења.

Ова раскажување го имам научено од нашите стари, од дедо ми. Дедо ми Мане и дедо ми Илија, и, дедо ми Димитрија. Кога одевме за напазар, за во Врановци или по работа на таа страна по вој пат викаа: „Ова место се вика Црни Камења"

183

## МЕМОВА ЧУКА

Таа Мемова Чука се вика затоа шо имало таму еден падар у ло Боула, Турчин падар. И тој бил ногу лош човек, ногу бела пра-ел таму. И бил падар и одел на тоа место. Тоа место било издиг-ато рид, високо, му се гледало сето поле. Сето поле го гледал од ва место, некој да не направи штета у нивјето, да не влеват овци, леда, тоа воа, така го бранел полето од тоа место шо се вика сеа Мемова Чука. Една ден ка седел од таа чука, на еден два километ-ра пред него се издигал еден огин, пред шумата таму. Огинот се гледал од далеку, дека и да е ќе се јаве. Се издигал димот горе исоко и он рекол:

– Чекај да видам ваа мојта пушка дали ќе отера од тија огин аму кај шо чуре.

Ја наполнил пушката и врлил тука од чуката. Врлил таму оги-нот шо горел и угодил некој човек таму. Некој си селанец ќумор си правел. И го отепуе. И после се слуша: „Бре, бре, еди кој си го оте-пале, бре, бре, еди кој си го отепале, на ќумурот правејќи го отепа-ле!" „Кој го отепа" „Е, тоа Мемова работа, оти Мемо тоа го рабо-ти, никој друг!" „Од дека врлил?" „Е, од Мемовата Чука шо ја вика-ат, од таму врлил и го отепал човекот!" Си умрел и го закопале и местото остана Мемова Чука и денеска се вика Мемова Чука.

184

## КОМИТСКИ ГРОБИШТА

Тоа место се вика Комитски Гробишта. Таму Добрин Даска-ла-војводата бил со комитите. Одиле како одиле и се стемнило. Немало каде да одат и влегле у едно лозје да помине ноќта. Туриле слама таму и у лозјето спале. Арно, ама утрото, боулските падари одат таму, гледат дира од исковани пинци. Во тоа време комитите коса такви пинци исковани оздола со клинци. Тија клинци му слу-желе да не сл'згат низ шумата. Му кажујат на мудорот у село Боу-ла. Мудорот наредуе на сите Турци боулци, баровци, од село Бесви-ца, сите да се збират шо имаат пушки. Ќе одат да и опколујат да и фатат комитите.

Дур да се зб..ат Турците, таму ваму комитите отишле на едно место се вика Омот. Тоа место било дол, длабоко. Озгора сето камења, стени, таму се скриле. Турците и вишле дека се скриле, зби-рат околу камења, таму оздола биле комитите. Па еден Турчин од село Барово, бил ногу лош човек – орач. Коа му кажале како е

работата и оставил воловите од орањето а зима пушката ќе оди таму да и тепа комитите.

Турците му викаат:

– Малко позакриј се и они не маат со куршуми, и тија маат со куршуми, ќе те отепаат!

Еден од комитите, Цоле го викале, се качил на едно дрво, високо и го гледа тија Турчинот озгора и му ја стегнал Цоле на тија Турчинот. И тија Турчинот шо беше Селим, му вика:

– Е, и виде ли комитите, да си и--т мамата. Ти викам не оди, не оди, ти не слушаш!

И го отепует. И сеа комитите и вана ноќта таму. Турците и е стра, ка башибозук, немат никаква дисциплина и се растуриле, отвориле пат. Таму и ранија, ранети беа Добрин Даскалов и друзи. Добрин оттаму го зимаат го пренесујат у Бугарија, таму го излечија доктурите.

После тоа, селаните одат и зимат тија отепаните комити и однесујат на едно рамно место и закопујат таму. Така тоа место остана да се вика Комитските Гробишта, уф местото, село Боула. Тија комити се истепани 1905 – 1906 година.

185

## ЦАЛАМАРСКИ ГРОБИШТА

До селото Липа има едно место Редешот го викат. Тука се Цаламарските Гробишта. У минатото време, кога биле старите наши за Василица, тоги они а чекале Нова година. Тоги оделе цаламари, по селата оделе. Се правеле кој со клопотарци, ќе се нацрнат, слама грбовите ќе и нап'нат, со стапови. Невеста ќе направат, момче ќе направат и ќе одат по селата. Збират кубасици, брашно, праз, пипер, кромид, сѐ што ќе ги даруват збират. На Василица, ќе збират една недела, така ќе одат и ќе соберат доста, колку ќе зберат, ќе зберат. Ќе дојде на Василица ќе се зберат у една куќа, сите тие цаламарите и ќе си прават ќеиф.

Тоги цаламари со цаламари ако се сретнат, тие се тепале. И тука они се сретнале и тука се истепале сите. Еден меѓу друг се истепале до еден и затоа денеска се назива така. Кој кај се сретнале, тука ги закопале сите и сеа се називат Цаламарските Гробишта. И до ден денеска тоа така го викаат Цаламарските Гробишта.

186

## ЈАРЕБИЧКОВ ГРОБ

Таму у село Грниково имало еден богат човек, некој Јаребичков. И тој Јаребичков не сакал да кандисуе да работе у чифликот, него сакал да си ја работе неговата земја – башка. И решил еден ден да ископа еден бунар таму близу бојанчишката мездра и грниковската мездра, за да си полева неговите нивје со вода. Отишол таму, работел, копал и еден ден тргнала ќерка му од дома да му носе ручок на Јаребичката таму каде шо работел.

Турците го дознават тоа нешто оти Јаребичката така работи и излеват на патот, ја сретнујат на патот, ја резилат, ја бркат, ја гравалат, ја гњават и чинат се. И Јаребичката то чул тоа нешто дека така станало со ќерка му и од таму тргнуе да ја откини од Турците. Арно, ама Турците наоружани биле со оружје изваѓат и го отепујат таму. И си заминујат така. И така Јаребичков е отепан таму и е закопан на тоа место. И тоа место шо е закопан Јаребичков, постанује Јаребичков Гроб и така се вика.

187

## МИТРОВ ГРОБ

Тоа Митров Гроб, името шо се слуша, до ден денеска се вика. Како јас шо имам чуено од постари, од загорци, имало тамо една фамилија, трујца браќа. Едниот го викале Станко, другиот Наум, третиот не помнам како му било името. Главно имал пријател во Иберлија, чушки кој продавал по селата. Ув тоа време ока за ока, какво жито имаш такво ќе му дајш, една ока чушки ќе земаш. Ама на тој Станко, брат му името не му го запомна како му било, дошол со Турчинот во Иберлија, вол да си купуе, пошто волот му бил умрен. Тој дојдел у Иберлија кај пријателот, чушки шо купуеле селаните, пренокевал и купил вол. Турчинот рекол:

– Јас ќе те испратам кај глува доба, прибидејќи сеа сите Турци ќе си доат, сеа сите Турци ќе си спијат дома. Не се бој, од кај си дојдовме по реката нагоре не се виде од самите дрвја, него јаворја високи, ореи, камења, чоша вода не се оде у темно, него јазе ќе те испратам по ридот нагоре до кај Караѓозот, нагоре се осамна ли, се виде вашето место, лесно е натаму да одиш.

Но потоа Турчинот го испратил нагоре сос вол или без вол, никој не може да тврде, или само сос парте се вратил. Одејќи близо до Караѓузот, што се вика Митров Гроб у близина, тукај некој го ванал Митре и го врзале. Арно, ама тој шо го терал Митре, седнале да се одмарат, призадремал. Немајќи Митре каков спас друго,

раците врзани, се помачил, зграбил еден камен, на вија Турчинот по глава, но не можел да го погоде, да го утепа, покрај главата каменот паднал. Срипал, потргнал на Митре, почнал да бега, го утепал. И он отишол Турчинот. Кажал оти го утепал Митре, селанте рекле:

– Море, блиско е до Иберлија ќе одговараме, да го земиме, да го однесиме далеко од селто. И поново го грабнал тој тепачот, го однел Митре кај шо денеска местото шо се вика Митров Гроб, близо калајновскиот атар и човечкиот. И тоа место се вика Митров Гроб. Некој викаат дека Митре не земал вол и заради парите го утепале, а другите викаат дека вол земал и така то се зборује.

188

## ГЛИГОРОВ ГРОБ

Да то кажам во нашето село славиме Свети Арангел и Света Богородица. Еден од Еслоец, така се вика едно село, во нашата општина припаѓат, тој човек бил мало како изостанат, така мало. Си ојт по слави, така за парче леб, да серане. Му се стемнило идејќи, а патеката тесна и наместо да ојт патем, навалил под пат. Смреки, од една смрека а од друа смрека, не можел да најде патот и од патот, оно од смреките имат една голема карпа, една пештера имет. Тој од пештерата и удолу. Има доле цаде и на цадето го нашле умрен. И ко другата ден поминале луѓе од тиа села нагоре и:

– Еј, Глигор умрел! Глигор умрел!

И му нашле место, го погребиле згора од кај шо паднал. Тоа место и ден денеска се вика Глигоров Гроб. Го закопаа тука, на истото место од кај шо паднал.

189

## ЦУНОВ ГРОБ

Тија Цунов го викале, работел у Комитетот. Местото се наоѓа од Неготино пет километри на патот од Тимјаник за Сопот, тука се наоѓа. Тија Цуна работел у народните работи, у Комитетот. Био кмет, збирал пари за народната организација. Тија пари биле за кумитите да се купат пинци, облека, за оружје. Тоги купуеле и пушки. И тоа купуеле од Турците. Имаме није еден Турчин у Неготино, тутунколаџија, он продавал пушки.

Е, сега вија Цуна шо збирал пари од нашите, од поботатите повечко, од посиромасите помалце. Така, така, парте и турале во црквата. Он почнал да си употребуе за него. И така наште му кинисале по дирките. Го нашле и решиле вија човек да го нема, вија човек не е за народ. И де денеска, утре и една ден му поставиле пусија како да го убијат Цуната. Оттука решиле да го земаат, да идат на свадба сос негови другари и пријатели. Отишле уф Ваташа на свадба. Јале, пиле тамо до кај полноќ, до кај еден саатот и оттука си идат кај Неготино. Планот бил да го убијат на сопотското патче. И за тоа го дочекале и го убиле. За тоа се вика Цунов Гроб, оти тамо е закопан Цуната.

## 190

## ПАЗОВ ГРОБ

Едно момче од село Гарван пасејќи си ги воловите тамо паднало еден град. Пазо како арамија со неговите другари се скриле. Вија децата мислеле некој в'кот, е: „Уа, бре, в'ку!". Камења врз камења да го растерат в'кот, Пазо потегнал со пушката ранува го момчето од Гарван, рамото му го скрши. Тоа дете го однесоја во Бугарија, го излекуваа.

Пазо го уби и Богатин во Загорци. По тоа се организира чета од Неготинско, Радовишко од сите села и Пазо го пронајдоа. Од едно место, на друго место, по самата роса, по траговите и уште ноќта го опкружиле вија. Го открила нашата потера. Го загледала во еден габер тамо Пазо кај се чешла, се уредуе. И тука право испукале и тука го убија и затоа Пазов Гроб се вика, местото тамо каде што е закопан.

## 191

## МУШОВ ГРОБ

Јас ка беше у село Конопиште на работа, од една жена чу за местото шо се вика Мушов Гроб. Тамо умрела една жена по име Муша и местото го крстиле Мушов Гроб. Таа Муша била од селто Конопиште, живеела оште ногу одамна, оште од турско.

Е, од кај Солунско иделе Турци пратени од бегови. Тија Турците одиле по селата да собират аргати, да жнијат кај беговите у Солунско. Оште од зимно време ќе и пазарат аргате. И намо летно

време, ка се собира жито, заминуеле групи аргати, дури и по сто души: жени, деца поголеми, мажја. И Муша тргнала да оде аргатка у Солунско. Тамо останале два месеца, сѐ биле по полто, жниеле жито кај беговите. Од ногу тешко шо му било некои и умирале тамо и тамо и закопуеле на нивјата. Па дури и напаѓале и некои арамии. И кога се враќале за дома да си одујат по планинте Кожув, Муша ногу тешко се разболела. Сите жени и помагле коку шо можеле. А оставиле да се одморе до една чешма. Она посакала за се напие вода, ногу и се пиело, устата и била изгорена од оѓинот. И ка се напила од ладната вода оште полошо и станало, почнала да офка:

– О, боже, туа ме боле, не можам, не можам, ох, ќе умрам! Тука ми е тешко, на срцето, ох...

И ка по викала така си умрела на патот. Селаните шо биле сос неа е закопале одма туа на едно широко место. Има и ливади.

И од тоги почнало и местото да се вика Мушов Гроб, оти она тамо е умрета и закопана.

## 192

## ТЕМЕЛКОВ ГРОБ

У сеото Вешје една рамница се вика Темелков Гроб. Тамо го заклале Темелко од селото Вешје. Тија Темелко био испустен човек. Немал ни жена ни деца, ништо немал свое. Уго си и пасел овците по полто. Имал стотина глави, а и сеоските овци и пасел на руга. Така му давале по некоја пара. Е, у сеото се пречуло оти Темелко имал пари. Почнале да зборујат парте шо и имал и носел со него, а ж'тиците му биле скриени.

Коа дошле некои арамии, од кој знае каде, го наклеветиле некои од селанте, оти Темелко има ногу пари. Арамиите го викат и му ја зимат стоката, а расипујат а тамо – вамо, а него цело лето го воделе по планинте и го терале да и каже парте. Шо ќе и каже коа нема пари. Го мачеле, го врзале за едно дрво, запалиле оѓин и со гламјите го буцале у брадата, му викале:

– Де, пари дај, или жив ќе те испечиме на оѓинот!

Он не можел да му даде пари, оти немал. И така ка го мачиле, мачиле и најдокрај го заклале. После то селанте тамо го најдоа и тамо го закопаа.

И до ден денеска тоа место се вика Темелков Гроб, оти тамо Темелко го заклале и го закопале на истото место.

## 193

## ДВАТА ГРОБА

На едно место над селого Горни Дисан има едно ридче. Таму има два гроба. Еве зошто се вика така: Боулци од село Боула носиле ќересте, дрвја, друзи работи у Неготино – продавале. Ќе земат пари, ќе купат шо му треба и ќе се вратат па назад. Ногу пати така правиле, па и таа ден така направиле. Товариле ќересте, дошле у Неготино. Го продале и зеле шо му требало за дома од тија пари шо и зеле од ќерестето. Се вратиле назад, а тамо дисанци се надигале, Турците, на тоа место и пречекўвале боулците и фаќат тамо и истепаа. И истепујат, му земат шо си купиле од Неготино, пари ако имале у џепот му и зеле и и остават тамо. После Турците се изгубујат. А коа чуле боулци дека тоа нешто станало со нивните селани, нивните домашни нема кај да и носат, три дена тамо лежале и и закопујат на истото место.

После извесно време они, постаро шо се викаше, се вампиросале, вака ка дивина станале. Тоа крвта шо му била се онадила. Идат некој друзи од Бесвица да сомелат брашно и се враќат назад. На многу мина тоа се покажувало, тоа ка вампири. И идат товарени добиците со жито, такво брашно, и му излеват вна вампиросаните, излеват ка дивина нешто, остават и му викат:

– Вна добиток од едната страна е товарен марозно брашно, а од едната чисто брашно!

А човекот го нема, каде е човек? И вие шо ги терале добиците само молчат, се исплашиле. Почнале да пеат петлите во селто, кучињата да лајат, а та дивина чим ќе чуе петел да запее, куче да залаје одма се изгубиле и тие со брашното шо биле човеците останале живи. И после тоа и страело ноќе да заминуат тамо. Тоа место се вика Двата Гроба, оти тамо се отепани двујца човеци и денеска се вика Двата Гроба.

## 194

## МАНАСТИРИТЕ ВО СВЕТА ГОРА

Еден стар човек, си беше три години на Света Гора на манастирите. Беше од нашчо село, баш и комшија ми беше и од ка си дојде ни прикажуваше историја за манастирите коа се правеле во Света Гора. Тој го викаа дедото Ристо Лумбе. Тој ни ја кажуваше историјата ка са правеле манастирите.

То време имало мечки ногу таму и да фате мечката да му а изеде едната маска и вака егуменот, шефот на калугерите, да одат да носат дрва и вија му се жалат:

– Шо ќе носиме дрва, едната маска мечката ни ја изеде, ако ги пушчам горе да пасат и другите ќе ни ги изеде.

– Как ти ја изеде едната маска?

– Ми ја изеде – рече – маската!

– Да идете – му веле – да го земате самарот и да му го клаете на мечката и оглавникот од маската па на мечката клајте, додека ќе има работа на манастирот мечката ќе носи.

– Ама, ка ќе му го клаеме?

– Да одите да го клаите!

– Море, ќе не изеде!

– Нишчо нема да ви направи, ја одговарам, да станете сите и да му го клаете самарот! Веле.

И калугерите под повеља..Станаа отидоа, го земаа од маската самарот и оглавникот и отидоа му го кладеа на мечката – не се подмрдна ни нанака ни навака. Му го кладеа самарот и оглавникот и отидоа у гората горе. Додека имало работа на манастирот, две три години мечката дрва макнала. Ѓоа затоа била тука у крстот, она малку скршена, оти товар ногу макнала. И ја сликале, ја извадиле на манастирот и писмо и со слика.

Адно се направил манастирот, а зел шефот, игуменот а заводил, ја извадил на врвот на Света Гора, највисока планина, там е таа од Солун, налево паѓа, најголема планина она е и му рекал на мечката, ѓоа оти клетва му турил: „Додек се пуле врвот на Света Гора мечката врталија да нема никако!"

И сега уд дек са пуле навака нашче места, мечка нема нигде да се припаре. Старите порано ни кажуваа как до селата иделе, как на некои мои дедо на баба ми прв братучед, му удрил завратинк, на пат го сретнала, го плуела секако, а сега ние мечка немаме нигде таму ут ка се рекло това нешчо на Света Гора и сега у нашите места мечка нема.,

Ете ва ни ја кажуваше тој Ристо Лумбев како историја, како прикаска, од него ја имаме слушано, имало слика и писмо на манастирот извадено на вратата. И у тоа место нема врталија мечката, никој пат. Така му рекал шефот, калугерот и нема врталија никако.

195

## НАСТАНУВАЊЕТО НА МАНАСТИРОТ „СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ"

Познато ми е дека светецот Јаќим Осоговски е дојден од Славишко Поле. Он е дојден од Славишко Поле и е отишол у сегашно село Градец. Пошто тоа село е било најстаро. Тамо у тоа село е бил некој, како да ви кажам, великаш, нели овако кмет, великаш. И

тамо се јавил кај него за да го упути где има тука гористи места за да го проведе он тамо својот живот. И он му кажува преко реката Сарандопол (оваа Крива Река се е викала Сарандопол). И пошто му е покажал самото место, он се е тука задржал у близина, тамо у село Градец. Тука е бил многу узнемириван од овчари, говедари и брзо го напушти тоа место и со помош на истио тој кмет отива на местото „Писан Камен". Тоа е од Османова бавча од десна страна.

Тука е бил извесно време и еден ден минава еден волк. И он кога го видел дека минава поред него, тука поред реката, он рекол: „Ова место ќе биде тука сообраќајна!" Помислил у себе. Го напушта тоа место, се префрла преко ридот и доваѓа у Бабин Дол – сегашното место каде му е неговиот манастир.

Тука он е бил многу време у таа пештера и при крајот на својот живот, случајно го намерат два ловца. Кога ги видел он се почудил и рекол:

– Што тражите вие во оваа пустиња?

Они му кажале:

– Ние сме ловци, живееме од лов и трагамо да уловиме нешто.

Тоа било пред крајот на денот, мрак, вечер. И он рекол:

– Останете вечер кај мене у пештерата, па утре ќе искочи среќа, ќе најдете.

И така е било. Цела ноќ они са биле у пештерата. Виделе го овако бедно живее, нема на земјата ништо. Утрото кога се самнало он им покажува:

– Идете уз долот куде е мостот. Искочете на билото и тамо ќе најдете некој лов!

И стварно така е било. Кога искочиле од мостот на горе на билото: еден голем елен. Они го убиваат и го носат тамо у нивното место у село Градец. Тамо е било едно место населено. После два дена они понеле она кожа од еленот да му ја дадат, за да не спие на гола земја. И кога доваѓат – видат у пештерата он умрел. Значи, кога тие двама ловци одрале еленот и после два дена носат кожата и тамо го намират умрен. Кога виделе дека е умрен едниот е отишол тамо за алат, а едниот останал тука. Донесат алат и ископат му гробот пред самата пештера и тука го погребуват. Тие двама ловци тие доваѓале на гробот често пати. Палеле свеќи. Од време на време посетувале тој гроб. После извесно време, тие двама ловци умират. И така неговото тело било е у тој гроб скоро около осум децении непознато. Самата хумка од гробот е изгубила првобитниот облик и потпуно е била срамнета сас околното земјиште. Е, сега некој свештеник по име Теофан, он е бил од Овчеполието, пошто овдовел постанал вдовец и чул за тој наш светија дека е бил ово Осоговската планина. Решил да дојде тука и да подигне манастир и да му извади телото. На пато од Овчеполието за Осоговската планина, тука негде Поникла, јавља му се свети Јаќим, каже:

– Ќе идеш тамо на тоа место, ја ќе ти кажам каде е мојот гроб.

Во сон му се јавило и тој бил свештеник. Доваѓа тука и гледа пештера а гробот не го виде нигде. Долго време он тука барал да

нешто дознае, ама ништо не се види. Пошто прошло осам децении од како е неговото тело у гробо, нема никакви знаци. После извесно време пред самата пештера, каде бил гробот се подига земјата и он по тој знак заклучува дека тука се неговите коски и почнал да копа. Извадил ги од тука. Штом ги извадил и почнал да зида манастир.

Тука е била голема шума. Почнал да е сече, да прибира материјал и така е подигнал манастирот. Моштите е унел внатре, значи сас ѕидањето на манастирот во внатрешноста опфатен е и самиот клотник. Кога Турците са дошле на Балканскиот Полуостров, почнале да ги гонат рисјаните и да ги рушат тие манастири и цркви. У тоа време и тука, на нашето подрачје са били монаси, калуѓери. Овие калуѓери са земале моштијата од Лесновскиот манастир на свети Гаврила и са га донеле тука у нашиот манастир. Али од страв коа у оно време Турците палиле, овако, и калуѓерите од нашиот манастир зимаат тие моштии на свети Јаким и свети Гаврила и ги носат у Бугарија. Потоа преко Дунав моштиите на нашиот свети Јаким ги носат у Јаш – Молдавија, а на свети Гаврил Лесновски ги остават у Трново – Велико Трново.

Кога е граден главниот манастир, после биле подигнати околу него мали црквици, околу седумнаесет (то сам чул од мојот покоен дедо). Малото манастирче и тоа се убраја у тие седумнаесет црквици. Моштијата од светецот нема у манастирот. После однесување на моштиите у Романија у Јаш – Молдавија, после извесно време при избивањето на бањите: Ќустендилска, Кочанска и Врањска се јавља јак земјотрес и од тој земјотрес манастирот бива делумно порушен.

## 196

## СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ И НАСТАНУВАЊЕТО НА МАНАСТИРОТ

Биле си свети Јаким Осоговски, свети Јован Рилски у Бугарија што је и свети Отец Пчињски, и свети Гаврил Лесновски у Кратово. Тие биле како браќа ли, побратими ли и заедно се испустувале у грдчката испосница. Ко дошло време да се посветуваат, фатиле четворицата на четири страни. Опростиле се понапред и фатиле на четири страни. Свети Отец отишу у Пчиња, свети Гаврил у Кратово, там Лесново, а свети Јован отишу у Бугарија. Свети Јаким ишал многу места. Обишал чак по Тлминци. Куде ишал, куде се пипнал, траги оставил – камењата меки. Па у мрамор како појау, на камењата пред него стои каленицата, лажицата, стапчето, ногите како му стојат – се (сам ишла како дете, познава се). Тамо има мраморни камења, еден рид и мрамор много има и такој го викат Мра-

морни Камења. После пошал од там и низ друм ишал нагоре. Ишал куде место горе Пашина Воденица. Аресало му се местото куде Пашина Воденица и тамо да се посвети. Арно, ама вук прошал туј и рекал: „Овде нека да биде манастир, овде пут ќе биде!" Аресало му се туј местото, убаво и туј се посветил и после туј је умрел, туј му је и моштието.

Арно, ама Турци викале дека све тој лажливо било, тоа не е истинско и они сакале, Турците, да идат да пљачкат. Напаѓале го многу пути манастирот, ама не могале да успејат. Некој си Осман паша, станал, земал војска многу сас коњи, сè наоружани и ќе идат сас сила да пљачкат. Е, претходно пљачкале некои други, па земале тија курните што у амам беше. Тија курни од тамо што крстиле деца, ги земале од тамо па туј ги донеле. Тија са од мермер како коритце ужлебано.

Арно, ама на светијата му додејало што нападале Турците много пати. И еднаш кога ишле до Крс тамо до тој почивалиштето на свети Јаким и удрвиле се туј. Не могле ни нагоре ни надоле. Ни мож да се врнат, ни мож да одат нагоре. Светијата ги удрвил. Тога почнал тој Осман паша да се љути:

– Свети Јакиме, пуштите не, ќе ти покриеме манастирот сас црвена чоја!

И тој се молил по турски и све тој обеќал дека сас црвена чоја ќе покрие манастирот. Што ќе прави он, нели обеќал од захвалност, мора тој Осман паша да го покрие манастирот. Земе и купи тој чоја, та го покрие манастирот. Од туј после више никој не го закачал манастирот, демек сите признават дека е тој светија, дека како историско место, како светија.

197

## ГРАДЕЊЕТО НА ПОЛОШКИОТ МАНАСТИР И ДРЕНОВСКАТА ЦРКВА

Биле син и татко, да речиме, и други сос ниј водиле, ама они биле двујцата мајстори. И тоа биле негден онаму од кај Преспанско, не тукашни мајстори. И сега дошле туа. Тоа прво дошле они ув Возарци. Питале има ли негден работа, или нема. Не можеле да најдат. Е, некој му рекол дека Дреново сака да праве црква:

– Може да ојте тамо да питате.

И виа, син и татко и калфите што му беа, алатте на рамо одат ув Дреново. Одат ув Дреново. Влеват ув Дреново, ув сред селто, значи. Лели знајш, немаше тоги како сега кафениња, немаше дуќани, имало некое дуќанче, ама тоа приватно дуќанче ув некоја куќа. И тоа само сол и сапун, друго ништо немало. И одат татко му и син му и друјсте. И му викат:

– Добро утро селани!
– Дал ти бог добро!
– Како сте селани? – Му викат.
– Добро, фала богу, вие како сте? Од кај идете? И што сте?
– А бре, ние сме – рече – мајстори
– Ние сме наму – рече – од кај Преспанско.
– Ами какви мајстори сте? Зидари ли сте?
– Мајстори – рече– било за куќа, било за црква, било за што и да е.

– Абре, ние еве се бериме селаните, имаме собрано малку пари, сакаме да прајме црква. Сите села се собраме: Праведник едно, значи, Драгња две, Шешково три, Добротино четири, Дреново пет, Брушани шест, Ресава седум, Бегништа осум, Дабништа девет, Возарци десет, кое беше друго село? Драгужел идинајсет, Куманичево дванајсет, Клиново тринајсет. И тиа сите села собравне аиле пари како да се направи еден манастир ув Полошко, бидејќи му се сонило на некој, на тоа место треба да се направи или црква, или манастир.

И му кажуат дреновци:

– Ние ќе и навикаме кавадарчани, бегнивци, повечко се, ресавци, повечко се мешат ув тиа работи, ќе говориме иај, ако мојште и тиа манастир да го направите вај.

И така станало. И му викат они:

– Добро – рече – нај сакаме, еве црква да прајме, ќе мојште ли ви црквата да а напрајте, или не мојште?

Виа сим му, татко му помолчал, син му му вика:

– Оти да не можиме – рече – само треба да се пазариме.

Селаните му викат:

– Добро, ние сакаме да се пазариме – рече – не е без пари.

Фура си – кома си, значи, и дванајсет лири турски да го направат, да го созидат, а да не е со светиј напишан. Да го созиде и да го покрие.

Е, доборо, се пазариле. И така станало. Ех дванајсет, дванајсет и почнале да работат туа. Де еден ден, де два дена, де три кога вика си некој од Кавадарци Јованче Велков и некој си Цандо Велков и аци Пано Велков, тиа тројца биле први, парте биле у иај, парте собрани за Полошкиот манастир, што и збирале од селта. И му кажале:

– Има мајстори, ув Дреново црква прават.

И отаден они по еден коњ си јавнале тројцата, одат ув Дреново. Коа отишле ув Дреново и нашле тамо си работат на црквата. И они слеват од коњите. И врзуат коњите и му викат:

– Добро утро, мајстори!
– Дал ти бог добро!
– Како сте мајстори?
– Добро фала богу, добро за сега.
– Е, почнате ли, ајрлија нека е!
– Почнаме! – рече.

– Ами – рече – кој е мајсторот?

Таткото му веле:

– А бре, а јас сум мајсторот, еве го и син ми е мајстор – рече – како ја, така и он.

– Е, добро – рече – кој ќе дојге кај нас да пазариме, ќе мојште ли да направите – рече – манастир ув Полошко?

Они викат:

– Добро!

Му вика таткото на синот:

– Синко – рече – ти прави а овдеа црквата, а па јас ќе идам, ако можеме да го пазариме и манастирот, па јас тамо ќе идам.

Син му му вика:

– Е, добро тате, така нека биде.

И он оде кај ниј. Седнуат, лели знајш, преѓа ти кажа јас, ни дуќан, ни кафене, некој шкундур, некој дрво ли, некој камења – седнале. Се собрале селанте. И виа трујца. Фура си – кома си, значи, шест лири пари да го направат Полошкиот манатир, ув тоѓашни пари. И сеа ка пазариле, они му вика:

– Слушајте вие газди – рече – еве јас тамо ќе идам. Еве ниј сме дванајсет души тајва. Шесте ќе бидиме увдеа, шесте таму ќе бидиме. Ама таму сака да ни испратите чувеци вие. Има ли таму некој?

Тиа му викат:

– Нема никој таму. Таму има едно село Полошко, ама тоа е преку Црна, на таа страна.

– Ќе ве молиме – рече – да пратите од сите села по еден човек за таму – рече – да ни помага. Сака дрвја, сака друго.

Виа му викат:

– Вие – рече – кога мислите да почните?

Они му викат:

– Ами вие ако сте спремни, боже поможе утре ќе почниме!

И тоги му вика виа Јованче Велков и Пано Велков, му викат:

– Чим утре ќе почните рече – утре ќе пратиме ние човеци.

И они од таден праќат абер на Бегништа и на другите села:

– Полошко ќе се граде манастирот, секи еден од селто да пратте по еден човек таму да помага, ама – рече – по пет дена да работе. После коа ќе дојдат петте дена, значи, ќе пратте друг човек, па тиа да си дојде дома.

И така направиле. Испратиле по еден човек сите села. И си започнале тамо да прават, де денеска, де утре, де денеска, де утре, дваесет и пет дена. Е, добро, дваесет и пет дена го направиле манастирот. И тамо си правиле вар они мајсторите, па тамо има камењ варовити, се вика местото Жерговец. Дрва има. Камењта и наредиле они. И тоа ископале една проста дупка, ни зидана ни ништо, значи, по нијно. Изгореле вар, да речиме, коку што му требало и почнале они веќе да зидат. Едни греди носат, други друго носат, некои кал-малтер носат, значи, што му треба. Ех, а изидале за двајсет и пет дена, манастирот готов го направиле. Направиле кавадаречка соба, значи, имаше на секое село по една соба определено. И

тиа собите одкога го зазида мајсторот и коа го покри, собите па после секи си и направи. Си и измачка, си и вароса и џамови си тури. И така до бивша Југославија беше манастирот, стоеше потполно здрав и сите си имаа по една соба.

Добро, мајсторите си кинисаа и сега одат ув Дреново. Коа отиде таткото ув Дреново и отиде таму, му вика на син му, вечерно време било, му вика:

– Добровечр, синко!

И син му му вика:

– Дал ти бог добро, тате. Е тате што направивте вие – рече – го направивте ли вие манастирот?

– Го направивме! – рече.

– Е, како е, како е – рече син му – како го направивте?

– А бре, синко – веле татко му – поубав, полош – рече – го направивме ние.

– Ами како ќе се вика?

Значи, коа рекол вна: „Поарен, полош", ами рече:

– На задната реч – рече – Полошкиот манастир!

И така го нарекле. И до ден денешен и местото и манастирот уште стое, потонат, значи. И слушам ув сегашното време ќе го правеле поново, а дали ќе го прават? Не е почнат.

И сега му вика он па на син му, татко му:

– Ти, бре синко, уште имаш ли за правење:

Синот рече:

– Татко – рече – уште утре и јас сум готов.

Арно, ама црквата е далеку од Дреново, кај што е црквата од селото, они, значи, биле ув селото. И татко му му вика:

– А бре, синко, ти бре, како а направи црквата. Каква е, арна ли е, здрава ли е – рече – убава ли е?

– Тато – рече – ја некум да се повалам, ама самата работа ме косе мене. Ја што направи црква – рече – самиот свети Илија одозгора – рече – да лојде, па не може да а растуре, толку што е здраво правена!

Арно, ама дури изрече тиа речови од јаснино загрми. И треее! Право на две црквата а расцепи. И до ден денеска, ете а, црквата дреновска може секи еден да праша, оти е расцепена ув тогашното време. Значи, оти син му се повалил према бога. И така е било, така станало таму. И уште утрето работиле таму. Го доработиле и тиа пари си зимат. И после мајсторите си одат. И до ден денеска дреновската црква и манастирот Полошки си останале, како манастир ув Полошко и како црква ув Дреново.

# МАНАСТИРОТ СВЕТИ СПАС ВО СЕЛОТО ЧЕМАРСКО

У старо време имало еден манастир. Тоа не можам да го знам,ниту ми е останало у памет, од колку старо време. Тиа манастир потонал. Од манастирот избегале икони три. Тиа иконите отишле едно половина саат, далеку. У тоа место имаше три дабја. На дабјата застанале и таму д'го време и иконите зараснале.

Е, сеа у тоа место овци пасат, пладнуат сегден, до тиа дабја не можат да наближат. Таму каа ќе наближат овците, силен ветер дуа. Еден овчар се сјуначил и рекол:

– Чекај да видам овдеа, зошто не можат овците да идат?

Кога отишол, сос голема сила, кога ѕишол на дабот и на едниот и на другиот икони зарастени. За тоа му кажал тука на селаните, на селото. Се собрале и отишле и ги извадиле иконите. Двете останале тука во селото, а едната, само не можам да кажам како се вика, таа летнала од тука преку Вардар и отишла у селото Конче.

Таа била сета со каиши изврзана и одела на секој човек и му се поклонува. Е, тоа место, едната икона се викала Свети Врач и од тоги е останало местото. Сето тоа така се вика – Свети Врач. Има таму убава чешма, до дабјата на едно дватриесет метра. Таа чешма сите добици тука од околното место, сите од неа се служет, дека е ногу ладна, студена вода.

Кога се свршило сето тоа, иконата пак а зеле. Таа па избегала. Е почнало да ѝ се сонува на една баба стара. Каменита се викала. Арно, ама бабата како си била, шо си била у младо време, кога дошла до бабата вербата ја изгубиле. Не верувале. Оти не ѝ се соне на некоја жена шо е подомаќинка, туку да и се соне на баба Каменита. Никој не и верувал од селаните.

Еден ден, коа година било не можам да кажам, дали трета година, дали втората година се олучило на ден Свети Илија. Дунале едни силни бури. Јак облак. У тоа место од потонатиот манастир, од виа манастир едно сто и педесет метри, има таму големи дабја и и искорнило ветерот со коренот нагоре. На она место дека шо испаднал коренот, нашле светилници од црква и кадилница, попот шо а маа. И тоги поверуваале. И тоги го почнале манастирот да го праат. И денеска манастирот стое. Ама како шо слушам селото се крена. Останала на дваесет куќи.

На баба Каменита и се сонило да се направе манастир. Ама не и се слушал лафот и сос нејните зборови и со нејното кажување никој не а послушал неа за да праве манастир.

199

## СВЕТИ ЈОВАН

У нашето село се наоѓал некој манастир, а бил закопан такој од Турците. На еднога, како басмар беше, стар човек од Шопско Рудари, приказало му се да има туј манастир. Он дојде сам да копа на тој место. Не повика и нас и ми се зберемо сви сељани да копамо. А и од суседните села, по двaесе села мож да се доодиле, та смо копале и манастир га откопамо. Најдомо знаци манастирски, свети олтар постои, црква постои, голема била и такој камења знаци некои, модри камења, некои такви камења разни за шарке. С'с камење се т'га шарало и не знаемо с'га как'в е т'ј манастир, како му е храм.

Бемо како бугарски војници на Ѓевгелиско доле, на Ѓевегелију бемо у Беласицу. Ед'н човек имаше од наше село, како малко писмен беше. Приказало му се на с'н да бил т'ј манастир, се викал Свети Опсечение. Он се замоли на кумандира и кумандир га пушти и он дојде. Каже у селото пред Опсечение, каже у селото да се слави тој, т'ј д'н. И започне од т'ј д'н да се слави. И д'н ден'ска се слави и собор се збира и све убавиње е.

200

## МАРКОВА ЦРКВА

Ќе ви раскажам за месноста коа се вика Маркова Црква. Таа се наоѓа северцо до нашето село на околу четристотини-петстотини метри. Таа меснос се вика Пешти. Тука има големи пештери, голема стена, а црквата е сместена во самите карпи. Според раскажувањето на старите луѓе, таа црква ја изградил Крали Марко. Таа црква е праена некаде пред доаѓањето на Турците. Црквата е направена на такво скришно место, поради тоа што некои верујеле во цркви, а некои не верујале во господа. Ја не знам како се викаат тија, Богумили ли, Бабуни ли, не знам како се викаат. Но поради тоа оние што верујеле во црквите и во господа одат тамо во црква да си праваt богомолие, скришум од овие.

После доаѓањето на Турците таа црква била растурена, бидејќи Турците не сакале да се шири православието и почнале да им ги вртат очите на овие шо ги има фрески тамо, шо има слики и така ја растуриле црквата Турците. Потоа, некој си Турчин, тогашно време, од село Оризари дошол со некоа кола со воловите да го дигне некое дрво од црквата. Било многу дебело тоа дрво и било поставено на самото било, а тоа било од лоза, лозово дрво. Но кога човеков, овој Турчинов ја товарил таа греда на колата,

тргнуејќи на едно сто двесте метра и одма се скамениле и колата и воловите, а и Турчинот умрел.

Оваа го имам научено од моите стари дедовци. Како они што раскажуале, биле они очевидци, тогаш уше као мали деца биле. Според нивното кажување и според тоа како што денеска стојат некои зидиње, као што ми кажувале дека биле разврткени очите на онија слики шо биле на иконите, па може да се поверуе дека тоа да било така.

## 201

## МАНАСТИРОТ ТРЕСКАВЕЦ

Ко се запустил, ко се затворил манастиро, работеле таму осудесет калуѓери. Дошле некои арамии и сите калуѓери ги исклале. Калуѓерите коа ги исклале се затворил манастирот. Кизнај колку години. Од крвта нивна, од мршите се створила една грда животинка, гуштер зелен (аждаја некоја).

Загрмело еден ден од небеси. Грмежи. Удрила рофјата внатре в манастир, во црквата кај шо биле исклани калуѓерите во олтарот. Удрила кај шо бил гуштерот и го отепала. Се смрдел тој.

Имало некои овчари, си паселе овци тамо. Ама разбегале од страв, од таа животинката шо била во манастирот. Кога таа била отепана, пците влегуваат в манастир. Дојди вамо само крвој крвој пците. Еден овчар се решил: „Да му е--м--рекол-- ја умрел, ја оживел!" По пците. Пците напред, тој по ним. Ко навира во олтарот, во црквата, една мрша јадат пците. Таа била од гуштерот. Се ослободил, нaврел -- нема ништо. И јавил во митрополијата, по народот, оти вака и вака е направено во манастирот. Рофја има удрено, отепана е животинката. Таа животинката, е сега ви кажувам, јас лично влегов со пците. Лично ја видов. И на тоа згора, се собрал народо, попој, свештеници -- го почистиле манастирот. Од тогаш кажуват манастирот Богородица го добило името Трескаец, оти треснала рофјата. Озгора треснала. Така го има добиено името Трескаец.

## 202

## МЕСТОТО „СВЕТИ АТАНАС"

Тоа, местото „Св. Атанас" е на патот, на џадето кога се оди од Лисиче за Чашка. Тука близу до селото си го викаме местото „Св. Атанас". Имаме тука крс направено. На Св. Атанас на денот, се

собираме тука цело село. Колеме тука брави за курбан. Идат тука жените сите со раздавулки, со табли на глава. Ќе дојдат тамо ќе раздаваат, ќе јадеме, ќе пијеме, ќе играме, ќе се веселиме со тепани со сурли, со гајди. Тука ќе свириме и од тука после ќе си одиме.

Имево Св. Атанас сакам да речам го добило од таму што тука до него, ете во нивата на Герчо има манастириште. Тука некогаш било голем манастир. Пред илјади години, или како да речам, уште од Римјаните, некој го рушил манастирот. Не се знае кој го рушил, ама останало од дедо, од прадедо со векови да се вика манастирот Св. Атанас. И денеска уште се почитува местото кај што се собираменије и си го викаме Св. Атанас. Таму курбанот није го правиме за светецот, да дава здравје на народот, да не се подгази верата, да се знае оти сне није православни, оти сне каури, оти сне Македонци. Да не си ги заборавиме адетите, обичаите, и, да си се провеселиме.

203

## УРНУВАЊЕТО НА ЦРКВАТА ВО МЛАДО НЕГОРИЧАНИ

Ќе кажам зашто Младо Негоричани има една црква разрушена. Некој бег, испод Младо Негоричани, има тука турско село, бегот наредил на Турците:

– Сите биволите, колите ѝ прегните. Црквата шо е во Младо Негоричани да се растуре, да се направе џамија, прибидејќи каурите немат царство, а ние имаме царство, тие еден ден ќе морат да се турчат!

Сите Турци прибегнујат ги биволите, ѕевгарите, долу керамиди од црквата, доле граѓа, доле камења, носат џамија да прават. Но во тоа време во Младо Негоричани каурите се побуниле. Некои млади момчиња, вредни, молиле го бегот тоа да не го сторат, да не ја руше црквата. Тој не сакал да и послуша. Изваду јат пиштолите, го убиват бегот. Од ка го убиват бегот турската власт сите у Младо Негоричани машки шо имат ги затварат у Страцин, некои уќумат имало турски. Уќумат го викале, дали суд, или шо, главно некој суд. И тамо сите селани од Младо Негоричани ги затворале да ги пронајдат убијците, ако не Младо Негоричани ќе го горат од темел, тука ни една куќа нема да остане здрава. Селаните се молиле:

– Идете, фанејте ги ако можете, ние не можиме да ги фаниме.

Имало некој Турчин адвокат. Влегол кај затворениците ги испитал татковците и тамо сведоците. Ги подучил каурите како да одговарат на главната расправа. И тамо влегол адвокатот и научил сите каури, татковците на синовите шо се убијци на бегот како да кажуат. Кога дошла главната расправа, тие се браниле како шо е вистината, каурите. Тој едниот викал:

– Јас бе у Ранковци говедар. У селто работе тамо-вамо, за жито. Арно, ама во селто друга воденица нема освен беговата воденица. Тамо од жента меле брашно, ама воденичарте беа се некој Арнаути. Жента денеска ќе меле брашно, ноќеска че меле брашно и така останале при Арнаутите. Мора да остане при Арнаутте, за да имат дома децата да јадат. Тие како млади си го правеле ќеифот со мојата жена и се роди син. Арно, ама селанте прибидејќи јас на работа во Ранковци од коа се роди: „Арнаутче друг воденичарче", смеи до денеска. Така, така тоа стана. Мене ми беше срам, го викат мелезот, детето мое и ете се случи бегот го отепа. Не ми е син фанете го, отепајте го. Мелес, мене не ми е чедо!

Ај, сеа другиот татко ќе го прашуат:

– Твојто дете какво е, синот да го фаните, да го донесите тука!

– Ами ефенди, фанете го, отепајте го, тоа е мелес, дури мене ми е срам. Јас си имам лојзенце фиран тамо у ридот. Жента лозјето го работе, јас ѕидар де Ранковци, де Страцин, на некој ага ќе му ја направиш куќата. Арно, ама жента се на лозјето. Падарот у тоа време ((вие знаете у тоа време у секое каурско село, Турчин падар) на жента и помагал и го поткршувал лозјето, тамо-вамо во колибата го сториле тоа пусто дете. Мелес и сеа дете у селто не се вртеше, при другарите, викат го: „Падар, падар, Турчин, Турчин, кулибар, кулибар!" И сеа шо да прајме не е наше, фанете го, утепајте го и ние да се куртулиме од него!

Потоа влегува адвокатот, Турчин адвокат при вија каурите вика:

– Слушај, да биде казната блага, мојште ли вие од Младо Негоричани едни дисаѓи лири да и донесите, со коњот да ми и донесите, казната блага да биде, ако не Негоричани ќе горе, брате, од темел.

Сите се криви. Со сета сила селанте по некоја лира, од цркви, манастири, собрале едни дисаѓи лири. Наполниле. Му ги дале на адвокатот. Коа виде адвокатот, благо, убаво и оде кај судот. Сите сведоци, татковците на децата шо го направија, тија се искажале, тоги адвокатот се дигнал, му вика на судијата:

– Е, ефенди, е судија, криви се наште Турци, шо не си одат по царскиот пат, шо му треба за московска жена да се фане, а криви се нашите. Ја предлагам на вие татковците да му се даде блага казна, прибидејќи не се криви децата. Ако и фанат ќе и донесат и они не си и сакат, ако и донесат ќе и колиме, ќе и бесиме. Они са мелези, Турци воденичари, падари се умешале у нацијата. И како така јас би ве молил судија, да биле блага казната!

И така Младо Негоричани сос едно дисаѓи лири се спасило и не се изгорело. Црквата и до ден денеска е ѕидина, расфрлена. 1961 година ја лично бе тамо.

## ЗМЕЈОТ И ДЕВОЈКАТА ОД с. СТАРАВИНА

Едно време не знам пред колку години дело ми раскраваше една прикаска. Он ми кажуваше дека некое време си имало змеови како човек да шетат. Змејот би истиот као ние што сме. Дошло времето тамака у битолското село Старавина ја бендисал змејот некоја си девојка и фака ја окрадува. Ја открадол, ја занесол во планината. А змејот ка ја окради момата мајка му ја плакала, ја пустила. Стана една година, две години, не можеа да ја најдат никаде. Каде ја однесе, што ја стори? Змејот оди за во Солун, зева за да ја рани. Змејо оди во Скопје, за да ја рани. Дошло времето добиле чедо. Добиле чедо и детето таму у пештерата си ране.

Едно време ловачите од село Старавина, Градешница одат по лов зимно време и по планината како оделе ја нашле момта у една пештера. Ја нашле со дете машко и тамака питат, рече:

– Шо, мори, правиш тука?

– Ништо – рече.

– Ми каде е момчето? Кој те фати, кој тој?

Рече:

– Змејот!

– Ми каде е он?

Рече:

– Во Солунското, не знам.

– Море, ел си со нас за дома.

– А, не можам, ја ми го детето, цело дете, как да го оставам. Ме ране, секое нешто ми носе.

Се чудиле лудите, се чудиле и неќе да си дојде. И да си дојде пак ќе ја земе.

Вие ловачите станват, си идат. Си идат дома у селото. Му викат на мајка му на момата:

– Вакај, вакај. Ќерка ти е на филан место и дете има.

Мајка му и послушува и станува. Одат со ловачите тамака и ќерката ја виде:

– Ќерко – рече – шо прајш?

Го зеват детето го милува, го пусте, как да бега?

– Мајко, и да бегам, пак ќе ме фате.

– Ми чаре?

– Чаре, мајко, ништо. Не можам од него да куртулам, туку така било речено од бога и он е. Кути човек е вој. Еве колку пари има. Ќе зеве пари, ќе оде во Прилеп и ки накупва работи!

Му вели мајка му:

– Синко, ти многу гака со политика, со туку со друго да можеш да го питаш од шо му е смртта?

За да го отрујат.

Дошло времето некоја година, две, му веле:

– Бре, мажо, смрт за тебе нема?

– Е, нема! – рече.

Кога он си идел од Солун и од друго место она му наполнувала едно ведро вода и се криела кога си идел он, за да не ја најде на вратата. Ако ја најде ќи ја испије неја. Ќи се скрие во дупката, а две ведра ќе му ги кладе тамака со вода. Туп едното, туп другото, ќи си ги испије и тогин ќе оде при таа.

– Е, добро – рече – јас вика, жено, да ти кажам мојта смрт е од една ока сол. Да ми клајш во ведрото кога си идам, да го кренам ведрото и да го испијам. Е, таа ми е смртта. Друго – вика – нема за мене смрт.

Дошло времето и мајка му на мома станува и оде при неа:

– Е, мори, ќерко, научи, шо не?

– Мајко – веле – нејната смрт била од една ока сол. У ведрото да му ја турам да се напије – па да умре. Инак нема смрт за него.

И му рекла:

– Синко, јас ќе ти донесам една ока сол.

И си ојде мајка му. Зеве една ока сол. По неколку време му ја донесува. Вој шетал, не стоел ич тамака, за да виде кој иде, шо иде. И му ја дава солта. Ја клава жента солта во ведрото. Ја изматува у водата и му ја клава на вратта у пештерта. Ка дојде времто, си дојде. Го крева ведрото, го испи. Едно го испи и фрли очте од кај жента му и од кај детто и му рече:

– Ај, да даде господ камења да станте!

И како ги проколна, така станаа камења и ден денеска се у таа пештера. Дедо ми ја кажуваше, во наште планини.

205

## ЗМЕОВА ПЕШТЕРА

Некогаш во старо време на верски празник, Водици кога играле девојките на сретсело во селото Крапа, Порече, дувнале некој ветрој големи и ја кренале една девојка во воздух и змево ја однесол во една пештера. Си ја зел девојката за да му биде жена. Оваа пештера и денеска постои. Девојката се викала Калина. Калина стоела во пештерата три години. Таа со змевот имала машко дете. Детето било со крилја на рамениците. Некое време отишол некој овчар тамо. Кога видел овчаров, жена седи со дете мало и женава му извикала:

– Чекај, бре, да ти кажам. Еве јас сум три години овде и многу ми е добро, но што не можам да се видам со моја роднина, тоа жалам. Овде живеј еден змев, голема сила има. Се што ќе види, се јади. Тој лета по небо и ја бара ламјата да е отепа. Таа ламја го пиела снот берикет од житото. Таја се претварала како стара баба,

а пак тој ја бркал и ја тепал со ровја. Кога грми, змево трча по неа и ја тепа ламјата.

Денеска ние луѓето кога ќе грми и врне бардето треба да го истајме, оти таја се крија во барлето од кое пиеме вода на работа или пак кота леб носиме треба да го оставиме понастрана за да не влези ламјата. Змевот и кажувал на Калина кај се криела ламјата: „Морам со ровја да отепам и човекот што се најдува тука!"

Калина на овчаров му рекла:

– Мајка без друго да дојди овдека за да се видиме!

Овчаров кога се вратил во селото Крапа и кажал на мајка е на Калина. Мајка е дошла кај пештерава и се видела. Сè и кажала Калина на мајка е, како е змевот. Мајката и рекла:

– Мори, ќерко, ајде прашај го тој змев, али има смрт за него и одошто може да умри тој?

– Мајко, јас со змевот убо си живеам. Утре ќе го прашам и ќе ти кажам.

По некои ден дошла мајка е и ја праша ќерка си Калина:

– Што стана?

Калина на змевот му рекла:

– Бре, мажу, еве живееме три години, а пак не сум те прашала одошто имаш смрт ти?

Змевот се насмевнал:

– Бре, жено, што те натера да ме прашаш?

– Ете, жена сум ти, да знам.

– Ете, ќе ти кажам: мене ми е смртта близу, само што слабо може да се најди овде, само кај Мирјаните што јала сол. Околу една торба да ми тури некој во оние кобли што пијам вода и јас ќе си дојдам умрен и така ќе легнам и одма умирам!

По некој ден мајка е на Калина пак дошла. Калина и кажа оти змевот може да умри само од сол ако се тури во коблите. Мајка е на Калина донесла една торба сол. Калина турила сол во коблите. Вечерта ко се вратил змево, веднаш отишол кај коблите за да пије вода. Се напил од водата и веднаш сетил. Тогаш змевот само проколнал:

– Зошто ме зеде на душа, бре, камен да се сториме сите: јас, ти и детето!

Кај пештерата има да видиш: жена со боски, дете и змево и коблите. Коблите стојат. Има два кобли. Тие се длабоки педесет сантиметри, широки педесет сантиметри. Обата се полни со вода. Водата ниту прелива, ниту се празни. Постојано се полни. Црпи со канта, пак тие се полни со вода. Се верува дека вистина било со Калина, змевот и детето.

206

## ЗМЕВОТ И СТОЈНА

Во старо време во село Крапа, Македонски Брод на еден сведен на сретсело младите играле оро. Како што играле оро одеднаш дувнал еден силен ветроган. Во ветрогано имало еден змев. Орото го водела Стојна. Таа била најлична во селото. Ветроганот веднаш ја дигнал Стојна од орото. Селаните долго време на знаеле каде се најдува Стојна. Змевот се вљубил во Стојна. Тој е зел за жена.

Еден ден три овчарчиња си паселе овци на планината што ги дели селата Крапа и Зрзе. Овчарчињата како што ручале слушнале глас. Гласот идел од под некоја плоча. Гласот бил непознат. Тогаш овчарчињата пресекле три лака за кревање на плочата. Сите три овчарчиња запнале и со лактите е поткренале плочата. Под плочата била Стојна. Таа им се прикажала оти е од село Крапа. Едно од овчарчињата рекло:

– Јас ќе појдам во селото Крапа и ќе кажам оти Стојна се најдува под една плоча.

Овчарчето ошло во селото Крапа. По некое време стасала мајка е на Стојна. Таа се ставила со Стојна. Стојна на мајка ѝ рекла:

– Мајко, ти не си за овде. Оди си да не дојди змевот. Ако те најди овде сета ќе те искини на парчиња!

– Стојно, ќерко, замоли го змевот да ти кажи одошто му е умирачката.

Стојна почнала да го моли змевот, ама змевот не сакал да кажи. Тогаш Стојна му рекла:

– Оти не ми кажуваш, јас сакам да знам одошто ти-е умирачката? –

Змевот и натака се тегнел. Стојна го заколнала во детето. Стојна и змевот имале машко дете. Најпосле змевот на Стојна и рекол:

– Мене умирачката ми е ако во кобливе се тури една врећа сол.

Стојна и мајка е туриле две вреќи сол во коблите кои секогаш биле полни со вода. Дошол змевот жеден и веднаш се напил вода од коблите и наместо цркнал. Коблите во пештерата секогаш биле полни со вода, ни секнувале, ни претекнувале. И ден денеска коблите во оваа пештера се полни со вода и не претекуваат. Во пештерата има еден камен кој личи на змевот. Змевот пред да умри рекол:

– Се шо се најдува во пештерата да се скамени!

Во пештерата се скаменосале: змевот, Стојна, мајка е и детето.

## ЗМЕВОТ И ДЕВОЈКАТА

На некој си празник Велигден, имало собор во селото. Се задал еден облак. Народот мислит да е облак, али тоа бил некој си змеј. По малку време исчезнуват една девојка, од соборов, најубавата девојка. И ја сакает, ама ја немат девојката. Змејов ја грабнал, ја однесол во пештерата. По малку време некои овчари паселе овци покрај пештерата, а оваја испаднала надвор и ја виделе и раскажуваат на народот: „Филан девојка ја видовме, се наоѓа на това место, коде пештерата!"

Земат мајка е едно стапче и пројдуват тамо. Ја најдуват девојкава и ѝ викат:

– Ќерко, шо овде?

Оваа и викат:

– Мајко, ја овдека ми било речено – рече – овде се омажив за змеј!

Влезува внотре, поседела и викат на мајка е:

– Мајко, оди си, змејов не е тука, ако доет имат три кобли вода, дури ги испиет нив моет и тебе да те испиет!

И ова си заминала. По малку време змејов дојдуват. Испивујат кобливе со вода и је викат на женава:

– Имат некој дојдено овдека, во куќата наша!

Оваа му викат:

– Немат!

– Морат да имат, сеќавам, ќа ми кажеш!

Оваа:

– Да ти кажам, мајка ми дојде, научила и си отиде.

Овја и викат:

– Нека си идет, али ко ќе дојда ја она да се криет, ако не се скрие мора да ја поништа, да а испија. Дури како ќе ја испија водата и тогај да се јавит!

Онаа това го правила долго време така. Али имала таа да пијет, да јадет све тујека и је викат мајка е на ќерка е:

– Ќерко, овја живот, стварно имаш да пијеш, да јадеш, али ти не чинит оваке. Прашај го ти од шо му је смртта?

Овие си легнаат навечер и го запрашуват:

– Мажу, од шо тие тебе смртта?

Овја је викат:

– Не, не требает да зноеш – викат – зошто да ти кажа.

– Ама онака да знам, жена сум ти!

– Не, не, не требет!

И оваа како жена му се катрандисала и му кажал:

– Да ми ставиш во кобливе пред да дојда една рока сол, животот мој толку е!

И се сторило. По малку време, другата ден дојдуват мајка е и ја прашат:

– Ќерко, праша ли?

– Мајко, сол да му ставиме во коблине, тогај готово, ќа го поништиме!

И земаат това го направуваат. Али оваа на змејов женава имала платно, ткаела во разбој и детение имале. Во тој момент кога дојдуват змеот испијуват кобливе и починат да умират. И тогај проколнал:

– Ах – рекол – јудо, шо ти беше кусо да бог да – рече – камен да се сторите!

И ден денеска таа пештера стоит и крошните и детето се скамнати и онее се скамнати како шо бегале.

## 208

## ЗМЕОЈЦА

За та Змеојца мене многу ко бев мал ме интересираше и дедо ми ми кажуваше. И многу пати го молев:

– Ах, дедо – му велев – кажи ми за змеот од Змеојца, како е однесол девојката таму во дупката, како е внесол?

Тој многу пати ми кажуваше вака:

– Тој некој змев, си бил некој голем ѕвер. Тогај бил некој сведен во некое село, само тука не знам, го изумив селото кое ми го кажуваше дедо ми, само го изумив селото кое е. И тој летал змеот и некоа девојка му се свидело. Најубава девојка је зел и је однесол таму од средсело, је зел кај што играле од овде, од нашево село, од Крапа. И оттука ја однесол таму и се задржале таму еден месец, два. Родителите не знаеле каде е девојката.

Некое говедарче си пасело гојда таму и таја тогај излагала од дупката со се урка – си предела. Ова говедарчево е видело и оттука си дошло дома и и кажало на мајка е на девојкатва, рече:

– Ја а видов Велика кај една дупка, кај Змеојца. Си предеше, си седеше.

И тогаш мајка е одма пошла таму и ја нашла и рекла.

– Како си ќерко, што прајш сеа овде?

– Ами – рекла – мајко, овде ми била судбината, змеот ме воведе и не може никој него даго победит.

– Еми, што да му прајме, што да му прајме? Му велит ова.

– Еми, мајко, ја не знам што да му прајме, како да го поништиме, па да си одмм дом. Ко ќе си дојт тој, јас ќе го прашам од што му е смртта и ќе ти кажам.

И таа си дошла веќе, мајка е дома. И змеот ко да доел тогај имал обичај, имал кобли вода, оние ведра и до си доаѓал тој е пиел водата. Го прашала, рекла:

– Добро, ова сила – му рекла – мажу, ти што е имаш, кој мојт да те победит тебе, да те поништит?

– Е – рекол тој – жено, мене не можи да ме поништит, ама да ти кажам, да ти кажам, можи да ми мислиш лошо?

– Ами, не – рекла таја – јас жена су ти, само ми е мерак да знам, во ова сила што ја имаш кој мој да те поништит тебе?

И тој тогаш рекол:

– Ќе ти кажам. Мене можи да ме поништит само човек да ми тури во кобливе сол, да и наполни сол и ко ќе си дом уморен да и испијам јас тогај и можам да умрам!

И тогај таја, тој ко заминал, мајка е дошла другата ден и е кажала ова девојкава на мајка е. И тогаш таја зела една вреќа сол, однесла таму и наполнила киблите и ко дошол тој се изнапил вода и се сетил веќе оти ќе умрит, – и само е рекол на жена му:

– Жено, Велико – рекол – овде јас кај шо седам се скаменувам и ти камен да се сториш!

Таја предела и детето в раце и било и така се скаменила со сѐ дете, со сѐ вурка.

209

## ЗМЕЈОТ И ДЕВОЈКАТА ШТО ЈА ГРАБНАЛ

То било на Велигден. Си играле на сред село. Орото го водела една девојка, била таа многу убава, лична и како што си играла девојката на орото тој змејов се задал од облаци, се спуштил и е зел од оро, од сред село и е дигнал угоре. Е изнесол на Змеојца. И денеска се вика то место во планината крапска каде живеел змејот.

Ја остај девојката во пештерата Змеојца шест дена. Стоела. Домашниве, никој не знаел каде е, никој не можел да ја пронајди никаде. На шесте дена е пронашле некој овчари. И тие е кажале на мајка е, дека ја нашле ќерка е во планината, во една пештера каде си живеела и дека им рекла да е поздрават мајка и. Овчарите од кога и раскажале на мајка е дека е нашле и дека живееле во пештерата, таја другиот ден тргнала заедно со овчарите и нашла ќерка е:

– Што, ќерко, овде?

– Ами тука ми било судбина, мајко.

– Што е та сила што те дигна, на што личи?

Та му вели:

– Исто како чоек и овде си живеам во дупкава,

– Ами како ќе живееш?

– Ами така ќе живеам.

– Море, ќерко – рече – прашај го одошто му е смртта?

И таја го прашала змејот. Тој одбивал да и каже. Таа му се молила да му каже одошто му е смртта и најпосле се решил и е кажал. Тој му рекол:

– Смртта ми е од сол. Нека ми тури чоек по пет кила сол во кобливе и јас од тоа ми е смртта.

Тој се биел горе во облаците, горе на небеси и се враќал од таму уморен. Кога ќе се врател змејот ги пиел двата кобли полни со вода. Тие береле по седум оки стари. И мајка е од кога разбрала преку ќерка е одошто му е смртта на змејот, таа си заминала.

По два дена зела една торба со сол и дошла е кај ќерка е и му туриле во коблите сол. И тој со дојдувањето, напивнувајќи се пукнал змејот. Ко се сетил проколнал:

– Јас – рече – ме зеде надуша, ќе пукнам, ама и ти камен да се сториш, и ти да пукниш, да ни ти да бидиш, ни ја!

Така и тој пукнал и таа пукнала. И двајцата се скамениле. И денеска има видливи знаци камен од земјот и жена му како преди со урка во рака. Така прикажуваат дека се случило на велигден. Коблите кај што живеел змејот и денеска се познават и полни се со вода и никогаш не се исцрпуват, ама тој ги празнел со едно шмркнување, ко волојне ко да шмркат, со шмркање ги празнел коблите.

## КАТАЛОГ НА МАКЕДОНСКИТЕ ПРЕДАНИЈА

1. *Претскажување на судбината на Македонија.* Некој си живописец тргнал да ја бара напишаната историја на Македонија. Откако ја нашол во некој манастир дознал од неа за трагичната судбина на Македонија, 1.

2. *Детството на цар Александар Македонски.* Малиот Александар Македонски добил коњ како подарок од персискиот цар, 2.

3. *Александар Македонски цар на Македонија.* По смртта на татко му, Александар го презел царскиот престол, 2.

4. *Војните со Персија.* Александар Македонски води борба против Персија и ја победува, 2.

5. *Договор за поделба на царството.* Александар Македонски и сестра му Ангелина се спогодуваат за поделба на царството. До поделбата на царството не доаѓа, 3.

6. *Борбите на Александар Македонски со Турците.* Александар им се спротивставува на турските завојувања. Благодарение на златниот крст и златната сабја што султанот Мурат ги добил од ангел го победува Александра, 4.

7. *Смртта на Александар Македонски.* Александар го отрула сестра му Ангелина: поради неодржувањето на договорот за поделбата на царството, или го погубиле Турците, односно сам се самоубил, 3, 4.

8. *Насилно прифаќање на муслиманската вера од македонската жена.* Македонската жена ја прифаќа муслиманската вера, но притоа поставува соодветни услови: а) Македонците да не се повикуваат да служат во турската војска, б) да не се населуваат Турци во дадени области од Македонија, 4, 127.

9. *Султански ферман за населување на дадено место.* Принцезата Марија добила ферман да се насели во Мариово, 5.

10. *Заземање на градови од Турците.* Со итрина Турците успеваат да освојат град, бранет од жителите на градот, 103.

11. *Издавање на тајната на непријателот.* Жена им го покажува патот на Турците по кој тие можат да влезат во калето, односно во градот и да ги уништат бранителите, 3, 6, 22, 23.

12. *Марко Крале станува јунак.* За доброто што му го направил Марко Крале на децата на самовилата, цица од неа млеко и станува јунак над јунаците, 7, 8, 9.

13. *Марко Крале станува бесмртен.* Марко Крале се напил бесмртна вода што му ја донеле гулаби, 10.

14. *Сестрата на Марко Крале – половина риба, половина девојка.* Сестрата на Марко Крале Ангелина се напила бесмртна вода, но исплашена се фрлила в море и станала половина риба половина девојка, 10.

15. *Марко Крале го изневерува жена му.* Од орач Марко Крале дознал дека жена му го изневерува. Браќата на жена му ја убиле, или пак самиот Марко ја убил, 13, 18.

16. *Марко Крале во затвор.* Со превара арапскиот цар го затворил Марко, или пак Турците, 14. 15.

17. *Бегањето на Марко Крале од затвор.* Марко и ветил на ќерката на царот дека ќе ја земе за жена ако таа го ослободи. Марко е ослободен и бега со неа, 14, 15.

18. *Марко ја убива својата спасителка.* Кога Марко ја видел нејзината боја на лицето ја убил и сам се вратил во Прилеп, 14, 15.

19. *Марко Крале јунак над јунаците.* Марко Крале води борба со најпознати јунаци. Со итрост тој ги победува сите, 16, 18.

20. *Марко Крале и султанот Мурат.* Марко Крале не ја почитувава наредбата на султанот Мурат. Тој го повикал кај него да го укори, но откако го видел Марко се уплашил и го оставил да си оди, давајќи му притоа и пари, 17.

21. *Турците му го зеле коњот на Марко Крале.* Со итрост Марко успеал да си го одземе коњот од Турците кои претходно му го зеле, 19.

22. *Марко Крале ја пресекол клисурата.* Марко Крале со сабја ја пресекол клисурата во Демир Капија, 20, 21.

23. *Марко Кралеви траги.* Марко Крале рипа од едно место на друго, оставајќи траги од своите стапала или од коњот, односно фрла камења кои потоа се именувани со неговото име, 20, 21, 24, 25, 26, 169.

24. *Закопано благо.* Закопаното благо го чуваат разни натприродни суштества или животни, 21, 44.

25. *Марко Кралеви итровштини.* Марко Крале со итрина го напуштил калето во Прилеп. Тапаните соодветно ги поставил и од дувањето на ветерот тие тропале, или со наопаку потковани плочи на коњот. Турците мислат дека Марко уште е во калето. Издавање на тајната, 21, 23.

26. *Повлекувањето на Марко Крале.* Марко Крале се повлекува во пештера откако ја почувствувал силата на оружјето, или пак од други причини, 27.

27. *Јунакот е жив.* Марко Крале продолжува да живее во пештерата. Во соодветен момент тој ќе излезе од неа и ќе продолжи да дејствува на земјата, 10, 27, 28.

28. *Човек го посетува Марко Крале во пештерата.* Некој човек залутал и случајно попаднал во пештерата кај што живее Марко Крале и разговарал со него, 28.

29. *Болен Дојчин – болен легнал.* Болен Дојчин долги години

болен лежел. Црна Арапина му испратил абер дека сака сестра му да оди кај него. Болен Дојчин со последни сили го убил Црна Арапина и други непријатели и на крајот и тој самиот се распаднал, 29.

30. *Али паша добар господар.* Повеќе паши сакале да го убијат Али паша, бидејќи тој добро се однесувал спрема народот. Него го убил неговиот слуга којшто го поткупиле пашите. Али паша имал седум срца. Неговата глава пашите му ја испратиле на султанот, 30.

31. *Девојки за харемот на пашите.* Разни коцобашии или други луѓе од власта им испраќале на познатите турски паши девојки за нивните хареми, 31.

32. *Бранители на народот.* Кузман Капидан или друг јунак е избран од селаните за да ги брани нив од Турците и арамиите. Тој води борба против нив и ги победува, 32, 35, 36, 37, 38, 39, 40, 41.

33. *Девојка капидан.* Девојка стои на чело на четата. Никој не знае дека таа е девојка. Случајно еден од четниците ја открил и затруднела од него. Таа им се заканила на четниците дека сите ќе ги убие ако не се пријави четникот од кого затруднела. Тој се пријавил и таа со него ја напуштила четата и се вратила дома, 33.

34. *Лечење на болни на разни начини.* На разни начини и тоа сосема случајно некои болни се излекувале со помошта на некои луѓе. Тие добиле големи подароци, 34.

35. *Изиграна свадба.* Двајца другари имаат сестри. Едниот ја побарал сестрата на пријателот за жена. На самата свадба се покажало дека тој бил изигран. Неговиот другар се преоблекол за невеста, 42.

36. *Убиство на Турчин или Турчинка.* По убиството на Турчин или Турчинка, Турците се одмаздуваат палејќи села. Селаните се спротивставуваат, 43.

37. *Пљачкање на банка.* Комитите ја опљачкале банката во Битола. По нив тргнува голема потера. Девет маски злато ги турнале во пештерата на Солунската Глава за да не паднат во рацете на Турците, 44.

38. *Градење на калиња.* Со голем труд и маки населението гради калиња. Понекогаш сопственикот поради тоа тешко е казнет, 24, 25, 45, 46.

39. *Градење на мостови.* Градењето на мостови е благородно дело во однос на градењето на калиња. Мостовите на векови ќе им служат на луѓето, 24, 25, 26.

40. *Избор на место за подигнување на населби.* Местото се избира во зависност од некои природни погодности, од местоположбата на населбата или од држењето на животни, 47, 49, 50, 59.

41. *Особености на околината.* Името на населеното место одговара на некои особености карактеристични за дадениот терен, 48, 56.

42. *Градење на гратски часовници.* Начинот на градење на гратски часовници и нивните особености, 51.

43. *Дејноста на луѓето.* Од вршењето на соодветни работи, на пример; вадење песок, носење вода и сл. 53, 57, 110.

44. *Постоење на свето место.* Даденото место името го добило од постоењето на некое свето место: манастир, црква, теќе и сл. 54, 62.

45. *Потеклото на името на даденото место од првонаселенитежители.* Претходното име на местото кај што живееле му го дале и на новото населено место, 11, 12, 55, 69, 70, 80, 81, 82, 83, 84, 104.

46. *Природна стихија.* Природната стихија што го снашла даденото населено место; 57, 58, 63, 67, 72, 177.

47. *Сигнализирање за несреќа.* Турците ги убиваат калуѓерите во манастир. Клисарот со биење на клепало го известува народот од околните места за сторената несреќа, 105, 106.

48. *Националната припадност на првонаселените луѓе.* Националното име на првонаселените луѓе соодветно преиначено, 59.

49. *Иселување на населени места.* Селаните ги напуштаат своите села, бегајќи од турските зулуми или плашејќи се од одмазда поради убиство на Турчин, 58, 59, 60, 61, 64, 65, 68, 73, 74, 78, 92, 95, 96, 97, 98, 99, 100, 101, 102, 104.

50. *Психичката состојба на луѓето.* Психичката состојба на луѓето по некои тешки доживувања, 65, 101, 104.

51. *Престојот на цар на даденото место.* Местото до кај што стигнал цар, или престојувал, 66, 122, 150, 155, 168.

52. *Квалитетот на обработливата земја.* Земјата поради својот состав не е погодна за обработка, 64, 67.

53. начењето на соодветните зборови. Името на населеното место, или друго место потекнува од изречените зборови, односно од нивното значење, 68, 75, 79, 124, 125, 145, 149, 166.

54. *Престојот на затвореници.* Затвореници работат на дадено место. При населувањето на тоа место, тоа се смета за грешно, 71.

55. *Населување на родови.* Разни родови од разни причини бегаат од своето родно место и се населуваат во нови села, 76.

56. *Растителниот свет.* Името на населено место одговара на некое растење, карактеристично за даденото место, 85, 86, 87, 88, 89, 90, 116.

57. *Животинскиот свет.* Името на населеното место е поврзано со името на некое животно, 91, 92, 93, 94, 104, 175.

58. *Средба на трговци.* Потеклото на трговците, или од други моменти сврзани со трговскиот живот се наименува местото кај што тие се среќавале, 107, 108.

59. *Селско превозно средство.* Името на даденото селско превозно средство послужило за наименување на соодветното место, 109.

60. *Човечка професија.* Професијата на соодветниот човек кој прв се населил на даденото место или пак живее во него, 111, 112, 114, 118, 160, 161, 162, 173, 174.

61. *Името на човек.* На даденото место е убиен човек. Местото го носи неговото име, 113,120, 121, 127, 128, 129, 131, 132, 133, 135, 136, 137, 138, 139, 140, 141, 142, 143, 144, 145, 147, 153, 163, 164, 165, 170, 171, 172, 176, 178, 179.

62. *Држење на затвореници.* На даденото место арамии држат затвореници, обично деца, за кои бараат откуп, 115.

63. *Плаќање данок на Турците.* Видот на данокот послужи за наименување на соодветното место, 117.

64. Човечка крв. Турците на даденото место колат многу народ. Од крвта што протекла местото го добило своето име, 119.

65. *Часовник карактеристичен за даденото место со звукот.* Некој ага пукал во часовникот и го загубил звукот, 52.

66. *Остатоци на градби.* Првобитната намена на градбата, која е рушена, 126.

67. *Фрлање на клетва врз населени места.* Населени места се запустиле или ги сретнала друга несреќа од исполнувањето на клетвата, 77.

68. *Потонување на брод.* Бродот на Ное потонал, а местото кај што потонал го добило неговото име, 123.

69. *Момин скок.* Девојки не сакале да ја примаат турската вера. Тие скокнале од разни места и се самоубиле, или пак некој успеал да ги спаси од раците на Турците, 128, 129, 130, 131, 132, 133, 134, 135, 136, 137, 138, 139, 140, 141, 142, 147.

70. *Спроведување на вода.* Со земјени или дрвени цевки се спроведува вода во калиња или други населени места, 146.

71. *Градење на чешми.* Селаните изградиле чешми за нивна употреба, или за употреба на добитокот. Чешмите го носат името на градителите, 148, 151, 152, 153, 154, 157.

72. *Минералниот состав на местото кај што извира изворот.* Изградената чешма или изворот се наименува од геолошкиот состав на местото кај што извира водата, 148, 149.

73. *Избор на место за градење чешма.* Човек сонува каде треба да се направи чешма, 151.

74. *Лековити води.* Разни води имаат лековити својства, 156, 169.

75. *Стопан на води.* Во разни води а пред се во езера живеат животни, кои се сметаат за стопани на водите, 158.

76. *Кавга причина за убиство.* Поради несогласување на комшии во однос на земја се врши убиство, 159.

77. *Дупка без крај.* Постојат дупки што се сметаат дека немаат крај. Да провери се пушта човек по ортома. Кога го вадат му недостига нешто од неговото тело, 167.

78. *Рударски отвори.* На местата кај што претходно се добивала руда, останувале големи отвори, дупки, 168.

79. *Фрлање на камења.* Човек фрла камен и од неговото име се наименува каменот, 180.

80. *Убиства и маки вршени на камења.* Турците убиваат или го мачат народот покрај камења. Камењата се наименуваат по

името на убиениот човек, или бојата на крвта што протече. Понекогаш покрај таквите камења извира вода со лековити својства, 179, 181, 182, 183.

81. *Комитски гробишта.* На даденото место се убиени и погребани комити, 184.

82. *Цаламарски гробишта.* На даденото место се убиени и погребани цаламари, 185.

83. *Наименување на гроб по човечко име.* Човек е убиен од Турците, местото кај што е погребан го носи неговото име, 186, 187, 188, 189, 190, 191, 192.

84. *Наименување на гроб од бројот на убиените луѓе.* Местото каде што се убиени луѓе и тоа од нивниот број се наименува местото, 193.

85. *Прегната мечка.* Калугерите од манастирите во Св. Гора прегнале мечка, која потоа им помагала при градењето на манастирите, 194.

86. *Појава на светец на сон.* Човек сонува светец, кој му посочува каде да изгради манастир или црква, 195, 198.

87. *Светец или човек избира место за градење манастир.* Поради убавината на местото избрано од светец е изграден манастир, 196.

88. *Казнување на крадци кои краделе по манастири.* Светецот на манастирот ги казнил кратците кои краделе од манастирот разни работи, 196, 200.

89. *Собирање пари за градење црква.* Селаните собрале пари за да изградат црква и најмувале мајстори за градење, 197.

90. *Мајсторска фалба.* Мајсторот откако ја изградил црквата или манастирот или друга градба се фали дека никој не е во состојба да ја урне, па нити свето лице. Свето лице се одмаздува, 197.

91. *Потонат манастир.* Од разни причини тоне манастир или црква, 198.

92. *Шетање на икони.* Икони од потонати или изгорени и сл. манастири или цркви шетаат од едно место на друго, 198.

93. *Постоење на манастир во минатото.* Човек го сонува местото кај што во минатото постоел манастир потонат со доаѓањето на Турците. На тоа место се откриени остатоци од стариот манастир, 199.

94. *Урнување на цркви.* Турците урнваат цркви за да ја уништат православната вера, 200, 202, 203.

95. *Убиени калугери во манастир.* Турците или арамии ги убиваат сите калугери во манастирот. Во некои случаи од нивните тела и крвта се создаваат чудовишно животно. Животното по извесно време е убиено од гром, 105, 106, 201.

96. *Змев грабнува девојка.* На Велигден змев грабнува девојка на сретсело кога младите играат оро. Тој со неа создава семејство. Мајка и дознава за местото на престојот на својата ќерка и ја посетува, 204, 205, 206, 207, 208, 209.

97. *Тајната на смртта на змевот.* Наговорена од мајка му, жената на змевот дознава од него на каков начин може тој да се погуби. Змевот е погубен, 204, 205, 206, 207, 208, 209.

98. *Клетвата на змевот.* Пред самата смрт змевот ја проколнува жена си и таа заедно со детето и со него се скаменуваат, 204, 205, 206, 207, 208, 209.

## СПИСОК НА РАСКАЖУВАЧИТЕ И ПРЕДАНИЈАТА РАСКАЖАНИ ОД НИВ

1. Бојче Андонов, роден 1910 год., во с. Горица (Албанија). Снимил Пане Ењшов, во 1975 год., во с. Пепелешта. Архив на Институтот за фолклор (понатаму АИФ), м.л. 1326; 39, 81, 144, 145, 167.

2. Никола Андонов, роден во 1883 год. во с. Конопиште. Снимил Киро Андонов, во 1970 год., во Неготино. АИФ, м.л. 1375, 113, 163, 171, 172, 173, 176, м.л. 1429, 94, 115, 116, 137, 147, 183, 184, 186. М.л. 1502, 20, 118, 119, 120, 193.

3. Петре Андрески, на 75 години, роден во с. Модришта. Снимил Милан Ристески, во 1968 год., во с. Модришта. АИФ, м.л. 763, 12.

4. Апостол Апостолов, роден во 1912 год., во Крива Паланка. Снимил Милутин Грачатиков, во 1969 год., во Крива Паланка. АИФ, м.л. 980, 48.

5. Божин Атанасов, роден во 1906 год., во Кратово. Снимил Кирило Костов, во 1974 год., во Титов Велес. АИФ, м.л. 2168, 7, 10, 28.

6. Милутин Атанасовски, роден во с. Горно Козичино, Кичевско. Снимил Пеце Стефановски, во 1969 год., во с. Горно Козичино. АИФ, м.л. 1752, 93.

7. Ѓоко Коцев Блажевски, роден во 1892 год., во с. Белојшта. Снимил Богољуб Стефановски, во 1968 год., во с. Белојшта. АИФ, м.л. 811, 76.

8. Тоде Богданов Блажевски, роден во 1869 год., во с. Непроштено. Снимил Богољуб Стефановски, во с. Непроштено, во 1969 год., АИФ, м.л. 863, 79.

9. Форка Ристо Богоева, родена во 1911 год., во с. Чемерско, Неготинско. Снимил Пане Ењшов, во 1972 год., во Неготино. АИФ, м.л. 1998; 111, 112, 198.

10. Коне Велески, на 76 години, роден во с. Крапа. Снимил Иван Бошески, во 1969 год., во с. Десово. АИФ, м.л. 991; 209.

11. Милан Велкоски, роден во 1934 год., во с. Крапа. Снимил Милан Ристески, во 1969 год., во с. Крапа. АИФ, м.л. 1204; 208.

12. Радомир Велкоски, роден во 1904 год. во с. Белица. Снимил Милан Ристески, во 1968 год. во с. Белица. АИФ, м.л. 940; 101.

13. Пројче Тимев Војчевски, на 70 години, роден во с. Локвица. Снимил Милан Ристески, во 1969 год., во с. Локвица. АИФ, м.л. 1204; 40.

14. Ташко Вратоски, роден во 1892 год., во с. Врбјани. Снимил Марко Китевски, во 1978 год. во с. Врбјани. АИФ, м.л. 1804; 43, м.л. 1805; 43.

15. Донче Димов Галески, роден во 1900 год., во с. Папрадишта. Снимил Ангел Кулафковски, во 1970 год., во с. Папрадишта. АИФ, м.л. 1498; 126, 177.

16. Трајко Гацовски, роден во 1910 год., во с. Чеган. Снимил Милан Ристески, во 1971 год., во Скопје. АИФ, м.л. 1813; 64.

17. Лазар Јанев Димов, роден во 1904 год., во Неготино. Снимил Киро Андонов, во 1973 год., во Неготино. АИФ, м.л. 2092; 106, 189.

18. Тодор Николов Димов, роден во 1884 год., во с. Чашка. Снимил Ангел Кулафковски, во 1968 год., во с. Горно Раковец. АИФ, м.л. 820; 99.

19. Владанка Димова, родена во 1940 год., во с. Вешје. Снимил Киро Андонов, во 1970 год., во Неготино. АИФ, м.л. 1502; 140, 141, м.л. 1552; 98, 121, 191, 192.

20. Рада Димова, родена во 1938 год., во с. Вешје. Снимил Киро Андонов, во 1973 год., во Кавадарци. АИФ, м.л. 2072; 21, 114.

21. Александра Јованова Димовска, родена во 1949 год. во с. Кладник, Кичевско. Снимил Пеце Стефановски, во с. Кладник. АИФ, м.л. 1752; 89.

22. Дане Димитров, роден во 1900 год., во с. Сакулица. Снимил Илија Кита-

повски, во 1970 год., во с. Сакулица. АИФ, м.л. 1678; 60.

23. Гога Сотирков Димитријески, роден во 1904 год., во с. Варош. Снимила Светлана Спасовска, во 1972 год., во с. Варош. АИФ, м.л. 1972; 49.

24. Ставре Думов, на 52 години, роден во с. Тодорче, Воденско. Снимил Милан Ристески, во 1972 год., во Скопје. АИФ, м.л. 1923; 33.

25. Димче Ѓалев, роден во 1918 год., во с. Теово. Снимил Станимир Вишински, во 1971., год.во Скопје. АИФ, м.л. 1755; 70.

26. Иван Ѓауров, на 67 години, роден во с. Секавица. Снимила Фани Буцкова, во 1972 год., во Скопје. АИФ, м.л. 2054; 16, 57.

27. Стојан Горгиев, роден во с. Сакулица. Снимил Илија Китановски, во 1970 год., во с. Секулица. АИФ. м.л. 1678; 61.

28. Методи Зарчев, роден во 1903 год., во с. Загорци. Снимил Киро Андонов, во 1973 год., во Неготино. АИФ, м.л. 1969; 190, м.л. 2092; 131, 134, 149, 153, 158, 159, 161, 187, 203.

29. Јован Милев Илиевски, роден во 1905 год., во с. Смолани. Снимил Блаже Кочоски, во 1970 год., во с. Смолани. АИФ, м.л. 1584; 67.

30. Лазо Темелков Илков, на 52 години, роден во с. Лисиче. Снимил Ангел Кулафковски, во 1969 год., во с. Лисиче. АИФ. м.л. 822; 102, 182, 202.

31. Божин Илов, роден во 1883 год., во с. Страмашево. Снимил Киро Андонов, во 1970 год., во Кавадарци. АИФ, м.л. 1429; 178.

32. Јованка Илова, родена 1901 год., во с. Брес. Снимил Пане Ежинов, во 1974 год., во с. Пепелиште. АИФ, м.л. 2326; 143.

33. Данил Иванов, роден во 1925 год., во с. Псача. Снимил Танас Вражиновски, во 1978 год., во с. Аргулица. 25.

34. Трајко Нелев Јанкоски, роден во 1880 год., во с. Нежилово. Снимил Ангел Кулафковски, во 1972 год., во с. Нежилово. АИФ, м.л. 1984; 3, 38, 80.

35. Борис Јоноски, на 66 години, роден во с. Орово. Снимил Милан Ристески, во 1973 год., во Скопје. АИФ, м.л. 2101; 18.

36. Коста Јосифовски, на 58 години, роден во с. Раотинце. Снимила Александра Поповасилева, во 1968 год., во с. Раотинце. АИФ, м.л. 607; 42, 78.

37. Васил Кировски, роден во 1902 год., во с. Лавци. Снимил Благоја Наумовски и Перо Коцески, во 1970 год., во Тетово. АИФ, м.л. 1368; 146.

38. Милан Костоски, на 78 години, роден во с. Присад. Снимил Иван Бонески, во 1969 год., во с. Горно Село. АИФ, м.л. 980; 8, 35, 201.

39. Трајко Костов Коруновски, роден во 1903 год., во с. Старовина. Снимил Стојан Малчевски, во 1969 год., во с. Канатларци. АИФ, м.л. 1232; 31, 127.

40. Страхил Коцевски, роден во 1920 год., во с. Шопско Рударе. Снимил Арсен Крстевски, во 1970 год., во с. Шопско Рудари. АИФ, м.л. 1296; 90, 107, 117, 150, 155, 156, 168.

41. Ристо Крстев, роден во 1895 год., во с. Пожарско, Воденско. Снимил Мине Пандевски, во 1969 год., во Демир Капија. АИФ, м.л. 977; 2, 204.

42. Никола Јакимов Крстов, роден во 1914 год., во с. Псача. Снимил Танас Вражиновски, во 1978 год., во с. Драгоево. 26.

43. Драга Крстевска, родена во 1949 год., во с. Агино Село. Снимил Спасе Георгиевски, во 1973 год., во Кратово. АИФ, м.л. 2070; 133, 148, 175.

44. Владо Кумановски, роден во 1905 год., во Штип. Снимил Танас Вражиновски, во 1978 год., во Ново Село, Штипско. 52.

45. Јордан Лазов, роден во 1938 год., во Неготино. Снимил Пане Ежинов, во 1973 год., во Неготино. АИФ, м.л. 2093; 135.

46. Куле Макрески, роден во 1900 год. во с. Гугаково. Снимил Милан Ристески во 1970 год., во с. Витолиште. АИФ, м.л. 2105; 17, 19.

47. Киро Матлиовски, на 63 години, роден во с. Смилево. Снимил Владимир А. Иваноски, во 1969 год., во Смилево. АИФ, м.л. 1047; 84, 165.

48. Ване Дане Милошевски, роден во 1880 год., во с. Коњух. Снимил Ставро Малевски, во 1970 год., во Куманово. АИФ, м.л. 1463; 104, 129.

49. Ванчел Мирчевски, на 50 години, роден во с. Тажево. Снимил Милан Ристески, во 1971 год., во с. Тажево. АИФ, м.л. 1848; 65, 97.

50. Ванче Трајков Мирчевски, роден во 1910 год., во с. Нежилово. Снимил Ангел Кулафковски, во 1969 год., во с. Нежилово. АИФ, м.л. 821; 6, 166, м.л. 823; 44.

51. Драгутин Митрески, на 59 години, роден во с. Брес. Снимил Стојан Сил-

киноски, во 1973 год., во с. Брезница. АИФ, м.л. 278: 45, 46.

52. Војне Силјанов Митревски, на 57 години, роден во с. Вирово. Снимил Владимир Љ. Ивановски, во с. Вирово. АИФ, м.л. 1048: 13.

53. Идан Мицков, роден во 1902 год., во с. Лазарани. Снимил Пане Ензиов, во 1975 год., во с. Пепелишта. АИФ, м.л. 2326: 59, 96, 188.

54. Димана Мојсова, на 70 години, родена во с. Дебени, Костурско. Снимила Фани Бункова, во 1969 год., во Скопје. АИФ, м.л. 1072: 88.

55. Васка Најдена, родена во 1911 год., во с. Орепе. Снимил Ангел Кулафковски, во 1969 год., во с. Цапрадишта. АИФ, м.л. 853: 139.

56. Вера Настова, родена во 1930 год., во с. Вешје. Снимил Киро Андонов, во 1972 год., во с. Вешје. АИФ, м.л. 1969: 138, 151, 152, 162.

57. Киро Андреја Наумов, роден во 1907 год., во с. Ракеце. Снимил Ангел Кулафковски, во 1970 год., во с. Раштани. АИФ, м.л. 1302: 100.

58. Глигор Глигоров Нацев, роден во 1913 год., во Неготино. Снимил Пане Ензиов, во 1973 год., во Неготино. АИФ, м.л. 1093; 129, 174, 185.

59. Трајко Трајковски Николов, роден во 1904 год., во с. Големо Радобил. Снимил Блаже Кочоски, во 1970 год., во с. Големо Радобил. АИФ, м.л. 1584: 83.

60. Власе Постол Николовски, роден во 1912 год., во с. Малотино. АИФ, м.л. 1463: 72.

61. Трајан Николовски, роден во с. Пожарско, Воденско. Снимил Милан Ристески, во 1972 год., во Битола. АИФ, м.л. 2103: 58.

62. Најдо Трајков Пупески, роден во 1894 год., во с. Николиќ. Снимил Блаже Кочоски, во 1970 год., во с. Николиќ. АИФ, м.л. 1584: 170.

63. Никола Павлов, роден во 1928 год., во с. Кономлада. Снимил Киро Андонов, во 1970 год., во Неготино. АИФ, м.л. 1375: 164.

64. Вика Панеска, родена во 1904 год., во с. Дреп. Снимил Блаже Кочоски, во 1970 год., во с. Дреп. АИФ, м.л. 1584: 87.

65. Ангел Ордонов Папоски, на 53 год., во с. Црквино. АИФ, м.л. 851; 200.

66. Стојанко Николов Папческски, роден во 1927 год., во с. Степанци. Снимил Ангел Кулафковски, во 1969 год., во с. Степанци. АИФ, м.л. 851: 75.

67. Марија Папоева. Снимил Мице Папоевски. АИФ, м.л. 755; 77, 179.

68. Јордан Јован Петковски, роден во 1903 год., во с. Којнио. Снимил Симо Младеновски, во 1969 год., во с. Којнио. АИФ, м.л. 1207; 157.

69. Злате Петрушев, роден во 1933 год., во с. Карабуниште. Снимил Кирило Костов, во 1974 год., во Титов Велес. АИФ, м.л. 2168: 27.

70. Алекса Попов, роден во 1897 год., во с. Разловци. Снимил Димитар Узуноски. АИФ, м.л. 1005: 55.

71. Јоше Попов, роден во 1893 год., во с. Чашишта. Снимил Лазар Ристески, во 1973 год., во с. Чашишта. АИФ, м.л. 2143; 5.

72. Ташко Потиров, роден во 1912 год., во с. Нисија, Воденско. Снимил Станимир Вишински, во 1971 год., во Скопје. АИФ, м.л. 1891: 194.

73. Ристо Ристов, роден 1904 год., во с. Раштa. Снимил Киро Андонов, во 1970 год., во Кавадарци. АИФ, м.л. 1429: 154.

74. Богдан Трајчев Савоски, роден во 1873 год., во с. Лактиње. Снимил Наум Целакоски, во 1969 год., во с. Лактиње. АИФ, м.л. 1218: 73.

75. Александар Саштов, роден во 1914 год., во Велес. Снимила Љубица Ефремова, во 1969 год., во Титов Велес. АИФ, м.л. 1511: 105, 181.

76. Трајан Секулоски, на 77 години, роден во с. Облаково. Снимил Гаврo Пајтонџиев во 1967 год., во Битола. АИФ, м.л. 501, 30.

77. Славче Силјановски, роден во с. Брезно. Снимил Боголјуб Стефановски, во 1968 год., АИФ, м.л. 1968: 74.

78. Стојан Ѓурчинов Силјаноски, роден во 1918 год., во с. Долно Крушје. Снимил Стојан Силјаноски, во Скопје. АИФ. м.л. 1888: 1, 11, 22, 34, 36, 37, 51, 54, 56, 62, 82, 86, 108, 110, 1222, 125, 160, 169, 205, 206.

79. Рамон Станкоски, роден во 1900 год., во Прилеп. Снимил Блаже Кочоски, во 1970 год., во с. Царевиќ. АИФ, м.л. 1584: 66.

80. Денко Трајко Станојковски, роден во 1893 год., во с. Мало Нагоричино. Снимил Симо Младеновски, во 1970 год., во Куманово. АИФ, м.л. 1463, 53.

81. Димитар Станов, роден во 1935 год., во с. Боула. Снимил Пане Ензиов, во 1973 год., во с. Пепелишта. АИФ, м.л. 2072: 91, 132, 136.

82. Милисав Димитрија Станојков, роден во 1907 год., во с. Крстов Дол. Снимил Танас Вражиновски, во 1978 год., во с. Аргулица. 24, 103.

83. Јаким Димитров Стефанов, роден во 1912 год., во с. Железница. Снимил Илија Китановски, во 1969 год., во с. Железница. АИФ, м.л. 1045; 180.

84. Трајан Стефановски, роден во 1921 год., во с. Грешница. Снимил Милан Ристески, во 1968 год., во с. Грешница. АИФ, м.л. 1382; 71, 123, 124.

85. Борис Стојанов, роден во 1942 год., во с. Срмадино. Снимил Пане Емиров, во 1972 год., во с. Пепелишта. АИФ, м.л. 2046; 130.

86. Цветан Стојаноски, роден во с. Попадија. Снимил Иван Бошески, во 1970 год., во Прилеп. АИФ, м.л. 1361; 14, 50, 85.

87. Петар Поп Стојчев, роден во 1900 год., во Крива Паланка. Снимил Милутин Граматиков, во 1969 год., во Крива Паланка. АИФ, м.л. 980; 47, 195.

88. Крстана Српаноска, на 78 години, родена во с. Црвена Вода. Снимил Иван Бошески, во 1969 год., во с. Дупјачани. АИФ, м.л. 990; 23.

89. Васил Јанев Танев, роден во 1881 год. Снимил Доне Чапарев, во 1969 год., во с. Горно Балдовци. АИФ, м.л. 1739; 9, 15.

90. Андре Данев Тасески, роден во 1970 год., во с. Папрадиште. АИФ, м.л. 1498; 97.

91. Лазо Темелков, на 52 години, роден во с. Лисиче. Снимил Ангел Кусафковски, во 1969 год., во с. Лисиче. АИФ, м.л. 822; 100.

92. Јордана Томовска, родена во 1905 год., во с. Галичник. Снимил Коста Томовски, во 1970 год., во Скопје. АИФ, м.л. 1219; 69.

93. Дафинка Тодорова, родена во Крива Паланка. Снимено во 1969 год. во Крива Паланка. АИФ, м.л. 980, 196.

94. Пано Данилов Тодоров, роден во 1880 год., во с. Лесковица. Снимил Танас Вражиновски, во 1978 год., во с. Лесковица. 142.

95. Никола Корганов, роден во 1885 год., во с. Мисимир, Воденско. Снимил Станимир Вишински, во 1971 год., во Скопје. АИФ, м.л. 1755; 4, м.л. 1754, 29; 68.

96. Василка Цонева, родена во 1910 год., во с. Саракиново, Воденско. снимил Милан Ристески, во 1971 год., во Скопје. АИФ, м.л. 1882; 128.

97. Василка Шкарева, на 67 години, родена во с. Желево, Костурско. Снимила Олга Беќарова, во 1971 год., во Скопје. АИФ, м.л. 1771; 63.

## РЕГИСТЕР НА ЛИЧНИТЕ ИМИЊА


*Абдурамадан* 45, 146
Аврам 89
Ангелина 3, 10, 29
Александар (Македонски) 2, 3, 4
Алексо 6, 38
Али паша (Јанински) 30, 31, 175
Алиман 55
Амзи (паша) 46
Амед 113
Атанас (Шопот) 80
Атанас (свети) 202
Анте (Ангелески) 75
Арангел (свети) 188
Арса 119
Асан 147
Аќиф 146

*Баба-Деде* 56
Биолој 74
Бисера 129
Богатин 153, 190
Богородица (света) 188
Божана 43

*Ване (Чавкарев)* 173
Веле (Праматарче) 18
Велевица 84
Велета (Бојкина) 84
Велика 31, 208
Велко 84
Велир 31
Вељан 39, 55, 73
Вељановци 73
Вида 180
Витан 164, 172
Вишна 131, 132

*Гаврил (Лесновски)* 195, 196
Гале 83
Герчо 202
Глигор 173, 188
Гого 147
Граматиковци 84
Гроздан 76
Гуцаиле 31

*Даме (Танас)* 84
Данило 181
Дева 11, 12
Дели (Насуф) 38
Дервиш (Муча) 32
Диме 109
Диме (Пурче) 37
Димитар (Ѓорѓиев) 55
Димитрија 182
Димитрија (свети) 181
Димо 100
Добрин (Даскалов) 173, 184
Дојчин 29, 154
Дора 163
Драгана 92
Дубља 129

*Ѓорѓе* (Витанов) 172
Ѓорѓи 44, 172
Ѓорѓи (Лажот) 36, 37
Ѓорѓи (свети) 162, 169
Ѓорѓија (од Балчиновци) 100
Ѓорго (Стоил) 55
Ѓоревска 75

*Ереос* 144
Елена 55
Есат 51

*Жековиќ* 84
Заек 170
Зарен 178
Здравко 180
Зоја 143

*Ибраим* 38
Иле (Илиевски) 99
Илија 55, 182
Илија (свети) 198
Илко 87
Ило (Нохојов) 163
Ильо 142

*Јане* 140
Јане 56
Јанкула 56
Јаребичков 186
Јаќим (Осоговски) 195, 196
Јаќим (свети) 195, 196
Јаќим (Кососки) 124
Јован 31, 152, 171, 176
Јован (Миноски) 177
Јован Рилски 196
Јован (свети) 199
Јованче (Велков) 197
Јованчика 150
Јорго 74

*Кајо* 39
Калина 165, 205
Кальош 41, 95
Каменита 198
Камче 163
Ката 109
Кита 11, 12, 133
Коста 51
Косталин 55
Кочанковци 84
Кочо (Танас) 84
Крадче 95
Крле 87
Крсте 166
Крсте (Горевски) 166
Крсте (Мисирков) 4, 159
Куси (Чоче) 152
Куциновци 76

*Лазар* 5
Лазо 84
Лазо (Николов) 178
Лале 92
Лекој 5
Лукоца 170

*Љуманци*

*Мале* 83
Малик 145
Макриоски 84
Мане 109, 182
Мара (Крчмарија) 62
Маргарита 128
Марија 5, 25, 26, 127
Марко 169
Марко (Крале) 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 62, 269, 200
Марконца 13, 18
Марковци 69
Мате 73
Матлиовци 84
Матовци 181
Мемо 183
Миле 166
Миле (Мијоски) 166
Милевци 74
Милован 22
Милош (Обилиќ) 73
Мино 148
Миновица (Миноска) 177
Мите (Буата) 55
Митре 95, 187
Младен 76
Модра 12
Мурат 4, 17
Муратовци 69
Муша 191

*Наум* 100, 187
Неделко (Медар) 44
Неделко (Мутафчија) 38
Нежанка 6, 80
Неновце 90
Никодинка (Николовска) 89
Никола 44, 73
Ничо 102
Новко 1
Нос 123, 124

*Омер* 120
Осман (Аличов) 179
Осман (Мура) 32
Осман (паша) 196

*Павлеб*
Пазо 153, 190
Паковци 69
Паликуќи 74
Пано Велков 197
Пејзановци 84
Пејчиновци 76
Перо 163
Перо (Лацка) 51
Перовиќ 163
Петре 33, 95, 113
Петре (Чоловчанчето) 119
Питу (Гуле) 85
Поповци 76
Постол 151
Пулевци 69
Пчињски (отец) 196

*Раде* 56, 83
Ристе (Лажот) 34
Ристо 87, 91, 179
Ристо (Лумбе) 194
Ристос 3
Руса 104
Рушит (паша) 30

*Саве* 73
Самуил 86, 122
Селим 184

Селистар 30
Силјан 73, 84
Синановци 69
Скендер (беј) 129
Славко (Карша) 100
Смиле 84
Смилјана 139
Смилка 138
Спиро (Црни) 35, 36, 37
Србаковци 73
Ставре 163
Станко 187
Станоја 163
Станче (Мицевски) 38
Стефан 76
Стоил (Коваче) 55
Стојан 32, 55, 147
Стојна 206
Стојче 84
Сугаре 56
Сулејман (Чучук) 34, 37
Суло (Чучук) 36, 37
Султана 4

*Темелко* 192
Теофан 195
Тодевци 86
Тодор (Томовски) 69
Тодоровци 84
Топаловци 73
Трајко (Вркот) 100

*Уско* 121

*Ќерим (Калиш)* 40

*Фидана* 141
Филип (Мацарина) 16

*Цане (Спасето)* 55
Цвета 45
Цоле 184
Црна Арапкина 29

*Чокревци* 92
Чурановци 84
Чутурај 74

*Џеладин* (бег) 32
Џелвдибеа 100
Џуалци 86
Џуна 189
Џуно 176

*Шемипула* 13
Штерјо 41

## РЕГИСТЕР НА ГЕОГРАФСКИТЕ ИМИЊА


*Азија* 4
Азлиско 4
Азот 6, 102
Албанија 41, 43, 59, 76, 80, 81, 167
Алзинци 6
Америка 10, 76
Аметкова Глава 113
Анадол 76
Ангина 68
Апостол, 4
Апиовите 115
Арамидска Круша 146
Аранѓел 88
Асан Чешма 147
Ашипостолица 151

*Бабајанин Дол* 140
Бабин Дол 195
Бабини Дворој 3
Бабина Рупа 44
Бабуна 6, 166
Балкан 47
Балкански Полуостров 195
Бакарно Гумно 24
Бањица 99
Бегниште 197
Баргала 103
Барбарас 54, 56, 160
Бардовци 46
Барово 111, 147, 184
Белград 110
Бела Вода 146
Беласица 199
Бела Трава 90
Бела Црква 62
Белештевица 102
Белојшта 76
Бело Поле 157
Берово 55
Бесеница 184
Бесмртна Вода 10
Бешниште 31
Бигорска Чешма 148
Бистра 69, 70
Бистренци 129
Бистрица 44

Битола 6, 30, 35, 44, 49, 82, 85, 92, 110
Благотурис 72
Близна Река 33
Богатиново Кладенче 153
Богомила 177
Божанов Гроб 142
Бојанчишта, 173
Бојков Кладенец 157
Бојник 157
Ботун 43
Ботушје 101
Бошава 147
Бошавска Меѓдра 116
Бошко Гумно 169

Братино Село 102
Брловци, 78
Брегалница 24, 26, 55
Брезица 3
Брезница 101
Брезно 74
Брезоец 86
Брод 123, 127
Брод (Македонски) 40, 54, 56, 160, 206
Бруcник 161, 174
Брушани 197
Бугарија 76, 184, 190, 195, 196
Булапеш 3
Булимани 125
Бузалково 99
Бунарче 140, 152
Буола 94, 98, 111, 112, 113, 119, 120, 183, 184, 193
Буф 92

*Вардар* 100, 108, 198
Вардарија 141
Варош 5, 12, 23, 49, 50, 58
Ватаща 189
Велес 49, 75, 95, 99, 100, 102, 181
Велико Трново 195
Вељуса 149
Вепрчани 31, 127
Вешје 20, 112, 118, 121, 141, 192
Вилин 180
Видуш 124

Витанова Пештера 172
Витаново Бачило 164
Витач 162
Витолишта 5, 127
Вишешница 132
Вишна 131
Воден 68
Воденско 77
Возарци 197
Војшанци 21
*Вражји Дол* 177
Врановци 182
Врањска Бања 195
Вратница 45, 79
Врбјани 32, 43
Вртешка 3
Вртикоп 64
Вруток 45
Вучки Ан 180

*Габровник* 3
Гајре 78
Галева Ливада 126
Галик 69
Галичник 69, 70, 84, 165
Галиште 83, 132
Гарван 6, 96, 130, 139, 174, 190
Гари 84
Гевгелија 180, 199
Гевгелиско 85, 199
Глигоров Гроб 188
Глоѓе 41
Голивје 32, 43
Голема Река 11
Големо Радобил 36
Горица 81, 167
Горни Дисан 138, 193
Горни Порамат 142
Горничево 58
Горно Крушје 110
Горно Порече 110
Горно Село 75
Горно Чуле 44
Гостивар 11
Гостиварско 45
Град 20, 21
Градец 195
Градешница 204
Градишта 3, 76
Градско 3, 49, 105, 108
Грашиште 72
Грежден 58
Грешница 22, 71
Грковец 126
Грмаче 92
Грнково 186
Грција 60
Грчко 137, 147
Гуѓаково 35

*Дабница* 35
Дабништа 197
Дамјан 158, 159
Двата Гроба 193
Дебар 1, 32, 43, 45, 69, 126
Дебарско 74
Дебриште 56
Деве Баир 47
Девич 11, 12
Дезилово 68
Десово 95
Демир Капија 20, 31
Деојчин Камен 12
Деревишка Нива 160
Деревишко Гумно 161
Дисан 147
Длабени 88
Добро Поле 31
Добротино 197
Доброште 79
Дојран 63
Дојчиница 154
Дојчинов Кладенец 154
Дојчинов Стол 154
Долна Порта 21
Долнени 35, 37
Долни Дисан 98, 138
*Долни* Порамат 142
Долно Крушје 110, 126
Долно Трлиште 180
Дошница 136
Драгна 92, 197
Драгоманци 128
Драгужел 197
Дрен 31, 35, 36, 37, 87
Дреново 102, 197
Дубјани 129
Дунав 197
Дуње, 127
Дурачка Река 60

*Ѓаково* 30
Ѓерман 18
Ѓула 30

*Егејска Македонија* 58
Егејско Море 144
Единаковци 84
Едрене 31
Еклоец 84
Елено Водица 100
Елошник 42
Енишер 85
Еслоец 188

*Желево* 63
Железна Врата 127
Железница 60

*Загорци* 153, 190
Заград 50
Зајеи 41
Закамен 59, 86
Зарески Дол 178
Здравчи Камен 180
Здравжопиле 149
Здуње 65
Златари 84
Змеова Пештера 205
Змеојца 208
Зојина Чешма 143

*Иберлија* 161, 187
Иванчишта 32
Илини 2
Ињево 158, 161
Исар 26
Исманлица 6, 126
Истевник 55

*Јаб'лчишта* 6, 80
Јанина 30
Јаребичков Гроб 186
Јаш 195
Јованова Пештера 171
Јованова Чешма 152
Југославија 26

*Кавадарци* 31, 36, 94, 96, 98, 132, 140, 197
Кавадаречко 135
Кавгалиска Нива 159
Кајмакчалан 58
Калајнево 21, 149
Калина Дупка 165
Калуѓерица 111, 112, 169
Камешница 6
Капиданица 32
Караѓоз 187
Кара Ѓус 161
Карацој 57
Кисела Вода 6, 80
Китка 133
Кичево 11, 12, 40, 49, 56, 126
Кичевско 34
Клепа 105, 106
Клешчина 92
Клинoво 87, 91, 197
Кожув 135, 164, 191
Козичино 93
Козјак 108, 127
Коларница 109
Колидол 89
Количани 80
Комитски Гробишта 184
Конопишка Мездра 116
Конопиште 163, 173, 191
Коњско 147
Коњу 104
Кораб 123
Корда 6
Косово 49, 76, 79
Костурско 86
Котушани 68
Коќино 157
Кочанска Бања 195
Крапа 205, 206, 208
Кратово 60, 61, 196
Кратовско 133, 148, 175
Крвинита 118
Крива Паланка 47, 48, 60
Крива Река 48, 150, 155, 180, 195
Криво Врпче 157
Кривина 105
Крњево 111
Крушево 49, 85, 95
Крушје 86
Куманичево 197
Куманово 52
Куртовица 44, 126
Куршумлија 30
Кучишта 75
Кушина 76

*Лавчани* 59, 100
Лавци 45
Лазарополе 74, 84, 165
Лајчарница 92
Лакајца 89, 174
Лактиње, 32, 73
Лалешница 92
Лесковица 96
Лесново 196
Лесновски Манастир 195
Ливадица 6, 80
Ливадохори 57
Лисец 78
Лисиче 102, 109, 182, 202
Липа 185
Лишки 169
Локвица 40
Луковиц 128

*Македонија* 1, 2, 3, 4, 6, 65, 127, 130, 132, 164
Мал Мисир 108
Мала Река 92
Малесија 93, 169
Мализдња 145
Мало Радобил 36
Мало Село 83
Малотино 72
Маргарита 128
Марново 5, 31, 35, 75, 83, 127
Марков Град 50
Маркова Нога 18, 21
Маркова Река 6
Маркова Стопалка 25, 169
Маркова Црква 200

Марковац 76
Марково Езеро 136
Марково Кале
Марков Камен 25
Маркови Кули 23, 24, 25
Мартолци 6
Мегленско 64, 137
Мелиште 58
Мелница 6
Мемова Чука 183
Милетино 74
Митров Гроб 187
Младо Нагоричани 203
Модришта 12
Мокрени 3, 6
Мокрое 3
Молдавија 195
Момина Чука 136, 137
Мушов Гроб 191

*Неготино* 121, 142, 151, 174, 189, 193
Неготинско 190
Негуш 68
Нежилово 38, 44, 80, 166
Невестички Дол 130
Неврокоп 55
Непроштено 79
Николин 170
Николова Чешма 126
Ниџе 127
Нов Пазар 19
Ново Село 26, 60, 61, 92, 159

*Овче Поле* 25, 195
Омерова Падина 119
Омот 184
Ораше 177
Орваница 157
Орешани 38
Оризари 200
Оровник 18
Османов Аргач 32
Осоговска Планина 48, 195
Острилци 84, 110
Отиштено 99
Охрид 32, 43
Охридски 56, 86, 165

*Паголево* 158
Паголевски Ѓол 158
Падарница 114
Пазар 4
Пазов Гроб 190
Папрадишка Планина 126
Папрадиште 44
Патрик 142, 143
Пашина Воденица 196
Пашино Руфци 82
Пезово 104, 105
Пела 4
Пелагонија 62
Пелиоро 92
Персија 2
Пепелиштa 96, 98
Песјак 22, 123, 124
Песочани 23
Пет Кладенци 156
Петрчани 43
Пештерница 142, 161, 174
Пиперово 96, 130
Пирава 134
Пиринска Македонија 55
Пирос 33
Побиен Камен 180
Подлес 102
Подово 97, 101
Пожарско 58, 64
Пожарски 64
Полошко 197
Полошки Манастир 127, 197
Поменово 75, 105
Поникла 195
Попов Дол 173, 174
Поповец 118
Попово Гумно 162
Порече 11, 22, 34, 54, 56, 84, 86, 110, 126, 205
Порта 136
Потамос 57
Почист 128
Прага 3
Праведник 197
Пржлево 98, 118
Превалец 100
Преспа 18
Преспаско 197
Призрен 30
Приковци 148
Прилеп 5, 12, 14, 15, 18, 19, 23, 28, 30, 34, 35, 36, 49, 50, 51, 55, 75, 108, 122, 125, 127, 160, 204
Прилепско 35, 36, 37, 56, 108
Присој 167
Пробиштип 148
Просеница 3, 6
Пчелинец 169
Пчиња 157, 196

*Разе* 18
Радобил 83
Радовиш 158
Радовишко 190
Раечка Река 83
Разлог 55
Разловци 55
Ракето 141
Рамазаница 40
Раминлос 86
Ранковци 203

Раотинце 78
Раџиња 135, 147, 152, 171, 176
Раштани 98, 99, 102
Редеш 185
Ресава 173, 197
Рила 55
Ристов Камен 179
Ристовец 80
Рлевци 99, 100, 102
Рожден 41, 91
Романија 76, 195
Ропотово 5
Росомански Извор 108
Рудиште 71
Руменлија 30
Рупи 168
Рупје Отвори 168
Русија 76, 134

*Саботина* 167
Сакулица 60, 61
Самоков 55, 110
Сарандопол 195
Света Гора 194
Свети Атанас 200
Свети Врач 88, 198
Света Петка 146
Свети Размо 32
Свињи Дол 175
Секавец 57
Секулица 90
Селаковско (езеро) 6
Селечка Планина 5, 125, 127
Селиште 67, 75, 77, 97
Селце 169
Серес 57
Серско Поле 57
Ситница (река) 14
Скопје 6, 44, 47, 48, 80
Скопско 6, 97
Скопска Црна Гора 97
Славишко Поле 195
Сланик 44
Сланско 84, 191
Слатина 22, 32
Слно 32, 43
Слп 100
Смилево 84, 165
Смилкин Камен 138
Смилков Камен 139
Смолани 35, 36, 37, 67
Согле 3, 6
Соколица 169
Солун 2, 29, 31, 44, 57, 58, 68, 70, 100, 107, 108, 110, 126, 134, 176, 204
Солун Град 107
Солунска Глава 3, 6, 44
Солунско 85, 204
Солунско Поле 64
Сочова Курија 179
Сопот 132, 147, 189
Софија 47, 48, 110
Спасеска Дупка 166
Србија 52, 73, 76
Србиново 37
Ставрово Трло 163
Ставрокастро 57
Стамбол 30, 36, 45, 69, 82, 84, 146, 157
Старавина 127, 204
Стариград 6
Старо Село 67
Степанци 75, 157
Страгово 121
Страмашево 147
Страцин
Страшево 111
Струма 57
Струпино 77, 179
Стубљанци 60
Сув Дол 56
Суводол 40

*Тажево* 64, 97, 101
Таламбас 109
Тарапана 168
Таринци 103
Татомир 60, 150, 168
Теарце 74
Текија 54, 56
Темелков Гроб 192
Теово 3
Тепеле 30
Тетово 30, 45, 46, 73, 146
Тиквеш 132, 147, 161
Тиквешија 37, 98
Тимјаник 98, 189
Титов Велес 122
Тлминци 196
Топалица 126
Топлица 108
Тополка 99
Тополница 86
Тополовиќ 60, 133
Треска 11, 65
Трескавец 5
Тресквец 201
Трново 195
Трноец 86
Тројаци 108, 122
Турска Империја 70, 129, 174
Туртеш 175
Турција 30, 58, 76

*Усковн Палинн* 121

*Ќесендре* 87
Ќустендил 47, 48
Ќустендилска Бања 195

*Филипин Гроб* 141

**Филипеј 84**
**Фуштани 18**

*Хамили* 57

*Чаништа* 35
**Чашка 109, 209**
**Чебрек 5**
**Чеган 58, 64**
**Човец 149, 159, 161**
**Чемарско 198**
**Чеплес 6, 139**
**Черенкови Бачила 6**
**Черкеско Село 96**
**Чеш Камен 179**
**Чурилец 40**

*Царев Даб* 122
**Царева Чешма 150, 168**
**Царевич 37, 66, 122**
**Цариград 5, 48, 85, 181**
**Царица 155**
**Царево 78**
**Црвена Вода 80**
**Црвени Стени 135**
**Цреша 91**
**Црешево 6, 38**
**Црквиште 75**
**Црн Камен 181**
**Црна Гора 76**
**Црна Река 106**
**Црни Врв 175**
**Црни Камења 182**
**Црништа 38**
**Црнополе 151**
**Црнуш 95**

*Џаламарски гробишта* 185
**Џинџало 169**
**Џунов Гроб 189**
**Џуново Дољче 176**

*Шаба* 142
**Шар Планина 41, 74**
**Шешково 187**
**Шопско Рудари 168, 199**
**Штип 24, 26, 52, 60, 61, 142**
**Штипско 130**

# РЕЧНИК

Абер – вест, глас
ага – господар
адет – обичај
азно – благо, пари, сокровиште
алтин – златник
амам – бања
аман – извик за милост, за поштеда
аманет – остава, залог; поверено добро на чување
ан – гостилница
анасана – мајката (пцост)
анка – жена, була
анџак – одвај, само; со труд, со мака; меѓутоа
апс – затвор, темница
арамија – крадец, разбојник
арача – данок на глава (од немуслиманско население)
аскер – војник; војска
ат – коњ
атар – селско подрачје; волја, чувство, љубов
аџија – поклоник

Бакшиш – подарок
басма – платнена ткаенина
бастун – стап
башибозук – нередовна турска војска
башка – одделно, одвоено, посебно
беглак – државен или беговски имот
бедел – откуп од воена обврска
берикет – изобилство, плодност
бујрум – повелете

Везир – пратеник на султанот
вергија – данок, давачка

Гајтан – јаже; се употребува како украсен дел на униформата
гајда – музички инструмент

Демек – значи
долама – машко палто со ракави што висат „за салтанат"
дувак – невестински вел
душеме – под

Ѓаур – неверник, христијанин, немуслиман
ѓузел – убав, прекрасен
ѓурултија – шум, врева, караница

Ефенди – господин

Зандана – затвор
заптија – турски стражар
заптиса – заплени

зијан – штета, загуба
зулум – насилство, гнет

Имеќар – слуга, работник
исар – тврдина

јатаган – оружје, вид сабја
јок – не

Кабаетлија – виновник
кајмакам – околиски началник
кадана – жена
кале – тврдина
каписа – се согласи
караула – стражара
касаба – паланка
катил – убиец, разбојник, престапник
качак – одметник
конак – место за ноќевање или одмор; седиште на управа во турско време; сарај, беговска куќа
кула – дел од тврдина или замок
курбан – жртва
куртули – се спаси, се ослободи

Марифет – вештина, умеење
метериз – пушкарница, привремен коп; заседа
мецидија – сребрена монета од 20 гроша
мухтар – старешина, кмет
муабет – разговор
мухлет – рок
мудур – управител на околиска испостава во турско време
мунасип – ([illegible]) згодно

Налбатџија – ковач

Ока – мера за тежина (1,282 кг)
орман – шума, планина; дел од мебелот, шкаф
ортак – другар во некаква работа, особено во трговијата

Пандар – полјак
панаѓур – саем
паша – почесна титула на највисоки воени и граѓански великодостојници во Отоманската империја и во некои други современи или муслимански земји
пенџер – прозорец

Резил – низок, долен, подол, одвратен

Сарај – дворец, палата
себеп – причина, повод, мотив
синор – меѓа, граница
сиџим – врвка, јаже
срма – сребрен конец кој се употребува во кујунџиството и за везење

Тамам – токму, колку што треба; во моментот кога, баш, точно, тукушто
тапија – судски заверен документ за сопственост на имот
тепе – врв, височина
терзија – кројач
теќе – дервишки, муслимански манастир
тефтер – тетратка, дневник
тиган – метална тава за пржење
туфек – пушка

ќеф – задоволство

Ујгун – згоден, удобен
укумат – зградата на управната власт; суд

Ферман – султански указ
фереџе – горна облека кај Турчинките која го покрива и лицето
фес – турска капа
филкан – некој сп
филџан – сад за пиење кафе
фирам – штета, загуба

Чаир – ливада, полјанка
чакмак – запалка
чалма – платнен завој околу фесот кај Муслиманите
чаре – излез, помош; лек
чеза – вид двоколка
чоја – вид фабрички ваљано сукно

Џаде – пат
џам – стакло, прозорец
џамија – муслимански храм
џелат – извршител на смртни пресуди; крвник, мачител

Шајак – вид сукно
шалвари – широко женско здолниште во вид на панталони
шамар – шлаканица, удар со дланка по образ
шашардисан – збунет, вчудовиден, замаен

## СОДРЖИНА


Кон проучувањето на македонските народни преданија ...... 5

1. Историјата на Македонија ........................ 25
2. Цар Александар Македонски ........................ 26
3. Александар Македонски и сестра му Ангелина ........... 29
4. Александар Македонски ........................ 33
5. Принцезата Марија во Мариово ........................ 34
6. Нежанка ........................ 35
7. Марко Крале и самовилското млеко ........................ 37
8. Детето Крали Марко ........................ 37
9. Марко Крале станал јунак ........................ 38
10. За Марко Крале смрт немало ........................ 39
11. Сестрите на Марко Крале ........................ 40
12. Модриште, Кичево и Девич ........................ 40
13. Марко Кралевиќе и орачот ........................ 41
14. Арапскиот цар го поканил Марко Кралевиќи ........... 42
15. Марко Крале во затвор ........................ 43
16. Крали Марко и Филип Маџарина ........................ 43
17. Крали Марко и цар Мурат ........................ 44
18. Крале Марко и Веле Проматарче ........................ 45
19. Крале Марко и Турчиња налбатчиња ........................ 47
20. Градот и портата ........................ 48
21. Долна Порта ........................ 48
22. Калето на Марко Крале ........................ 49
23. Крали Марко и тапаните на ветар ........................ 50
24. Маркови Кули во Штип ........................ 50
25. Марко гради кула, а сестра му мост ........................ 51
26. Марко Крале го гради Исарот во Штип ........................ 52
27. Мрако Крале и оружјето ........................ 53
28. Жив е Марко Крале ........................ 53
29. Болен Дојчин ........................ 55
30. Али паша Јанински ........................ 56
31. Девојката Велика ........................ 58
32. Кузман Капидан ........................ 60
33. Капидан девојка ........................ 61

34. Ристе Лажо ........................................ 62
35. Чучук Сулејман .................................... 63
36. Чучук Суло ........................................ 64
37. Проклетиот Чучук Суло ............................. 65
38. Арамијата Дели Насуф .............................. 66
39. Арамијата Кајо..................................... 67
40. Рамазаница ........................................ 68
41. Кањошова Колиба ................................... 69
42. Двајца другари .................................... 70
43. Смртта на бежицата ................................ 71
44. Украденото богатство од турската банка во Битола ...... 72
45. Калето во Тетово................................... 73
46. Градењето на конаци во Тетово...................... 76
47. Настанувањето на Крива Паланка I .................. 76
48. Настанувањето на Крива Паланка II ................. 77
49. Варош и Прилеп .................................... 77
50. Потеклото на името на Прилеп....................... 79
51. Градскиот саат во Прилеп........................... 79
52. Саатот во Штип .................................... 79
53. Потеклото на името на Куманово..................... 80
54. Текија – Македонски Брод .......................... 80
55. Селото Разловци ................................... 80
56. Заробените руски војници .......................... 82
57. Селото Секавец .................................... 83
58. Настанувањето на селото Пожарско................... 84
59. Селото Лавчани..................................... 85
60. Селото Сакулица.................................... 87
62. Селото Белацрква .................................. 89
63. Селото Желево...................................... 89
64. Селата Чеган и Пожарско ........................... 90
65. Селото Тажево...................................... 90
66. Селото Царевиќ..................................... 91
67. Населувањето на селото Смолани .................... 91
68. Градот Негуш и зулумите на Турците ................ 91
69. Основањето на селото Галичник...................... 92
70. Реката Галик и Галичаните.......................... 93
71. Селото Грешница ................................... 94
72. Селото Малотино ................................... 94
73. Селото Лактиње .................................... 95
74. Настанувањето на селото Брезно .................... 95
75. Настанувањето на селото Степанци................... 97
76. Настанувањето на селото Белојшта .................. 99
77. Селото Струпино (Воденско) ........................ 100
78. Селото Раотинце.................................... 101
79. Селото Непроштено.................................. 101
80. Девојката Нежанка и селото Нежилово ............... 102
81. За селото Горица................................... 103
82. Селото Пашино Руфци................................ 103

82. Настанувањето на селото Радобил . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 104
84. Населувањето на Смилево . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 105
85. Настанувањето на Крушево . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 105
86. Селото Крушје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 106
87. Селото Дрен . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 106
88. Основањето на селото Дмбени . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 107
89. Селото Кладник . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 107
90. Бела Трева . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 108
92. Настанувањето на селото Буф . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 110
93. Селото Козичино . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 112
94. Боула . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 113
95. Селото Црнуш . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 113
96. Пропаѓање на Черкеското село . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 115
97. Местото Селиште . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 116
98. Запустеното село Раштани . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 116
99. Испустеното село Горно Отиштино . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 117
100. Испустеното село Елено Водица . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 118
101. Испустување на селото Подово . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 120
102. Испустеното Братимо Село . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 120
103. Паѓањето на Баргала . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 121
104. Коњушки град . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 122
105. Потеклото на името на Клепа . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 123
106. Клепа . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 124
107. Солун Град . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 125
108. Местото Мал Мисир . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 125
109. Месноста Коларица . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 126
110. Топилницата во селото Самоков . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 126
111. Калуѓерица I . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 127
112. Калуѓерица II . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 128
113. Аметкова Глава . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 129
114. Падарица . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 129
115. Апцовите . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 130
116. Арамидската Круша . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 131
117. Десетски Гумна . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 131
118. Поповец . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 132
119. Крвнинта . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 133
120. Омерова Падина . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 134
121. Ускови Падини . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 134
122. Царев Даб . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 135
123. Местото Брод . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 135
124. Местото Видуш и планината Песјак . . . . . . . . . . . . . . . . . . 136
125. Врвот Будимаш . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 136
126. Анови во Папрадишката планина . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 136
127. Мариово . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 137
128. Селото Маргарита . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 138
129. Бистренци и Дубљани . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 139
130. Невестински Дол . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 140
131. Вишна . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 140

132. Вишеница ........ 141
133. Радот Китка ........ 142
134. Потурчување на една девојка во село Пирава ........ 143
135. Црвени Стени ........ 144
136. Момина Чука ........ 145
137. Момина Чука II ........ 146
138. Счилкин Камен ........ 147
139. Карпата „Смилов Камен" ........ 147
140. Бабајанин Дол ........ 148
141. Фиданин Гроб ........ 148
142. Божанов Гроб ........ 149
143. Зоина Чешма ........ 150
144. Егејското море ........ 150
145. Езерото Мализоња ........ 151
146. Бела Вода ........ 151
147. Асанчешма ........ 152
149. Изворот Здражолиле ........ 154
150. Царева Чешма ........ 155
151. Апипостолица ........ 155
152. Јованова Чешма ........ 156
153. Богатиново Кладенче ........ 156
154. Дојчинов Кладенец ........ 157
155. Царица ........ 157
156. Пет Кладенци ........ 158
157. Бојков Кладенец ........ 158
158. Паголевскиот Ѓол ........ 159
159. Кавгалиската Нива ........ 160
160. Дервишка Нива ........ 160
161. Дервишко Гумно ........ 161
162. Попово Гумно ........ 162
163. Ставрово Трло ........ 162
164. Вилганово Бачило ........ 163
165. Катина Дупка ........ 164
166. Спасеска Дупка под селото Нежилово ........ 165
167. Пропаст – дупка без крај ........ 166
168. Рупје ........ 166
169. Пештерата Соколица ........ 167
170. Лукоцова Пештера ........ 170
171. Јованова Пиштера ........ 168
172. Виганова Пештера ........ 168
173. Попов Дол I ........ 169
174. Попов Дол II ........ 170
175. Свињи Дол ........ 170
176. Цуцово Долче ........ 171
177. Вражји Дол ........ 172
178. Заренски Дол ........ 172
179. Ристов Камен ........ 173
180. Здравчи Камен ........ 173

181. Црн Камен ........................................ 174
182. Црни Камења ........................................ 175
183. Мемова Чука ........................................ 176
184. Комитски Гробишта ........................................ 176
185. Џаламарски Гробишта ........................................ 177
186. Јаребичков Гроб ........................................ 178
187. Митров Гроб ........................................ 178
188. Глигоров Гроб ........................................ 179
190. Пазов Гроб ........................................ 180
191. Мушов Гроб ........................................ 180
192. Темелков Гроб ........................................ 181
193. Двата Гроба ........................................ 182
194. Манастирите во Света Гора ........................................ 182
195. Настанувањето на Манастирот „Свети Јоаким Осоговски" ........................................ 183
196. Свети Јоаким Осоговски и настапувањето на манастирот 185
197. Градењето на Полошкиот манастир и дреновската црква 186
198. Манастирот Свети Спас во селото Чемарско ........................................ 190
199. Свети Јован ........................................ 191
200. Маркова Црква ........................................ 191
201. Манастирот Трескавец ........................................ 192
202. Местото „Свети Атанас" ........................................ 192
203. Урнувањето на црквата во Мало Негоричани ........................................ 193
204. Змејот и девојката од с. Старавина ........................................ 195
205. Змеова Пештера ........................................ 196
206. Змевот и Стојна ........................................ 198
207. Змевот и девојката ........................................ 199
208. Змеојца ........................................ 200
209. Змејот и девојката што ја грабнал ........................................ 201
Каталог на македонските преданија ........................................ 203
Список на раскажувачите и преданијата раскажани од нив ........ 211
Регистер на личните имиња ........................................ 215
Регистер на географските имиња ........................................ 219
Речник ........................................ 225

398.223(497.17)
398.223(497.17)(049.3)

МАКЕДОНСКИ народни преданија (подготвил Танас Вражиновски. – Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков", 1986. – 227 стр.; 20 см. – Македонско народно творештво) Институт за фолклор „Марко Цепенков". Народни преданија; кн. I
На спор. насл. стр.: Le legendes populaires macedoniennes / preparation par Tanas Vrazinovski. – Кон проучувањето на македонските народни преданија / Танас Вржиновски: 5-24. – Каталог на македонските преданија стр. 203 – 209. – Список на раскажувачите и преданијата раскажани од нив стр. 211-214. – Регистри. – Речник стр. 215-227.

I. ВРАЖИНОВСКИ, Танас
НУБ „Кл. Охридски" – Ск.